2016

Министерство за образование

и наука

# Извештај за поврзување на Македонската рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации

# и

# само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високото образование

MACEDONIAN QUALIFICATIONS FRAMEWORK

European Qualifications Framework

bologna process EUROPEAN Higher Education Area

# Извештај за поврзување на
# Македонската рамка за квалификации
# со Европската рамка на квалификации
# и
# само-потврдување
# со рамката на квалификации на Европскиот простор
# за високото образование

**Работна група за подготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК**

Аспасија Хаџишче, Министерство за образование и наука, координатор
Наташа Јаневска, Министерство за образование и наука
Борчо Алексов, Министерство за образование и наука
Нада Стоименова, Министерство за образование и наука
Проф. Д-р Елизабета Бахтовска, Универзитет „Св. Климент Охридски“, Битола
Проф. Д-р Лилјана Колева Гудева, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
Проф. Д-р Замир Дика, Универзитет на Југоисточна Европа, Тетово
Д-р. Ласте Спасовски, Центар за стручно образование
Маја Крстевска, Центар за образование на возрасни
Тања Шестовиќ, Агенција за вработување на РМ
Рајмонда Незири, Биро за развој на образованието
Лирие Реџепи, Државен испитен центар
Мирјана Насковска, Државен образовен инспекторат
М-р Дејан Златковски, Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Проф. Д-р Александар Ристески, Одбор за акредитација и евалуација во високото образование
Д-р. Соња Ристовска, директор, автосообраќаен училишен центар „Боро Петрушевски“, Скопје
Кирил Спироски, Унија на студенти при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
Светлана Ристова, Организација на работодавачи на РМ
Оливија Штерјова, Комора на занаетчии на Република Македонија

**Главна група за подготовка на извештајот:**
**Аспасија Хаџишче, Министерство за образование и наука**
**Наташа Јаневска, Министерство за образование и наука**
**Нада Стоименова, Министерство за образование и наука**
**Борчо Алексов, Министерство за образование и наука**

**Меѓународни експерти**
Едуарда Кастел Бранко, Европска тренинг фондација, член на советодавната група за ЕРК
Проф. Д-р Миле Џелалија, Европска тренинг фондација, член на советодавната група за ЕРК

Компјутерски експерт
Иван Поп Тонев, Министерство за образование и наука

Лектор на текстот на англиски јазик
Весна Илиевска

Дизајн на насловна страница
Александар Тодосиев

# СОДРЖИНА


**1. ВОВЕД ........................................................ 6**

**2. Национален систем на квалификации во република македонија ........................................ 8**

2.1. Опис на системот за образование и обука ........................................ 8

2.2.1. Предучилишно образование ........................................ 9

2.2.2 Основно образование ........................................ 13

2.2.3. Средно образование ........................................ 20

2.2.4 Пост-средно образование ........................................ 36

2.2.5. Високо образование ........................................ 38

2.3 Образование на возрасни ........................................ 50

2.4 Признавање квалификации стекнати во странство ........................................ 56

**3. РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ И ПРОЦЕС НА само-потврдување 57**

3.1. Улога на Македонската рамка на квалификации (МРК) ........................................ 57

3.2 Подготвителна фаза ........................................ 57

3.3 Развојна фаза ........................................ 58

3.4 Фаза на имплементација ........................................ 59

3.5 Следни чекори ........................................ 62

**4. Национална рамка на квалификации ........................................ 63**

4.1. Начела ........................................ 63

4.2. Цели и функции ........................................ 63

4.3. Правна рамка ........................................ 63

4.4. Управување ........................................ 64

4.5. Структура на МРК ........................................ 65

4.6. Класификација на квалификациите ........................................ 75

4.7. Користење на ЕУ алатки ........................................ 76

4.8. Обезбедување квалитет ........................................ 77

**5. Одговор на критериумите и процедурите за поврзување со ерк ........................................ 81**

Критериум 1 (ЕРК)) ........................................ 81

Критериум 2 (ЕРК) ........................................ 84

Критериум 3 (ЕРК) ........................................ 91

Критериум 5 (ЕРК) ........................................ 95

Критериум 7 (ЕРК) ........................................ 102

Критериум 8 (ЕРК) ........................................ 103

Критериум 9 (ЕРК) ........................................ 103

Критериум 10 (ЕРК) ........................................ 103

**6. Одговор на критериумите и процедурите за само-потврдување на рК-ЕПВО ........................................ 104**

Критериум 1 (РК-ЕПВО) ........................................ 105

Критериум 2 (РК-ЕПВО) ........................................ 105

Критериум 3 (РК-ЕПВО) ........................................ 110

Критериум 4 (РК-ЕПВО) ........................................ 110

Критериум 5 (РК-ЕПВО) ........................................ 111

Критериум 6 (РК-ЕПВО) ... 111
Критериум 7 (РК-ЕПВО) ... 111
Процедура 1 (РК-ЕПВО) ... 111
Процедура 2 (РК-ЕПВО) ... 111
Процедура 3 (РК-ЕПВО) ... 111
Процедура 4 (РК-ЕПВО) ... 112
Процедура 5 (РК-ЕПВО) ... 112
Процедура 6 (РК-ЕПВО) ... 112
7. Систем на Валидација на неформалното и информалното учење (ВНФИУ) ... 113
8. ПРЕдИЗВИЦИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ ... 117
9. Речник на термини ... 119
10. Акроними ... 122
11. БИБЛИОГРАФИЈА ... 124
12. АНЕКСИ ... 131

# 1. ВОВЕД

Квалитетот на човечкиот капитал е клучен за социо-економскиот раст, конкурентноста и вработувањето во Република Македонија.

Развојот и имплементацијата на Националната рамка на квалификации (во понатамошниот текст НРК) е дел од еден поширок контекст на промени, поврзани со имплементацијата на препораката дадена од страна на Европскиот Парламент и Совет од 28 април 2008 година за создавање на Европска рамка на квалификации за доживотно учење (ЕРК).

Македонската рамка на квалификации (во понатамошниот текст МРК) беше усвоена во 2013 година. МРК има за цел да ги соедини разбирањето и поддршката на реформите. Таа беше создадена со цел да ги подобри образовниот систем и системот на обука преку имплементација на пристапот на резултати од учење; да го олесни пристапот во образованието во било кој контекст и добиените резултати да ги објасни на секој поединец; да го подигне севкупното ниво на квалификации на целата популација; и да ги зајакне врските помеѓу квалификациите и можностите за вработување. Нивото на свесност за начелата и целите на МРК значително се зголеми кај главните засегнати страни во 2015 година, како резултат на тоа што конкретните активности поврзани со имплементацијата на МРК беа забрзани и видливи, имено:

- Воспоставување и зајакнување на Одделението за НРК со човечки ресурси – во рамки на Секторот за општи работи и поддршка на министерот за образование и наука;
- Креирање на *веб страница* за МРК;
- Објавување на сеопфатен попис на квалификациите на *веб страницата* на МРК;
- Експериментирање: анализа и одредување на нивото на постоечките квалификации за средното стручно образование и обука, и нивниот опис преку резултати од учење. Искуството добиено од процесот на експериментирање ќе биде искористено во главната фаза од овој процес на анализирање и одредување на нивото на квалификациите;
- Отпочна процесот за воспоставување на Секторски комисии за квалификации
- Воспоставување на Националниот одбор за МРК

Транспарентноста и меѓународната препознатливост на квалификациите се клучни во процесот на поврзување. Успешното поврзување со ЕРК ќе го олесни прилагодувањето на квалификациите со очекувањата на работодавачите и ќе придонесе кон слободата на движење во рамки на европскиот пазар на труд.
Со донесување на Законот за Национална рамка на квалификации за доживотно учење во 2013 година и назначувањето на официјален претставник како постојан член на советодавната група на Европската рамка на квалификации, Република Македонија се обврза да направи поврзување на МРК со ЕРК.

Со формирањето на мултисекторската група за поврзување под раководство на Министерството за образование и наука, Република Македонија го започна процесот на поврзување во мај 2014 година.

Изготвен е *Извештај за поврзување на НРК со ЕРК и само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високо образование,* во кој се истакнува силната посветеност на сите релевантни страни за ефективна имплементација на начелата на доживотното учење.

Извештајот содржи информации за првичната состојба на системот на квалификации на Република Македонија, за Македонската рамка на квалификации, за процесот на поврзување и само-потврдување со објаснување на подготвителната, развојната и фазата на имплеметација, со акцент на идните чекори кои треба да бидат преземени и активностите кои треба да бидат имплементирани. Петтото поглавје ја опфаќа дискусијата за исполнување на десетте критериуми за поврзување поставени од страна на советодавната група на Европската рамка на квалификации.

Извештајот е изготвен со цел, образовниот систем и системот за обука, да ги направи потранспарентни и разбирливи за различните корисници во земјата и надвор од неа. За таа цел се изготвени илустрации и табели во кои се дадени збирни клучни информации.

Извештајот е поделен на неколку поглавја.

Во второто поглавје е претставен целокупниот национален образовен систем. Вклучен е опис на образовниот систем од предучилишна возраст до високо образование, опис на системот на образование за возрасни и признавањето на квалификации стекнати во странство. Второто поглавје содржи: општ опис, правна рамка, раководење, наставни квалификации, резултати од учење, обезбедување на квалитет и сумарна презентација на секој под-систем. Табелите со квалификациите кои се доделуваат за секој под-систем претставуваат соодветно ниво од НРК.

Третото поглавје ги објаснува развојот на МРК и процесот на поврзување/само-потврдување преку нагласување на улогата на Македонската рамка на квалификации (МРК), подготвителната фаза, развојната, фазата на имплементација, како и видливоста на процесот и активностите за понатамошен развој.

Четвртото поглавје ја претставува Македонската рамка на квалификации преку нејзините начела, цели и функции. Раководењето со Македонската рамка на квалификации, нејзината структура, класификацијата на квалификациите и обезбедувањето на квалитет се одредени со Законот за национална рамка на квалификации.

Во петтото и шестото поглавје е претставено поврзувањето на МРК со ЕРК преку исполннувањето на критериумите на ЕРК и со критериумите и процедурите за само-потврдување со рамката на квалификации на Европскиот простор за високо образование.

Во седмото поглавје е објаснет системот на признавање, неформалното и информалното учење и се наведени главните насоки за понатамошен развој.

Осмото поглавје ги претставува идентификуваните предизвици и следни чекори за понатамошен развој на МРК.

Извештајот содржи повеќе анекси кои обезбедуваат подетални информации за релевантните теми.

Извештајот за поврзување ги вклучува и мислењата на вклучените меѓународни експерти.

Извештајот за поврзување претставува резултат на еден транспарентен процес на анализа, состаноци, консултации, јавни дебати и конференции (национални и меѓународни) со претставници од различни професионални групи, трговски здруженија, организации на работодавачи, претставници од образовниот систем, студенти, фирми кои нудат обуки, владини институции и европски експерти. Европската фондација за обуки (ETF), континуирано го поддржуваше целиот процес на поврзување во партнерство со Министерството за образование и наука и мулти-секторската работна група за поврзување преку обезбедување на експертиза, советување, размена на знаење и јакнење на капацитетите, реализирано преку помошта на меѓународни експерти, вклучувајќи и членови од советодавната група на ЕРК (EQF AG). Визибилноста на процесот на поврзување беше зголемена преку презентација на работата на бројни национални, регионални и меѓународни настани. Главен резултат од соработката на Европската фондација за обуки со бројните национални релевантни страни е комплетирањето и анализата на постоечките квалификации, спроведено со цел да ја зајакне доказната основа на процесот на поврзување и транспарентно да се одреди нивото и вметнувањето на постоечките квалификации во МРК.

Новата верзија на Регистарот на постоечки квалификации може да се најде на веб страницата на МРК http://mrk.mk/?page_id=408&lang=mk

Со поддршка на Британскиот совет беа направени документи за имплементација на МРК, продолжува градењето на капацитети за зајакнување на улогата на работодавачите во МРК.

Македонската рамка на квалификации е клучна алатка за промена на пристапот кон образованието и инвестирање во човечкиот капитал во Република Македонија. Македонската рамка на квалификации и Извештајот за поврзување се дел од процесот за развој на транспарентен систем на квалификации. Тие придонесуваат за трансформација на образовниот и системот на обука, за реформирање на механизмите и политиките на пазарот на труд, ќе овозможат меѓународна компарабилност на сертификатите и дипломите издадени во Република Македонија и ќе ја олеснат мобилноста помеѓу македонскиот и европскиот пазар на труд.

# 2. НАЦИОНАЛЕН СИСТЕМ НА КВАЛИФИКАЦИИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 2.1. Опис на системот за образование и обука

Слика 1. **Систем на образование и обука**




Е – Дополнителни испити за влез од 3- до 4-годишно стручно образование и обука.

Системот на образовние и обука во Република Македонија се стреми кон исполнување на својата улога во поддршка на развојот на современо демократско општество преку зајакнување на социо-економските, научните, технолошките, културните и граѓанските аспекти на општеството. Системот има за цел да биде придвижувач на инклузивно и иновативно општество и квалитетен живот. Системот на доживотно учење е очекуван резултат на динамичниот и мобилен пазар на трудот и промовира конструктивен дијалог на социјално одговорните релевантни страни.

Формалниот образовен систем и системот за обука се состои од предучилишно образование, основно, средно, пост-средно и високо образование, а исто така овде е вклучено и образованието на возрасни. Подетално објаснување на овие под-системи е дадено во следните потпоглавја.

## 2.2.1. Предучилишно образование

- **Општи карактеристики**

Предучилишно образование (ISCED 0) опфаќа деца на возраст од 0 до 6 години, односно до тргнување на училиште. Програмите ги запознаваат децата со животот во општеството и ги подготвуваат за читање, пишување и математика, развивање на јазичните способности и други вештини низ цртање, боење, моделирање, пеење и играње. Со ова образование се опфатени и деца со посебни потреби.

Програмите се изведуваат во градинки и центри за ран детски развој. Установите за згрижување и воспитание на деца можат да бидат јавни (државни и општински) и приватни. Домашно правно и физичко лице може да основа агенција за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст на повик. Физички лица можат да вршат одредени работи за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст како професионална дејност, во домот на родителите или во сопствениот дом. За деца кои не посетуваат детска градинка може да се организираат скратени вонинституционални форми за згрижување и воспитание. Ова образование, исто така, може да го добиваат деца во болници, посебни училишта или центри за обука.

- **Статистика на предучилишно образование**

**Табела 1. Опфатност по институции за грижа и воспитување на деца – детски градинки (бруто стапка)[1]**

| Бруто стапка | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно | | | жени | | |
| | години | Вкупно деца | Популација на иста возраст, 31.12 (02,03,04...) | Бруто стапка | Вкупно деца | Популација на иста возраст, 31.12 (02,03,04...) | Бруто стапка |
| 2003/2004 | од 0 до 7+ години | 36605 | 228 193 | 16,04 | 17 659 | 110 292 | 16,01 |
| 2004/2005 | | 36392 | 222 598 | 16,35 | 17 740 | 107 594 | 16,49 |
| 2005/2006 | | 20967 | 216 865 | 9,67 | 10 268 | 104 998 | 9,78 |
| 2006/2007 | | 21525 | 213 143 | 10,10 | 10 622 | 103 258 | 10,29 |
| 2007/2008 | | 20564 | 209 924 | 9,80 | 10 136 | 101 624 | 9,97 |
| 2008/2009 | | 21 711 | 208 458 | 10,42 | 10 803 | 100 986 | 10,70 |
| 2009/2010 | | 22 213 | 206 232 | 10,77 | 10 896 | 99 823 | 10,92 |
| 2010/2011 | од 0 до 6+ години | 23 157 | 183 145 | 12,64 | 11 427 | 88 559 | 12,90 |
| 2011/2012 | | 25 056 | 182 451 | 13,73 | 12 254 | 88 200 | 13,89 |

[1] Бруто стапката е еднаква на вкупниот број на деца во градинките, без оглед на возраста, поделена со бројот на популацијата која во принцип ја покрива таа специфична возрасна група.

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2012/2013 | 26 885 | 182 734 | 14,71 | 13 081 | 88 364 | 14,80 |
| 2013/2014 | 29 113 | 183 505 | 15,86 | 14 345 | 88 429 | 16,22 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 2. Опфатност по институции за грижа и воспитување на деца – детски градинки (нето стапка)[2]**

| | Вкупно | | | | женски | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **возраст** | Вкупно деца | Популација на иста возраст, 31.12 (02,03,04...) | Нето стапка | Вкупно деца | Популација на иста возраст, 31.12 (02,03,04...) | Нето стапка |
| 2003/2004 | 0-6 | 34 486 | 171 844 | 20,07 | 16 659 | 83 139 | 20,04 |
| 2004/2005 | 0-6 | 34 608 | 168 928 | 20,49 | 16 844 | 81 655 | 20,63 |
| 2005/2006 | 0-6 | 20 442 | 165 387 | 12,36 | 10 019 | 80 087 | 12,51 |
| 2006/2007 | 0-6 | 20 256 | 163 431 | 12,39 | 10 026 | 79 224 | 12,66 |
| 2007/2008 | 0-6 | 20 490 | 160 297 | 12,78 | 10 101 | 77 652 | 13,01 |
| 2008/2009 | 0-6 | 21 638 | 158 658 | 13,64 | 10 769 | 76 873 | 14,01 |
| 2009/2010 | 0-6 | 22 185 | 159 086 | 13,95 | 10 879 | 77 002 | 14,13 |
| 2010/2011 | 0-6 | 23 103 | 159 932 | 14,45 | 11 405 | 77 288 | 14,76 |
| 2011/2012 | 0-6 | 25 024 | 159 458 | 15,69 | 12 237 | 77 176 | 15,86 |
| 2012/2013 | 0-6 | 26 864 | 160 657 | 16,72 | 13 071 | 77 517 | 16,86 |
| 2013/2014 | 0-6 | 29 009 | 161 271 | 17,99 | 14 310 | 77 627 | 18,43 |

Извор: Државен завод за статистика

Дејноста на детската градинка се остварува според следните видови програми:

- *целодневен престој* (во траење од 9 до 11 часа);
- *полудневен престој* (во траење од 4 до 6 часа);
- *скратени програми* (во траење од 260 до 600 часа) за деца на возраст од три до шест години.Програмите опфаќаат згрижување и воспитување на децата. Наменети се и за деца на подолготрајно болничко лекување.
- *пилот програми* – се реализираат во јавни детски градинки, по одобрение од министерот за труд и социјална политика, а по претходно добиено мислење од Бирото за развој на образованието.
- *вонинституционални форми* на активности со деца одобрени од министерот за труд и социјална политика, а по добиено мислење од Бирото за развој на образованието - кратки програми од три часа дневно: игри, креативни работилници, детски работилници од подрачјето на културата и уметноста, спортски активности, наменети се за деца на возраст од три години до тргнување во основно училиште. Се спроведуваат во јавни детски градинки.

Документот Стандарди за ран развој и воспитание на деца од 0 – 6 години може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Standardi_za_ran_detski_razvoj.pdf

- **Правна рамка**

• **Закон за заштита на децата** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 23/13,12/14, 44/14, 144/14, 10/15 и 25/15)

• Правилник за начинот на работа и обезбедување на услови за остварување на педагошко-методската практика на студентите од соодветните студии за предучилишно воспитание и други соодветни факултети во јавните установи за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2013)

[2] Нето стапката е еднаква на вкупниот број на деца на одредена возраст во градинките која е во согласност со законот, поделена со бројот на популацијата која во принцип ја покрива таа специфична возрасна група.

- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Централниот регистар на установи за деца, регистарот на јавните установи за деца основани од општината и општината во градот Скопје, регистарот на агнеции за давање услуги за чување и нега на деца од предучилишна возраст и регистарот на физички лица кои самостојно вршат одредени работи од дејноста згрижување и воспитание на деца како професионална дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2013)
- Правилник за начинот на стручно усовршување на вработените во установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2013)
- Правилник за начинот на давање на услугите на јавната детска градинка во други просторни услови („Службен весник на Република Македонија“ бр.61/2013)
- Правилник за начинот на издавање, продолжување, обновување и одземање на лиценцата за работа на директори на установи за деца, стручни работници, стручни соработници, воспитувачи и негуватели во системот за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст, начинот на спроведување на обуките, како и за формата и содржината на образецот на лиценцата за работа („Службен весник на Република Македонија“ бр.62/13, 154/13)
- Правилник за формата, содржината и начинот на водење на педагошката документација и евиденција во детска градинка и центар за ран детски развој („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13, 154/13 и 127/2014)
- Правилник за индикаторите за вреднување на успехот на планираните активности од развојниот план на установите за згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст („Службен весник на Република Македонија“ бр.87/13)
- Правилник за вршење на дејноста на установите за деца („Службен весник на Република Македонија“ бр.28/14, 40/14, 136/14 и 71/15).

**Стратегии и други документи**

- Програма за рано учење и развој („Службен весник на Република Македонија“ бр. 46/14)
- Програма за рано учење и развој на деца со пречки во развојот („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/15)
- Стандарди за рано учење и развој, Скопје, 2009 www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ran_detski_razvoj.doc
- Програма за едукација на децата од предучилишна возраст во установите за згрижување и воспитување на деца, со процесот на одгледување и консумирање на здрава храна („Службен весник на РМ“, бр. 98/14)

### Управување

*Министерството за труд и социјална политика* донесува Стандарди за рано учење и развој, програми од областа на предучилишното воспитание и образование и врши надзор над згрижувањето, воспитанието, престојот и исхраната на децата.

*Бирото за развој на образованието* (веб страница: http://bro.gov.mk) предлага наставни планови и програми; врши и организира истражувања во областа на образованието; врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот на образованието; врши стручен увид во начинот на планирање и реализација на наставните единици.

Јавна детска градинка/центар за ран детски развој основа советот на општината и Владата на Република Македонија, по претходно добиено мислење од МТСП. Орган на управување во установата е Управен одбор од седум члена (претставници од основачот, јавната установа, родителите и општината). Со установата раководи директор со звршено високо образование, најмалку 5 години работно искуство и лиценца за директор на установа за деца. За стручната работа и остварување на јавната дејност за деца се формира Стручен совет. Задолжително се формира Совет на родители, кој ја следи, разгледува и дава мислење за работењето на установата.

*Државниот просветен инспекторат* врши надзор врз остварувањето на образовната работа.

### Квалификации на наставниот кадар

Наставниот кадар (воспитувачи) е со завршено високо образование за предучилишно воспитание и образование и соодветна лиценца.

### Резултати од учење

Воспитно-образовната работа се изведува според Програма за рано учење и развој базирана на Стандарди за рано учење и развој. Програмата овозможува стекнување на следните компетенции: моторен развој и здраво и безбедно однесување; социо-емоционален развој; развој на јазикот, комуникација и подготовка за писменост; когнитивен развој и стекнување на општи знаења, како и пристап кон учење.

### Осигурување квалитет

*Акредитација на Програмата за рано учење и развој* – ја изготвува Бирото за развој на образованието, а ја донесува министерот за труд и социјална политика.

*Акредитација на установата за згрижување на деца* - установата може да започне со работа откако министерот ќе утврди дека се исполнети условите предвидени со Правилник.

*Долгорочен развоен план со цели и индикатори за вреднување на квалитетот на работата* – го изготвуваат установите. Подрачја: развојни постигања кај децата; инклузивни педагошки практики; развивање на човечки ресурси и професионален развој на педагошкиот персонал; етички кодекси на однесување деца-воспитувач-родители-семејство; курикулум соодветен со развојните потреби и интереси на децата во групата и индивидулано итн.

*Надзор на воспитно-образовната работа* – надзорот континуирано го врши Државниот просветен инспекторат. Надзорот опфаќа организација и реализација на наставните планови и програми, водењето на педагошка евиденција и документација, како и соодветноста на наставниот кадар (воспитувачи).

*Лиценцирање директори и други лица за работа во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст* – лиценцирањето го врши Комисија формирана од министерот за труд и социјална политика. Лиценцирањето се состои од обука и полагање стручен испит. Лиценцата ја издава министерот.

**Табела 3. Табеларен опис на предучилишното образование**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Возраст од 0 до 6 години (до поаѓање на училиште). |
| Образование и обука | Процесот се реализира според Програмата за рано учење и развој според, согласно старосната возраст на децата (до две години, од 2-3 години, од 3-4 години, од 4-5 и од 5-6 години). Програмите ги запознаваат децата со животот во општеството и ги подготвуваат за читање, пишување и математика, развивање на способностите во јазикот и други вештини низ цртање, боење, моделирање, пеење и играње. Со ова образование се опфатени и деца со посебни потреби. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, од буџетот на единиците на локалната самоуправа, кофинансирање од родителите, приватни донации и др. |
| Квалификации на наставниот кадар | Наставниот кадар (воспитувачи) е со завршено високо образование за предучилишно воспитание и образование и соодветна лиценца. |
| Очекувани резултати од учење | Програма за рано учење и развој базирана на Стандарди за рано учење и развој. Програмата овозможува стекнување на следните компетенции: моторен развој и здраво и безбедно однесување; социо-емоционален развој; развој на јазикот, комуникација и подготовка за писменост; когнитивен развој и стекнувања на општи знаења, како и став кон учење. |
| Вреднување и оценување | Се врши проценка на степенот на развој на детето при влез во секоја возрасна група. За секое дете се води портфолио кое содржи: листи за постигнувањата, анегдотски белешки, студии на случај; фотографии од различни активности; видео и аудио записи; протокол на набљудување; евалуациски листи изработени од воспитувачот. На крајот се мери напредокот. Се следи индивидуалниот развој и постигања на детето. Досието се доставува во основното училиште при уписот.. |
| Проодност | Влез во основно образование. |
| Пазар на труд | / |
| Обезбедување на квалитет | • Верификација на Програма за рано учење и развој – ја носи министерот за труд и социјална политика<br>• Верификација на установа за згрижување на деца<br>• Самоевалуација на установата со мерење на постигнувањата на следните индикатори: развојни постигања кај децата; инклузивни педагошки практики; развивање на човечки |

| | |
|---|---|
| | ресурси и професионален развој; етички кодекси на однесување деца-воспитувач-родители-семејство; курикулум сообразен со развојните потреби и интереси на децата.<br>• Надзор над воспитно-образовната работа врши Државниот просветен инспекторат<br>• Лиценцирање директори и други лица за работа во системот на згрижување и воспитание на деца од предучилишна возраст. |

## 2.2.2 Основно образование

### Општи карактеристики

Основното образование[3] (ISCED 1 и 2) е задолжително и бесплатно за сите ученици.

Со Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/2008), се воведе деветгодишно основно образование со три воспитно-образовни периоди: прв период од прво до трето одделение, втор период од четврто до шесто одделение и трет период од седмо до деветто одделение.

- Во првите три години учениците стекнуваат основни знаења и вештини по читање, пишување и математика, потребни за натамошен развој. Се развива самодоверба, свест за индивидуалност, одговорност и творечко мислење. Поради разликите во индивидуалниот развој, децата учат од своето искуство, експериментираат, ракуваат со предмети, користат симболи, поставуваат прашања, бараат одговори и своите сознанија ги споредуваат со другите деца. Интерактивната настава и активното учење им овозможуваат на наставниците процесот на учење да го приспособат на индивидуалните разлики на секој ученик.

- Во вториот период (IV-VI одделение), ученикот се оспособува за логички операции на повисок степен (класифицирање, групирање, распоредување и сл.). Во овој период, ученикот не секогаш е во состојба да мисли на апстрактно ниво.

- Во третиот период (VII-IX одделение) учениците се оспособуваат да изведуваат заклучоци врз основа на дедуктивно мислење, да даваат објаснувања, интерпретации и да развиваат хипотези.

Основното образование се реализира во општински и државни основни училишта. Општинското училиште го основа општината. Државното училиште го основа Владата на Република Македонија за ученици со посебни образовни потреби. Општината, односно Владата може да основа и меѓународно јавно училиште во кое се остварува наставен план и програми на некој од светските странски јазици (англиски, француски, германски). Учениците со посебни образовни потреби се вклучуваат во редовните паралелки на основните училишта, или во посебни паралелки во редовните училишта. Исто така, основно образование се изведува и во посебни основни училишта. Основно образование се организира и во здравствени, социјални, казнено-поправни и воспитно-поправни установи.

Во посебните паралелки во редовните училишта и во посебните училишта, наставата се реализира според адаптирани наставни планови и програми соодветни на видот и степенот на образовните потреби на децата. Воспитно-образовната работа во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта ја остваруваат наставници, дефектолози, воспитувачи, училишни педагози и психолози со соодветно високо образование. Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно- образовна работа во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта се уредува со Норматив за наставен кадар во посебните училишта и посебните паралелки во основните училишта, што го утврдува министерот.

Во една учебна година, наставата трае 38 недели, односно 180 училишни работни дена, организирани во две полугодија.

---

[3] Терминот основно образование во национлен контекст се користи за elementary education во англискиот јазик.

Верификувани се вкупно 360 основни училишта, од кои 335 општински, 14 основни музички училишта, 10 државни училишта (4 училишта за ученици со посебни потреби, 5 заводи и една јавна установа за згрижување на деца) и едно училиште за образование на возрасните.

Наставниот план е структуриран по наставни предмети: задолжителни, изборни, дополнителна и додатна настава. Националниот наставен план за деветтата година од основното образование е даден во Анекс 1.

Во учебната 2014/15 година, во сите основни училишта се воведоа адаптираните наставни програми по математика и природни науки за првиот период (прво до трето одделение) согласно програмите од Меѓународниот испитен центар на Кембриџ (Cambridge International Examination Centre) од Велика Британија. Карактеристики на адаптираните наставни програми се: спирална наставна програма, научни Изготвени се: Прирачник за настава по математика и природни науки, Упатство за планирање на наставата и учебници. До 2016 година ќе се воведат адаптирани наставни програми и за учениците од вториот и третиот период на основното образование.

**IB (International Bacalaureat) програма** - од учебната 2013/14 година, две општински училишта ја имплементираат Програмата за одделенска настава (Primary Years Programme, PYP), а од учебната 2014/15 година овие училишта ја имплементираат и Програмата за предметна настава (Middle Years Programme, MYP). Програмата се спроведува на македонски наставен јазик.

*Основно музичко образование*

Основното музичко образование не е задолжително. Учениците следат настава надвор од редовната настава. Наставата се реализира во државни училишта за музичко - балетско образование, во општински основни музички училишта, како и во паралелки во рамките на редовните основни училишта. Наставата се одвива индивидуално и групно, зависно од видот на наставниот предмет.

- **Правна рамка**

• **Закон за основното образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/08; 33/10; 116/10; 156/10; 18/11; 42/11, 51/11; 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15)

• Правилник за начинот на верификација на основното училиште и формата, содржината, како и начинот на водење на централен регистар и општински регистар на основни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/14)

• Правилник за програмата за подготвување и полагање испит за директор на основно училиште, начинот на спроведување на испитот, како и формата и содржината на уверението за положен испит за директор на основно училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/10 и 73/11);

• Правилник за начинот и постапката при полагање стручен испит за учител, наставник, стручен работник и воспитувач во основното училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/96);

• Правилник за начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко-психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи („Службен весник на Република Македонија“ бр.56/14 и 62/14);

• Правилник за формата, содржината и начинот на водење на професионалното досие на наставникот и стручниот соработник во основното училиште(„Службен весник на Република Македонија“ бр.115/10);

• Правилник за формата и содржината на педагошката документација и евиденција во основното училиште, како и начинот на нивното водење („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/09; 44/09; 64/09; 147/09; 115/09; 26/11 и 132/12);

• Правилник за начинот и областите за вршењето на самоевалуацијата за основните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.19/14);

• Правилник за формата и содржината на годишната програма за работа на основното училиште (Решение бр.11-7664/1 од 24.12.2013) http://www.mon.gov.mk/images/pdf/pravilnik%20za%20fromata%20i%20sodrzinata%20scan.pdf

• Правилник за начинот на изведување на ученичките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. (Решение бр. 07-9992/2 од 05.06.2014 година) http://www.mon.gov.mk/index.php/propisi/regulations/1800-pravilnici-za-ekskurzii-2014

• Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети по општинско, регионални и државно ниво во основното |06 образовазние (Решение бр. 19-2252/1 од 05.03.2013) http://www.mon.gov.mk/images/pdf/natprevari_osnovno.pdf

• Закон за наставници во основните и средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.10/15)
• Правилник за основните професионални компетенции на наставниците во основните и средните училишта, по подрачја (Решение бр. 01-1015/1 од 2015)
• Закон за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13 и 41/14);
• Закон за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/08, 148/09 и 41/14);
• Закон за просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 и 33/15);
• Закон за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/11 и 41/14);
• Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13 и 29/14).

**Стратегии и други документи**
• Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005 – 2015, со дополнителни програмски документи, Скопје 2005.
• Концепција за деветгодишно основно воспитание и образование, февруари 2007 http://bro.gov.mk/docs/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_doplnuvanja.pdf
• Програма за советување родители на ученици во основните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/12);
• Програма за советување на ученици во основните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.160/13);
• Стандарди за оценување http://bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie-standardi
• Критериуми за оценување на постигнувањата на учениците http://bro.gov.mk/docs/kriteriumi/Kriteriumi_za_ocenuvanje.pdf
• Наставна програма за децата на иселениците http://bro.gov.mk/docs/programa%20za%20iselenici.pdf

- **Управување**

*Министерството за образование и наука* ги креира политиките и ја следи нивната имплементација за сите нивоа на образование. Надлежно е за организација, финансирање, унапредување и развој на образованието, верификација на наставни планови и програми и институции.

*Бирото за развој на образованието*: му предлага на министерот за образование и наука концепции за развој, наставни планови и програми за основно образование и за образование на учениците со посебни образовни потреби; организира и спроведува активности за професионален развој на воспитно-образовните и раководните кадри; врши и организира истражувања во областа на образованието; врши советодавна стручна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи; врши стручен увид во начинот на планирање и реализација на наставните единици; изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците; изработува концепција за учебник, програма за издавање на учебници и методологија за стручно вреднување на ракописи на учебник и за вреднување на квалитетот на учебник; врши издавачка дејност поврзана со развојот на воспитно- образовната дејност.

Од 2005 година започна децентрализацијата на основното и средното образование. Основањето и управувањето на училиштата е во надлежност на локалната самоуправа (општините).

Училишен орган на управување е училишниот одбор составен од 9 члена (преставници од: наставниците, стручните соработници, воспитувачите, родителите, основачот и од Министерство за образование и наука). Училишниот одбор донесува Програма за развој на училиштето, предлага Годишна програма за работа и доставува Извештај за работа на училиштето до Советот на општината. Одборот предлага финансиски план и поднесува завршна сметка до основачот.

**Стручни органи се:** Наставнички совет, стручен актив на одделенски наставници и стручен актив на предметни наставници. Наставничкиот совет дава мислења за програмата за развој и за годишната програма за работа и го следи нивното спроведување; го разгледува и утврдува успехот на учениците и работата на други стручни органи; го разгледува остварувањето на наставниот план и програмите и презема мерки за нивно спроведување; донесува одлуки по приговори на учениците за утврдени оценки; го разгледува извештајот од реализација на

годишната програма за работа, од самоевалуацијата, од извршената интегрална евалуација и предлага соодветни мерки; дава мислење за годишниот финансиски план на училиштето.

### Квалификации на наставниот кадар

Воспитно-образовната работа ја реализираат наставници, стручни соработници (педагог, психолог, социолог, социјален работник, дефектолог, библиотекар) и воспитувачи, со соодветно високо образование и положен стручен испит. Во основните училишта за музичко и балетско образование наставата ја реализираат наставници, корепетитори, библиотекари, училишни педагози и психолози со соодветно образование. Видот на стручната подготовка се уредува со норматив за наставен кадар на основното училиште, што го утврдува министерот.

Во предметна настава може да се вработи лице со завршена ненаставна група на високо образование што се стекнало со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа.

***Кариерен развој на наставниците*** - Наставниците и стручните соработници се усовршуваат, оспособуваат и напредуваат во звања: наставник-приправник, наставник, наставник-ментор и наставник-советник. За стручни соработници: стручен соработник-приправник, стручен соработник, стручен соработник-ментор и стручен соработник-советник.

### Резултати од учење

Резултатите од учење се дефинирани во наставната програма како цели на учење, за секое програмско подрачје во секој наставен предмет, врз основа на Блумовата таксономија.

**Пример за образовна програма** по англиски јазик за VII одделение може да се најде на веб страницата http://bro.gov.mk/docs/angliski_jazik_VII_odd_IX.pdf.

- **Статистика за основно и нижо средно образование**

**Табела 4: Основни и нижо средни училишта, одделенија, ученици и наставници**

| Учебна година | ученици | | | | наставници | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | женски | завршени ученици | | вкупно | |
| | | | вкупно | женски | сите | вкупно |
| **2008/2009** | 215 078 | 104 012 | 26 915 | 13 092 | 16 205 | 10 359 |
| **2009/2010** | 208 980 | 101 150 | 25 730 | 12 316 | 16 403 | 10 703 |
| **2010/2011** | 201 914 | 98 006 | 24 512 | 11 969 | 16 946 | 11 092 |
| **2011/2012** | 197 859 | 96 367 | 23 786 | 11 642 | 17 233 | 11 382 |
| **2012/2013** | 194 055 | 94 309 | 22 955 | 11 147 | 17 424 | 11 650 |
| **2013/2014** | 190 541 | 92 542 | 21 355 | 10 365 | 17 624 | 11 820 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 5: Основни и нижи средни училишта според јазикот на настава – крај на учебната година 2013/2014**

| вкупно | ученици | | завршени ученици | наставници |
|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | вкупно | жени |
| | **190 541** | **92 542** | **21 355** | **17 624** |
| **Македонци** | 122 962 | 60 120 | 13 531 | 11 474 |
| **Албанци** | 61 298 | 29 312 | 7 171 | 5 447 |
| **Турци** | 5 821 | 2 884 | 589 | 620 |
| **Срби** | 493 | 226 | 64 | 83 |

Извор: Државен завод за статистика

1) Бројот на училишта по јазикот на настава не одговара со податоците под “вкупно“ поради билингвални или трилингвални паралелки во некои училишта

- ## Осигурување квалитет

*Верификација на наставниот план и програми*

Бирото за развој на образованието предлага наставен план, а го одобрува министерот за образование и наука. Наставниот план содржи задолжителни и изборни предмети, дополнителна и додатна настава.
Врз основа на наставниот план, се изготвуваат наставните програми. Во програмите се определуваат наставните цели, содржините, основните поими, активностите и методите во наставата, задолжително користење на ИКТ, оценување на постигањата на учениците (дијагностичко проверување и оценување, формативно оценување, микросумативно оценување, сумативно оценување, достапност, проодност на портфолиото и начин на проверување и оценување), условите за реализирање на наставната програма (просторни услови и норматив за наставен кадар) и очекувани резултати. Програмата ја подготвува Комисија во состав од: универзитетски професори, наставници и советници од Бирото за развој на образованието.

За децата на граѓаните на Република Македонија кои престојуваат во странство се организира настава за мајчин јазик и култура, според ратификувани договори. Наставата се изведува според наставен план и програма изготвени од Бирото за развој на образованието, а одобрени од министерот за образование и наука. Децата со странско државјанство, или деца без државјанство кои престојуваат во Република Македонија, имаат право на основно образование под еднакви услови како децата државјани на Република Македонија. Децата на државјани на ЕУ чии родители се со престој во Република Македонија, каде вршат самостојна дејност, односно се вработиле, или се вработени на територијата на Република Македонија имаат право на стекнување на знаење од мајчиниот јазик и култура на државата од која потекнуваат.

*Верификација на основното училиште*

Верификацијата се врши согласно правилници. Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за верификација на државно основно училиште ја сочинуваат три члена од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат. Комисијата за проверка на исполнетоста на условите за верификација на општинско основно училиште ја сочинуваат четири члена: од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Државниот просветен инспекторат и општината.

Верифицираното државно, односно општинско основно училиште се запишува во централниот регистар на основни училишта што го води МОН. Општинското основно училиште се запишува и во општинскиот регистар на основни училишта, што го води општината за основните училишта на нејзиното подрачје.

*Оценување*

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши со интерно и екстерно проверување. Интерното проверување го вршат наставниците во текот на целата учебна година по писмен и усмен пат, или преку изработка на проекти. Почнувајќи од IV одделение, се спроведува електронско екстерно проверување, преку базен на прашања, на крајот на наставната година. Екстерното проверување се врши по два наставни предмети по ученик, освен за предметите со кои учениците се стекнуваат со вештини. Предлог-базенот со прашања го изготвува Бирото за развој на образованието. Контролата, конечното одобрување на прашањата и спроведувањето на тестирањето ги врши Државниот испитен центар. Резултатите се запишуваат во свидетелството за завршена година.

Покрај националното оценување, Република Македонија учествува и во меѓународните оценувања TIMSS (меѓународната студија која ги мери знаењата и способностите на учениците по математика и природната група предмети во четврто и во осмо одделение), PIRLS (меѓународната студија за проверка на оспособеноста на учениците од 9-10 – годишна возраст за читање со разбирање) и PISA (меѓународна студија која ги мери способностите и знаењата на учениците со наврашени 15 години по јазична и математичка писменост и природни науки). Учениците од завршната година на основно образование учествуваат во три циклуса на меѓународното TIMSS оценување: TIMSS-R 1999, TIMSS 2003 и TIMSS 2011. Учениците на девет и десет годишна возраст беа вклучени во PIRLS 2001 и PIRLS 2006, а

учениците на петнаесетгодишна возраст беа вклучени во два циклуса намеѓународното PISA тестирање: PISA 2001 и PISA 2015.

Од 2013 година се спроведува советување на родители и советување на ученици, согласно соодветни програми.

**Табела 6: Квалификации кои се доделуваат во основно образование**

| Вид на училиште | Јавен документ | Институција што ја доделува квалификацијата | Ниво на квалификација во НРК |
|---|---|---|---|
| Основно училиште | Свидетелство за завршено соодветно одделение | Училиште | I |

Пример на свидетелство за основно образование може да се најде на веб страницата на МРК: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Svidetelstvo_osnovno_MK-Copy.pdf

*Самоевалуација и интегрална евалуација на училиштата*

Секое училиште врши самоевалуација на секои две години во 7 подрачја: наставни планови и програми, постигања на учениците, учење и настава, поддршка на учениците, клима во училиштето, ресурси и управување и раководење. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницатата на училиштето и на општината. Истите се основа за интегрална евалуација, што, секои три години ја спроведува Државниот просветен инспекторат, за истите 7 подрачја.

Пример од извештај за самоевалуација на основното училиште „Мирче Ацев" – Ѓорче Петров, Скопје може да се најде на следниот линк: http://oumirceacev.edu.mk/dokumenti.html4.

*Лиценцирање на директори на основни и средни училишта*

За директор на училиште се избира лице со високо образование, кое ги исполнува условите за наставник/стручен соработник, има најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна работа и положен испит за директор. Од 2010 година, Државниот испитен центар е надлежен за обука на кандидатите за директори, го спроведува испитот за директори на основни и јавни средни училишта и издава уверенија за положен испит. Програмата се реализира преку модулите: Воведен модул; Теорија на организација; Луѓето во организацијата; Директорот како педагошки раководител; Планирање и одлучување, Законодавство и Финансии. Испитот се полага пред Испитна комисија.

Согласно Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, од 2016 година лиценцираните директори на училиштата ќе посетуваат обука од најмалку 4 семинарски денови (најмалку 32 часа) во текот на една година.

**Табела 7: Табеларен опис на основното образование (I ниво)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Задолжително за деца од шестгодишна возраст кои го исполнуваат условот до крајот на моменталната календарска година. Освен, по барање на родителот, и по дадено позитивно мислење од педагог или психолог, детето може да се запише во прво одделение доколку тој/таа наполни шест години до 31 јануари следната година. По барање на родителот, релевантна здравствена установа може да го одложи запишувањето на детето за една година. Децата со посебни потреби можат да се запишат во основно образование. За основното музичко и балетско образование, возраста се одредува според видот на инструмент и се наведува во програмата. |
| Образование и обука | Времетраење од девет години, во три периоди.<br>Образовниот процес се врши според наставна програма развиена од страна на Бирото за развој на образованието и усвоена од страна на министерот за образование и наука. Образовниот процес е збогатен со: слободни активности во кои учениците можат да учествуваат по нивен избор/интерес; за талентираните ученици се организираат општински, |

[4] Текстот на веб страницата е на македонски јазик

| | |
|---|---|
| | регионални и национални натпревари од страна на здруженија на наставници. Слободни активности за учениците се организираат во полето на природни науки, технологии, уметност, спорт, самоодбрана, промовирање на здрави навики или преку учество на учениците во културни и актерски активности, социјални и хуманитарни активности (училишен хор, оркестар, драмски и рецитаторски секции, активности за помош на други лица, итн.). Во посебните паралелки во редовните училишта и во посебните училишта, наставата се реализира според адаптирани наставни планови и програми соодветни на видот и степенот на образовните потреби на децата. За секој ученик се изготвува посебен индивидуален план за работа.<br>Наставата се одвива во основни училишта. Во првиот период и двете години од вториот период наставата ја изведува еден наставник. Предметни наставници изведуваат настава по странски јазик за сите ученици и по македонски јазик за учениците од заедниците. За последната година од вториот период и за третиот период, наставата ја изведуваат предметни наставници. Основно образование за ученици со посебни потреби се организира во редовни основни училишта (во редовни паралелки, или во посебни паралелки) и во посебни државни основни училишта. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. |
| Квалификации на наставен кадар | Високо образование, педагошко методска доквалификација за кандидатите од ненаставните факултети и положен стручен испит, согласно Законот за основното образование. |
| Очекувани резултати од учење | Дефинирани се преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно.<br>Во првиот период (I-III одделение) ученикот стекнува основни знаења и вештини по читање, пишување и математика, потребни за натамошен развој. Се развива самодоверба, свест за индивидуалност и творечко мислење. Поради разликите во индивидуалниот развој, учениците учат од своето искуство, експериментираат, ракуваат со предмети, користат симболи, пос- тавуваат прашања, бараат одговори и своите сознанија ги споредуваат со другите деца. Интерактивната настава и активното учење им овозможуваат на наставниците процесот на учење да го приспособат на индивидуалните разлики на секој ученик. Во вториот период (IV- VI одделение) ученикот се оспособува за логички операции на повисок степен (класифици- рање, групирање, распоредување и сл.). Во овој период, ученикот не секогаш е во состојба да мисли на апстрактно ниво. Во третиот период (VII-IX одделение) ученикот се оспособува да изведуваа заклучоци со дедуктивно мислење, да дава објаснувања, интерпретации и да развива хипотези. |
| Оценување и вреднување | Оценувањето на знаењата и постигнувањата е континуирано, со усни и писмени проверки и задачи, како и тестови на знаења. Во првиот период се применува описно оценување на постигнувањата на учениците. Во вториот се применува описно оценување и оценување со оценка. Оценувањето се врши согласно Стандарди развиени од страна на Бирото за развој на образованието и усвоени од министерот за образование и наука. Од IV до IX одделение се спроведува надворешно електронско оценување на постигнувањата на учениците по два предмети од страна на Државниот испитен центар. За музичко образование се подготвува годишен испит. За секое завршено одделение ученикот добива свидетелство. Свидетелството за завршено IX одделение е документот со кој се завршува основното образование. |
| Проодност | За запишување во средно образование се приложуваат сводетелства за завршено V-IX одделение. Учениците кои не успеале да завршат основно образование во предвидениот временски период, може да се вклучат во основното образование за возрасни. По завршување и тие можат да се запишат во средно образование. |
| Пазар на труд | / |
| **Обезбедување на квалитет** | • Наставниот план и програма ги усвојува министерот за образование и наука;<br>• Училиштата се акредитираат од страна на Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училиштата;<br>• Стручен испит за наставниот кадар;<br>• Обука и стручен испит за директори;<br>• Надворешна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на забелешки од извештајот за самоевалуација. Ја врши Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, реализирани од Бирото за развој на образование;<br>• Надворешно оценување на постигнувањата на учениците, се реализира од страна на Државниот испитен центар;<br>• Контирнуирана обука на наставниот кадар, планирана и организирана од страна на Бирото за развој на образованието; обука на наставен кадар согласно годишниот план за работа на училиштето; Индивидуални обуки согласно лични потреби за професионално унапредување на наставниот кадар. |

Пример на уверение за положен стручен испит за наставник, психијатар, педагог, библиотекар, негувател за основно/средно образование може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Sertificate_strucen_ispit.pdf.

## 2.2.3. Средно образование

- **Општи карактеристики**

Од учебната 2008/09 година, средното образование (ISCED 3[5]) е задолжително за секој граѓанин, под еднакви услови. Училиштата за средно образование се: јавни (средно општинско училиште, односно средно училиште на Градот Скопје и државно средно училиште) и приватни. Државни средни училишта се основаат за остварување на планови и програми за средно образование на одредени категории ученици за кои државата има посебен интерес.

Средното образование се имплементира преку програми и наставни планови за следното:

- Гимназиско образование;
- Стручно образование;
- Средно уметничко образование;
- Средно образование за ученици со специјални образовни потреби.

Учениците со посебни образовни потреби можат да бидат вклучени во редовните паралелки на средните училишта на еднакви основи со другите ученици или во државни училишта за ученици со специјални образовни потреби.

Во посебните паралелки во редовните училишта и во посебните училишта, наставата се реализира според адаптирани наставни планови и програми соодветни на видот и степенот на образовните потреби на децата. Наставните планови и програми за учениците со посебни потреби за општообразовните предмети ги изготвува Бирото за развој на образованието. Наставните планови и програми за стручните предмети во стручното образование и обука ги изготвува Центарот за стручно образование и обука. Во средното образование за ученици со посебни образовни потреби се образуваат ученици според сообразени програми за соодветни занимања, односно за образовни профили, или за работно оспособување. Во зависност од следењето на сообразените програми за соодветни занимања, односно образовни профили, учениците со посебни образовни потреби можат да полагаат државна матура или завршен испит.

Во 2014 година, во соработка со Британскиот совет е изготвен Прирачник за работа со ученици со посебни образовни потреби во средното стручно образование - инклузија во средното стручно образование и обука:
http://www.britishcouncil.mk/sites/britishcouncil.mk/files/inclusion_in_secondary_vocational_education_handbook_eng.pdf

Верификувани се вкупно 105 училишта (гимназии, мешани со гимназиски и стручни наставни програми, стручни, уметнички и училишта за образование на ученици со посебни образовни потреби).

[5] Согласно образовниот систем на Република Македонија и согласно класификацијата, методологиите, номенклатурата и стандардите на 2011 ISCED и меѓународната стандардна класификација на образованието MSKOB 2011. Ова ниво на образование во Република Македонија започнува со завршување на задолжителното основно образование. На ова ниво се очекува специјализација на учениците, за разлика од ниво 2 на ISCEL. Наставниот кадар има диплома за завршено високо образование ниво 6, 7 и 8 од ISCED и педагошки квалификации. Наставната програма од ова ниво налага завршување на деветгодишното основно образование (од почеток на ниво 1), со што се овозможува влез во гимназиско образование како што е одредено со Законот за средно образование и влез во стручно или техничко образование како што се наведува во законот за средно образование и Законот за стручно образование и обука, како и минимални услови за влез со завршено ниво 2. Успешно завршување на оваа програма им дава на учениците релевантни квалификации за пазарот на труд или за влез во високото образование.

Наставата се реализира во две полугодија (180 наставни денови). Воспитно - образовната дејност се организира и изведува во паралелки, групи и индивидуално.

***Гимназиско образование***

Гимназиското образование има општообразовен карактер и им овозможува на учениците да се стекнат со продлабочени знаења и разбирања на група предмети од фундаменталните и од нив изведени науки, развивање на научно и критичко мислење, оспособување за примена на стекнатото знаење во практични ситуации и подготвување за понатамошно образование на повисоко ниво.
Во гимназиското образование се реализираат наставни планови и програми за подрачјата: природно- математичко, општествено - хуманистичко и јазично - уметничко. Од 2006 година се формира и спортската гимназија.

Во гимназиско образование се запишуваат редовни ученици кои завршиле основно образование.

Во гимназиското образование може да се реализира и програма за меѓународна матура, за што согласност дава министерот. Во едно училиште на англиски јазик се реализира Диплома програмата (Diploma Programme, DP од IB Програмата), која опфаќа ученици од 16-19 години.

По завршување на гимназиското образование, учениците полагаат државна матура или училишна матура и се стекнуваат со диплома.

Пример на ДИПЛОМА за положена државна матура може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Diploma-sredno_MK.pdf

***Стручно образование***

Во стручно образование се реализираат наставни планови и програми за стручно оспособување (до две години), стручно образование за занимања (тригодишно), техничко образование (четиригодишно) и пост-средно (специјалистичко образование и мајсторски испит).

***Стручно оспособување***

Стручното оспособување во траење до две години оспособува за работа со пониски барања и дава практични знаења и вештини. Се запишуваат ученици со завршено основно образование. Можат да се запишат и лица со незавршено основно образование, со обврска паралелно да завршат основно образование. Се реализира во стручни училишта, или во установи за образование на возрасни, според соодветни наставни планови и програми. По завршување на стручното оспособување, учениците полагаат испит и се стекнуваат со уверение.
Изготвен е Правилник за начинот и постапката за преминување од еден во друг вид на стручно образование.

Пример на двегодишна образовна програма за профилот малтерисувач (гипсар) може да се најде на веб страницата:
http://mrk.mk/wpcontent/uploads/2015/07/Obrazovna_programa_so_Ispitna_programa_Gipser_monter.pdf.

***Стручно образование за занимања***

Стручното образование за занимања трае три години и овозможува излез на пазарот на труд, или продолжување на образованието. Се запишуваат ученици со завршено основно образование. Наставата се изведува во стручни училишта, или во установи за образование на возрасни. Практичната обука се изведува во училиште и/или кај работодавач.

Завршените ученици можат да продолжат во четврта година на техничко образование. Со најмалку три години соодветна работна пракса, можат да се вклучат во постсредно образование. По завршување на стручното образование за занимања, учениците полагаат завршен испит и се стекнуваат со диплома.

Пример за образовна програма за стручно образование за занимања за профилот градинар – цвеќар се наоѓа на веб страницата:
http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/III_godina_Cvekarstvo_Gradinar_cvekjar_09_2013.pdf.

***Техничко образование***

Техничкото образование трае четири години и подготвува кадри за пазарот на труд и за продолжување на образованието. Се запишуваат ученици со завршено основно образование. Наставниот процес се изведува во стручни училишта. Практичната обука се изведува во училиште и/или кај работодавач.

Наставните програми се реализираат во 52 образовни профили, распоредени во 14 струки.

**Табела 8: Струки и профили во стручното образование и обука**

| Струка/Сектор | Профил/Квалификација |
|---|---|
| 1. Геолошко-рударска и металуршка струка | • геолошко-рударски техничар<br>• металуршки техничар |
| 2. Градежно-геодетска струка | • архитектонски техничар<br>• геодетски техничар<br>• градежен техничар<br>• техничар дизајнер за внатрешна архитектура |
| 3. Графичка струка | • графички техничар |
| 4. Економско-правна и трговска струка | • деловен секретар<br>• економски техничар<br>• правен техничар<br>• техничар за трговија и маркетинг<br>• банкарски техничар |
| 5. Електротехничка струка | • електротехничар-енергетичар<br>• електротехничар за електроника и телекомуникации<br>• електротехничар за компјутерска техника и автоматика |
| 6. Здравствена струка | • забен техничар<br>• медицинска сестра<br>• медицински лабораториски техничар<br>• фармацевтски лабораториски техничар<br>• физиотерапевтски техничар |
| 7. Земјоделска-ветеринарна струка | • ветеринарен техничар<br>• лозаро-винарски техничар<br>• техничар за фармерско производство<br>• хидромелиоративен техничар<br>• техничар за агроменаџмент<br>• техничар за хортикултура |
| 8. Лични услуги | • козметички техничар<br>• техничар за очна оптика |
| 9. Машинска струка | • автотехничар-мехатроничар<br>• машински воздухопловен техничар<br>• машински техничар<br>• машинско-енергетски техничар<br>• техничар за компјутерско управување |
| 10. Сообраќајна струка | • техничар за патен сообраќај<br>• техничар за транспорт и шпедиција<br>• техничар за железнички сообраќај<br>• машиновозач за дизел и електрични влечни возила<br>• техничар за логистика и осигурување |
| 11. Текстилно-кожарска струка | • конфекциски техничар<br>• текстилен техничар<br>• техничар за обувки<br>• конфекциски компјутерски оператор |
| 12. Угостителско-туристичка струка | • хотелско-туристички техничар<br>• угостителски техничар во рурален туризам<br>• угостителски техничар |
| 13. Хемиско-технолошка струка | • прехранбен техничар<br>• производно-процесен техничар<br>• хемиско-технолошки техничар<br>• техничар нутриционист |
| 14.Шумарско-дрвопреработувачка струка | • техничар за мебел и ентериер<br>• техничар за обработка на дрво<br>• техничар за шумарство и пејсажна архитектура. |

По завршување на техничкото образование, учениците полагаат државна матура, или завршен испит. Се стекнуваат со диплома за државна матура, односно со диплома за завршен испит.

Пример на образовна програма за предметот Материјали конструкции за профилот технички дизајнер за интерна архитектура за градежниот и геодетски сектор во средното техничко образование се наоѓа на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/IV-godina-_Materijali_i_konstrukcii.pdf.

***Уметничко образование***

Уметничкото образование обезбедува стекнување теоретски и практични знаења, вештини и способности од областа на уметностите, потребни за продолжување на образованието на повисоко ниво, или за влез на пазарот на труд. Во уметничкото образование се запишуваат редовни ученици по ликовна, музичка и балетска уметност со завршено основно образование. Можат да се запишат и надарени ученици со незавршено основно образование, по добиена согласност од Министерството за образование и наука. Имаат обврска паралелно да завршат основно образование. Наставните програми се структуирани за трите насоки: ликовна, музичка и балетска уметност. По завршувањето се полага државна или училишна матура и се стекнуваат со диплома за државна матура, односно диплома за училишна матура.

Пример за средно уметничко училиште „Лазар Личеноски“ – Скопје http://lazarlicenoski.mk/5

Пример за ДББУЦ „Илија Николовски Луј“ – Скопје http://www.dmbuc.edu.mk/5

- **Статистика на средното образование**

**Табела 9: Редовни виши средни училишта, одделенија, ученици и наставен кадар**

| Учебна година | Ученици | | | | Наставен кадар | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | вкупно | женски | Завршени ученици | | total | |
| | | | вкупно | женски | сите | женски |
| 2008/2009 | 93 164 | 44 643 | 24 210 | 11 170 | 6 832 | 3 953 |
| 2009/2010 | 94 284 | 45 725 | 25 345 | 11 941 | 7 008 | 4 041 |
| 2010/2011 | 92 848 | 44 773 | 24 846 | 11 551 | 7 197 | 4 225 |
| 2011/2012 | 91 167 | 43 760 | 25 758 | 11 996 | 7 298 | 4 238 |
| 2012/2013 | 88 582 | 42 506 | 25 546 | 11 916 | 7 442 | 4 382 |
| 2013/2014 | 84 827 | 40 649 | 23 936 | 11 100 | 7 421 | 4 335 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 10: Редовни виши средни училишта по јазик на реализација на настава, школска година 2013/2014**

| Вкупно | Ученици | | Завршени ученици[2)] | Наставен кадар вкупно |
|---|---|---|---|---|
| | вкупно | жени | | |
| | **84 827** | **40 649** | **23 936** | **7442** |
| Македонци | 56 746 | 27 450 | 16 350 | 4 972 |
| Албанци | 24 823 | 11 658 | 6 831 | 1 985 |
| Турци | 1 710 | 812 | 432 | 226 |
| Англески | 1 548 | 729 | 320 | 238 |

Извор:Државен завод за статистика

1) Бројот на училишта според јазикот на реализација на наставата не одговара со податоците во “вкупно“ поради билингвални и трилингвални паралелки во некои училишта
2) Податоците се однесуваат на редовни и вонредни ученици

**Табела 11: Реаспределба на ученици во виши средни училишта по вид на образование**

| Учебна година<br>Тип на образование | 2012/2013 | 2013/2014 |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| Двегодишно средно стручно | No data | No data |
| Тригодишно средно стручно | 4 139 | 3 627 |
| Четиригодишно средно стручно | 51 411 | 48 186 |
| **Вкупно - стручно образование** | **55 550** | **51 813** |
| Општо средно (гимназиско) образование | **34 856** | **35 123** |
| Уметничко образование | **1 287** | **1 208** |
| **ВКУПНО - средно образование (СТРУЧНО+ОПШТО+УМЕТНИЧКО)** | **90 693** | **88 144** |

Source: State Statistical Office

### Правна рамка

• **Закон за средното образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15 и 98/15)

• Правилник за начинот на верификација на средното училиште и за начинот на водење на регистрите („Службен весник на Република Македонија“ бр.81/07 и 98/13)

• Правилник за условите и начинот на полагање на стручниот испит на наставниците и стручните соработници во јавните средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/96)

• Правилник за меѓународна матура („Службен Весник на Република Македонија“ бр.27/98)

• Правилник за начинот на следење, проверување и оценување, полагање на истити и напредување на учениците во средното училиште („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/02 и 86/10)

• Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите во државна матура во гимназиското, стручното и средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.66/10 и 63/12)

• Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од училишна матура во средното уметничко образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.78/10)

• Правилник за начинот на полагањето и оценувањето на резултатите на учениците на испитите од завршниот испит во средното стручно образование со четиригодишно („Службен весник на Република Македонија“ бр.45/08, 78/10)

• Правилник за начинот на водењето, формата и соджината на педагошката евиденција и документација во средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.41/09, 44/09, 64/09, 147/09, 115/10, 26/11, 132/12 и 182/13)

• Правилник за начинот на изведување на учениките екскурзии и другите слободни активности на учениците од основните училишта. (бр. Бр. 07-9992/05.06.2014 година) http://www.mon.gov.mk/index.php/propisi/regulations/1800-pravilnici-za-ekskurzii-2014

• Правилник за начинот и подрачјата за вршењето на самоевалуацијата на средните училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.11/14)

• Правилник за начинот и поблиските критериуми на организирање и изведување на натпреварите на учениците по одделни предмети по општинско, регионални и државно ниво во средно образовазние (Решение бр. 19-2249/1 од 05.03.2013) http://www.mon.gov.mk/images/pdf/natprevari_sredno.pdf

• **Закон за стручното образование и обука** („Службен весник на Република Македонија“ бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13 и 41/14)

• Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот за верификација на работодавачите за практична обука на учениците („Службен весник на Република Македонија“ бр.31/08)

• Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит („Службен Весник на Република Македонија“ бр. 36/08)

• Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на испитот за стручна оспособеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 29/09)

• Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Регистарот на ученици што

склучиле дого- вори за практична обука со установата за стручно образование и обука и работодавачот („Службен весник на Република Македонија“ бр. 41/14)

• Правилник за начинот на избор за најдобар ученик во струката од завршните години на образованието во стручното образование (12-3865/2 од 02.03.2015)

• **Закон за образование на возрасни** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14 и 144/14)

• Закон за вршење на занаетчиската дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/04, 55/07, 115/10, 36/11, 53/11 и 164/13)

• Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот во кој се запишува сертификатот за положен мајсторски испит („Службен весник на Република Македонија“ бр. 77/08)

• Закон за Бирото за развој на образованието („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/06, 142/08, 148/09, 69/13, 120/13, 148/13 и 41/14);

• Закон за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија“ бр.142/08, 148/09 и 41/14);

• Закон за Просветната инспекција („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/05; 81/08, 148/09, 57/10, 51/11, 24/13, 137/13, 164/13, 41/14 и 33/15);

• Закон за Педагошката служба („Службен весник на Република Македонија“ бр. 18/11 и 41/14);

• Закон за учебници за основно и средно образование („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/08, 99/09, 83/10, 36/11, 135/11, 46/12, 24/13, 120/13 и 29/14).

**Стратегии и други документи**

- Национална програма за развој на образованието во Република Македонија 2005-2015, со придружни програмски документи, Скопје 2005.
- Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020, Скопје 2013
- Концепција за стручно оспособување во траење до 2 години, Скопје 2010
- Концепција за стручно образование за занимања, Скопје, април 2010
- Концепција за завршување и завршен испит во четиригодишното средно образование во Република Македонија, Скопје 2015
- Меѓународна стандардна класификација на образованието ISCED 2011
- Национална класификација на занимања (НКЗ 2008)
- Програма за советување на родители на ученици во средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.4/12)
- Програма за советување ученици во средни училишта („Службен Весник на Република Македонија“ бр.160/13)
- Методологија за изработка на стандарди за занимања (Скопје, 2009)
- Методологија за изработка на наставни планови и програми (2013)
- Методологија и инструменти за анализа на мрежата на стручните училишта во Република Македонија (Скопје, 2014)
- Стандарди за изработка на учебници по стручни предмети (2010)
- Стандарди за реализација на практична обука на учениците кај работодавачите (2014)
- Стандард за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачи (2014)
- Стандарди за опрема и просторни услови за реализација на практична обука кај работодавач (2014)

### o Управување

*Министерството за образование и наука* ги креира политиките и ја следи нивната имплементација. Надлежно е за организацијата, финансирањето, унапредувањето и развојот на образованието. Врши верификација на наставни планови[6] и програми[7] и институции;

[6] Според речникот на термини за средно стручно образование и обука, Скопје 2014 програмите се јавен документи кои ги дефинираат образовните цели (знаење, вештини и компетенции) за одреден предмет или област кои учениците ги стекнуваат и развиваат во образовниот процес и ги докажуваат на испит. Образовните цели (знаење, вештини и компетенции) на програмите се засновани на целите на претметните наставни планови за соодветните предмети или области.

[7] Согласно речникот на термини за средно стручно образование и обука, Скопје 2014, наставна програма е поширок концепт од термините национална наставна програма, предметна наставна програма и студиска програма. Концептот вклучува: образовни цели/цел на учењето како резултат на имплеметација на предметната наставна

донесува концепции за развој на воспитно-образовниот систем, испитни програми за завршен испит, училишна и државна матура, стандарди за образовни профили, стандарди за струки и стандарди за постигнувањата на учениците; на Владата и предлага мрежа на установи за средно образование; во соработка со коморите врши контрола кај работодавачите за исполнетоста на условите за реализација на практичната обука и за склучените договори меѓу установата за стручно образование и обука, работодавачот и ученикот, односно родителот/старателот за реализација на практичната обука.

*Бирото за развој на образованието* предлага концепции за развој на воспитно-образовниот систем и наставни планови и програми и испитни програми за средното образование; организира и спроведува активности за професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководните кадри; врши и организира истражувања; врши советодавна работа за подобрување на квалитетот во воспитно-образовните установи и врши стручен увид; изработува образовни стандарди, стандарди на постигањата на учениците и спроведува активности за вреднување на постигањата на учениците; изработува концепција за учебник, програма за издавање на учебници и методологија за вреднување на ракописи на учебник и за вреднување на квалитетот на учебник; врши издавачка дејност поврзана со развојот на воспитно-образовната дејност.

*Министерството за труд и социјална политика* учествува во спроведувањето на државната политика во областа на стручното образование и обука; ги согледува потребите од кадар со завршено стручно образование и обука преку анализи на пазарот на труд и доставува мислење за уписната политика до Советот за стручно образование и обука; учествува во подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации по стандарди; во соработка со Центарот за стручно образование и обука поттикнува развивање на стандарди на занимања и стручни квалификации; по предлог на Министерството за образование и наука, а по претходно мислење од Советот за стручно образование и обука, донесува стандарди на занимања изготвени од Центарот за стручно образование и обука; учествува во организирањето на професионалното ориентирање на учениците и врши надзор над прописите за условите за заштита при реализација на практичната обука; ја објавува Листата на стандарди на занимања за стручно образование и обука.

*Совет за стручно образование и обука* – го формира Владата на Република Македонија. Тоа е советодавно тело за стратешки теми од областа на политиката на развој на стручното образование и обука (дава мислење за стратегија за развој на стручното образование и обука; му предлага на Министерството за образование и наука: измени и дополнувања на Листата на стандарди на занимања, квалификации и стандарди на занимања, во соработка со општините доставува предлог за развој на мрежата на установите за стручно образование и обука и дава мислење за стандардите на занимања, стандардите за образовните профили и стандардите за струки). Во Советот членуваат претставници од: Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието, Коморите, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Министерството за финансии, мнозинскиот синдикат, Заедницата на единиците на локалната самоуправа и Агенцијата за вработување (http://www.avrm.gov.mk/) на Република Македонија.

*Центарот за стручно образование и обука* (веб страница: http://csoo.edu.mk/) е јавна установа основана од Владата на Република Македонија. Центарот: подготвува концепции за стручно образование и обука; предлага и развива наставни планови; изготвува модел на наставни програми за стручните предмети; спроведува јавни набавки за изготвување на нови и осовременување на постојните наставни програми; изготувува: Стандарди на занимања, Стандарди за простор и опрема на училиштата; Стандард за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите и Стандарди за опрема и просторни услови; предлага Стандарди за постигнувањата на учениците во стручно образование и обука, Стандарди за образовни профили, Стандарди за струки и Листа на стандарди на занимања; дава поддршка на социјалното партнерство; го поврзува образованието и работата во контекстот на доживотно учење; ја развива европската ориентација на стручното образование; во соработка со социјалните партнери врши истражување на пазарот на труд; предлага испитни програми, тестови за екстерно проверување на постигнувањата на учениците по стручните предмети, мерки за подобрување на квалитетот на наставата и за оценување на наставниците по стручните предмети; обезбедува поддршка на стручното образование преку советување и

---

програма (или групи) на сродни модули/предмети/еден предмет, како и опис на методи со кои се потврдува дека ученикот ќе се стекне со предвидените компетенции

менторирање на наставниците и обучувачите по стручните предмети; посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учениците во стручното образование и обука.

*Советот на општината, односно на градот Скопје*: врши анализа на потребите на пазарот на труд на локално ниво и ги искажува согледувањата до Центарот и установите за стручно образование и обука; доставува предлози до Министерството за образование и наука и до Центарот за стручно образование и обука за потребите од измени и дополнувања на постојните и воведување нови наставни планови и програми; до Министерството за образование и наука доставува предлози за уписната политика во стручното образование и обука.

*Коморите*: на Центарот за стручно образование и обука му даваат предлози за нови стандарди на занимања и наставни планови и програми и осовременување на постојните; учествуваат во комисиите за завршните испити; го усвојуваат Стандардот за опрема и просторни услови и Стандардот за стручен и друг кадар за спроведување на практична обука кај работодавачите. Коморите водат Регистар за верификација на работодавачите за практична обука и Регистар на склучени договори меѓу установите за стручно образование и обука и работодавачите за практичната обука. Годишно до Министерството за образование и наука доставуваат извештај за верифицираните работодавачи за изведување на практична обука.

*Мнозинскиот синдикат* доставува предлози за подобрување на условите за практична обука на учениците кај работодавачите.

*Установи за стручно образование и обука* - Орган на управување на јавно средно училиште е Училишниот одбор составен од: наставници, родители/старатели на ученици, претставници од основачот, Министерството за образование и наука и деловната заедница. Одборот до основачот доставува: Годишна програма за работа, Извештај за работа, финансиски план и завршна сметка.

Раководен орган на јавното средно училиште е директорот, кој го избира и разрешува основачот на училиштето. Одговорен е за: законитоста, материјално-финансиското работење, организирање и планирање на работата во училиштето.

За организирано остварување на интересите на учениците, се формира Совет на родители на училиштето.

- **Квалификации на наставниот кадар**

*Квалификации на наставниот кадар за гимназиско образование:* завршено високо образование и положен стручен испит. Педагошко методска доквалификација на акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование.

*Квалификации на наставниот кадар за стручно образование и обука:* завршено високо образование и положен стручен испит. Педагошко методска доквалификација на акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, за практична настава, наставници можат да бидат и лица со завршено специјалистичко средно или више образование, со педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветни факултети и положен стручен испит. Една од компонентите на континуиран професионален развој на наставниот кадар во стручните училишта (за стручни предмети и практична работа) е обуката во компании. Таа покрива: технолошки новитети, безбедност и заштита при работа, комуникација, организација, дизајн на работниот простор, итн.

*Квалификации на наставен кадар за уметничко образование:* завршено високо образование и положен стручен испит. Педагошко методска доквалификација на акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, во средното балетско образование по стручно теоретска и практична настава, наставници можат да бидат и лица со завршено средно балетско училиште и пет години практика во играње балет, а се здобиле со педагошко-психолошка и методска подготовка на соодветен факултет и имаат положено стручен испит.

***Кариерниот развој на наставниот кадар*** е даден во потпоглавјето 2.2.2. Основно образование.

- ### Обезбедување на квалитет

*Верификација на наставни планови и програми*

Програмите се изработуваат според модел на програми донесен од министерот за образование и наука на предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Наставата се одвива според наставни планови и програми со дефинирани: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на наставниот кадар, наставни средства и опрема и оценување на постигањата на учениците. Моделот на наставните програми дава можност за флексибилност во нивната реализација.

Новите наставни програми за тригодишното стручно образование (имплеметирани од 2013) се засноваат на стандарди на квалификации, кои се кохерентно поврзани со релевантните стандарди на занимања. Трите елементи (наставни програми, стандарди на квалификации и стандарди на занимања) беа направени на синхронизиран начин и следеа кохерентна методологија. Ова е новитет воспоставен со реформата во 2013, кој ќе стане општоважечки за сите нивоа од програмите за стручно образование во 2016-2017. Овој пристап го зајакнува обезбедувањето на квалитет на квалификациите во стручното образование, давајќи значајна нова улога на претставниците од индустријата/секторите/работодавачите, заедно со наставниците и методичарите во еден процес кој може да се смета како повторно дизајнирање на квалификациите. Дополнително, со овој пристап документацијата за стручните квалификации станува похомогена и интегрирана во поглед на содржината и нејзиниот формат, со што се придонесува кон поголема транспарентност на стручните квалификации.

*Акредитација на средни училишта*

Акредитацијата на средните училишта е пропишана со Правилник за начинот на верификација на средното училиште и за начинот на водење на регистри („Службен весник на Република Македонија“, бр. 81/07 и 98/13). Комисијата за акредитација ја сочинуваат членови од Министерството за образование и наука, Бирото за развој на образованието/Центарот за стручно образование и обука, Државниот просветен инспекторат и претставници од локалната самоуправа. Акредитираното училиште се запишува во централниот регистар на средни училишта што го води Министерството за образование и наука и во општинскиот регистар на средни училишта, што го води општината, за средните училишта на нејзино подрачје.

*Оценување*

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на учениците се врши со интерно и екстерно проверување. Интерното проверување се врши континуирано, по писмен и усмен пат, или преку изработка на проекти. Екстерното проверување е електронско, преку базен на прашања, на крајот на наставната година. За завршната година, екстерната проверка се врши на крајот на првото полугодие. Екстерното проверување се врши по два наставни предмети по ученик, освен за одредени предмети со кои учениците се стекнуваат со вештини. Предлог-листата со прашања ја изготвуваат Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука. Контролата, конечното одобрување на прашањата и спроведувањето на тестирањето ги врши Државниот испитен центар. Резултатите се запишуваат во свидетелството за завршената година.

По завршувањето на стручното оспособување, учесниците полагаат испит за стручна оспособеност пред комисија од наставници и претставници од работодавачите, назначени од страна на комороте. Се добива јавен документ уверение за стручна оспособеност.

По успешно завршување на стручно образование на занимања, учениците полагаат завршен испит кој се состои од практичен и теоретски дел. Теоретскиот дел се полага интерно. Практичниот дел се полага пред комисија во која има претставници од наставниот кадар и работодавачите, назначени од страна на комороте.

По завршување на гимназиско, техничко и уметничко образование, образованието завршува со полагање на државна матура, училишна матура или завршен испит. Со положена државна матура учениците имаат можност за запишување во високо образование или за влез на пазарот на труд. Со положена училишна матура или завршен испит имаат можност за влез на пазарот на труд. За влез во високото образование, учениците треба да положат државна матура. Испитните програми за државна матура, училишна матура, завршен испит и меѓународна матура се усвојуваат од страна на министерот по предлог на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука.

Матура - Концепцијаот за државна матура, училишна матура и завршен испит во јавното средно образование, изготвена од Државниот испитен центар, на предлог од Државниот матурски одбор, ја донесува министерот. Државната матура има сертификациона и селективна улога.

1. **Државната матура** се состои од:
   - *Задолжителен дел* - еден наставен предмет и тоа: македонски јазик и литература/албански јазик и литература/турски јазик и литература.
   - *Изборен дел* – три општообразовни предмети за гимназиско образование, или два општообразовни предмети и еден стручен предмет за стручно и уметничко образование. Како прв изборен предмет, ученикот избира математика или странски јазик, а останатите ги избира од понудена листа на предмети. За уметничко образование, како прв изборен предмет се бира помеѓу странски јазик или естетика/филозофија, а останатите ги избираат од понудена листа на предмети.
   - *Проектна задача* - проучување на проблем кој ученикот го избира од наставните предмети, или пошироко од образовните области. Се проверува оспособеноста за: самостојно планирање, проучување и истражување на оддлени проблеми, користење извори на информации и информатичка технологија, планирање и изведување на експерименти и презентирање на добиените сознанија.

Проверувањето и оценувањето на задолжителниот, и првиот и вториот изборен предмет се врши екстерно, организирано од Дражавниот испитен центар. Проверувањето и оценувањето за третиот изборен предмет, како и проектната задача, се врши интерно.

Тестот за секој матурски испит се изготвува согласно испитна програма.

2. **Училишна матура/завршен испит** - Учениците кои не полагаат државна матура, во гимназиското и средното уметничко образование полагаат училишна матура**,** а во стручното образование завршен испит**.** Училишната матура/завршниот испит се состои од: задолжителен дел*,* изборен дел и проектна задача.

   - *Задолжителниот дел* се состои од еден наставен предмет: македонски јазик и литература /албански јазик и литература/турски јазик и литература.
   - *Изборниот дел* се состои од еден општообразовен предмет за учениците од гимназиското образование, или еден стручен предмет за учениците од стручно и уметничко образование, кој ученикот го избира од понудена листа на наставни предмети.
   - *Проектна задача* – се проверува оспособеноста за: самостојно планирање, проучување и истражување на оддлени проблеми, користење извори на информации и информатичка технологија, планирање и изведување на експерименти и презентирање на добиените сознанија.

Проверувањето и оценувањето и за училишната матура и за завршниот испит се врши интерно. Со завршниот испит во стручното образование се проверуваат стручните знаења и компетенции на ученикот.

Тестот за секој матурски испит се изготвува согласно испитна програма.

**Табела 12: Квалификации кои се добиваат во средно образование**

| Вид на средно образование | Вид на училиште | Испити | Назив на јавен документ | Установа што ја доделува квалификацијата | Ниво на квалификација според НРК |
|---|---|---|---|---|---|
| Општо образование | Средно училиште<br>Гимназија | | Свидетелство за завршена година | Училиште | |
| | | Државна матура | Диплома за државна матура | Училиште | IV |
| | | Училишна матура | Диплома за училишна матура | Училиште | IV |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Стручно образование и обука | Средно училиште (Техничко образование) | | Свидетелство за завршена година | Училиште | |
| | | Државна матура | Диплома за државна матура | Училиште | IV |
| | | Завршен испит | Диплома за завршен испит | Училиште | IV |
| | Средно училиште (Стручно образование за занимања) | | Свидетелство за завршена година | Училиште | |
| | | Завршен испит | Диплома за завршен испит | Училиште | III |
| | Средно училиште (Стручно опособување) | | Свидетелство за завршена година | Училиште | |
| | | Испит за стручна оспособеност | Уверение за стручна оспособеност | Училиште | II |
| Уметничко образование | Средно училиште | | Свидетелство за завршена година | Училиште | IV |
| | | Државна матура | Диплома за државна матура | Училиште | IV |
| | | Училишна матура | Диплома за дучилишна матура | Училиште | IV |

*Самоевалуација и интегрална евалуација на училиштата*

На секои две години, секое училиште спроведува самоевалуација во 7 подрачја: наставни планови и програми, постигања на учениците, учење и настава, поддршка на учениците, клима во училиштето, ресурси и управување и раководење. Резултатите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страницатата на училиштето и на општината. Истите се основа за интегрална евалуација, што, секои три години ја спроведува Државниот просветен инспекторат, за истите 7 подрачја. Во стручните училишта, се следи и организацијата и реализацијата на практичната настава во училиште и кај работодавач, во компанија, како и на слободните часови.

Пример: Извештајот за самоевалуација на средното стручно училиште „Боро Петрушевски" – Скопје е даден на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/samoevaluacija-20161.pdf

*Лиценцирање на директори на основни и средни училишта*

Делот за основно образование содржи податоци на оваа тема.

Пример на уверение за положен испит за директори на државни средни училишта може да се види на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Uverenie-direktor-sredno.pdf.

*Други мерки за поддршка на квалитетот во образованието*

Од 2013 година, постои советување за родители и ученици, согласно Програмата за советување на родители и Програмата за советување на ученици.

Согласно Правилник, се организираат училишни екскурзии за развој на различните интереси и практични вештини на учениците.

Учениците кои покажуваат добри резултати по различни предмети учествуваат на натпревари на општинско, регионално и национално ниво, организирани од страна на акредитирани асоцијации на наставници.

**Табела 13: Табеларен опис на гимназиско образование (ниво IV)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Редовни ученици, со завршено основно образование и не постари од 17 години. Ученици со посебни образовни потреби, не постари од 25 години. |
| Образование и обука | Времетраење од 4 години.<br>Образовниот процес се реализира согласно наставна програма изготвена од страна на Бирото за развој на образованието и усвоена од министерот за образование и наука.<br>Наставата се одвива во средни училишта, според наставни планови и програми со дефинирани: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на наставниот кадар и оценување на постигањата на учениците. Наставните програми се изработуваат според модел на програми донесен од министерот за образование и наука, на предлог од Бирото за развој на образованието.<br>За учениците со посебни потреби се изготвува посебен индивидуален план за работа. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Приватните училишта се финансирани<br>од основачот и со кофинансирање од учениците. |
| Квалификации на наставниот кадар | Завршено високо образование и стручен испит. Педагошко методска доквалификација во акредитирани високо образовни институции за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. |
| Очекувани резултати од учење | Дефинирани преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно. |
| Оценување и сертификат | Оценувањето на знаењата и постигањата е континуирано, со следење низ процесот на учење со усни проверки, писмени и други видови задачи, стандардизирани тестови на знаења, изработка на проекти. Покрај овој вид на оценување, од страна на Државниот испитен центар се врши надворешно оценување по два предмети. Резултатите од екстерното оценување се запишува во свидетелството за секоја завршена година на образование. За секое завршено одделение ученикот добива свидетелство. По завршување на четиригодишното образование ученикот полага државна матура или училишна матура и добива јавен документ Диплома за положена државна матура, или Диплома за положена училишна матура. |
| Проодност | Во високото образование, со положена државна матура. Учениците кои имаат положено училишна матура[8] мора да положат државна матура пред упис во високо образование Кога се аплицира за упис на високообразовна установа ученикот приложува свидетелство за завршено I-IV година и диплома за положена државна матура. |
| Пазар на труд | Да,со диплома за положена државна или училишна матура. |
| Обезбедување на квалитет | • Наставен план и наставна програма усвоени од министерот за образование и наука;<br>• Училиштата акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училишта;<br>• Екстерна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на резултатите од извештајот од самоевалуација која ја реализира Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, кои ги врши Бирото за развој на образованието;<br>• Стручен испит на наставници<br>• Обука и стручен испит за директор<br>• Екстерно оценување на постигнувањата на учениците, кое го врши Државниот испитен центар;<br>• Континуирана обука на наставен кадар. Планирана и организирана од страна на бирото за развој на образованието;<br>• Обука на наставниот кадар, реализирана согласно годишниот работен план на училиштата;<br>• Индивидуални обуки согласно личните потреби за професионален развој на наставниот кадар.Согласно постоечката понуда на соодветните провајдери. |

**Табела 14: Табеларен опис на стручно оспособување во времетраење до 2 години (ниво II)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Завршено основно образование. Можат да се запишат ученици со специјални потреби. Можат да се запишат и ученици со незавршено основно образование, под услов да го завршат во текот на образованието за стручно оспособување. |

[8] Државната матура и училишната матура подетално се опишани во делот за обезбедување на квалитет во средното образование

| | |
|---|---|
| Образование и обука | Траење до две години.<br>Образовниот процес се реализира согласно наставна програма развиена од страна на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, а усвоена од министерот за образование и наука.<br>Наставата се одвива во стручни училишта, или во установи за образование на возрасни. Практичната обука се изведува во училиште и/или кај работодавач. Наставните планови и програми содржат: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на<br>наставниот кадар, просторот и опремата и оценување на постигањата на учениците. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за<br>финансирање на единиците на локалната самоуправа. Приватните училишта се финансирани од основачот и со ко-финансирање од учениците. |
| Квалификации на наставниот кадар | Завршено високо образование и стручен испит. Педагошко методска доквалификација во акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, за практична настава, наставници можат да бидат и лица кои завршиле специјалистичко средно или више образование, со педагошка, психолошка и методска подготовка на акредитирани факултети и положен стручен испит. Една од компонентите на континуираниот професионален развој на наставниот кадар во стручните училишта (за стручни предмети и практична работа) е обуката во фирми. Обуката покрива: технолошки новитети, безбедност и заштита на работно место, комуникација, организација, дизајн на рботниот простор итн. |
| Очекувани резултати од учење | Дефинирани преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно. Во реформираното стручно оспособување, за профилот гипсар-монтер во градежно-геодетска струка, програмата е заснована на резултати од учењето. |
| Оценување и сертификат | Оценувањето на знаењата и постигнувањата е континуирано, со следење низ процесот на учење, усни и писмени проверки, изработка на проекти. Следењето на напредокот на вештините стекнати со практичната обука го вршат наставникот и менторот од кај работодавачот. Покрај овој вид на оценување, од страна на Државниот испитен центар се врши надворешно оценување по два предмети. Резултатите од екстерното оценување се запишува во свидетелството за секоја завршена година на образование. За секоја завршена година ученикот добива свидетелство.<br>По завршување на стручното оспособување, учесниците полагаат испит за стручна оспособеност пред Комисија од наставници и работодавачи, делегирани од коморите. Се добива јавен документ уверение за стручна оспособеност. |
| Проодност | Според Правилникот за начинот и процедурите за проодност од еден во друг вид на средно стручно образование, учениците со завршено стручно оспособување во траење од една година образованието може да го продолжат во втора година во соодветен образовен профил за стручно оспособување во траење од две години, без полагање на дополнителни испити. Учениците со завршена прва година за стручно оспособување, образованието може да го продолжат во втора година во соодветен образовен профил за стручно образование за занимање со полагање на дополнителни испити: еден општообразовен предмет и еден стручно теоретски предмет од наставниот план за образовниот профил каде се врши преминувањето.<br><br>Учениците со завршена втора година за стручно оспособување, образованието може да го продолжат во трета година во соодветен образовен профил за стручно образование за занимање со полагање на дополнителни испити: два општообразовни предмети и два стручно теоретски предмети од наставниот план за образовниот профил каде се врши преминувањето. |
| Пазар на труд | Да, со уве*рение за стручна оспособеност.* |
| Обезбедување на квалитет | • Наставен план и наставна програма усвоени од министерот за образование и наука;<br>• Училиштата акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училишта;<br>• Екстерна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на резултатите од извештајот од самоевалуација која ја реализира Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, кои ги врши Бирото за развој на образованието;<br>• Стручен испит на наставници<br>• Обука и стручен испит за директор<br>• Екстерно оценување на постигнувањата на учениците, кое го врши Државниот испитен центар;<br>• Континуирана обука на наставен кадар. Планирана и организирана од страна на |

| | |
|---|---|
| | бирото за развој на образованието;<br>• Обука на наставниот кадар, реализирана согласно годишниот работен план на училиштата;<br>• Индивидуални обуки согласно личните потреби за професионален развој на наставниот кадар.Согласно постоечката понуда на соодветните провајдери |

**Табела 14: Табеларен опис на стручното образование за занимања во времетраење до 3 години (ниво III)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Завршено основно образование. Може да се запишат ученици со посебни потреби. |
| Образование и обука | Времетраење од три години.<br>Образовниот процес се реализира согласно наставна програма развиена од страна на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, а усвоена од министерот за образование и наука.<br>Наставата се одвива во стручни училишта, или во установи за образование на возрасни. Практичната обука се изведува во училиште и/или кај работодавач. Наставните планови и програми содржат: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на наставниот кадар, просторот и опремата и оценување на постигањата на учениците.<br>Новите наставни програми за тригодишното стручно образование (имплеметирани од 2013) се базираат на стандарди на квалификации, кохерентно поврзани со соодветните стандардите на занимање. Трите елементи (наставна програма, стандарди на квалификации и стандарди на занимање) беа дизајнирани на синхронизиран начин согласно кохерентна методологија. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.<br>Приватните училишта се финансирани од основачот и со ко-финансирање од учениците. |
| Квалификации на наставен кадар | Завршено високо образование и стручен испит. Педагошко методска доквалификација во акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, за практична настава, наставници можат да бидат и лица со завршено специјалистичко средно, или више образование, со педагошка, психолошка и методска подготовка на акредитирани факултети и положен стручен испит. Една од компонентите на континуираниот професионален развој на наставниот кадар во стручните училишта (за стручни предмети и практична работа) е обуката во фирми. Обуката покрива: технолошки новитети, безбедност и заштита на работно место, комуникација, организација, дизајн на рботниот простор итн. |
| Очекувани резултати од учење | Дефинирани преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно. За реформираното стручно образование за занимања (имплементирано од 2013), програмите за 12 образовни профили за 12 струки се дефинирани согласно резултати од учењето. Овие наставни програми се засновани на стандарди на квалификации поврзани со релевантните стандарди на занимања. |
| Оценување и сертификат | Оценувањето на знаењата и постигнувањата е континуирано, со следење низ процесот на учење, усни и писмени проверки, изработка на проекти. Следењето на напредокот на вештините стекнати со практичната обука го вршат наставникот и менторот од кај работодавачот. Покрај овој вид на оценување, од страна на Државниот испитен центар се врши надворешно оценување по два предмети. Резултатите од екстерното оценување се запишува во свидетелството за секоја завршена година на образование. За секоја завршена година ученикот добива свидетелство.<br>По завршување на стручното образование за занимања, се полага завршен испит со теоретски практичен дел. Теоретскиот дел се полага интерно. Практичниот дел се полага пред Комисија од наставници и работодавачи, делегирани од коморите. Се добива диплома за завршен испит. |
| Проодност | Во техничкото стручно образование, со положен завршен испит, и со полагање на дополнителни предмети (три општи предмети и два стручни теоретски предмети). |
| Пазар на труд | Да, со диплома за положен завршен испит. |
| Обезбедување квалитет | • Стандарди на занимања развиени од страна на Центарот за стручно образование и обука, со актвно учество на работодавачите, провајдерите на стручно образование и обука, експерти од високото образование и релевантни засегнати страни, а усвоени од Министерството за труд и социјална политика<br>• Наставниот план и програма развиени од репрезентативни тимови со активно учество на советници за стручно образование и обука, провајдери на стручно образование и обука, високо образование и работодавачите усвоени од министерот за образование и наука |

| | |
|---|---|
| | • Училиштата акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училишта;<br>• Екстерна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на резултатите од извештајот од самоевалуација која ја реализира Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, кои ги врши Бирото за развој на образованието;<br>• Стручен испит на наставници<br>• Обука и стручен испит за директор<br>• Екстерно оценување на постигнувањата на учениците, кое го врши Државниот испитен центар;<br>• Континуирана обука на наставен кадар. Планирана и организирана од страна на бирото за развој на образованието;<br>• Обука на наставниот кадар, реализирана согласно годишниот работен план на училиштата;<br>• Индивидуални обуки согласно личните потреби за професионален развој на наставниот кадар.Согласно постоечката понуда на соодветните провајдери<br><br>Овој пристап ја зајакнува рамката за обезбедување на квалитет на стручните квалификации, со давање на важна улога на претставниците од индустријата/секторите /работодавачите, заедно со наставниот кадар и методичарите, во еден процес кој може да се смета за дооформување на квалификациите. Дополнително, со овој пристап документирањето на стручните квалификации станува похомоген и интегриран во однос на компонентите и нивниот формат, што доринесува за зголемување на транспарентноста на стручните квалификации. |

**Табела 14: Табеларен опис на техничкото стручното образование во времетраење до 4 години (ниво IV)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Редовни ученици, со завршено основно образование и не постари од 17 години. Ученици со посебни образовни потреби, не постари од 25 години. |
| Образование и обука | Времетраење од 4 години.<br>Образовниот процес се реализира согласно наставна програма за техничко образование, развиена од страна на Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука, а усвоена од министерот за образование и наука.<br>Наставата се одвива во стручни училишта. Практичната обука се изведува во училиште и/или кај работодавач, во компанија. Наставните планови и програми содржат: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на наставниот кадар, просторот и опремата и оценување на постигањата на учениците. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа.<br>Приватните училишта се финансирани од основачот и со ко-финансирање од учениците. |
| Квалификации на наставниот кадар | Завршено високо образование и стручен испит. Педагошко методска доквалификација во акредитирани високо образовни установи за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, за практична настава, наставници можат да бидат и лица со завршено специјалистичко средно, или више образование, и положен стручен испит. Една од компонентите на континуираниот професионален развој на наставниот кадар во стручните училишта (за стручни предмети и практична работа) е обуката во компании. Обуката покрива: технолошки новитети, безбедност и заштита на работно место, комуникација, организација, дизајн на работниот простор итн. |
| Очекувани резултати од учење | Дефинирани преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно.<br>Четиригодишното техничко образование не е дизајнирано врз основа на резултати од учењето - процесот за редизајнирање на програмите врз база на резултати од учењето е започнат. Наставните програми ќе се засноваат на стандарди на квалификации поврзани со релевантните стандарди на занимања. |
| Оценување и сертификат | Оценувањето на знаењата и постигнувањата е континуирано, со следење низ процесот на учење, усни и писмени проверки, изработка на проекти. Следењето на напредокот на вештините стекнати со практичната обука го вршат наставникот и менторот од кај работодавачот. Покрај овој вид на оценување, од страна на Државниот испитен центар се врши екстерно оценување по два предмети. Резултатите од екстерното оценување се запишуваат во свидетелството за секоја завршена година на образование. За секоја завршена година ученикот добива свидетелство.<br>По завршување на техничкото образование, се полага државна матура или завршен испит и се добива *Диплома за државна матура* или *Диплома за завршен испит.* |

| | |
|---|---|
| Проодност | Во високото образование, со положена државна матура. Учениците кои имаат положено завршен испит мора да положат државна матура пред упис во високо образование Кога се аплицира за упис на високообразовна установа ученикот приложува свидетелство за завршено I-IV година и диплома за положена државна матура. |
| Пазар на труд | Да, со диплома за положена државна матура или положен завршен испит. |
| Обезбедување квалитет | • Наставниот план и програма развиени од репрезентативни тимови со активно учество на советници за стручно образование и обука, провајдери на стручно образование и обука, високо образование и работодавачите усвоени од министерот за образование и наука<br>• Училиштата акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училишта;<br>• Екстерна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на резултатите од извештајот од самоевалуација која ја реализира Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, кои ги врши Бирото за развој на образованието;<br>• Стручен испит на наставници<br>• Обука и стручен испит за директор<br>• Екстерно оценување на постигнувањата на учениците, кое го врши Државниот испитен центар;<br>• Континуирана обука на наставен кадар. Планирана и организирана од страна на бирото за развој на образованието;<br>• Обука на наставниот кадар, реализирана согласно годишниот работен план на училиштата;<br>• Индивидуални обуки согласно личните потреби за професионален развој на наставниот кадар.Согласно постоечката понуда на соодветните провајдери. |

**Табела 14: Табеларен опис на уметничкото образование во времетраење до 4 години (ниво IV)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Завршено основно образование и не постари од 17 години. За ученици со посебни образовни потреби, не постари од 25 години.<br>Со согласност од Министерството за образование и наука, можат да се запишат и надарени ученици со незавршено основно образование, со обврска да го завршат основното образо-<br>вание. |
| Образование и обука | Времетраење од 4 години.<br>Образовните програми се структуирани за трите насоки во уметничката струка: ликовна, музичка и балетска уметност. Образовниот процес и дополителните наставни активности се реализираат согласно наставната програма и план развиени од страна на Бирото за развој на образованието и усвоени од страна на министерот за образование и наука. Наставата се одвива во државни училишта, според наставни планови и програми со дефинирани: цели, наставни подрачја, теми и содржини, активности и методи во наставата, вклучително и задолжително користење на ИКТ, образовни стандарди, профил на наставниот кадар и оценување на постигањата на учениците. Наставата е групна и индивидуална и ја изведуваат предметни наставници. |
| Финансирање | Од Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за буџети на Република Македонија, Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија (за тековна година) и Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа. Приватните училишта ги финансира<br>основачот и со ко-финансирање од учениците. |
| Квалификации на наставниот кадар | Завршено високо образование и стручен испит. Педагошко методска доквалификација во акредитирани високо образовни институции за кандидатите од ненаставни факултети и положен стручен испит, согласно Законот за средното образование. По исклучок, во средното балетско образование по стручно теоретска и практична настава, наставници можат да бидат и лица со завршено средно балетско училиште и пет години практика во играње балет, со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани факултети и положен стручен<br>испит. |
| Очекувани резултати од учењето | Дефинирани преку целите и очекуваните резултати во наставните програми, за секој предмет поодделно. |
| Оценување и сертификат | Оценувањето на знаењата и постигањата е континуирано, со следење низ процесот на учење преку усни и писмени проверки по предметите од општо образование (мајчин јазик, македонски јазик за заедниците, странски јазик, естетика, информатика, историја, историја на уметност, бизнис и претприемаштво и италијански јазик за профилот музичар-изведувач). Индивидуалната настава се проверува преку јавни настапи, колоквијални проверувања и завршни испити пред Комисија. Покрај овој вид на |

| | |
|---|---|
| | оценување, од страна на Државниот испитен центар се врши надворешно оценување по два предмети. Резултатите од екстерното оценување се запишува во свидетелството за секоја завршена година на образование. За секоја завршена година ученикот добива свидетелство.<br>По завршување на четврта година од образованието, учениците од уметничките училишта полагаат државна или училишна матура и добиваат јавен документ диплома за положена државна или училишна матура. |
| Проодност | Во високо образование, со положена државна матура. Учениците со положена училишна матура, мора да ја положат државната матура пред да аплицираат за запишување во високото образование. При запишување во високо образование приложуваат свидетелства за звршени I-IV година и диплома за положена државна матура. |
| Пазар на труд | Да, со диплома за положена државна или училишна матура |
| Обезбедување квалитет | • Наставен план и наставна програма усвоени од министерот за образование и наука;<br>• Училиштата акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Самоевалуација на училишта;<br>• Екстерна (интегрална) евалуација на училиштата заснована на резултатите од извештајот од самоевалуација која ја реализира Државниот просветен инспекторат;<br>• Надзорни советодавни посети, кои ги врши Бирото за развој на образованието;<br>• Стручен испит на наставници<br>• Обука и стручен испит за директор<br>• Екстерно оценување на постигнувањата на учениците, кое го врши Државниот испитен центар;<br>• Континуирана обука на наставен кадар. Планирана и организирана од страна на бирото за развој на образованието; Обука на наставниот кадар, реализирана согласно годишниот работен план на училиштата; Индивидуални обуки согласно личните потреби за професионален развој на наставниот кадар.Согласно постоечката понуда на соодветните провајдери |

## 2.2.4 Пост-средно образование

- **Општи карактеристики**

Постсредното образование (ISCED 4[9]) обезбедува продлабочени знаења, вештини и оспособување за работа со покомплексна и посложена технологија, специјализирани висококвалитетни услуги, организација на работа, раководни функции на прво ниво, инструкторство, менторство и сл.

Постсредното образование се остварува преку наставни планови и програми за:

- специјалистичко образование и
- мајсторски испит.

Наставни планови и програми за специјалистичко образование предлага Центарот за стручно образование и обука, а ги донесува министерот за образование и наука. Се стекнува со завршено техничко, стручно образование за занимања, гимназиско или уметничко образование, со или без работно искуство. Образованието се остварува во акредитирани јавни и приватни установи (средни стручни училишта, високи стручни школи, специјализирани установи за постсредно образование и установи за постсредно образование како дел од комори, организации на вработувачи и работни здруженија и компании).

Наставни планови и програми за мајсторски испит изготвува Центарот за стручно образование и обука, а ги донесува Комората на занаетчиите на Република Македонија, по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука. До сега 183 мајстори кои исполнувале посебни критериуми и посетувале обука, се стекнале со диплома за мајсторски испит.

Условите за наставниот кадар се уредени со Законот за средното образование, Законот за стручното образование и обука, Законот за високото образование (високи стручни школи), Законот за вршење на занаетчиска дејност, Законот за образование на возрасни и со нормативите за наставен кадар. Кадарот треба да поседува и посебно андрагошко образование.

[9] Нивото на образование ги подготвува кадрите за одредени професионални задачи за одредени сегменти од работниот процес.

## ○ Правна рамка

• **Закон за стручното образование и обука** („Службен весник на Република Македонија" бр.71/06, 117/08, 148/09, 17/11, 24/13, 137/13 и 41/14)
• **Закон за образование на возрасните** („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, 17/11, 51/11, 74/12, 41/14 и 144/14)
• **Закон за вршење на занаетчиската дејност** („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/04, 55/07, 115/10, 36/11, 53/11 и 164/13)
• Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит („Службен весник на РМ", бр. 36/08)
• Правилник за формата, содржината и начинот на водење на Регистарот во кој се запишува сертификатот за положен мајсторски испит („Службен весник на Република Македонија" бр. 77/08)

### Стратегии и други документи

• Концепција за постсредно образование (2010).

## ○ Осигурување квалитет

Пост-средното образование се остварува во јавни и приватни установи акредитирани од Министерството за образование и наука.

Во постсредното образование учесниците полагаат испити:

- По завршување на специјалистичкото образование, се полага специјалистички испит и се добива диплома за специјалистичко образование. Испитните програми за специјалистичкиот испит ги изготвува Центарот за стручно образование и обука во соработка со коморите, а ги донесува министерот за образование и наука. Испитите се полагаат пред Комисија од наставници по теоретска и практична настава и претставник од работодавачите.

- По завршување на програмата за мајсторски испит, се полага мајсторски испит. Законот за вршење на занаетчиска дејност ги утврдува условите за спроведување на мајсторски испит. Испитните програми за мајсторски испит и испитните програми за стручна оспособеност за занаетчиска дејност ги донесува Комората на занаетчиите на Република Македонија, по претходна согласност од министерот за образование и наука. Испитот се спроведува според Правилникот за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит, врз основа на кој се добива диплома за положен мајсторски испит. Во тек е изготвување на нов Правилник за полагање мајсторски испит, согласно постојната Концепција за пост-средно образование.

**Табела 18: Квалификации доделени во постсредното образование**

| Вид на институцијата | Испит | Назив на јавниот документ | Институција која доделува квалификација | Ниво на квалификација во НРК |
|---|---|---|---|---|
| Акредитирана установа за постсредно образование | Специјалистички испит | Диплома за положен специјалистички испит | Акредитирана институција | VБ |
| | Мајсторски испит | Диплома за положен мајсторски испит | Акредитирана институција | VБ |

**Табела19: Табеларен опис на пост-средното образование и обука (VБ ниво)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Завршено техничко, стручно образование за занимања, гимназиско или уметничко образование, со или без работно искуство. |
| Образование и обука | Се остварува преку наставни планови и програми за:<br>• специјалистичко образование и<br>• мајсторски испит.<br>Наставните планови и програми за **специјалистичко образование** ги предлага Центарот за стручно образование и обука, а ги донесува министерот за образование и наука.<br>Наставните планови и програми за **мајсторски испит** ги изготвува Центарот за стручно образование и обука, а ги донесува Комората на занаетчиите на Република Македонија, по претходно позитивно мислење од Министерството за образование и наука. |

| | |
|---|---|
| | Образованието се остварува во акредитирани јавни и приватни установи (средни стручни училишта, високи стручни школи,специјализирани установи за постсредно образование и установи за постсредно образование како дел од комори, организации на вработувачи и работни здруженија и компании). |
| Финансирање | Само-финансирање од страна на учесниците, или од работодавачите. |
| Квалификации на наставен кадар | Високо образование и посебно андрагошко образование. Образованието и обуката ги реализираат неколку вида наставници: наставници за општо образование, наставници за стручно-теоретско образование и наставници за специјалистичка практика - инструктори. |
| Очекувани резултати од учење | Програмите се содржински програмирани врз основа на стара Концепција за специјалистичко образование.<br>Усвоена е нова Концепција за постсредно образование, која е основа за реформирање на овој вид образование со програми засновани на резултати од учење. |
| Оценување и сертификат | Испитните програми за **специјалистички испит** ги изготвува Центарот за стручно образование и обука во соработка со коморите, а ги донесува министерот за образование и наука. Учесниците полагаат специјалистички испит пред Комисија од наставници по теоретска и практична настава и претставник од работодавачите. Се стекнуваат со диплома за специјалистичко образование.<br>Испитните програми за **мајсторски испит** и испитните програми за стручна оспособеност за занаетчиска дејност ги донесува Комората на занаетчиите на Република Македонија, по претходна согласност од министерот за образование и наука. Учесниците полагаат мајсторски испит согласно Правилник за структурата, организацијата и реализацијата на мајсторскиот испит и се стекнуваат со диплома за мајсторски испит. |
| Проодност | Можат да продолжат на високо образование. |
| Пазар на труд | Да, со диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторство. |
| Обезбедување квалитет | • Наставната програма за специјалистичко образование ја усвојува Министерството за образование и наука;<br>• Наставната програма за мајсторски испит ја усвојува Комората на занаетчии на Република Македонија по позитивно мислење од Министерството за образование и наука;<br>• Државни и приватни установи акредитирани од Министерството за образование и наука;<br>• Испитите се полагаат пред Комисија од наставници по теоретска и практична настава и претставник од работодавачите. |
| Пример | Мајсторски испит за златар. |

Пример за наставна програма од пост-средно специјалистичко образование за автомобилска механика може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Specijalisticki_ispit.pdf.

Примери за наставна програма од пост-средно образование за Мајстор златар може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/STRUCNA-ZLATARSTVO.pdf

## 2.2.5. Високо образование

- **Општи карактеристики**

Согласно одредбите на Болоњскиот процес[10], студиските програми во високото образование се организирани во три циклуси, засновани на ЕКТС кредити. Издавањето на Додаток на диплома е задолжително. Од академската 2008/2009 година, сите студиски програми од прв и втор циклус на студии се изменети и студентите повеќе не можат да се запишуваат по системот пред Болоњскиот процес. Имплеметацијата на изменетите студиски програми од трет циклус на студии започна од академската 2011/2012. Студиските програми се базирани на резултати од учењето.

Времетраењето на првиот циклус на универзитетски студии, како правило, изнесува од три до четири години (180 до 240 ЕКТС кредити). Со ова, дипломираните студенти добиваат можност за запишување на втор циклус на студии и за влез на пазарот на труд. Со завршување на првиот циклус на студии (бакалариус), дипломецот се стекнува со диплома од соодветната област и со додаток на диплома. Професионалните студии траат три години и се стекнуваат 180 ЕКТС кредити. Постои можност професионалните студии да траат четири години со 240 ЕКТС кредити.

[10] Република Македонија се приклучи на Болоњскиот процес во 2003.

Законот за високо образование предвидува развој на краток прв циклус на професионални студиски програми со 60-120 ЕКТС кредити.

Како исклучок, времетраењето на студиите на регулираните професии изнесува:

- Медицина, 360 ЕКТС кредити (6 години)
- Стоматологија, 300 ЕКТС кредити (5 години)
- Фармација, 300 ЕКТС кредити (5 години)
- Ветеринарна медицина, 330 ЕКТС кредити (5 ½ години)
- Архитектура, 300 ЕКТС кредити (5 години).

Академските универзитетски студии од втор циклус траат од една до две години (од 60 до 120 ЕКТС кредити). Студиите можат да траат и подолго доколку истите се во согласност со меѓународно прифатените стандарди за соодветниот профил. Вкупниот број на стекнати кредити од прв и втор циклус на универзитетски студии изнесува 300 ЕКТС кредити. Академската титула магистер се добива по завршување на вториот циклус на студии. Во англискиот јазик добиената титула се нарекува „master“. Со завршување на втор циклус на специјалистички студии, се добива титула специјалист во релевантната професија.

Во принцип, докторските студии траат најмалку три години (минимум 180 ЕКТС кредити). Академската титула доктор на науки или доктор на уметност се добива по јавна одбрана на докторската теза. Студиската програма за докторските студии главно опфаќа активна истражувачка работа под менторство и вклучува:

- Организирана академска обука, која опфаќа напредни и професионални курсеви
- Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект)
- Меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој
- Предавања и друг вид на комуникациски активности
- Статии во меѓународни научни списанија и активно учество на меѓународни настани поврзани со докторската теза, и
- Подготовка и јавна одбрана на докторската теза која произлегува од докторскиот проект.

Докторските студии од областа на уметностите се состојат од два дела – докторска теза и јавна презентација на уметничката работа или изложба.

Примери на студиски програми за трет циклус на студии:
Докторски студии по индустриско инженерство и менаџмент
http://www.mf.ukim.edu.mk/system/files/Elaborat%20Doktorski%20Studii%20-INDUSTRISKO%INZENERSTVO%20I%MENADZMENT.PDF
Докторски студии по механички инженеринг:
http//www.mf.ukim.edu.mk/system/files/Elaborat%202012-%20MFS%20Doktorski%20Studii%20-%20MASINSTVO_0pdf

**Табела 20: Квалификации во високообразовниот систем**

| Циклус | Вид на студии | ЕКТС кредит | Назив на јавен документ | Титула | Ниво на квалификацијта во НРК |
|---|---|---|---|---|---|
| Прв циклус на студии | Краток циклус на студии | 60-120 | Сертификат | | VA |
| | Академски студии | 180-240 | Диплома во специфичната област | бакалауреат | VIA/Б |
| | Стручни студии | 180-240 | Диплома во специфичната област | бакалауреат | VIA/Б |
| Втор циклус на студии | Академски студии | 60-120 | Диплома за магистер | магистер | VIIA |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Специјалистички студии | 60-120 | Диплома за специјалист | специјалист | VIIБ |
| Трет циклус на студии | Докторски студии | Најмалку 180 | Диплома | доктор на науки/ доктор на уметност | VIII |

Согласно Законот за високо образование, високообразовните институции не наплаќаат школарина на: студенти без родители, лица со прв и втор степен на попреченост, лица со воен инвалидитет и лица пораснати во сиропиталиште. Средствата за школарината на овие студенти се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија. Квотите за запишување на студенти и студиските програми на државните високообразовни институции внимателно се планираат за да бидат во согласност со проекциите за социо-економскиот и регионален развој, како и со демографските проекции.

Високообразовни институции може да бидат универзитети и високи стручни школи. Високообразовните институции во рамки на еден универзитет можат да бидат факултети, ликовни академии и високи стручни школи како единици на универзитетот. Високообразовните институции можат да бидат државни, приватно-државни непрофитни институции и приватни (профитни и непрофитни) институции. Изразено преку бројки и категории, високообразовните институции се следните:

1. Универзитети
    - Државни 5
    - Приватни 11
2. Високи стручни школи
    - Државни во рамки на универзитет 1
    - Приватни 4
3. Истражувачки институти
    - Државни во рамки на универзитет 6
    - Државни независни 7
    - Приватни во рамки на универзитет 3
    - Приватни независни 12
4. Верски високообразовни институции
    - Православен богословски факултет
    - Факултет за исламски науки
5. Воена академија

Согласно законот за високо образование, државните високообразовни институции како универзитет, единица на универзитет или независна високообразовна институција се основаат со закон донесен од страна на Собранието на Република Македонија. Приватните (профитни или непрофитни) високообразовни институции можат да бидат основани од страна на домашно или странско правно лице или поединец, согласно условите дефинирани во Законот за високо образование, по одобрение од Владата на Република Македонија.

Универзитетите имаат за цел да овозможат академски студии од прв, втор и трет циклус; прв и втор циклус на специјалистички студии; кратки циклуси на студии и курсеви и да реализираат истражувања и апликативни активности. Високите стручни школи обезбедуваат специјалистички студии од прв и втор циклус, краток циклус на студии и курсеви и апликативни активности. Истражувачките институти, во рамки на универзитетите или оние кои се независни, имаат за цел да овозможат академски студии од втор и трет циклус во релевантните научни области; курсеви и да спроведуваат истражувања и апликативни активности.

Православниот богословски факултет и Факултетот за исламски науки се признати како независни високообразовни институции основани од страна на Македонската православна црква и исламската заедница во Република Македонија соодветно, и имаат за цел да овозможат студии од областа на теологијата.

Воената академија, основана од страна на Министерството за одбрана, овозможува академски и стручни студии, како и стручни курсеви од областа на одбраната.

Република Македонија посветува особено внимание на територијалната застапеност на населението и развива мрежа на државните универзитети на регионално ниво (види слика 2.).

Државните и некои од приватните универзитети имплементираат дисперзирани студиски програми во поголемите градови.

Најголемиот, Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ е основан во Скопје во 1949 година. Студиските програми се изведуваат на македонски, како и на албански и англиски јазик.

Универзитетот „Св. Климент Охридски“ е основан во Битола (југозападниот регион) во 1979. Овде студиските програми се изведуваат на македонски и англиски јазик.

Државниот универзитет во Тетово (северозападен регион) е основан во 2004 година. На овој универзитет најголем број од студиските програми се изведуваат на албански јазик, но исто така има и на македонски и англиски јазик.

Универзитетот „Гоце Делчев“ е основан во Штип (источен регион) во 2008 година. Најголем број од студиските програми се изведуваат на македонски јазик, но има студиски програми и на англиски јазик.

Универзитет за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ е основан во Охрид (југозападен регион) во 2009 година. Студиските програми на овој универзитет се изведуваат на англиски јазик.




Слика 2

Приватните високообразовни институции воглавно нудат студиски програми од областа на општествените науки, но неколку нудат и од областа на информатиката, роботиката и рударството, најчесто на македонски јазик, но исто така и на албански, турски и англиски. Универзитетот Франклин од Охајо, САД и Економски факултет при Универзитетот во Љубљана имаат свои ограноци во Република Македонија.

**Табела 21. Распределба на запишани студенти на прв циклус**

| Студиска година | Број на студенти | | Распределба по вид на образовна институција (во %) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | женски (%) | Државни | Приватни | Верски |
| **2012/2013** | 56 906 | 54,5% | 86,8% | 12,7% | 0,5% |
| **2013/2014** | 57 746 | 54,5% | 88,5% | 11,1% | 0,5% |
| **2014/2015** | 59 359 | 54,2% | 87,3% | 12,2% | 0,45% |

Извор: Дражавен завод за статистика

**Табела 22. Распределба на дипломирани студенти на прв циклус**

| Студиска година | Број на студенти | | Распределба по вид на образовна институција (во %) | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | женски (%) | Државни | Приватни | Верски |
| **2012** | 10 392 | 55,7% | 79,03% | 20,9% | 0,06% |
| **2013** | 9 480 | 56,3% | 77,1% | 22,6% | 0,3% |
| **2014** | 9 863 | 55,9% | 78,5% | 21,2% | 0,23% |

Извор: Дражавен завод за статистика

**Слика 3. Распределба на запишани студенти на прв циклус на студии во периодот 2008-2013**




Извор: Дражавен завод за статистика

**Слика 4. Распоред на бројот на дипломирани студенти на прв циклус**




Извор: Дражавен завод за статистика

- ### Правна рамка

- **Закон за високо образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15 и 98/15);
- Уредба за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11)
- Уредба за национална рамка на квалификации во високото образование („Службен весник“ бр. 154/10);
- Правилник за содржината и формата на диплома, упатство за подготовка на додаток на дипломата и други јавни исправи; („Службен весник“ бр. 84/2009; 86/2009);
- Правилник за начинот и условите на организирање на практична настава за студенти („Службен весник“ бр. 120/10)
- Правилник за условите кои треба да ги исполнува истакнатиот стручњак од практиката од соодветната област за изведување на клиничка настава („Службен весник“ бр. 120/10);
- Правилник за формата и начинот на водењето (во материјална и електронска форма) и содржината на матичната книга на запишани студенти и главната книга на дипломирани студенти („Службен весник“ бр. 71/2009);
- Правилник за регистрација на високообразовните установи(„Службен весник“ бр. 71/2009);

• Правилник за формата, содржината и начинот на водење на регистарот за високообразовни квалификации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/14);
• Правилник за начинот на потврдување на компатибилноста на Националната рамка на високообразовни квалификации со Европската рамка на високообразовни квалификации (само-сертифицирање) (13-5986/1; 04.04.2014);
• Правилник за начинот и постапката за водење на базата на податоци за високообразовната дејност („Службен весник“ бр. 65/2013);
• Упатство за критериумите за начинот на обезбедување и оценување на квалитетот на високообразовните установи и на академскиот кадар во Република Македонија („Службен весник“ бр. 67/2013);
• Правилник за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник“ Бр. 151/2012);
• Правилник за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 154/2011);
• Правилник за поблиските крите- риуми и надлежности на одборите за соработка и доверба со јавноста („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13);
• Правилник за содржината, форма- та и начинот на водење на региста- рот на ментори на магистерски и докторски трудови („Службен весник на Република Македонија“ бр. 148/13);
• **Закон за високообразовните установи за образование на наставен кадар во предучилишното воспитание, основното и средното образование** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 20/15 и 98/15);
• **Закон за Академијата за наставници** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15)

### ○ Управување

*Владата на Република Македонија* (веб страница:http://vlada.mk) – одлучува за квотите за упис на студенти во прв циклус на студии и дава согласност за конкурсите за упис на студенти на втор и трет циклус на студии на државните универзитети, по предлог на универзитетите и согласно потребите на пазарот на труд. Владата иницира основање на државни високообразовни установи и дава согласност за основање на приватни високообразовни установи. Законите за основање на државни високообразовни установи се усвојуваат од страна на Собрание на Република Македонија.

*Министерство за образование и наука* – е одговорно за креирање на политиките за високото образование, за обезбедувње на средства од националниот буџет, за давање одобрение за студиски програми и за работа на високообразовните институции, врши признавање на високообразовни квалификации стекнати во странство и дава техничка поддршка на Одборот за акредитација и евалуација на виското образование. Министерството поседува регистар на високообразовни установи и регистар на високообразовни квалификации.

*Одбор за акредитација и евалуација на високото образование* – е составен од 23 членови од кои: девет се претставници од универзитетите (избрани од страна на Интер-универзитетската конференција), двајца членови од Македонската академија на науки и уметности, еден претставник од најрепрезентативното тело на работодавачи, двајца претставници од Интеруниверзитетскиот студентски парламент и девет членови назначени од Владата на Република Македонија. Одборот е надлежен за акредитација на институциите и студиските програми и за евалуација на високообразовните и истражувачки установи (образовни активности, истржувачки активности и академски персонал). Работата на Одборот се заснова на стандардите и препораките за обезбедување на квалитет во Европскиот високообразовен простор.

*Ректорска конференција на државни универзитети и Ректорска конференција на приватни универзитети* – со цел да се ревидираат и координираат образовните активности и прашањата од заеднички интерес, државните универзитети ја формираа Ректорската конференција на државни универзитети која се состои од ректорите на државните универзитети, додека приватните универзитети ја основаа Ректорската конференција на приватни универзитети, во која членови се ректорите на истите. Ректорските конференции, даваат предлози за членови на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и за Интер-универзитетската конференција.

*Интер-универзитетската конференција* – со цел да се ревидираат и координираат образовните активности и прашањата од заеднички интерес, универзитетите ја основаа Интер-универзитетската конференција како правно лице. Во Интер-универзитетската конференција

членуваат ректорите на универзитетите, претседателите на студентските парламенти на универзитетите, 20 членови од академско-научната заедница избрани од страна на Сенатите на универзитетите и еден член од директорите на високообразовните стручни школи.

*Сенат на универзитет* – раководен и експертски орган кој е составен од претставници на единиците на универзитетите, избрани од редовите на професорите, научни советници и студенти. Студентите сочинуваат најмалку 15% од членовите на Сенатот. Сенатот избира редовни професори и ги креира стратегиите на универзитетот.

*Ректор* – раководен орган кој го претставува универзитетот во земјата и во странство. Ректорот ги координира високообразовните, уметничките, истражувачките, апликативните, како и другите активности на универзитетот.

*Ректорска управа* – се состои од ректор, проректори, декани на факултети, директори на високообразовни стручни школи, директори на акредитирани истражувачки институти и претставници на студенти.

*Одбор за доверба и соработка со јавноста* – се состои од претставници на универзитетски професори, студенти, комори, занаетчиски здруженија, локална самоуправа и Министерството за образование и наука. Дава мислење и препораки за студиски програми, академски промоции, релевантност на истражувачката активност и за други активности поврзани со наставата, истражувањето и апликативната работа на единиците на универзитетите. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование отпочнува со процес на акредитација на една студиска програма само по добивање на мислење од Одборот за доверба и соработка со јавноста.

- **Резултати од учење**

Студиските програми за прв, втор и терт циклус на студии се направени врз основа на резултати од учењето согласно Законот за високо образование. Програмите за сите студиски години се состојат од 60% на задолжителни предмети, најмалку 30% на изборни предмети и 10% на слободни предмети од претходно дефинирана листа од страна на универзитетите. Предмети од областа на претприемништвото и иновациите задолжително се вметнати во 10% на слободни предмети. Листата на слободни изборни предмети се објавува јавно.

Пример на резултати од учењето за прв и втор циклус на академски студии по електрични системи на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола е даден во Анекс 2.

Примери на студиски програми базирани на резултати од учење од универзитетите во Република Македонија може да се најдат на веб страницата на http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/LO-for Bitola.pdf.

- **Осигурување квалитет**

Системот за обезбедување на квалитет опфаќа:

- Првична акредитација на високообразовните установи и студиски програми;
- Оценување на квалитетот на високообразовните активности, управувањето, финансирањето, и на други активности и приоритети, мерени преку евалуација, и
- Други активности и механизми преку кои се развива и одржува квалитетот на високото образование, одредени со закон и акти на телата кои го оценуваат квалитетот на високото образование.

Сите високообразовни установи се обврзани да поседуваат акредитација на својата институција и да нудат акредитирани студиски програми, како и да имаат дозвола за работа доделена од страна на Министерството за образование и наука. Акредитацијата ја спроведува Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Одборот беше основан во 2002 година и акредитацијата започна во академската 2003/04. Согласно измените на Законот за високо образование од 2010 година, со кои беа воведени студиски програми засновани на резултати од учење, сите студиски програми беа реакредитирани во текот на академската 2011/12. Во 2011, Одборот ја презеде и одговорноста за надворешна евалуација и со тоа стана Одбор за акредитација и евалуација. Од октомври 2011 година, Одборот има стаус на придружна членка во Европската мрежа за обезбедување на квалитет. Во тек е номинација на нови членови на Одборот и истиот ќе продолжи со своите активности во академската 2015/2016.

Реакредитација на студиските програми од прв и втор циклус на студии се вршат на секои пет години. Реакредитација на студиските програми на трет циклус на студии се врши на секои три години.

Институционалната евалуација опфаќа: самоевалуација, надворешна евалуација и евалуација на квалитетот на академскиот персонал. Примери на извештаи од евалуација:

Извештаи од самоевалуација и надворешна евалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ се достапни на следниот линк: http://ukim.edu.mk/mk_content.php?meni=155&glavno=1

Извештаи од самоевалуација на универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип (2007-2012 и 2012-2013) се достапни наследниот линк: http://ugd.edu.mk/index.php/mk/ugd/zaugd

Веб страницата на Универзитетот на Југоисточна Европа – Тетово има потстраница за обезбедување на квалитет и раководење. Линк до веб страницата: http://www.seeu.edu.mk/en/about/quality-assurance-management.

Имплементација на стандардите и насоките за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование е задолжителна. Правната основа е воспоставена со подзаконите за обезбедување на квалитет. Во зависност од областа на која се однесуваат подзаконите, истите се усвојуваат од страна на Министерот за образование и наука, Одборот за акредитација и евалуација на високото образование или универзитетите. Одредени подзакони се усвојуваат од страна на Интер-универзитетската конференција (пр. Правилник за избор во звање, Правилник за самоевалуација).

*Оценување на студентите*
Преку испити се оценува дали и до кој степен студентот има стекнато знаење и разбирање, вештини и компетенции кои се во согласност со целите. Исто така се оценуваат и компетенциите и академските способности одредени согласно општите и специфичните описи на нивоата кои ги одредуваат резултатите на учење во студиските програми. Формата и содржината на испитите ги отсликуваат целите и работните методи на предметот и студиската програма и овозможуваат индивидуално оценување на постигнатите резултати на учење за секој студент поединечно.

*Додаток на диплома*
Студентот, кој ги исполнил сите обврски согласно студиската програма за високо образование на било кој циклус, добива Диплома. Составен дел на дипломата е Додоатокот на диплома. Содржината на Додатокот на диплома е одредена согласно Законот за високо образование и подзаконите. Таа е бесплатна и автоматски се доделува на дипломираните студенти на секој циклус. Таа се издава на македонски и англиски јазик. Во случај кога студиските програми се реализираат на јазиците на малцинствата, Додатокот на диплома се издава и на тие јазици

Пример на Додаток на диплома која ја издава Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје може да се најде на следната веб страница:
http://mrk.mk/wpcontent/uploads/2015/07/UKIM_Diploma_Supplement.pdf.

Во високообразовните и научни установи, Државниот инспекторат спроведува евалуација и мониторинг на примената на законите и квалитетот на високото образование. Институциите кои подготвуваат наставен кадар се предмет на специјален надзор на инспекторатот и реализацијата на практична настава на студентите од оваа професија.

**Табела 23: Табеларен опис на VA ниво (краток циклус) на студии**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лица кои имаат стекнато диплома за завршено IV ниво и имаат положено државен или меѓународен завршен испит. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Процедурата и критериумите за селекција на кандидатите овозможуваат еднаков пристап на сите кандидати без разлика на раса, боја, пол, јазик,религија, политичко или друго убедување, етнички, национален или социјален и финансиски статус, раѓање, попреченост, сексуална ориентација или возраст. |
| Образование и обука | Траат една или две години и со завршување се добиваат 60 или 120 ЕКТС кредити.<br><br>Студиските програми се направени согласно Европските стандарди и насоки. Програмите во сите студиски години се состојат одзадолжителни и изборни предмети.<br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на<br><br>Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука. |

| | |
|---|---|
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма. |
| Квалификации на наставен кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции за реализирање на соодветни високообразовни активности, има позитивна оцена од самоевалуација и е избран/а како предавач. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |
| Оценување и вреднување | Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма. Проценката на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите се врши со цел да се оцени дали и до кој степен стекнатата квалификација на студентот соодветствува со целите, компетенциите и академските услови одредени со општите и специфичните описи на квалификацијата кои ги одредуваат резултатите од учење на една студиска програма. Формите на оценување на знаењето, проектите, практичното оценување итн., треба да ги отсликуваат целите на предметот и на студиската програма и да овозможат индивидуално оценување на постигнувањата на студентот. Формата и содржината на оценувањето треба да биде во согласност со предметната содржина и методите на студиската програма.<br><br>По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува *уверение.* |
| Пат на прогресија | Лицата кои имаат уверение за завршено VA ниво може да го продолжат своето образование на прв циклус на студии. |
| Пазар на труд | Да. Студиите овозможуваат знаење и разбирање, вештини и компетенции со кои може да се извршуваат професионални работни позиции и квалитет за директно вклучување во работниот процес. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети<br>• Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

**Табела 24: Табеларен опис на VIB ниво на студии (прв циклус)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лица кои имаат стекнато диплома за завршено IV ниво и имаат положено државен или меѓународен завршен испит. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Процедурата и критериумите за селекција на кандидатите овозможуваат еднаков пристап на сите кандидати без разлика на раса, боја, пол, јазик, религија, политичко или друго убедување, етнички, национален или социјален и финансиски статус, раѓање, попреченост, сексуална ориентација или возраст. |
| Образование ио обука | Студиските програми траат три години и со завршување се добиваат 180 ЕКТС кредити.<br><br>Студиските програми се направени согласно Европските стандарди и насоки. Програмите во сите студиски години се состојат од: 60% на задолжителни предмети, најмалку 30% на изборни предмети и 10% на слободни предмети од претходно дефинирана листа од страна на универзитетите. Предмети од областа на претприемништвото и иновациите задолжително се вметнати во 10% на слободни предмети. Листата на слободни изборни предмети се објавува јавно.<br><br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука |
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма. |
| Квалификации на наставниот кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции во реализирање на соодветни високообразовни активности, има позитивна оцена од самоевалуација и е избран/а како предавач. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |

| | |
|---|---|
| Оценување и вреднување | Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма. Проценката на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите се врши со цел да се оцени дали и до кој степен стекнатата квалификација на студентот соодветствува со целите, компетенциите и академските услови одредени со општите и специфичните описи на квалификацијата кои ги одредуваат резултатите од учење на една студиска програма. Формите на оценување на знаењето, проектите, практичното оценување итн., треба да ги отсликуваат целите на предметот и на студиската програма и да овозможат индивидуално оценување на постигнувањата на студентот. Формата и содржината на оценувањето треба да биде во согласност со предметната содржина и методите на студиската програма.<br><br>По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува со *бакалауреат диплома и додаток на дипломата* . |
| Пат на прогресија | Лицата кои имаат VIB ниво и бакалауреат диплома може да продолжат на втор циклус на студии. |
| Пазар на труд | Да. Студиите ги квалификуваат дипломираните студенти да извршуваат активности во соодветното научно подрачје и високото образование, во бизнис заедницата, во јавниот сектор и во општеството во целина преку примена на нивните научни и стручни компетенции. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети<br>• Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

**Табела 25: Табеларен опис на VIA ниво на студии (прв циклус)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лицата кои имаат стекнато уверение за завршено IV ниво и имаат положено државен или меѓународен завршен испит. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Процедурата и критериумите за селекција на кандидати овозможуваат еднаков пристап кон сите кандидати без разлика на раса, боја, пол, јазик,религија, политичко или друго убедување, етнички, национален или социјален и финансиски статус, раѓање, попреченост, сексуална ориентација или возраст. |
| Образование и обука | Студиските програми траат четири години и со завршување се добиваат 240 ЕКТС кредити.<br><br>Студиските програми се направени согласно Европски стандарди и насоки. Програмите во сите студиски години се состојат од: 60% на задолжителни предмети, најмалку 30% на изборни предмети и 10% на слободни предмети од претходно дефинирана листа од страна на универзитетите. Предмети од областа на претприемништвото и иновациите задолжително се вметнати во 10% на слободни предмети. Листата на слободни изборни предмети се објавува јавно.<br><br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука. |
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма. |
| Квалификации на наставниот кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции за реализирање на соодветни високообразовни активности, има позитивна оцена од самоевалуација и е избран/а како предавач. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |
| Оценување и вреднување | Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма. Проценката на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите се врши со цел да се оцени дали и до кој степен стекнатите квалификации на студентот соодветствуваат со целите, компетенциите и академските услови одредени со општите и специфичните описи на квалификации кои ги одредуваат резултатите од учење на една студиска програма. Формите на оценување на знаењето, проектите, практичното оценување итн., треба да ги отсликуваат целите на предметот и на студиската програма и да овозможат индивидуално оценување на постигнувањата на студентот. Формата и содржината на оценувањето треба да биде во согласност со предметната содржина и методите на студиската програма. |

| | |
|---|---|
| | По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува со *бакалауреат диплома и додаток на дипломата (дипломиран).* |
| Пат на прогресија | Лицата кои имаат VIA ниво Бакалауреат диплома може да продолжат на втор циклус на студии. |
| Пазар на труд | Да. Студиите ги квалификуваат дипломците да извршуваат активности во соодветното научно подрачје и високо образование, во бизнис заедницата, во јавниот сектор и во општеството во целина преку примена на нивните научни и стручни компетенции. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети<br>• Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

**Табела 26: Табеларен опис на VIIB ниво на студии (втор циклус стручни студии)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лицата кои имаат стекнато бакалауреат диплома за завршено VI ниво и ги исполнуваат условите за запишување, одредени од страна на универзитетот. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Лица со посебни потреби може да се запишат на студии од ниво VII B. |
| Образование и обука | Студиите траат една година и со завршување се добиваат 60 ЕКТС кредити.<br><br>Студиските програми се направени согласно Европски стандарди и насоки. Програмите во сите студиски години се состојат од: 60% на задолжителни предмети, најмалку 30% на изборни предмети и 10% на слободни предмети од претходно дефинирана листа од страна на универзитетите. Предмети од областа на претприемништвото и иновациите задолжително се вметнати во 10% на слободни предмети. Листата на слободни изборни предмети се објавува јавно.<br><br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука. |
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма. |
| Квалификации на наставниот кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции за реализирање на соодветни високообразовни активности, има позитивна оцена од самоевалуација и е избран/а како предавач. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |
| Оценување и вреднување | Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма. Проценката на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите се врши со цел да се оцени дали и до кој степен стекнатите квалификации на студентот соодветствуваат со целите, компетенциите и академските услови одредени со општите и специфичните описи на квалификациите кои ги одредуваат резултатите од учење на една студиска програма. Формите на оценување на знаењето, проектите, практичното оценување итн., треба да ги отсликуваат целите на предметот и на студиската програма и да овозможат индивидуално оценување на постигнувањата на студентот. Формата и содржината на оценувањето треба да биде во согласност со предметната содржина и методите на студиската програма.<br>По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува *со диплома за специјалист и додаток на дипломата .* |
| Пат на прогресија | Нема директна вертикална прогресија. Можност за прогресија постои само по завршување на специјално изготвени дополнителни активности. |
| Пазар на труд | Да. Стручните (специјалистички) студии ги надградуваат додипломците со знаење и разбирање, вештини и компетенции со кои тие можат да работат специјализирани работни позиции и ги квалификуваат за директно вклучување во работниот процес. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети |

| | |
|---|---|
| | • Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

**Табела 27: Табеларен опис на VIIA ниво на студии (втор циклус академски студии)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лицата кои имаат стекнато бакалауреат диплома за завршено VI ниво и ги исполнуваат условите за запишување одредени од страна на универзитетот. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Лица со посебни потреби може да се запишат на студии од ниво VII А. |
| Образование и обука | Студиските програми траат една или две години и со завршување се добиваат 60 или 120 ЕКТС кредити.<br><br>Студиските програми се направени согласно Европски стандарди и насоки. Програмите во сите студиски години се состојат од: 60% на задолжителни предмети, најмалку 30% на изборни предмети и 10% на слободни предмети од претходно дефинирана листа од страна на универзитетите. Предмети од областа на претприемништвото и иновациите задолжително се вметнати во 10% на слободни предмети. Листата на слободни изборни предмети се објавува јавно.<br><br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука. |
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма. |
| Квалификации на наставниот кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции за реализирање на соодветни високообразовни активности, има позитивна оцена од самоевалуација и е избран/а како предавач. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |
| Оценување и вреднување | Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма. Проценката на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите се врши со цел да се оцени дали и до кој степен стекнатите квалификации на студентот соодветствуваат со целите, компетенциите и академските услови одредени со општите и специфичните описи на квалификациите кои ги одредуваат резултатите од учење на една студиска програма. Формите на оценување на знаењето, проектите, практичното оценување итн., треба да ги отсликуваат целите на предметот и на студиската програма и да овозможат индивидуално оценување на постигнувањата на студентот. Формата и содржината на оценувањето треба да биде во согласност со предметната содржина и методите на студиската програма.<br>По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува со *диплома за магистер* и *додаток на дипломата.* |
| Пат на прогресија | Лицата кои имаат диплома за магистер на VIIA ниво може да продолжат на трет циклус на студии.(докторски студии). |
| Пазар на труд | Да. Академските студии ги квалификуваат додипломците да извршуваат активности во соодветното научно подрачје и високо образование, во бизнис заедницата, во јавниот сектор и во општеството во целина преку примена на нивните научни и стручни компетенции. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети<br>• Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

**Табела 28: Табеларен опис на VIII ниво (трет циклус докторски студии)**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Лица кои имаат стекнато диплома за магистер, за завршено VII А ниво и ги исполнуваат условите за запишување одредени од страна на универзитетот. Запишувањето се врши врз основа на јавен конкурс кој го објавува високообразовната установа. Лица со посебни потреби може да се запишат на докторски студии. |
| Образование и обука | Третиот циклус (докторски) студии траат најмалку три години и со завршување се добиваат 180 ЕКТС кредити. |

| | |
|---|---|
| | Студиските програми се направени согласно Европски стандарди и насоки. Студиските програми, главно опфаќаат, активна истражувачка работа под менторство и вклучува:<br>- Организирана академска обука, која опфаќа напредни и професионални курсеви;<br>- Независен истражувачки проект под менторство (докторски проект);<br>- Меѓународна мобилност, најмалку еднонеделен престој;<br>- Предавања и друг вид на комуникациски активности;<br>- Статии во меѓународни научни списанија и активно учество на меѓународни настани поврзани со докторската теза, и<br>- Подготовка и јавна одбрана на докторската теза која произлегува од докторскиот проект.<br>Докторските студии од областа на уметностите се состојат од два дела – докторска теза и јавна презентација на уметничката работа или изложба.<br><br>Студиските програми се одобруваат од страна на Сенатот на Универзитетот по предлог на Наставно – научниот совет. Тие мора да бидат акредитирани од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование и да поседуваат дозвола за работа од Министерот за образование и наука. |
| Финансирање | Студиските програми кои се реализираат на државните високообразовни установи се финансираат од Националниот Буџет.<br>Основачот на приватната вискообразовна установа обезбедува средства за финансирање на студиската програма.. |
| Квалификации на наставниот кадар | Доктор на науки во соодветната област во која тој/таа е избран/а со академска титула редовен или вонреден професор, има соодветни истражувачки достигнувања, поседува компетенции во реализирање на соодветни високообразовни активности и има позитивна оцена од студентите -докторанти во рамки на институционалната самоевалуација. |
| Очекувани резултати од учење | Студиските програми се базирани на резултати од учење. |
| Оценување и вреднување | The studies of the third cycle are completed by taking all activities in accordance with the study programme, public defense of the doctoral thesis and published at least two scientific papers in scientific journals.<br>After completing the study programme requirements the candidate is awarded with a *PhD diploma (диплома за доктор на науки) and Diploma Supplement.*<br><br>Студиите се завршуваат со реализирање на сите активности во согласност со студиската програма, јавна одбрана на докторската теза и објавување на најмалку две научни статии во научни списанија.<br><br>По успешно завршување на студиската програма, кандидатот се стекнува со *диплома за доктор на науки* и *додаток на дипломата .* |
| Пат на прогресија | Ниво VIII е највисокото ниво. |
| Пазар на труд | Да. |
| Обезбедување квалитет | • Акредитација и реакредитација на институцијата и студиската програма<br>• Процес на самоевалуација<br>• Надворешна евалуација<br>• Рангирање на универзитети<br>• Државен систем за плагијат<br>• Одбор за доверба и соработка со јавноста. |

## 2.3 Образование на возрасни

- **Општи карактеристики**

Образованието на возрасни овозможува стекнување соодветно образовно ниво за секого и за сите возрасни групи. Лицата стекнуваат знаења, вештини и компетенции во согласност со потребите на општеството и пазарот на трудот по пат на формално образование, и неформално и информално учење.

*Формално образование на возрасните* се изведува согласно законите за основно, средно и високо образование. Се спроведува во државни и приватни установи, како редовно и вонредно образование, според соодветни наставни планови и програми усвоени од министерот за образование и наука.

*Неформалното учење* овозможува оспособување за работа, социјални активности, или личен развој. Од 2012 година се реализира според посебни програми, верифицирани од Центарот за образование на возрасните.

*Информално учење* вклучува активности со кои се стекнуваат знаења, вештини и компетенции преку секојдневните искуства. Информалното учење сѐуште не е системски уредено.

Програмите се изведуваат во установи верифицирани од Министерството за образование и наука. Установата запишува учесници, со кои потпишува договор и води евиденција и документација согласно пропишани правилници. Посебни установи за образование на возрасни се отворените граѓански универзитети за доживотно учење, кои реализираат програми за формално и неформално образование на возрасни.

**Табела 29: Преглед на бројот на акредитирани специјални програми за образование и обука на возрасни (број и сертификати)**

| година | Број на акредитирани програми | Број на обуки | Број на возрасни кои ја имаат завршено обуката и зеле сертификати |
|---|---|---|---|
| **2012** | 23 | 4 | 31 |
| **2013** | 26 | 15 | 141 |
| **2014** | 40 | 16 | 151 |
| **2015** | 64 | 26 | 373 |

Извор: Центар за образование на возрасните

Главното државно тело кое нуди образовни програми за возрасни е Агенцијата за вработување на Репумлика Македонија при Министерството за труд и социјална политика, која организира програми за обука поврзани со работните позиции и стручно насочување на невработените возрасни лица. Подготвителната Програмата за вработување[11] на агенцијата обезбедува обуки за да се задоволат потребите на пазарот на труд со цел зголемување на вработливоста на регистрираните невработени лица, каде обуките ги реализираат акредитирани обучувачи. Мерките се преземаат според резултатите од спроведената Анализа за потребата од вештини на пазарот на труд[12] и вклучуваат:

**Табела 30 : Преглед на обуки поврзани со работни позиции организирани од Агенцијата за вработување**

| Вид на обука | Цел | Планира ни 2014 | Присут-ни 2014 |
|---|---|---|---|
| Обука кај познат работодавач | На регистрираните невработени лица им се овозможува тримесечна обука поврзана со одредени работни позиции и заснована на план за обука изготвен од работодавачите кои учествуваат на обуката и кои се обврзани да задржат најмалку 50% од обучените лица. | 1125 | 544 |
| Субвенционирана обука кај познат работодавач | На невработените лица на возраст од 50 до 59 и млади до 29 години им се овозможува да завршат основно/средно образование.<br>На лицата со долгорочна невработеност со тримесечна обука им се овозможува подготовка за вработување придружена со период на субвенционирано вработување. | 170 | 145 |
| Обука за бараните занимања на пазарот на труд | Тромесечна обука реализирана преку програми на МОН или акредитирани образовни програми за возрасни и еден месец практично работно искуство. | 232 | 202 |
| Обука за бараните занимања од сообраќајниот | Едномесечна обука во лиценцирана авто школа за возачка дозвола од „Д“ категорија со можност за вработување по завршување. | 30 | 30 |

[11] МТСП: 2014 Оперативен план за активни програми и мерки за вработување

[12] АВРМ: Анализа на потребите за обука 2008-13

| | | | |
|---|---|---|---|
| сектор | | | |
| Обука за напредни ИКТ вештини | 3 до 6 месечни курсеви за дополнување на ИКТ вештините за дизајн, графички дизајн, 3Д анимации и пост-продукција, развој на јава веб, CCNA и MCSA . | 100 | 100 (est.) |
| Практична работа (стажирање) | На лица на возраст до 29 години со средно образование или универзитетска диплома им се овозможува тримесечно стажирање за стекнување практично искуство во приватниот сектор . | 319 | 237 |
| Образование за започнување на бизнис | Основна обука за започнување на бизнис спроведена преку програмите за вработување на Агенцијата за вработување на Република Македонија. | 1000 | 1050 |
| Мотивациона обука | Обука и совети од страна на АВРМ за да им се помогне на невработените да ги подобрат своите вештини за барање на работа и мотвација да ги користат услугите на Агенцијата за вработување. | 3000 | 4136 |

Со поддршка од Европската тренинг фондација, беше развиена Концепција за неформално образование на возрасни и информално учење (2014 и 2015). Концепцијата беше одобрена со решение од страна на министерот за образование и наука на 16/09/2015. Главна цел на овој документ е интеграција на неформалното образование во образовниот систем и системот на обука, обезбедување резултати од учење според Македонската рамка на квалификации и обезбедување предлог за системтски пристап за развој на неформалното образование. Исто така документот има за цел да промовира иновативен пристап и реосмислување на неформалното образование. Концепцијата ја поставува рамката и патоказот за развој на стратегии базирани на цели во шест приоритетни области, поддржани со низа активности (види Табела 31).

**Табела 31: Патоказ за развој на стратегија за образованието на возрасни**

| Цел | Активност |
|---|---|
| **1. Зголемување на мотивацијата кај луѓето да учествуваат во образованието на возрасни** | 1.1 Иницирање на јавна кампања за подигање на свеста на јавноста, работодавачите и релевантните страни, со пораки прилагодени да привлечат специфични целни групи |
| | 1.2 Обезбедување на информации, насоки и поддршка на поединци за да се поттикнат да учествуваат во соодветни неформални образовни програми за возрасни во согласност со нивната работа, кариера, лични или социјални потреби, амбиции и аспирации |
| | 1.3 Давање на поттик на поединци да учествуваат во неформално образование на возрасни |
| | 1.4 Овозможување на можности за постојан професионален развој на професионалци со високо образование за поддршка на развојот на нивната кариера преку ажурирање на знаењето и вештините |
| **2. Поттик на работодавачите да инвестираат во образованието и обуката на нивните вработени** | 2.1 Воведување на соодветна стимулација (пр. Преку даночниот систем) за работодавачите да обезбедат можности за учење на своите вработени вклучувајќи и користење на НРК признати квалификации |
| | 2.2 Промоција на вработувањето и равојот на човечките ресурси од страна на работодавачите согласно НРК признати квалификации |
| | 2.3 Промоција на партнерства помеѓу работодавачи и провајдери на програми за образование на возрасни, вклучувајќи и работни позиции на договор во согласност со законот за работни односи |
| **3. Обезбедување отворен и еднаков пристап за сите до неформалното образование за возрасни** | 3.1 Развој и обезбедување модуларен пристап за стекнување квалификации кај кои составните делови од квалификацијата може да бидат сертифицирани самостојно за да се овозможи поголем пристап за возрасните и да се поддржи акумулацијата и трансфер на кредити |
| | 3.2 Развој на флексибилни курсеви кои овозможуваат пристап на различни групи на возрасни вклучувајќи ги и оние со индивидуални потреби |
| | 3.3 Развој и имплеметација на квалификации за основни вештини |
| | 3.4 Развој и имплементација на систем за признавање на неформално образование и информално учење до крајниот рок 2018 предвиден од ЕУ |

| Цел | Активност |
|---|---|
| **4. Развој на учење релевантно за работодавачите и учениците** | 4.1 Развој на стандарди на занимања за зголемување на бројот на неформални програми кои водат до стручни квалификации од II до V ниво од НРК |
| | 4.2 Поттик на давателите на услуги да развиваат специфични програми за целосно да ги задоволат потребите на локалните работодавачи |
| | 4.3 Потврда дека локалните самоуправи ги идентификуваат потребите за образование на возрасните, во консултации со релевантните страни, и соработуваат со Центарот за образование на возрасни. Давателите на услуги за да се запознаат со достапноста на курсеви за нивните потреби |
| **5. Спроведување квалитетно и ефективно неформално образование на возрасни** | 5.1 Поддршка на подобрувањето на квалитетот во обезбедување на неформалното образование на возрасни |
| | 5.2 Зголемување на бројот на верифицирани провајдери и програми за образование на возрасни |
| | 5.3: Имплементација на ефективни процедури на надзор и надворешна евалуација на процесот на реализирање на програмата |
| | 5.4 Имплементација на ефективен процес за обезбедување на надворешен квалитет на оценувањето на кандидатите |
| | 5.5 Зголемување на капацитетот на Центарот за образование на возрасни да биде центар на експертиза и катализатор за иновации во образованието на возрасни |
| **6. Усовршување на развојот на стратегии засновани на докази и координација со други владини стратегии** | 6.1 Збогатување на изворите на информации и обезбедување на податоци за посетеноста и реализацијата на образованието на возрасни |
| | 6.2 Дополнителен развој на легислативата, финасирањето, институционалната и регулаторна рамка за образованието на возрасни |
| | 6.3 Развој на инклузивна и сеопфатна мрежа на релевантни страни како фокус за дијалог, споделување на информации и координативни активности |

Со поддршка на УНДП, беше развиен Концепција за основно образование на возрасни и истиот беше усвоен од страна на Министерството за образование и наука (16/09/2015).

- **Правна рамка**

• **Закон за образование на возрасните** („Службен весник на Република Македонија" бр.7/08, 17/11, 51/11, 74/12 и 41/14)
• Правилник за начинот на верификација на посебни програми (Решение бр. / 2014)
• Правилник за начинот на верификација на установите и институциите за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 115/13)
• Правилник за стандардите за просторот, опремата и кадарот на установите и институциите за образование на возрасните (Решение бр. 19-14134/2 од 09.09.2014 година)
• Правилник за називот, содржината и формата на сертификатот за знаењата, вештините, способностите и компетенциите стекнати од посебните програми за образование на возрасните („Службен весник на Република Македонија" бр. 37/10 и 141/12)
• Правилник за формата, содржината и начинот на водењето на Централниот регистер и на Општинскиот регистар за установите и институциите кои реализираат јавно признати програми за образование на возрасните („Службен Весник на Република Македонија" бр. 37/10)
• Правилник за содржината, формата и постапката на потпишувањето на договорот за надзор на програмата за образование на возрасните (Решение бр. 01-331/1 од 24.09.2015 ).
• **Закон за отворените граѓански универзитети за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр.36/11 и 41/14)**

**Стратешки и други документи**
• Стратегија за образование на возрасни 2010-2015, со Акциски план
• Концепција за неформално образование на возрасните и за информално учење во Република Македонија, Скопје, 2015
• Концепција за основно образование на возрасните во Република Македонија, Скопје, 2015.

- ### Управување

*Министерството за образование и наука* донесува Стратегија за образованието на возрасни; верифицира установи за образование на возрасни; води регистар на верифицирани установи и обезбедува средства од Буџетот на Република Македонија за финансирање на образованието на возрасни.

*Министерството за труд и социјална политика*: учествува во спроведувањето на државната политика во областа на образованието на возрасни; ги согледува потребите за преквалификација и доквалификација на кадарот преку анализа на пазарот на труд и доставува мислење до Советот за образование на возрасни; учествува во подготвувањето и усогласувањето на стручните квалификации; во соработка со ЦОВ иницира изготвување на нови стручни квалификации и учествува во организирање на професионално ориентирање на учесниците.

*Советот за образование на возрасни* е советодавно тело основано од Владата на Република Македонија. Разгледува стратешки прашања; предлага Стратегија за развој на образованието на возрасни во контекст на доживотното учење и ја следи реализацијата; предлага стандарди на занимања до ЦСОО, предлага финансирање на програми за образование на возрасни и развој на мрежата на установи за образование на возрасни. Советот има 13 члена од: МОН, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Министерството за финансии, мнозинскиот синдикат, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Агенцијата за вработување на Република Македонија, Агенцијата за развој на мали и средни претпријатија, Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на коморите на Република Македонија, Комората на занаетчиите на Република Македонија и експерти за образование на возрасни.

*Центарот за образование на возрасни (веб: www.cov.gov.mk)* е тело за спроведување на политики за образование и обука на возрасните. Го развива образованието на возрасните во соработка со социјалните партнери; подготвува концепции за образование на возрасни и модели на посебни програми за образование на возрасните; предлага изготвување стандарди на занимања до Советот за образование на возрасните; врши верификација на посебни програми за образование на возрасни; води електронски каталог на верифицирани посебни програми за образование на возрасни и електронски каталог на верифицирани установи и ги објавува на веб страницатата на Центарот; посредува во кариерниот развој и професионалната ориентација на учесниците во образованието на возрасни и ја координира меѓународната соработка. Со Центарот управува Управен одбор од 11 члена од: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Заедницата на единиците на локалната самоуправа, Стопанската комора на Република Македонија, Сојузот на стопански комори на Република Македонија, Комората на занаетчии на Република Македонија и стручни работници од Центарот.

*Единиците на локалната самоуправа* (http://www.zels.org.mk/Default.aspx): ги анализираат потребите на пазарот на труд на локално ниво и резултатите ги доставуваат до Центарот и установите за образование на возрасни; основаат установи за образование на возрасни и општински центри за развој на човечки ресурси; доставуваат предлози до МОН и ЦОВ за потребите за развој на програми, изготвуваат програми финансирани од општините и ги доставуваат на верификација до ЦОВ и водат општински регистар за установи кои реализираат јавно признати програми.

*Коморите*(http://www.mchamber.org.mk/(S(jzgdlny2rkuulazjrhauru55))/default.aspx?lId=2&mId=0&smId=0&cId=0&pId=1): доставуваат предлози за донесување нови и иновирање на постојните програми и за изготвување на стандарди за занимања; основаат институции за образование на возрасни и изготвуваат програми финансирани од коморите, кои ги доставуваат на верификација до Центарот.

*Мнозинскиот синдикат* (http://www.ssm.org.mk/index.php?lang=en): доставува предлози за подобрување на условите за практична обука на учесниците кај работодавачите; основа установи за образование на возрасни и изготвува програми финансирани од синдикатот, кои ги верифицира Центарот.

- ### Резултати од учење

Образовните програми за возрасни се засновани на резултати од учење и најголем дел од нив се однесуваат на постоечките стандарди на занимања. Програмите се изготвени согласно Моделот за специјални програми. Посебен дел од Моделот е посветен на резултати од учењето. Сите нови акредитирани образовни програми за возрасни се опишани со резултати од учење.

Пример на посебна програма за возрасни за шминка може да се најде на следната веб страница: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/%D0%9F%D0%BE%D1%81%D0%B5%D0%B1%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5-%D0%BD%D0%B0-%D0%B2%D0%BE%D0%B7%D1%80%D0%B0%D1%81%D0%BD%D0%B8-%D0%A8%D0%BC%D0%B8%D0%BD%D0%BA%D0%B5%D1%80.pdf

- **Осигурување квалитет**

*Акредитација на посебни програми* - ја врши Центарот, согласно Правилник. Програмите се изготвени од установата која ја реализира обуката, согласно Моделот на посебна програма за образование на возрасни. Решението го донесува директорот на Центарот за образование на возрасни.

*Акредитација на установи за образование на возрасни* - ја врши МОН, согласно Правилник. Решението го донесува министерот за образование и наука.

*Мониторинг* - Центарот го мониторира понудувачот на услугата и го следи квалитетот на обуката, користејќи алатка за мониторинг и евалуација на установа. Понудувачот на услуга на крајот на годината доставува годишен извештај до Центарот. Државниот просветен инспекторат преку интегрална евалуација врши надзор над квалитетот на образовниот процес во отворените граѓански универзитети за доживотно учење.

*Наставен кадар* - Програмите за образование на возрасни ги реализираат наставници, професори, инструктори за практична настава и стручни соработници, кои имаат подготовка за работа со возрасни. Подготовката ја организира ЦОВ, или соодветни установи. Условите за кадарот се пропишани со Правилник. Кадарот мора постојано стручно да се усовршува.

*Испити на крајот од образованието на возрасни* - ги организира и спроведува установата која ја реализира програмата. Учесниците се стекнуваат со сертификат.

**Табела 32: Табеларен опис на неформалното образование на возрасните**

| | |
|---|---|
| Услови за запишување | Возраст над 15 години и без статус на ученик. Специфични услови дефинира понудувачот на услуги. |
| Образование и обука | Понудувачот на услуги го определува времетраењето на програмата. Програмите се реализираат во верификувана установа. Практичната обука може да се реализира кај работодавач. |
| Финансирање | Од буџетот на РМ, буџетот на единиците на локалната самоуправа, коморите, мнозинскиот синдикат, самофинансирање на учесникот, донации. |
| Квалификации на наставниот кадар | Завршено високо образование за теорискиот дел од програмата и завршена обука на обучувачи за работа со возрасни. Практичниот дел од програмата го реализира лице со: нај - малку соодветно средно образование и 3 години работно искуство во соодветната област, средно образование и најмалку 5 години работно искуство во соодветната област, мајсторски испит и завршена обука на обучувачи за работа со возрасни. Кадарот мора постојано стручно да се усовршува. |
| Очекувани резултати од учење | Посебните програми за образование на возрасни се засновани на резултати од учењето. Се изготвуваат според Модел на посебна програма. |
| Оценување и вреднување | Континуирано во текот на обуката и завршен испит на крајот од обуката.<br>По завршување на обуката, учесникот се стекнува со *сертификат.* |
| Пат на прогресија | Во сите видови стручно образование. |
| Пазар на труд | Да, со сертификат. |
| Обезбедување квалитет | • Специјална програма за образование на возрасни акредитирана од Центарот за образование на возрасните;<br>• Установите акредитирани од страна на Министерството за образование и наука;<br>• Надзор преку анализа на годишни извештаи на установите и надзор на терен за имплеметација на специјалните програми. Се врши од страна на Центарот за образование на возрасни;<br>• Надзор и интегрална евалуација на државните отворени граѓански универзитети за доживотно учење врши Државниот просветен инспекторат;<br>• Континуирана стручна обука на наставниот кадар и обучувачите. |
| Example | **Аргон заварувач**<br>Профил на учесникот за влез во програмата - Завршено средно образование (гимназиско или средно стручно образование). Кандидатите треба да бидат постари |

| | |
|---|---|
| | од 17 години.<br>Времетраење на програмата - 250 часа.<br>Понудувач на услуги може да биде верификувана установа.<br>Проверкате на знаење: континуирано, со писмен тест и практична работа по завршување на секоја тема. Завршен тест на крај од програмата. Учесниците се стекнуваат со сертификат.<br>По завршувањето на обуката може да конкурираат на пазарот на труд. |

## 2.4 Признавање квалификации стекнати во странство

- **Општи карактеристики**

За граѓаните на Република Македонија и за странци, завршеното основно/средно образование или завршени години од основно/средно образование во странство се признаваат од страна на независна комисија основана од страна на Министерството за образование и наука.

Признавањето на вискокообразовни квалификации стекнати во странство се врши со цел за вработување (професионално признавање) или продолжување на образование (академско признавање).

Република Македонија ја има потпишано Конвенцијата за признавање на квалификации кои се однесуваат на високото образование во европскиот регион во 2002 година („Службен весник" Бр. 47/2002). Од 1995 година признавањето се врши од страна на националниот ЕНИК/НАРИК центар, кој функционира во рамки на Министерството за образование и наука.

- **Правна рамка**

• Правилник за чување на податоци на признаени уверенија за завршено основно образование (Бр 11 – 204/1 од 15.01.2014)
• Правилник за чување на податоци за признаени уверенија за завршено средно образование („Службен весник" Бр. 27/96);
• Правилник за начинот и постапката за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации и потребната документација („Службен весник" Бр. 71/2009)
• Правилник за начинот на водење на евиденција за еквиваленција и признавање на странските високообразовни квалификации („Службен весник" Бр. 71/2009)

- **Управување**

Министерството за образование и наука поддржано од Националниот ЕНИК/НАРИК центар е централниот раководен орган за признавање на странски квалификации. Процедурата на признавање трае од 8 до 20 дена. Одлуките се донесуваат од страна на министерот и истите се задлжителни за високообразовните установи.

- **Осигурување квалитет**

Во рамки на системот за управување на квалитет ISO 9000 постојат посебни процедури кои се однесуваат на процедурите на признавање. Вработените во Министерството кои работат на апликациите за признавање имаат соодветна обука и соработуваат со мрежата на ЕНИК/НАРИК. Апликантите имаат право на фер валидирање на нивните квалификации. Секој еден кандидат кој не е задоволен од одлуката за признавање има право на приговор.

# 3. РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНАТА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ И ПРОЦЕС НА САМО-ПОТВРДУВАЊЕ

## 3.1. Улога на Македонската рамка на квалификации (МРК)

Развојот и имплементацијата на МРК беше под силно влијание на процесот на европски интеграции и обврската на Република Македонија кон Лисабонската стратегија, Болоњскиот процес, Копенхагенскиот процес, ЕТ2010, Европската 2020 Стратегија, ЕТ2020, итн.

На национално ниво, рапортирањето за постигнувањата на краткорочни резултати (2010, 2012, 2013, 2014) од Брушкиот процес и подготовката на Стратегијата за стручно образование и обука за доживотно учење (2013 – 2020) ја поттикнаа работата на Националната рамка на квалификации и нејзинта имплементација.

Развојот на националната рамка на квалификации резултираше со *Македонска рамка на квалификации - Појдовни основи* (јули 2013). Главните цели на МРК се да ги интегрира и координира образовните под-системи и да ја зголеми транспарентноста, пристапот, прогресијата и квалитетот на квалификациите согласно пазарот на труд и граѓанското општество. МРК претставува референтна точка за реформите на системот за образование и обука во контекст на доживотното учење.

## 3.2 Подготвителна фаза

Првичната идеја за развој на Национална рамка на квалификации започна во 2002 година во рамки на проектната програма за стручно образование и наука (Договор бр. 02-0003 втора фаза, КАРДС). Експертска група предводена од г-дин Дејвид Хендли (David Handley), експерт од Велика Британија во соработка со членовите од подгрупата за национални стандарди на квалификации и подгрупата за оценување го развија Концептот за системот на стручни квалификации за Република Македонија. Лица вработени во Министерството за образование и наука, експерти за стручно образование и обука од Бирото за развој на образованието, наставници и директори на стручни школи, работодавачи, стопански комори, претставници од синдикати итн., беа вклучени во развој на Концептот. Во рамки на проектот беа развиени 5 стандарди и 5 квалификации во 4 приоритетни сектори: економија, право и трговија, електротехника, механичко инженерство и здравство.

Почнувајќи од 2003, паралелно, Република Македонија беше вклучена во регионалниот проект на ЕТФ за подигање на свесноста и јакнење на капацитетите  на земјите од Југоисточна Европа за важноста и релевантноста на развојот на Национална рамка на квалификации: Развојни стратегии за национални рамки на квалификации за Југоисточна Европа со план на имплементација 2004-2005. Во септември 2005 година, работната група (ЕТФ експерт, експерт од Ирска, национални експерти) го изготвија Предлогот за развој на Национална рамка на квалификации на Република Македонија.

Со КАРДС проектот за доживотно учење: Техничка поддршка на Министерството за образование и наука за доживотно учење (Бр. На договор 06MAC01/11/102) беше изготвен документот Основи на Национална рамка на квалификации за доживотно учење. Работната група за националната рамка на квалификации беше составена од претставници од: Министерството за образование и наука (Сектор за основно и средно образование, Сектор за високо образование, ЕУ сектор, Државен образовен инспекторат), Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за вработување, универзитети од Скопје, Битола, Тетово и Штип, отворени универзитети за доживотно учење, Стопанска комора на Република Македонија, Комора на занаетчии, Синдикат, Центарот за образование на возрасни и Државниот завод за статистика. Беа основани две подгрупи: подгрупа за изготвување на Национална рамка на квалификации и Квалификации и подгрупа за Акредитација и Регистрација.

Основите за НРК за доживотно учење изготвени по моделот на ЕРК за доживотно учење, Копенхагенскиот процес, Болоњскиот процес и Уредбата за националната рамка за високообразовни квалификации се достапни на: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/Appendix_1_Decree_for_the_NQF_HE.pdf.

## 3.3 Развојна фаза

Националната рамка на висококобразовни квалификации, која поблиску го дефинира профилот, целите и првичното создавање на студиската програма за прв, втор и трет циклус на студии и студиската програма за стручно образование пократко од три години беше развиена во рамки на Темпус проектот Бр. 145165 – TEMPUS – 2008 – SE – SMHES. Проектот беше развиен од интернационален конзорциум во кој беа вклучени: универзитетот Линкопинг – Шведска, универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, универзитетот „Св. Кирил и методиј“ – Скопје, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип, Државниот универзитет во Тетово, Универзитетот во Гент – Белгија и универзитетот за апликативни науки, Оснабрук – Германија. Главни активности во рамки на проектот: преглед на постоечките висококобразовни квалификации на национално ниво; посети за обука; дизајнирање на НРК за високо образование; евалуациски извештај за дизајнираната НРК за високо образование и нејзино усогласување со рамката на квалификации на европскиот високообразовен простор; поставување на критериуми за акредитација и регистрација на квалификации во НР ВОК; прифаќање на критериумите од страна на Министерството за образование; публикување на *Водич за националната рамка на квалификации за високото образование на Република Македонија*; креирање на студиски програми засновани на резултати од учењето и активности за дисеминација. Во 2010 година, Владата на Република Македонија ја усвои **Уредбата за национална рамка на квалификации за високото образование** („Службен весник на Република Македонија“ Бр. 154/2010).

На 7 ноември 2012 година, Министерот за образование и наука ја назначи работната група за развој на Национална рамка на квалификации за доживотно учење, координирана од страна на Министерството за образование и наука со членови од: Министерството за образование и наука (сектор за основно и средно образование, сектор за високо образование, претставници од кабинетот на министерот, секторот за ЕУ), Министерството за труд и социјална политика, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образованието, Агенцијата за вработување, Државниот завод за статистика, Министерството за информатичко општество и јавна администрација; претставници од Стопанската комора, Организацијата на работодавачи на Република Македонија и Комората на занаетчии. Составот на работната група е даден на веб страницата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/resenie-1.pdf.

Интензивната работа на работната група во периодот ноември 2012 – април 2013 година резултираше со предлог верзија на документот ,,Македонската рамка на квалификации - Појдовни основи,,. Развојот на нивоата и описите на НРК за доживотно учење беше поддржан од Ан – Мари Череау (Ms. Anne – Marie Chéreau) од Националната комисија за стручно сертифицирање на Франција (CNCP). Нацрт верзијата на документот Македонската рамка на квалификации - Појдовни основи беше поднесена во Европската тренинг фондација на консултација. Г-дин. Арјен Деј (Arjen Deij) ЕТФ експерт за рамка на квалификации и г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко (Eduarda Castel – Branco), одоговорна за Република Македонија во ЕТФ дадоа свое мислење за истата. По подобрувањето на нацрт документот согласно дадените препораки од ЕТФ, нацрт верзијата на документот Македонската рамка на квалификации - Појдовни основи беше поставена на веб страницата на Министерството за образование и наука (март 2013). Ова овозможи сите заинтересирани страни и поединци да дадат коментари и препораки за подобрување на текстот.

Јавната дебата за нацрт верзијата на основите на Македонската рамка на квалификации беше одржана во просториите на Стопанската комора на Република Македонија на 9 април 2013 година. На дебата учествуваа претставници од: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за економија, Агенцијата за вработување, Центарот за стручно образование, Бирото за развој на образованието, Центарот за образование на возрасни, Државниот завод за статистика, локалните самоуптави (општини), високобразовниот сектор (приватни и државни универзитети), институциите за претшколско образование и воспитание (градинки), основните училишта, средните училишта (општи и стручни), Сојузот на просветни работници на Република Македонија, Унијата на студенти, Унијата на средношколци, отворените универзитети за доживотно учење, работодавачите, Стопанската комора, Комората на занаетчии на Република Македонија, Синдикатот, Државниот испитен центар, Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Националната агенција за европски програми и мобилност, претставници од донаторската фела во високото образование (УСАИД, Британски совет, експерти од ИПА твининг проектот за стручно образование, експерти од ИПА твининг проектот за образование на возрасни), невладините организации, претставници на медиумите (на македонски и на албански јазик); свое учество и придонес на дебатата имаше и УНДП. Јавната

дебата беше претседавана од страна на министерот за образование и наука. Копија од флаерот и агендата на јавната дебата се наоѓаат на веб страницата http://mrk.mk/?p=212&lang=mk.

Препораките од релевантните чинители беа вклучени во нацрт документот. Како резултат на јавната дебата се направија измени во развојот и воведувањето на трите компоненти на описите на нивоа за високото образование (знаење и разбирање, вештини и компетенции) за прилагодување на петте компоненти на описи во НР за ВОК (знаење и разбирање, примена на занењето и разбирањето, способност за проценка, комуникациски и вештини за учење). Финалната верзија на ,,*Македонската рамка на квалификации - Појдовни основи*,, беше презентирана на владина седница и усвоена од страна на Владата на 30 јули 2013 година.

,,Македонската рамка на квалификации - Појдовни основи,, беше основа за развој на Законот за Национална рамка на квалификации. Нацрт верзијата на законот беше поставена на Националниот Електронски Регистер за законодавство. Владата на Република Македонија го разгледа предлогот и истиот го достави на усвојување до Собранието на Република Македонија. Законот за Национална рамка на квалификации беше усвоен во октомври 2013 („Службен весник на Ребуплика Македонија" Бр. 137/2013). Ефективната примена на закон започна од 30/09/2015.

**Видливост на работата на меѓународно ниво**

Активностите за развојот на МРК и НР ВОК беа презентирани и дискутирани на повеќе меѓународни настани:

- Постер презентација на имплеметацијата на НР ВОК на Меѓународниот форум за квалификации, конференција организирана од страна на ИБЕ (Варшава, Полска, 8-9 ноември 2012)
- Прв состанок на Западнобалканската платформа за образование и обука, основана од страна на Генералниот директорат за образование и култура (март 2012)
- 20-ти состанок на Собранието на УНЕСКО (Париз, Франција, ноември 2013)
- Конференција на ЕТФ за развој на НРК, одржана во Европскиот парламент (април 2014)
- Состанок за референцирањето на Националната рамка на квалификации на Црна Гора (мај 2014)
- Состанок на Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика Европска Комисија, Брисел, мај 2014)
- Западнобалканска платформа за образование и обука, регионална конференција за Еразмус + (Атина, Грција, 17-18 јануари 2014)
- Трет министерски состанок на Западнобалканската платформа за образование и обука (Европска Комисија, Брисел, 19-20 јуни 2014)
- ЕТФ регионална конференција за размена на знаење за имплементација на ЕРК за земјите од процесот на проширување, 30/09-01/10/2015, во Подгорица (Црна Гора)
- Регионална мрежа на југоисточна Европа за рамка на квалификации поддржана од Европскиот Совет (Истанбул, Турција, 15-16 октомври 2015) – презентација за развојот на националната рамка на квалификации за високото образование.

Република Македонија е членка на ЕРИ СЕЕ кластерот за знаење за НРК, со што беше овозможено македонските експерти да учествуваат во процесот на размена на добра пракса и рамноправен пристап до учење на земјите од Југоисточна Европа кои се во процес на развој на НРК (обезбедување на квалитет и НРК, признавање на неформално образование и иформалното учење итн.).

Во јуни 2014, по барање на националниот член на Советодавната група на ЕРК, г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко – ЕТФ член на Советодавната група на ЕРК и одговорна за Република Македонија, ги извести учесниците за направениот прогрес на Република Македонија.

## 3.4 Фаза на имплементација

На 7 април 2014 министерот за образование и наука ја основа работната група за понатамошен развој на Националната рамка на квалификации за доживотно учење, координирана од страна на Министерството за образование и наука. Структура на групата: Министерство за образование и наука (Сектор за основно и средно образование, сектор за високо образование, претставници од кабинетот на министерот, сектор за ЕУ), Министерство за труд и социјална политика, Биро за развој на образованието, Центар за стручно образование, Центар за образование на возрасни, Агенција за вработување, Државен завод за статистика, Министерство за информатичко

општество и јавна администрација, Стопанска комора, Организација на работодавачите на Република Македонија и Комора на занаетчии. Претставници на работодавачите, Синдикатот, училишта и локални самоуправи се вклучени во работата за понатамошен развој и имплеметација на НРК. Составот на работната група е дадена на веб страницата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/resenie-2-1.pdf.

Понатамошниот развој и имплеметација на НРК е поддржан од ЕТФ и Британскиот совет. Поготовките започнаа кон крајот на 2013 година и резултираа со два проекти со период на имплементација 2014-2015:

- *Поддршка од Европската тренинг фондација на процесот на поврзување на НРК со ЕРК.* Областите и форматот на соработка се дефинирани со правната рамка на ЕТФ, со работната прграма усвоена од раководниот одбор на ЕТФ претседаван од Генералниот директор за вработување, социјални работи и инклузија. Дополнително, улогата на ЕТФ е спомната во Член 91 од Договорот за стабилизација и асоцијација (2001) помеѓу ЕУ и земјата. Поготовките започнаа кон крајот на 2013 и резултираа со ЕТФ проектот за поддршка на поврзувањето на Македонската рамка на квалификации со ЕРК (2014-2015). Овој процес го водеше ЕТФ експертот г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко. Главни цели и резултати: развој на шема за поврзување на МРК со ЕРК; насоки и поддршка на процесот на изготвување и ревидирање на Извештајот за поврзување; јакнење на капацитетите на релевантните страни; листа на сите квалификации и анализа на примерок; обука и обиди за ревидирање на квалификациите од стручното образование преку описи на резултати од учењето; одредување на нивото во НРК на мал примерок на квалификации од стручното образование, базирани на резултати од учењето. Тимот на ЕТФ за поддршка на поврзувањето со ЕРК е составен од: г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко и надворешниот експерт прф. Д-р Миле Џелалија од Хрватска. Дополнително, тимот одговорен за листата и анализата на примерок на квалификации беше составен од: г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко, г-ѓа Мирјам де Јонг и надворешниот експерт – г-дин Јове Јанкуловски. По покана на ЕТФ, г-дин Војчиех Стечли (Wojciech Stęchły) од Институтот за истражувања во образованието на Полска (IBE) беше одговорен за обуката обидот за ревизија на квалификациите за стручно образование за нивно опишување преку резултати од учењето, како и дредување на нивото на мал примерок на квалификации од стручното образование, базирани на резултати од учењето.
  Првата експертска мисија во текот на која концептот за идната заедничка работа со македонските релевантни страни, промотивни состаноци со релевантните установи и работилница за запознавање со процесот на поврзување се одржа во Скопје (мај 2014).

  Втората мисија во Скопје беше направена во периодот 23-27 јуни. Беа договорени концептот и содржината на Извештајот за поврзување, како и насоките за развој на Извештајот. Во октомври 2014, третата работилница беше одржана со учество на членови на Советодавната група на ЕТФ од Австрија, Хрватска и Унгарија, како и претставник од Црна Гора. Беа разменети искуства и дадени препораки за подобрување на процесот на поврзување. За време на работилницата беа презентирани и дискутирани листата и анализата на постоечките квалификации и сумарниот Извештај.

  Третата експертска мисија за поврзување (Скопје, 18-22 мај 2015) беше посветена на нацрт Извештајот за поврзување и на размена на знаењето и јакнење на капацитетите на релевантните страни за употребата на резултатите од учење во Република Македонија и нивното поврзување со референтните критериуми 2, 3, 4 и 5 од ЕРК.

  Експериментирање (**фаза 1**) – ЕТФ го покани полскиот експерт Војчиех Стечли (Wojciech Stęchły) да ја води работилницата „Клучни резултати од учењето во квалификациите за стручно образование: практичен пристап“ (Скопје, 3-4 септември 2015). Работилницата придонесе за јакнење на капацитетите и тестирање на практичен начин за идентификување, формулирање и опис на клучните резултати од учењето на примерок на квалификации од четиригодишното стручно образование во следните сектори: Текстил, кожа и слични продукти, Економија, право и трговија, како и Угостителство и туризам. Учесниците од Центарот за стручно образование, стручните училишта, работодавачите од релевантните сектори и Министерството за образование и наука, ги формулираа клучните резултати од учење; преку користење на методологијата и пристапот развиени и тестирани во Полска (IBE) за идентификација и формулирање на клучни резултати од учење; го одредија нивото на квалификациите и започнаа со документирање на процесот.

Експериментирање (**фаза 2 - реализирање**): Ревидирањето и финализирањето на клучните резултати од учењето, како и оредувањето на нивото во МРК за примерокот на квалификации за четиригодишното стручно образование продолжи на 17-18 декември 2015. Предводени од Војчиех Стечли (Wojciech Stęchły) и г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко, истата работна група која работеше на 3 и 4 септември ја заврши работата за трите селектирани квалификации. Вториот дел од настанот беше вовед за поголема група на експерти (50 претставници од економскиот сектор, наставен кадар, работодавачи од сите региони) кои ќе работат на ревидирање на другите 11 квалификации од четиригодишното стручно образование во првата половина од 2016. Беа презентирани општи информации и јакнење на капацитетот на процесот, а исто така беа претставени и резултатите од експериментирањето.
Детални информации за поддршката од ЕТФ добиена за време на процесот на референцирање предводен од г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко се дадени во Анекс 3.

- *Проект за Поддршка на Министерството за образование и наука во подготовка на акционен план за имплементација на НРК за доживотно учење* започна со потпишување на *Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за образование и наука и Британски совет во Република Македонија*.
  Меморандумот за разбирање стапи на сила на 8 април 2014.
  Главната цел на проектот беше обезбедување на експертиза од Обединетото Кралство за планирање на имплементацијата на НРК во однос на нејзината релевантност и функционалност поврзани со потребите на пазарот на труд во Република Македонија. Од 13-18 јули 2014 во Скопје беше одржана првата работилница за јакнење на капацитетите со експерти од Обединетото Кралство на која учествуваа претставници од сите релевантни страни. Во ноември 2014 година се одржа и втората работилница. Покрај другите теми, беа дискутирани нацрт описите на квалификации развиени од страна на Центарот за стручно образование и обука, како и нацрт текстовите на Процедурата за развивање на квалификации и Методологијата за поставување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, развиени од страна на Министерството за образование и наука. Во текот на 2014 и почетокот на 2015 година беа подготвени финалните нацт верзии на овие документи и истите беа презентирани на завршната конференција на проектот (Скопје, 18 март 2015). За време на конференцијата беа презентирани напредокот на поврзувањето на МРК со ЕРК, улогата на работодавачите како и улогата на советите за секторски вештини во Обединетото Кралств и се одржаа три панел дискусии кои се однесуваа на: потребата од јакнење на капацитетите на работодавачите за нивно активно вклучување во НРК; предизвиците во соработката со работодавачите како и надлежностите над НРК.

- *Продолжен проект помеѓу Министерството за образование и наука и Британскиот совет во Република Македонија*
  Во периодот јуни-декември 2015 година Британскиот совет го поддржа јакнењето на капацитетите релевантни за идните Секторски комисии за квалификации. Посебно внимание беше посветено на подигање на свеста и јакнење на капацитетите кај работодавачите.

Во септември 2015, претставници од Центарот за стручно образование, Комората за туризам, Стопанската комора на Македонија, претставници од средните стручни школи за туризам и угоститтелство, Универзитетот за туризам и менаџмент од Скопје и Министерството за образование и наука зедоа учество на работилницата со експертот од Обединетото Кралство кој сподели добри практики од својата земја која се фокусира на вклучување на работодавачите и другите релевантни страни вклучени во обука на кадар во формалното и неформалното образование. Исто така беше ставен акцент на улогата и важноста од воспоставување на Секторските комисии за квалификации во Република Македонија како следен чекор.

Во соработка со Свисконтакт (Swisscontact) и нивната програма за Зголемување на вработливоста и ПРЕДА плус (PREDA Plus), Британскиот совет го поддржа настанот за подигање на свеста и вклучување на работодавачите од ИТ секторот во процесот на имплементација на МРК. Настанот на ноември 2015 година собра на едно место претставници на сите релевантни страни, работодавачи, претставници од ИТ секторите на високообразовните установи и од Министерството за образование и наука. Тие имаа можност да научат за МРК, за процесите за вклучување на работодавачите и создавањето на стандарди на знимање и стандарди на квалификации. Експертот од Обединетото Кралство сподели информации за системот во неговата земја, концептот и придобивките од вклученоста на работодавачите, моделите, најдобрата пракса и развојот на ИТ секторот во Обединетото Кралство. Како резултат од овој состанок, ќе биде

развиен модел на соработка помеѓу високообразовните установи и работодавачите во Република Македонија.

## 3.5 Следни чекори

Во јули 2015 беше избран конзорциумот за имплеметација на ИПА твининг проектот (2015-2017) *Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на НРК*. Проектните активности ќе започнат од средината на јануари 2016 година. Општата цел на овој проект е да го поддржи процесот на понатамошното подобрување на системот за развој и имплементација на МРК во согласност со ЕРК. Специфичната цел на проектот е јакнење на националните капацитети за ефективно и ефикасно функционирање на Националната рамка на квалификации.

Главни предвидени активности:

- Преглед на релевантното законодавство кое се однесува на НРК
- Јакнење на институционалните капацитети на националниот систем на НРК
- Понатамошно подобрување на квалификациите како почетна точка за воспоставување на НРК
- Подобрување на стандардите за квалификации засновано на понатамошен развој на стандарди/наставна програма

Важни проекти се реализираа во фазата на имплементација на НРК, а другите ќе започнат во 2016. Резултатите од проектите ќе допринесат за решавање на важни предизвици објаснети во Поглавје 8:

- Тековниот проект *Развој на вештини поддршка на иновации* е финансиран со заем од Светска банка. Една компонента од проектот е Модернизација на средното техничко стручно образование и обука со две поткомпоненти: (1) Квалитетот и релевантноста на пазарот на труд на техничкото стручно образование преку развој на наставни содржини и програми базирани на стандарди на занимања, оценување на училишната мрежа на средното стручно образование, развој на програма за обука на наставниот кадар и другиот персонал, развој на материјали за обука и обезбедување на опрема за училишно - практична обука и (2) Подобрување на соработката училиште-индустрија преку грантови доделени од училиштата. Процесот на воспоставување на Обсерваторија на вештини ќе придонесе за јакнење и поврзување на пазарот на труд и образовно-информатичките системи. Обсерваторијата ќе ги направи достапни до јавноста, креаторите на политики и сите други релевантни страни, информациите за успехот (пр. Студенти кои се наоѓаат на практична обука во фирми, вработувања по завршување на образованието) и расположливите ресурси (пр. Курсеви, компании кои нудат можности стажирање и практична обука, инфраструктура и обука) во стручните училишта, високообразовни институции, како и општи информации од пазарот на труд за можностите за вработување и плати во различни професии и сектори.

- Во 2016 година ќе започне имплеметацијата на ИПА проектот *Усовршување на доживотното учење преку модернизација на стручното образование и обука и системот за образование на возрасни*. Негова цел е развој на нови стандарди за занимања и стандарди за квалификации, реформирање на наставните содржини, подобрување на образованието на возрасни, практичната работа, соработката помеѓу релевантните страни и наставниците во двегодишното и тригодишното стручно образование, обезбедување опрема за практична обука, обезбедување софтвер за училиштата и поддршка на модернизацијата на системот за пост-средно образование, вклучувајќи ја анализата и ажурирањето на легислативата за пост-средно образование согласно потребите на пазарот на труд.
- ИПА проект *Поддршка на модернизацијата на системот за пост-средно образование.*
- *Проект за поддршка на воспоставување систем за верификација на неформално образование и информално учење* во соработка со ЕТФ и
- ИПА проект за *Соработка помеѓу високообразовните установи, приватниот сектор и релевантната јавност. Главна цел на проектот е јакнење на соработката помеѓу високообразовните установи и бизнис заедницата преку практична работа на студентите во фирмите.*

# 4. НАЦИОНАЛНА РАМКА НА КВАЛИФИКАЦИИ

Република Македонија ја развива Македонската рамка на квалификации како инструмент за комуникација помеѓу засегнатите страни и за реформи во системот за образование и обука. Главна цел на МРК е транспарентност на квалификациите и флексибилност во начинот на кој се стекнуваат истите. МРК овозможува видливост на доживотното учење и ги поттикнува граѓаните да се вклучат во процесот на учење. На овој начин, МРК на долг рок поттикнува развој на општество засновано на знаење и вештини, унапредување на човековите ресурси за развој и конкурентна економија, овозможува зголемена социјална вклученост, усогласеност на општествениот развој, промоција и олеснување на доживотното учење, мобилност на граѓаните за време на стекнување на квалификациите и нивното вработување.

## 4.1. Начела

МРК се занова на следниве начела:

- Резултатите од учење се изразуваат преку: знаење и разбирање, вештини и компетенции;
- Класификација на квалификации во нивоа и под-нивоа;
- Преносливост на кредити;
- Споредливост со Европската рамка на квалификации (ЕРК);
- Обезбедување квалитет во процесот на развој на квалификации и стекнување квалификации;
- Обезбедување услови за еднаков пристап до образование во текот на целиот живот за стекнување и признавање на квалификациите;
- Зајакнување на конкурентноста на македонската економија, која се заснова на човечки потенцијал и
- Градење систем за потврдување /валидација на неформално и информално учење

## 4.2. Цели и функции

Целите на МРК се следниве:

- јасно дефинирање на резултатите од учење,
- воспоставување систем за вреднување различни квалификации во рамките на целокупниот систем на квалификации,
- поттикнување и промоција на учењето во текот на целиот живот (доживотно учење),
- прикажување јасните врски помеѓу различните патишта на системот за образование и обука,
- приказ на преносот и проодноста (хоризонтална и вертикална) низ и во рамките на сите видови на образование и обука (формално, неформално и информално),
- овозможување меѓународна споредливост на квалификациите,
- промоција на важноста на клучните компетенции за доживотно учење и компетенции на работното место,
- овозможување мобилност на учесниците во процесот на образование и обука, како и нивно вклучување на пазарот на трудот, на национално и меѓународно ниво,
- создавање единствен систем за обезбедување на квалитет,
- изедначување на квалитетот на понудувачите на услуги,
- обезбедување соработка на сите засегнати страни,
- усогласување со економските, општествените и културните потреби на земјата и
- да се биде дел од развојот на Европската рамка на квалификации.

МРК ги координира и интегрира сите засегнати страни земајќи ги во предвид потребите на пазарот на труд, општеството и на поединците. МРК овозможува транспарентност и признавање на квалификациите стекнати во Република Македонија и во странство.

## 4.3. Правна рамка

Собранието на Република Македонија го донесе Законот за Националната рамка на квалификации во октомври 2013 година (Службен весник на Република Македонија бр. 137/2013). Во општиот дел, Законот ја дефинира областа и дефинициите, принципите и целите на МРК. Во вториот дел на Законот за НРК опишана е Македонската рамка на квалификации: стандардите на

квалификации, структурата на МРК, обемот на квалификациите, нивоата и под-нивоата на квалификации, бројот на стекнати кредити, типовите на квалификации, стекнувањето на квалификации, развојот на квалификации и секторските квалификации. Во третиот дел од Законот за НРК опишано е управувањето на МРК: Националниот одбор на МРК, надлежните тела и органи за координација и развој на МРК, Секторските комисии за квалификации и ги дефинира нивните надлежности. Во четвртиот дел опишан е Регистарот на МРК и обезбедувањето на квалитет во МРК, конкретно: Регистар на МРК, внесување на квалификациите во Регистарот и одржување на Регистарот, обезбедување квалитет во МРК и постапките за обезбедување квалитет и подобрување на квалитетот на квалификациите. Петтиот дел ја дефинира еквивалентноста на постоечките квалификации со МРК и распоредот за формирање на телата утврдени со закон, како и спроведување на Законот.

## 4.4. Управување

Согласно Законот за НРК, развојот, донесувањето, одобрувањето и класификацијата на квалификациите се во надлежност на: Националниот одбор на МРК, Министерство за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни и Секторските комисии за квалификации.

Координацијата за развојот и имплементацијата на МРК е под надлежност на Министерството за образование и наука и Министерството за труд и социјална политика.

*Министерството за образование и наука:*
- дава препораки за развој на стандардите за квалификации;
- го води процесот на поврзување на Македонската рамка на квалификации со ЕРК и само-сертификацијата со РК-ЕПВО (QF-EHEA);
- го следи спроведувањето и развојот на НРК во другите земји и
- комуницира со заинтересираните страни и пошироката јавност на теми поврзани со Македонската рамка на квалификации.

Министерството за образование и наука е Националната контакт точка за МРК.

*Министерството за труд и социјална политика:*
- воспоставува и развива систем за информирање за потребите на пазарот на труд и долгорочно предвидување,
- предлага развој на стандарди на квалификации и стандарди на занимања во согласност со потребите на пазарот на труд,
- донесува стандарди на занимања,
- учествува во подготовка на стратешки документи и анализи релевантни за развојот на Македонската рамка на квалификации и
- го следи вработување на лица со стекнати квалификации.

*Компетентни институции за развивање на квалификации се:*
- Центарот за стручно образование[13], Центарот за образование на возрасни[14] и Бирото за развој на образованието за нивоата од I до V Б;
- Високообразовни институции за нивоата од V А до VIII.

*Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации* (со членови од: Министерство за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Бирото за развој на образованието, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност, високообразовни институции, претставник од коморите на Република Македонија[15] и Самостојниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија):

- ја разгледува евалуацијата на политиките за образование, одржливо вработување и регионален развој

[13] Државна институција, види Поглавје 2

[14] Државна институција, види Поглавје 2

[15] Стопанска комора на Република Македонија, Сојуз на стопански комори на Република Македонија, Комора на занаетчии на Република Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија

- препорачува активности за поврзување на образовниот систем со потребите на пазарот на трудот,
- одлучува за распределба на постоечките и новите квалификации во Македонската рамка на квалификации,
- предлага развивање на нови или подобрување на постоечките квалификации до надлежните институции,
- го следи развојот на Македонската рамка на квалификации во целина,
- подготвува и усвојува методолошки документи за класификација на квалификации,
- воспоставува Секторски комисии за квалификации
- ги утврдува критериумите за работа на Секторските комисии за квалификации и дава препораки за нивната работа,
- одлучува за под-сектори, области и под-области во рамките на секторските квалификации и
- ги усвојува извештаите на Секторски комисии за квалификации, вклучувајќи и препораки за нивно функционирање.

Националниот одбор на МРК беше формиран во октомври 2015.

*Секторските комисии за квалификации* (составени од претседател и 8 членови од: Министерство за образование и наука, Организација на работодавци од релевантниот сектор, синдикат од релевантниот сектор, универзитети, Центарот за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Бирото за развој на образованието и релеватните тела за регулирани професии во земјата):

- ја анализираат моменталната состојба и промените во секторскиот пазар на трудот,
- ги идентификуваат потребите за сите типови на квалификации во согласност со барањата на пазарот на трудот и на општеството во целина,
- ги анализираат и оценуваат постоечките квалификации,
- ги разгледуваат предлозите за воведување на нови квалификации
- ги предлагаат секторските и под-секторски квалификации за сите нивоа,
- ги предлагаат приоритетите за развој на нови квалификации и ажурирање на постојните квалификации,
- даваат мислења за усогласеноста на стандардите и инструменти за оценување со стандардите на занимање и стандардите на квалификации,
- формираат Комисии за оценување и потврдување на резултатите од учењето стекнати по пат на неформално учење,
- ги промовираат секторските квалификации и можностите за вработување и
- доставуваат годишен извештај за својата работа до Националниот одбор за НРК

Сите релевантни чинители се вклучени во управувањето на МРК преку Националниот одбор на МРК и Секторските комисии за квалификации.

## 4.5. Структура на МРК

Македонската рамка на квалификации се состои од:

- нивоа и под-нивоа на квалификаците,
- описи на нивоа и резултати од учење за секое ниво на квалификациите,
- видови на квалификации и документи кои служат како доказ за стекнатата квалификација и
- обем на квалификацијата

Рамката се состои од 8 нивоа и дополнителни под-нивоа во нивоата V, VI и VII, и ги воведува резултатите од учење како главен концепт опишан преку описите на нивоа во трите области: (знаење и разбирање, вештини и компетенции). Тие се презентирани во Табела 33.

**Табела 33: Описи на МРК нивоа и резултати од учење спред МРК нивоата[16]**

| Ниво во МРК | Под - ниво | Знаење и разбирање | Вештини | Компетенции | Кредити | Ниво во ЕРК |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | | Покажува систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини за истражување во рамките на тоа поле во согласност со највисоките меѓународни стандарди;<br><br>Поседува знаење стекнато со сопствено истражување или работа со кое дава значаен придонес во професионалното и научното поле на истражување, но и во сродните на него полиња. | Покажува способност да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување со научен интегритет;<br><br>Го користи своето знаење како основа за оригинални идеи и истражувања кои ги надминуваат постојните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и на меѓународно- рецензирани публикации;<br><br>Способност за критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи, неопходни за решавање на сложени проблеми во полето на истражување;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални и во меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле;<br><br>Се очекува да биде способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење.<br><br>Може да комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област на експертиза. | Презема максимална одговорност за резултатите од својата сопствена работа, но и за работата на останатите во групата.<br><br>Презема одговорност за раководење со комплексни процеси, со истовремена грижа за професионалниот развој на поединецот и на групата во целина; | Најмалку 180 ЕКТС кредити | 8 |

[16] МКСОО (Македонски кредит систем за општо образование)

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VII | VII A | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во сродни професии или научни полиња. | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;<br><br>Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.<br><br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на ставовите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено; | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. | 60 до 120 ЕКТС кредити | 7 |
| | VII B | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање) кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или во повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се засноваат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на проширено и продлабочено знаење во | Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или во непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, поврзани со полето на студирање;<br><br>Способност за синтетизирање и интегрирање на знаењето и за справување со сложени прашања, систематски и креативно;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и поставување на нови анализи и решенија на научна основа.<br><br>Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно делување при стекнувањето нови знаења и вештини во општествени рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со рационално поткрепување на | Покажува значителна одговорност за сопствените и заедничките резултати, за водење и иницирање активности;<br><br>Способност за солидно проценување дури и при нецелосни и ограничени информации, но кои ги вклучуваат личните, општествените и етичките одговорности при примената на стекнатото знаење и проценка;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување, како сопствен, така и за групата со која соработува. | 60 ЕКТС кредити | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | сродни професии или научни полиња. | ставовите , како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено; | | | |
| **VI** | **VI A** | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење;<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | Способност да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од соодветни податоци;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност да комуницира и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност; | Превзема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти; | 240 ЕКТС кредити | **6** |
| | **VI B** | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење; | Способност да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата;<br><br>Покажува способност за идентификација, анализа и решавање проблеми;<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на професијата или полето на студирање;<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи и концепти од | Превзема одговорност за сопствените резултати и поделена одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти; | | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Покажува знаење и разбирање за разни теории и методологии неопходни за пошироката област на истражување. | соодветни податоци;<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност да комуницира и расправа за информации, идеи, проблеми и решенија, кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани како со стручна, така и со нестручна јавност; | | 180 ЕКТС кредити | |
| **V** | **V A** | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област;<br><br>Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br><br>Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност;<br><br>Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, со колеги, претпоставени и клиенти. | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот;<br><br>Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите.<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето на останатите во групата. | 60 до 120 ЕКТС кредити | **5** |
| | **V B** | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање или работа кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и стручно знаење и разбирање на одделни основни теории од потесна научна и стручна област;<br><br>Поседува ограничено знаење од современите текови во областа во која работи или студира кое дава поддршка на полето на работа или професија, можност за | Применува вештини кои се засноваат на разбирање на теоретските принципи и на нивната примена во решавањето на проблемите и во извршувањето на сложени и специфични задачи во полето на работа и учење, со избор и употреба на релевантни податоци, методи, постапки, техники, инструменти, уреди, алати и материјали;<br><br>Има вештини за учење за да може да преземе понатамошни проучувања со определен степен на независност;<br><br>Поседува способност да општи и расправа со целни групи од потесната професија или област на учење, | Има повисок степен на лична и деловна одговорност и вреднување на сопствената работа и работата на групата врз основа на критериумите во областа на трудот;<br><br>Способен е за пренесување на знаења на другите, организирање, информирање и контрола на сопствената работа и работата на другите.<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но и поделена одговорност за активностите, резултатите и работењето | 60 до 120 ЕКВЕТ кредити | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | лични развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус. | со колеги, претпоставени и клиенти | на останатите во групата. | | |
| **IV** | Познава концепти, принципи и процеси од учените предмети и области;<br><br>Поседува систематични теоретски и стручни знаења во рамките на определено подрачје на трудот или учењето, кои вклучуваат анализирање и поврзување на фактите и теоретските принципи при извршување на работата, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретски знаења и принципи, неопходни за учењето и работа и решавање на проблеми во променливи услови во одредено подрачје на трудот или учењето;<br><br>Оспособен е да прибира, анализира, селектира и да употребува релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали во областа на учењето;<br><br>Оспособен е да изведува сложени постапки и да употребува методи, инструменти, алати, постројки и материјали во работата;<br><br>Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | Самостојно ја планира, организира и ја води својата работа и врши надзор на заедничката работа;<br><br>Самостојно извршува сложени задачи и решава проблеми, прилагодувајќи го своето однесување, во согласност со дадените насоки, во променливи услови;<br><br>Одговорен е за сопствената работа, работата на групата, во насока на вреднување на резултатите од работата и унапредување на квалитетот, во согласност со однапред утврдени стандарди и критериуми. | 240 ЕКВЕТ или МКСОО кредити | **4** |
| **III** | Поседува теоретски и систематски усвоени стручни знаења, факти, принципи, процеси и општи концепти за одделно подрачје на трудот или учењето, а во исто време овозможува натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) и помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br><br>Извршува работи и задачи кои се со средна сложеност, помалку стандардизирани и релативно прегледни;<br><br>Користи различни уреди, алатки, опрема и материјали во процесот на производството и во услугите;<br><br>Комуницира и соработува со групата. | Планира, подготвува, организира и ја вреднува својата работа, врз основа на однапред дадени овластувања, во рамките на делокругот на својата работа;<br><br>Извршува работи, кои не се секогаш однапред дефинирани, со одреден степен на самостојност и одговорност. | 180 ЕКВЕТ кредити | **3** |
| **II** | Поседува основни теоретски и стручни знаења потребни за познавање на областа на работа, кои може да ги примени при извршувањето на едноставни работни задачи, а во исто време овозможуваат натамошно учење. | Поседува практични и креативни вештини за извршување едноставни или помалку сложени и однапред дефинирани работи во познати услови и предвидливи ситуации.<br><br>Користи едноставни методи, алати, инструменти, уреди и материјали врз основа на детални упатства;<br><br>Комуницира и соработува со одделни лица. | Работи самостојно во познати услови под повремен надзор и со ограничена одговорност за извршување на работните задачи;<br>Остварува едноставна комуникација и соработка со дел од вработените во познати ситуации. | 60 до 120 ЕКВЕТ кредити | **2** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **I** | Поседува основно знаење за функцијата на одредени предмети и појави со можност да ги примени во практиката  и другите дисциплини, а во исто време овозможува и натамошно учење. | Поседува основни вештини за извршување едноставни работи;<br><br>Користи  едноставни методи, алати и инструменти со упатства и под надзор;<br><br>Разбира и применува општи правила на комуникација. | Извршува едноставни задачи  под директен надзор;<br><br>Презема одговорност за извршување едноставни задачи. | | **1** |

**Нивоа и под-нивоа на квалиликациите и нивниот обем**

Македонската рамка на квалификации има осум нивоа. Нивоата V, VI и VII имаат две под-нивоа. Под-нивоата ги одразуваат специфичностите на образовниот систем, ги исполнуваат барањата на работодавачите и се разликуваат во бројот на кредити. Под-нивоата се оправдани во фаза на транзиција и имплементација на новата структура на циклуси.

- Ниво I се однесува на завршено основно образование. По завршувањето, учесниците добиваат сертификат (свидетелство).

- Ниво II се однесува на стручно оспособување во времетраење до две години. По завршувањето учесниците добиваат сертификат за стручно оспособување (уверение за стручно оспособување). Законот за НРК предвидува учесниците да стекнат помеѓу 60 и 120 ЕКВЕТ кредити.

- Ниво III се однесува на стручно образование за занимања во времетраење до три години. По завршувањето, учесниците добиваат диплома. Законот за НРК предвидува учесниците да стекнат 180 ЕКВЕТ кредити.

- Ниво IV се однесува на гимназиското образование, техничко образование или уметничко образование во траење од четири години. По завршувањето, учесниците добиваат диплома (диплома). Законот за НРК предвидува учесниците да стекнат 240 ЕКВЕТ или МКСОО (Македонски кредитен систем за општо образование) кредити.

- Ниво V
  - Ниво V, под-ниво VБ се однесува на пост-средно образование ( специјалистичко образование и мајсторски испит) и учесниците добиваат диплома за специјалистичко образование и диплома за мајсторски испит. Учесниците стекнуваат од 60 до 120 кредити со завршување на ова под-ниво.
  - Ниво V, под-ниво VA се однесува на кратки стручни студиски програми во високото образование и учесниците добиваат сертификат (Уверение). Учесниците стекнуваат од 60 до 120 ЕКТС кредити.

- Ниво VI
  - Под-ниво VIБ се однесува на универзитетски или стручни студиски програми во високото образование во траење од три години и учесниците добиваат диплома. Учесниците на ова под-ниво стекнуваат вкупно 180 ЕКТС кредити.
  - Под-ниво VIA се однесува на 4-годишни додипломски студии (универзитетски или стручни студии) и учесниците добиваат диплома и учесниците добиваат диплома. Учесниците на ова под-ниво стекнуваат вкупно 240 ЕКТС кредити.

- Ниво VII
  - Под-нивото VIIA се однесува на високото образование, студии за Магистер на науки и учесниците добиваат диплома. Учесниците на ова под-ниво стекнуваат од 6 до 120 ЕКТС кредити.
  - Под-ниво VIIБ се однесува на високото образовние, специјалистички студии и учесниците добиваат диплома. Учесниците на ова под-ниво стекнуваат вкупно 60 ЕКТС кредити.

- Нивото VIII се однесува на докторски студии и учесниците добиваат диплома.

Неформално учење се однесува на обуки за стекнување на квалификации или дел од квалификации со ниво што може да одговара на нивоата од I до VБ соодветно на степенот на сложеност во согласност со стандардите на занимање. По завршувањето на ова ниво, учесниците добиваат сертификат. ЕКВЕТ кредитите  сеуште не се применуваат за овие квалификации, во согласност со Законот на НРК.

Интегрираните студии од прв и втор циклус на студии се однесуваат на квалификации кои водат до називи/звања за вршење на регулираните професии. Во моментов тие не се дел од Македонската рамка на квалификации. Дискусии за нивно вклучување во МРК се во тек.

**Кредитен систем во Македонската рамка на квалификации**

Законот за НРК дефинира три типови на кредитни системи:

- ЕКТС[17] кредити во високото образование (еден ЕКТС кредит е дефиниран како 30 работни часа со времетраење од 60 минути)
- ЕКВЕТ[18] кредити во стручното образование и обука (еден ЕКВЕТ кредит е дефиниран како 25 работни часа со времетраење од 45 минути) и ги опфаќа сите активности на студентите (присуство и активност на часови, практична работа, домашна работа, проекти, оценување..) потребни да се постигнат резултатите од учењето. Намаленото време за целосно учење ја зема во предвид просечната возраст на ученикот во почетното стручно образование и обука. Оваа дефиниција може да се ревидира - таа во моментов е подложна на дискусија поттикната од меѓународно искуство и проектот за ЕКВЕТ во земјата.
- МКСОО[19] за кредити во основно образование и гимназиско образование (еден МКСОО кредит е дефиниран како 25 работни часа со времетраење од 45минути).

**Јазичната разновидност**

Обезбедено е образование на јазиците на малцинствата во основните и средните училишта. Обезбедена е мобилност во рамките на подсистемите (стипендии, сместување во домови, патувања, трошоци итн.).
Високообразовниот систем нуди студиски програми за наставници во основните и средните училишта за јазиците на малцинствата.

[17] Европски систем на трансфер и акумулација на кредити

[18] Европски кредит систем за стручно образование и обука

[19] Македонски кредит трансфер систем за општо образование

**Табела 34: Број на кредити стекнати во соодветните нивоа и под-нивоа во Македонската рамка на квалификации и нивна споредливост со нивоата во Европската рамка на квалификации**

| Ниво во МРК | Под-ниво | Општо образование | Формално стручно образование и обука | Неформално учење | Восоко образование | Ниво во ЕРК |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **VIII** | | | | | Трет циклус<br>Докторски студии (мин. 180 ЕКТС кредити) | **8** |
| **VII** | **VII А** | | | | Втор циклус<br>Магистер на науки академски студии (од 60 до 120 ЕКТС кредити) | **7** |
| | **VII Б** | | | | Втор циклус<br>Специјалистички студии<br>(60 ЕКТС кредити) | |
| **VI** | **VI А** | | | | Прв циклус<br>Универзитетски студии (240 ЕКТС кредити)<br>Стручни студии (240 ЕКТС кредити) | **6** |
| | **VI Б** | | | | Прв циклус<br>Универзитетски студии (180 ЕКТС кредити)<br>Стручни студии (180 ЕКТС кредити) | |
| **V** | **V А** | | | | Стручни студии<br>(од 60 до 120 ЕКТС кредити)<br>Кратки стручни студиски програми од прв циклус | **5** |
| | **V Б** | | Пост-средно образование (од 60 до 120 ЕКВЕТ кредити) | Пост-средно образование | | |
| **IV** | | Општо средно образование (гимназиско) | Техничко образование (240 ЕКВЕТ кредити or 240 МКСОО кредити) | Квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност - IV, во согласност со стандардите на занимање) | | **4** |
| **III** | | | Стручно образование за занимања (180 ЕКВЕТ кредити) | Квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност - III, во согласност со стандардите на занимање) | | **3** |
| **II** | | | Стручно оспособување (60 до 120 ЕКВЕТ кредити) | Квалификација или дел од квалификација (ниво на сложеност – I и II, во согласност со стандардите на занимање) | | **2** |
| **I** | | Основно образование | | Функционална писменост и нумерички вештини | | **1** |

## 4.6. Класификација на квалификациите

Квалификациите во МРК се класифицирани според: ниво, тип и сектори. Тие се регистрирани во националната база на квалификации (Регистар). Во моментов се работи на Националниот регистар, а Пописот на квалификациите (2014) беше појдовна точка за процесот.

**Тип на квалификации**

Македонската рамка на квалификации ги препознава следните типови на квалификации:

1. Образовни квалификации и
2. Стручни квалификации.

**Образовна квалификација -** квалификација стекната во формалниот образовен систем со потребен обем на квалификација и документирана со диплома / сертификат. Образовните квалификации се стекнуваат со завршување на јавно одобрени образовни програми и со постигнување на резултатите од учење. Овие квалификации имаат за цел да овозможат продолжување на образованието, вработување или личен развој. Тие овозможуваат вертикална проодност во формалниот образовен систем.

**Стручна квалификација -** квалификација стекната за дел во јавно одобрена образовна програма (модули, курсеви, итн), со завршување на посебна образовна програма за образование на возрасни, или преку валидација на неформалното учење. Постигнатите резултати од учење се документирани со сертификат. Тие содржат стручни компетенции од еден или повеќе стандарди на занимања. Овие квалификации имаат за цел да овозможат вработување и личен развој. Заради својата природа, овие квалификации не овозможуваат вертикална проодност во формалниот образовен систем. Стручни квалификации можат да се добијат за сите нивоа и под-нивоа во МРК, освен за ниво VIII. Овој вид на квалификации во некои земји е познат под терминот „делумна квалификација“.

**Табела 35: Класификација на квалификациите**

| | **Тип на квалификација** | |
|---|---|---|
| | **Образовна квалификација** | **Стручна квалификација** |
| **Цел** | Продолжување на образованието или на пазар на труд | Пазар на труд и личен развој |
| **Вид на документ** | Сертификат или диплома | Сертификат |

Законот за НРК воведе голем број нови концепти (пример: тип на квалификации), кои бараат понатамошно разгледување и дебатирање меѓу експертите од релевантните страни. Во иднина, прилагодувања ќе бидат направени во правно-регулирана рамка.

**Сектори на квалификации**

Квалификациите се групирани според сектори. Сектори на квалификации во стручното образование и обука се:

| | |
|---|---|
| 01 | Геологија, рударство и металургија |
| 02 | Градежништво и геодезија |
| 03 | Графичарство |
| 04 | Економија, право и трговија |
| 05 | Електротехника |
| 06 | Здравство и социјална заштита |
| 07 | Земјоделство, риболов и ветеринарство |
| 08 | Лични услуги |

| | |
|---|---|
| 09 | Машинство |
| 10 | Сообраќај, транспорт и складирање |
| 11 | Текстил, кожа и слични производи |
| 12 | Угостителство и туризам |
| 13 | Хемија и технологија |
| 14 | Шумарство и обработка на дрво |
| 15 | Спорт и рекреација |
| 16 | Уметност |

За високообразовните квалификации важи меѓународната Фраскатиева класификација.

**Регистар на квалификации**

Согласно Законот за НРК, квалификациите се регистрираат во националната база на квалификации (Регистар). Регистарот се состои од четири под-регистри:

- Под-регистар на квалификации во општо образование;
- Под-регистар на квалификации стекнати преку стручно образование и обука;
- Под-регистар на високообразовни квалификации;
- Под-регистар на квалификации стекнати преку неформалното образование

Под-регистарот на квалификации стекнати преку стручно образование и обука до ниво V Б се води од страна на Центарот за стручно образование и обука. Под-регистарот на квалификации стекнати преку неформалното образование се води од страна на Центарот за образование на возрасни. Под-регистарот на општообразовни квалификации и под-регистарот на високообразовни квалификации се води од страна на Министерството за образование и наука.

## 4.7. Користење на ЕУ алатки

Од 2013 година, Република Македонија учествува во Еуропас (EUROPASS). Националниот Еуропас центар (НЕЦ) е дел од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. Во ноември 2013 година, НЕЦ го лансираше националниот Еуропас портал, www.europass.mk.

Во 2013 година Република Македонија стана членка на Евридика мрежата со Националниот оддел за Евридика (НОЕ) кој се наоѓа во рамките на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. НОЕ обезбеди опис на структурата на образовниот систем на земјата за Евридика и периодични ажурирања. Публикациите: Развивање на клучните компетенции во училиштата во Европа: Предизвици и можности за политика, ЕНЕА: Извештај за имплементацијата на Болоњскиот процес, Модернизација на високото образование во Европа 2011: Финансирање и социјална димензија, клучни податоци за учење и иновација преку ИКТ во училиштата во Европа) беа преведени на македонски јазик и се достапни на порталот Евридика. Во 2014 година, НОЕ учествувал во неколку публикации на Евридика со информации за ситуацијата во Македонија: Евалуација на училишта, училишен и академски календар, Плати на наставниците и директорите во училиштата. Во текот на 2015 година, земјата учествуваше во следните извештаи на Евридика: Претприемничко образование, Трошоци и поддршка во високото образование, Наставничката професија, Евридика дијаграми, Плати на наставниците и директорите во училишта и Време на настава во ИСЦЕД ниво 1, 2 и 3.

Почнувајќи од 2014 година, Националната агенција за европски образовни програми и мобилност ги зајакнува капацитетите за имплементација на Еурогајденс иницијативата (Euroguidance initiative) со фокус на: Промоција на Европската димензија во концептот за доживотно учење, достапност на квалитетни информации за доживотно советување и мобилност во процесот на учење, давање придонес за заедничкиот EQF/Ploteus Portal, дефинирајќи ги целните групи за промоција и поддршка на национално ниво и придонес со соодветна содржина на порталот www.euroguidance.eu. Посебен дел за Еурогајденс

иницијативата (Euroguidance initiative) се објавува на порталот на Агенцијата (http://na.org.mk/index.php/mk/euroguidance.html). Во моментот Агенцијата собира податоци за делот Студирај во Македонија, за да биде објавен на веб страницата, http://www.euroguidance.eu/study-in-europe/ во текот на 2016.

## 4.8. Обезбедување квалитет

Квалитетот на Македонската рамка на квалификации зависи од: 1) квалитетот на националниот систем на образование и обука и 2) квалитетот на процедурите и процесите на МРК.

1) Зависност на МРК од квалитетот на системот за образование и обука

Системот за обезбедување на квалитет во образованието и обуката се регулира со националното законодавство и опфаќа три фази: влезна, тековна и излезна.

***Влезна фаза***

Постапките на валидација и акредитација се дефинирани и регулирани на национално ниво.

- *Акредитација на образовните институции* - Министерството за образование и наука ја спроведува процедурата за акредитација на училиштата за основно образование, средно образование и за понудувачите на посебни програми за образование на возрасни. Верификуваните институции и понудувачи на образовни услуги се внесуваат во соодветни регистри кои ги води Министерството за образование и наука. Повеќе информации се дадени во Поглавје 2.

- *Акредитација на образовните програми* - Наставните програми за основно и средно образование ги развива Бирото за развој на образованието и/или Центарот за стручно образование и обука и се одобруваат од страна на Министерот за образование и наука. Тие се засноваат на стандарди, цели и очекувани резултати. Од 2013 реформираните програми за стручно образование за занимања (3 години) се засноваат на резултатите од учење, а се поврзани со стандардите на квалификации и стандардите на занимања.

- Понудувачите на услуги за образование на возрасни обезбедуваат посебни програми за образование на возрасни *верификувани* од страна на Центарот за образование на возрасни.

- *Акредитација во високото образование* - Високообразовните институции и студиските програми се акредитираат од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во согласност со Правилникот за критериуми за акредитација и надворешна евалуација на институции и студиски програми развиени во согласност со европските стандарди и насоки за обезбедување на квалитет во високото образование. Наставните програми се засноваат на резултати од учење.

***Тековна фаза***

- Имплементацијата на образовни програми за основно и средно образование е поддржана и мониторирана од страна на советниците од Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и Државниот просветен инспекторат. Во високото образование квалитетот на спроведувањето на студиските програми се оценува во рамките на институционалните самоевалуации.

- Обука на наставници/дополнителна обука се обезбедува од страна на советниците на Бирото за развој на образованието, Центарот за стручно образование и обука и независни провајдери избрани од страна на БРО и Центарот за стручно образование и обука. Континуиран професионален развој на академскиот кадар е дел од институционалните стратегии на универзитетите.

- Образовните институции спроведуваат постапки за самоевалуација во согласност со законската регулатива (повеќе информации се дадени во Поглавје 2, ЕРК Критериум 5).

- Државниот просветен инспекторат врши интегрална евалуација на основните и средните училишта, врз основа на извештаите за самоевалуација на училиштата. Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е одговорен за надворешно оценување на високообразовните институции.

- Центарот за образование на возрасни го следи спроведувањето на посебните програми за образование на возрасни

***Излезна фаза***

- На годишно ниво, екстерното оценување на достигнувањата на учениците во основното и средното образование се спроведува од страна на Државниот испитен центар и училиштата.

- Средното образование се завршува со полагање на Државна матура/ Училишна матура /Завршен испит. Државниот испитен центар е вклучен во надворешниот дел од испитите.

- Република Македонија учествува во меѓународни тестирања: ПИСА, ТИМС и ПИРЛС.

- Во високото образование, формата и содржината на испитот ги одразуваат целите и методите на работа во рамките на соодветниот предмет и студиската програма и им овозможува индивидуално оценување на постигнатите резултати од учењето.

- Учесниците во образованието на возрасни и обука се оценуваат на континуирана основа и преку завршна демонстрација на резултатите од учењето.

Резиме на компонентите на системот за осигурување на квалитет во образованието и обуката е дадено во табелата подолу:

**Табела 36: Компоненти на системот за обезбедување квалитет во образованието и обуката**

| Влезна фаза | Тековна фаза | Излезна фаза |
| --- | --- | --- |
| Акредитација на институции и програми за основно и средно образование од страна на Министерството за образование и наука | Самоевалуација на училиштето спроведена од страна на училиштето<br><br>Интегрална евалуација (надворешна евалуација) спроведена од Државниот просветен инспекторат<br><br>Континуиран професионален развој на наставниците / обучувачите<br><br>Советување на учениците и родителите во изведба на педагошката служба во согласност со соодветните програми<br><br>Развој на "локални наставни програми": прилагодување на наставните планови и програми на потребите и специфичноста на локалните заедници<br><br>Ажурирање на програмите според новите социо-економски развојни трендови. | Надворешното оценување на постигнувањата на учениците, се спроведува од страна на Државниот испитен центар и училиштата.<br><br>Матурски испити: Државната матура / Училишна матура / Завршен испит. Државниот испитен центар е вклучен во надворешниот дел на оценувањето на испитите.<br><br>Учество во меѓународни рангирања: ПИСА, ТИМС и ПИРЛС. |
| Акредитација на високообразовните институции и студиските програми од страна на Одборот за | Квалитетот на спроведувањето на студиските програми се оценува во рамките на институционалната | Формата и содржината на испитувањето ги одразуваат целите и методите на работа на соодветниот предмет и |

| | | |
|---|---|---|
| акредитација и евалуација на високото образование. | самоевалуација.<br><br>Континуиран професионален развој на академскиот кадар.<br><br>Надворешна евалуација врши Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. | студиската програма и овозможуваат индивидуално оценување на постигнатите резултати од учењето |
| Акредитација на провајдерите за неформално образование од страна на Министерството за образование и наука.<br><br>Акредитација на посебните програми за образование на возрасни од страна на Центарот за образование за возрасни. | Центарот на образование за возрасни ја мониторира имплементацијата на посебните програми за образование за возрасни. | Учесниците се оценуваат на континуирано. |

2) Условеност на МРК од квалитетот на постапките и процесите за развој и имплементација на рамката

- *Вклучување на релевантните страни* - во консултациите и развојот на документот Македонската рамка за квалификации – појдовни основи, во јавни дебати, подготовка на документи и процедури. Повеќе детали се дадени во Под-поглавје 3.3 и Под-поглавје 3.4.
- *Домашни и странски експерти* - националната експертиза и разбирањето на националниот контекст од страна на сите засегнати страни, во комбинација со придонесот на меѓународните експерти преку најдобри практики и научени лекции од развојот НРК и процесите на поврзување. Повеќе детали се дадени во Под-поглавјата 3.1, 3.2, 3.3 и 3.4.

- *Законска основа* - Законот за Националната рамка на квалификации беше донесен во октомври 2013 година.

- *Стандарди* - развојот на стандарди на занимања е во согласност со потребите на пазарот на трудот и вклучува релевантни чинители, особено на работодавачите. Како поддршка кон стандардите на квалификации, беа развиени следните документите: Процедура за развивање на квалификации, Формат на квалификациите, Протокол за соработка меѓу релевантните страни во процесот на МРК и Методологија за вклучување на квалификации во МРК.

- *Програми* - развивањето на образовни програми се заснова на резултати од учење и на стандарди (стандарди на занимање, стандарди на квалификации, образовни стандарди, стандарди на образовни профили) и други документи. Кохерентноста помеѓу програмите и стандардите на квалификации/занимања се разликува: новите програми за стручно образование и обука имаат тенденција да бидат систематски во рамнотежа со потребите на пазарот и нивното развивање вклучува учесници од различните индустрии/сектори.

- *Оценување, критериуми за вреднување и процедури* - процедурите се во согласност со принципите на праведност, валидност и сигурност. Добро дизајнирани критериуми за оценување и процедури, профилот и обуката на оценувачите и квалитетот на материјалите за оценување се во фокусот.

- *Регистар на квалификации* - само квалификациите кои се во согласност со критериумите ќе се внесуваат во Регистарот.

- *Институциите* одговорни за обезбедување на квалитет - Националниот одбор за МРК и Секторските комисииза квалификации имаат важна улога во обезбедувањето на квалитетот на МРК.

Повеќе информации за обезбедувањето на квалитет во македонскиот систем на образование и обука се дадени во Поглавје 2.

## Фигура 5. Шематски приказ на структурата на МРК и процесите



# 5. ОДГОВОР НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА ПОВРЗУВАЊЕ СО ЕРК

**Критериум 1 (ЕРК))**

**Одговорностите и/или правните компетенции на сите релевантни национални тела вклучени во процесот на поврзување, вклучувајќи ја и Националната координативна точка, се јасно одредени и публикувани од страна на државните власти.**

На 7 ноември 2012 година министерот за образование и наука ја формира работната група за развој на Национална рамка на квалификации за доживотно учење, координирана од страна на Министерството за образование и наука[20]. Членовите на работната група се претставници на:

- Министерство за образование и наука (сектор за основно и средно образование, сектор за високо образование, претставници од кабинетот на министерот, сектор за ЕУ)
- Министерство за труд и социјална политика
- Центар за образование на возрасни (национална институција)
- Центар за стручно образование и обука (национална институција)
- Биро за развој на образованието
- Агенција за вработување
- Државен завод за статистика
- Министерство за информатичко општество и јавна администрација
- Стопанска комора
- Организација на работодавачи
- Комора на занаетчии

Работната група се фокусираше на развојот на Македонската рамка на квалификации за доживотно учење, комуникација и промоција на рамката. На 9 април 2013 година беше одржана дебата за нацрт документот Македонска рамка на квалификации - појдовни основи, со учество на сите клучни релевантни страни и социјални партнери: Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална полтика, Министерство за економија, Агенција за вработување, Центар за стручно образование и обука, Биро за развој на образованието, Центар за образование на возрасни, Државен завод за статистика, локална самоуправа (општини), високообразовниот сектор (приватни и државни универзитети), установи за предучилишно образование, за образование на возрасни, установи за воспитание и образование (градинки), основни училишта, средни училишта (општи и стручни), Сојуз на просветни работници на Република Македонија, Унија на студенти, Унија на средношколци, отворени универзитети за доживотно учење, Организација на работодавачи на Република Македонија, фирми, Стопанска комора, Комора на занаетчии на Република Македонија, синдикати, Државен испитен центар, Одбор за акредитација и евалуација на високото образование, Национална агенција за европски програми и мобилност, претставници на твининг проектот за стручно образование и обука, експерти од ИПА твининг проектот за образование на возрасни, невладини организации, како и претставници од медиумите (на македонски и албански јазик). Врз основа на препораките од јавната дебата, нацрт документот беше дополнет и финалната нацрт верзија беше поднесена до Владата на Република Македонија на усвојување.

На 30 јули 2013 година, Владата на Република Македонија го усвои документот Македонска рамка на квалификации - појдовни основи, со цел за нејзино поврзување со ЕРК.

Во октомври 2013 година Собранието на Република Македонија го усвои Законот за национална рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија“ Бр. 137/2013).

---

[20] Решение бр. 19-8483/1 од 07.11.2012 види веб страница http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/resenie-1.pdf.

На 7 април 2014, Министерот за образование и наука ја формира групата за понатамошен развој на Националната рамка на квалификации за доживотно учење, координирана од страна на Министерството за образование и наука[21]. Членовите на работната група се претставници на:

- Министерство за образование и наука (сектор за основно и средно образование, сектор за високо образование, претставници од кабинетот на министерот, сектор за ЕУ)
- Министерство за труд и социјална политика
- Центар за образование на возрасни
- Центар за стручно образование и обука
- Биро за развој на образованието
- Агенција за вработување
- Државен завод за статистика
- Министерство за информатичко општество и јавна администрација
- Стопанска комора на Република Македонија
- Организација на работодавачи
- Комора на занаетчии

Дополнително, во активностите на работната група беа вклучени и претставници на работодавачите, синдикатите, училиштата и локалните самоуправи.

Работната група го следи развојот и имплементацијата на Рамките на квалификации во Европа, ја анализира постоечката релевантна легислатива и изготвува препораки за прилагодување, изготвува релевантни документи (методологии, процедури, протоколи итн.), работи на подигање на свеста и јакнење на капацитетите на сите релевантни страни, како и на комуникација и промоција на НРК.

За изготвувањето на Извештајот за поврзување со ЕРК, министерот за образование и наука ја формираше работната група за подготовка на Национален извештај за поврзување на НРК со ЕРК[22]. Со групата раководи претставник од министерството за образование и наука, со членови од: министерството за образование и наука (кабинет на министерот, сектор за основно и средно образование, сектор за високо образование, сектор за ЕУ), академската фела (Универзитет „Св. Климент Охридски" – Битола, Универзитет „Гоце Делчев" – Штип, Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасните, Биро за развој на образованието, Државен испитен центар, Државен просветен инспекторат, Национална агенција за европски програми и мобилност, училишта за стручно образование и обука, студентска унија, организација на работодавачи и комора на занаетчии на Република Македонија. Во Одлуката се содржани сите активности потребни за подготовка на Извештајот за поврзување со ЕРК.

Согласно Законот за Национална рамка на квалификации, надлежностите/правните компетенции на националните тела се следните:

- Министерство за образование и наука:
  - дава препораки за развојот на стандарди за квалификации;
  - го води процесот на поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдувањето со РК – ЕВОП;
  - ја следи имплементацијата и развојот на НРК во други земји и
  - објавува теми поврзани со МРК на сите релевантни страни и пошироката јавност

- Министерство за труд и социјална политика
  - воспоставува и развива информациски систем за потребите на пазарот на труд и врши предвидувања;
  - предлага развој на стандарди за квалификации и стандарди на занимања согласно потребите на пазарот на труд;
  - усвојува стандарди на занимања;

---

[21] Решение бр. 07-6230/1 од 07.04.2014, види веб страница http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/resenie-2-1.pdf.

[22] Решение бр. 19-9913/1 од 03.06.2014 види веб страница: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/Resenie-Referenciranje-na-NRK-2.pdf.

- учествува во подготовката на стратешки документи и анализи релевантни за развојот на Македонската рамка на квалификации и
- го мониторира вработувањето на лица со стекнати квалификации.

- Компетентни институции за развој на квалификации се:
- Центарот за стручно образование и обука[23], Центар за образование на возрасни[24] и Бирото за развој на образованието за нивоата од I до VБ;
- Високообразовните установи за нивоата од VA до VIII.

Националниот одбор за Македонската рамка на квалификации со членови од: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, Бирото за развој на образованието, Националната агенција за европски програми и мобилност, високообразовни установи, еден претставник од коморите[25] и од независниот синдикат за образование, наука и култура на Република Македонија:
- разгледува евалуации на политиките за образование, одржливо вработување и регионален развој;
- препорачува активности за подобро поврзување на образовниот систем со потребите на пазарот на труд;
- одлучува за распоредување на постоечките и нови квалификации во МРК;
- предлага развој на нови или подобрување на постоечките квалификации на надлежните установи;
- го мониторира целиот процес на развој на МРК;
- развива и усвојува методолошки документи за класификација на квалификации;
- формира Секторски комисии за квалификации;
- ги одредува критериумите за работа на Секторски комисии за квалификации и дава препораки за нивната работа;
- одлучува за под-сектори, области и под-области во рамки на секторите и
- усвојува извештаи на Секторски комисии за квалификации, вклучувајќи ги и препораките за нивното работење.

Секторски комисии за квалификации (претседател и осум членови од: Министерството за образование и наука, здружение на работодавачи од релевантен сектор, синдикат во соодветната област, универзитети, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Биро за развој на образованието и релевантниот надлежен орган за регулирани професии во земјата:
- ги анализираат моменталната состојба и трендови на секторскиот пазар на труд;
- ги индентификуваат потребите на сите видови на квалификации во согласност со потребите на пазарот на труд и општеството во целина;
- ги анализираат и евалуираат постоечките квалификации;
- ги ревидираат предлозите за запишување на нови квалификации;
- предлагаат секторски или под-секторски квалификации за сите нивоа;
- предлагаат приоритети за развој на нови квалификации и ажурирње на постоечките
- даваат мислење за усогласеноста на стандардите и инструментите за оценување со стандардите за занимања и стандардите за квалификации;
- формираат комисии за оценување и валидација на резултатите од учење стекнати преку неформално образование;
- промовираат секторски квалификации и можности за вработување, и
- поднесуваат годишни извештаи за својата работа на Националниот одбор за МРК.

---

[23] Државна институција, види Поглавје 2.

[24] Државна институција, види Поглавје 2.

[25] Стопанска комора на Република Македонија, Сојуз на стопански комори на Република Македонија, Комора на занаетчии на Република Македонија, Стопанска комора на северозападна Македонија

Законот за НРК се применува од 30 септември 2015. На 20 октомври 2015 година Владата го формира Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации[26]. Претставници на телата за обезбедување на квалитет и претставници на пазарот на труд се вклучени како членови на Одборот за МРК и Секторски комисии за квалификации. Формирањето на Секторски комисии за квалификации е во тек.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е одговорен за обезбедување квалитет во високото образование. Националниот одбор за МРК е одговорен за вклучување на квалификациите врз основа на докази и постапки што се предвидени од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Институциите и телата вклучени во развојот и имплеметацијата на Македонската рамка на квалификации се дадени на слика 6.

**Слика 6. Компетентни институции и тела за развој и имплементација на МРК**




**Критериум 2 (ЕРК)**
**Постои јасна и видлива врска помеѓу нивоата на квалификации во Националната рамка на квалификации или системот и описите на нивоата во Европската рамка на квалификации .**

Постои јасна врска помеѓу нивоата на квалификации во Македонската рамка на квалификации и нивоата во ЕРК, која е опишана во овој дел, преку споредба на структурата, клучните концепти и описите на нивоа.

И двете рамки (МРК и ЕРК) имаат осум нивоа опишани преку описи на нивоата. Спротивно на ЕРК, нивоата V, VI и VII во МРК имаат по две под-нивоа. Под-нивото VБ е поврзано само со пазарот на труд. Под-нивото VА е поврзано со пазарот на труд, но исто така може да биде дел од студиска програма од прв циклус на студии. Под-нивоата се однесуваат на специфичностите на македонскиот систем на квалификации и ги отсликуваат препораките на релевантните страни за време на јавните дебати. Значи, како резултат на национален консензус тие беа одобрени од релевантните национални чинители..

[26] „Службен весник на Република Македонија“ бр. 183/2015

**Табела 37: Споредба на нивоата од Македонската рамка на квалификации со нивоата на ЕРК**

| НРК | | I | II | III | IV | V | | VI | | VII | | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | VБ | VA | VIБ | VIA | VIIБ | VIIA | |
| ЕРК | | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | | 6 | | 7 | | 8 |

И двете рамки се засноваат на концептот на резултати од учењето. Слично на ЕРК, во Македонската рамка на квалификации описите на нивоата се опишани преку: знаење и разбирање (теоретско и фактичко), вештини (когнитивни и практични) и компетенции (одговорност и самостојност). Описите на нивоа на МРК вклучуваат концепции како: креативност, иновации, претприемништво, одговорност и самостојност (види во Табела 39 за пример –описи на ниво IV од МРК). Ова ја нагласува целта - да се развиваат квалификации кои ги подготвуваат лицата за променливите потреби на општеството, вклучувајќи го и пазарот на труд.

Оваа првична споредба на описите на нивоа на МРК со ЕРК беше направена на заедничката работилница на Европската фондација за обука (ЕТФ) и МОН (Скопје, октомври 2014), по што следуваа дополнителни состаноци за усогласување на споредбата. Резултатот од работата е даден во Табела 38.

.

## Табела 38: Споредба на описите на нивоа на МРК и ЕРК

| Европска рамка на квалификации | | | | | Македонска рамка на квалификации | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво** | **Знаење** | **Вештини** | **Компетенции** | **Ниво** | **Знаење и разбирање** | **Вештини** | **Компетенции** |
| 1 | Основно општо знаење | Основни вештини потребни за извршување на едноставни работи | Работи и учи под директен надзор во структуриран контекст | I | Поседува основно знаење за функционирањето на одредени објекти и појави со можност истите да ги применува во пракса и други дисциплини, а истовремено постои можност за понатамошно образование | Поседува основни вештини за извршување на едноставни работи;<br><br>Користи едноставни методи, алатки и инструменти под инструкции и надзор.<br><br>Поседува основни правила за комуникација. | Извршува едноставни работи под директен надзор;<br><br>Презема одоговорност за извршување на едноставни работи. |
| 2 | Основно фактичко знаење од полето на работа или изучување | Основни когнитивни и практични вештини потребни за користење на релевантни информации за извршување на задачи И за решавање на рутински проблеми со користење на едноставни алатки и правила | Работи или учи под надзор со одредена самостојност | II | Поседува основно теоретско и професионално знаење, потребно за познавање на полето на работа, кое може да се примени кога се извршуваат едноставни работни задачи, а истовремено овозможува понатамошно образование | Поседува практични и креативни вештини за извршување на едноставни или помалку комплицирани претходно дефинирани работи под познати услови и предвидливи ситуации.<br><br>Користи едноставни методи, алатки, инструменти, направи и материјали кои содржат детални инструкции;<br><br>Комуницира и соработува со други лица. | Работи независно под познати услови и периодичен надзор и има ограничена одговорност за извршување на работни задачи;<br><br>Има едноставна комуникација и соработка со некои вработени во познати ситуации. |
| 3 | Знаење на факти, принципи, процеси и општи концепти во полето на работа или изучување | Опсег на когнитивни и практични вештини потребни за извршување на задачи и Решавање на проблеми преку селекција и примена на основни методи, алатки, материјали и информации | Презема Одоговорност за завршување на задачи во полето на работа или образование;<br>Го прилагодувансвоето однесувањето на ситуациите за решавање на проблемите | III | Поседува теоретско и систематско стекнато професионално знаење, факти, принципи, процеси и општи концепти за одредена област или поле на образование, додека истовремено има мност за понатамошно образование. | Поседува практични и креативни вештини кои овозможуваат решавање на познати (предвидливи) помалку познати (непредвидливи) ситуации;<br><br>Извршува работи и задачи од средна комплексност, помалку стандардизирани и прилично транспарентни;<br><br>UsКористи различни направи,алатки, опрема и материјали iво процесот на производство и во услугите;<br><br>Комуницира и соработува со групата. | Ја планира, подготвува, организира и оценува сопствената работа, врз основа на предодредена дозвола, во рамки на опсегот на сопствената работа;<br><br>Извршува задачи кои не секогаш се претходно одредени, со одреден степен на независност и одговорност. |
| 4 | Фактички и теоретски знаења во широк контекст во рамки на полето на работа или изучување | Опсег на когнитивни и практични вештини потребни за изнаоѓање на | Применува само-раководење Wво рамки на одредбите за работа или образование кои вообичаено се | IV | Познава концепти, принципи и процеси од предметите и областите на изучување;<br><br>Поседува систематско теоретско и професионално знаење во | Поседува различни когнитивни, практични и креативни вештини, засновани на теоретско знаење и принципи, потребни за учење и работа и за решавање на проблеми во променливи услови во одредено полена | Самостојно ја планира, организира и работи својата работа и врши надзор на заедничката работа;<br><br>Независно извршува комплексни |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | решенија за специфични проблеми во полето на работа или изучување | предодредени,но се променливи; Ја надгледува работата на други, преземајќи одредена одговорност за евалуацијата и подобрувањето на активностите поврзани со работата или изучување | | одредената област на работа или изучување која вклучува анализирање и поврзување на факти и теоретски принципи кога се извршува задачата; а истовремено има можност за понатамошно учење. | работа или изучување;<br><br>Квалификуван е да собира, анализира, селектира и користи релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали од областа на изучување;<br><br>Квалификуван е да изведува комплексни процедури и да користи методи, инструменти, алатки, уреди и материјали во работниот процес;<br><br>Комуницира и соработува со групата во променливи услови. | задачи и решава проблеми прилагодувајќи го однесувањето согласно добиените инструкции, променливи услови;<br><br>Одговорен за сопствената и работата на групата, со цел за евалуирање на резултатите од работата и подобрување на квалитетот, согласно претходно одредени стандарди и критериуми. |
| 5 | Опширно, специјалистичко, фактичко и теоретско знаење во рамки на полето на работа или изучување и свесност за границите на тоа знаење | **Широк опсег на когнитивни и практични вештини** потребни за развој на креативни решенија за апстрактни проблеми | Раководи и надгледува во контекст на работата или полето на изучување каде постојат непредвидливи промени; Ги ревидира и развива своите постигнувања и на другите | VB<br>VA | Покажува знаење и разбирање во полето на работа или изучување кое е добиено по завршување на општо средно образование пропратено со стручна литература.<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и професионално знаење и разбирање на одредени основни теории од потесната научна и професионална област.<br><br>Поседува ограничено знаење на современите случувања во областа на работа или изучување што овозможува поддршка на полето на работа или професија, можност за личен развој и основа за понатамошно учење за завршување на прв циклус на студии од високото образование. | Применува вештини кои се засновани на разбирање на теоретски принципи и нивна примена при решавање на проблеми и извршување на комплексни и специфични задачи во полето на работа и изучување, со селекција и користење на релевантни податоци, методи, процедури, техники, инструменти, направи, алатки и материјали.<br><br>Поседува вештини за учење со цел да биде способен да продолжи со понатамошно учење со одреден степен на независност.<br><br>Има способност да комуницира и дискутира со целни групи од потесната професија или област на изучување, со колеги, надзорници и клиенти. | Има повисоко ниво на лична и професионална одговорност, и способност да ја евалуира сопствената и работата на групата врз основа на критериуми од полето на работа.<br><br>Способност да пренесува знаење на други, да организира, комуницира и да ја контролира сопствената работа и работата на други.<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но исто така ја дели одговорноста за активностите, резултатите и работата на другите во групата. |
| | Напредно знаење за полето на работа | Напредни вештини, покажува умеење и иновации, потребни за решавање на комплексни и непредвидливи проблеми іво | Раководи сложени технички или професионални активности или проекти, преземајќи одговорност за донесувањето на одлуки во непредвидливи работни и контексти на изучување; Презема одговорност за | VIB<br>VIA | Покажува знаење и разбирање во научното поле на изучување кое е надоградено на претходно образование и обука, вклучувајќи знаење во доменот на теоретските, практичните, концептуалните, компаративните и критички перспективи во научното поле согласно релевантната методологија;<br><br>Разбирање на одредена област и знаење за моменталните | Способен е да применува знаење и разбирање на начин кој покажува професионален пристап кон работата или професијата;<br><br>Покажува способност да идентификува, анализира и решава проблеми;<br><br>Способност да најде и поддржува **аргументи во професијата или полето на истражување**;<br><br>**Способност да собира, анализира, евалуира и презентира информации, идеи** | Презема одговорност за сопствените резултати и заедничка одговорност за колективните резултати;<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични научни и интердисциплинарни дискусии.<br><br>Донесува релевантни одлуки преку земање во предвид на личните, социјални, научни и етички аспекти. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | или изучување, вклучувајќи критичко разбирање на теории и принципи | специјализиран о поле на работа или изучување | организирање на професионакниот развој на поединци или групи | | проблеми поврзани со научното истражување и новите извори на знаење.<br><br>Покажува знаење и разбирање на различни теории и методологии потребни за поширокката област на истражување. | и концепти од релевантни податоци;<br>Способност дао оценува теоретски и практични проблеми, да обезбеди објаснување за причините и да избере соодветно решение;<br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување дополнително знаење и да учи со поголем степен на независност;<br>Способност да комуницира и дискутира информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлука и опсегот на задачата се јасно дефинирани, со професионалната и неекспертска јавност. | |
| 7 | Мошне специјализирано знаење, дел од кое е на границите на знаење во областа на работа или изучување, како основа за оригинално размислување и/или истражување; критичка свесност за проблемите во една област и мешањето на различни области. | Специјализирани вештини за решавање на проблеми потребни при истражување и/или иновации со цел да се добие ново знаење и процедури и да се интегрира знаење од различни полиња. | Раководење и трансформирање на работни и контексти на учење кои се сложени, непредвидливи и бараат нов стратешки пристап;<br><br>Има одговорност кон придонесување за професионалното знаење и пракса и или за ревидирање на стратешката реализација на тимовите. | VIIB<br>VIIA | Покажува знаење и разбирање од научното поле на изучување кое се надоградува на прв циклус на студии; преку примена на методологии соодветни за решавање на сложени проблеми, на систематски и креативен начин, што дава основа или можност за оригиналност во развојот и/или примената на сопствени идеи во контекст на истражувањето;<br><br>Има високо ниво на рпрофесионални компетенции во едно или неколку специфични научни области;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области, **кои во даденото научно поле се засновани на** најреномираното меѓународно истражување во таа научна област, **како и спсобност да поврзува пошироко и подлабоко знаење во сродни професионални** области од науката. | Способност за критичко, независно и креативно решавање на проблеми со одреден степен на оригиналност во нови или непознати средини и во мулти-дисциплинарни контексти, гповрзани со полето на изучување;<br><br>Способност да го синтетизира и интегрира знаењето и да решава сложени проблеми, на систематски и креативен начин;<br><br>Способност за евалуирање и селектирање на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметната област, и да поставува нови анализи и решенија на научна основа;<br><br>Способност да ја идентификува личната потреба за понатамошно учење и способност за независни и автономни дејства кога стекнува нови знаења и вештини во социјални рамки;<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози преку јасна и разбирлива расправа со експерти и лаици. | Покажува значителна одговорност за сопствените и заеднички резултати, за водење и покренување на иницијативи<br><br>Способност за добра евалуација, дури и во случај на некомплетни и ограничени информации, кои вклучуваат лична, социјална и етичка одговорност при примената на стекнатото знаење и евалуација;<br><br>Способност за преземање на одговорност за понатамошен професионален развој и образование, за себе и за групата со која соработув. |
| 8 | Знаење на најнапредно ниво од областа на работа или изучување и прклопување на области | Најнапредни и специјализирани вештини и техники, вклучувајќи синтеза и евалуација, потребна за решавање на критични проблеми во истражувањет | Покажува авторитет, иновативност, автономност, образовен и професионален интегритет и посветеност кон развој на нови идеи и процеси во контекст на работата или изучувањето со вклучено истражување | VIII | Покажува scистематско разбирање на полето на истражување и перфектно знење на истражувачки методи и вештини во соодветното поле псогласно нависоките меѓународни стандарди<br><br>Поседува знаење стекнато преку сопствено истражувае или работа, со тоа придонесувајќи значително кон професионалното и научно | Покажува способност да го интерпретира, дизајнира, апплицира и адаптира клучниот предмет на истражувањето со научен интегритет;<br><br>Го користи знаењето како основа за оригинални идеи и истражување кои ги надминуваат моменталните граници на знаење, развивајќи нови знаења, оценувани на ниво на национални и меѓународни публикации; | Презема максимална одговорност за резултатите од сопствената работа, но и за работата на другите во групата;<br><br>Презема одговорност за раководење на сложени процеси **додека,** во исто време, се грижи за професионалниот развој на поединците и групата како целина. |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **о и/или иновациите** и проширување и редефинирање на постоечкото знаење или професионална пракса. | | | поле на истражување, но исто и во **слични полиња.** | Способност за критичка анализа, **евалуација и синтеза** на нови и сложени идеи, потребни за **решавање на сложени проблеми во полето на истражување**;<br><br>Способност за независно иницирање и учество во национални меѓународни мрежи и настани со научен интегритет;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувања и развојни проекти, преку кои ќе се добијат нови знаења и вештини за развој во полето на истражување;<br><br>Се очекува способност за самопромоција во академски и професионален контекст, и во технолошките, културни и социјални збиднувања во општество базирано на знаење;<br><br>Способен за комуникација со колегите, пошироката академска заедница и општеството како целина во рамки на полето на експертиза. | |

Пример на описи на ниво за ниво IV од МРК е даден во Табела 39.

**Табела 39:** Описи на ниво за ниво IV од Македонската рамка на квалификации

| МРК | Занење и разбирање | Вештини | Компетенции |
|---|---|---|---|
| **IV** | Знае концепти, принципи и процеси од предметот и областа на изучување;<br>Поседува систематско теоретско и професионално знаење во одредената област на работа или изучување што вклучува **анализирање** и **поврзување на факти** и теоретски принципи кога ја извршува работата, додека истовремено има можност за **понатамошно образование.** | Поседува различни когнитивни, практични и **креативни вештини**, засновани на теоретско знаење и принципи, неопходни за работа и учење и за **решавање на проблеми** во **променливи услови** во одредено поле на работа или изучување;<br>Квалификуван да собира, анализира, селектира и користи релевантни информации од различни извори, алатки, методологии, техники и материјали од областа на изучување;<br>Квалификуван да изведува комплексни процедури и да користи методи, инструменти, алатки, уреди и материјали во процесот на работа;<br>**Комуницира и соработува со група во променливи услови.** | **Самостојно** ја планира, организира и извршува **својата работа** и врши надзор на **заедничката работа**;<br>Самостојно извршува **комплексни задачи** и **решава проблеми, прилагодувајќи го однесувањето** согласно добиените инструкции, во **променливи услови**;<br>**Одговорен за сопствената работа** и за **работата на групата**, со цел за евалуирање на резултатите од работата и за подобрување на квалитетот, согласно дефинирани стандарди и критериуми. |

Клучните елементи на секое ниво и нивната соодветност со ЕРК се следните:

- Описите на нивоа во МРК се подетално објаснети.
- Описите на ниво, за ниво I од МРК, не се разликуваат значително од описите на ниво, за ниво 1 од ЕРК. Заклучуваме дека нивото I од МРК целосно одговара на нивото 1 од ЕРК.
- Се забележува дека сите три домени од описите на нивоа на МРК, ниво II, III и IV се малку покомлексни споредено со соодветните описи на нивоа од ЕРК, ниво 2, 3 и 4. Како дополнителна карактеристика на описите на нивоа на МРК е нивната креативност. Нивото на самостојност и одговорност е малку повисоко. Заклучуваме дека нивоата II, III и IV од МРК одговараат на нивоата 2, 3 и 4 од ЕРК.
- Описите на ниво, за нивото V од МРК, многу добро соодветствуваат со описите на нивоа за ниво 5 од ЕРК. Описите на нивоа од ЕРК ги употребуваат темините управување и надзор, додека описите на нивоа на МРК ги користат термините организира, комуницира и контрола. Заклучуваме дека нивото V од МРК целосно одговара на нивото 5 од ЕРК.
- Описите на нивоа на МРК ,за ниво VI, VII и VIII, одговараат на соодветните описите на нивоа на ЕРК , за ниво 6, 7 и 8. Даблинските дескриптори беа основа за развивање на овие описи на нивоа. Заклучуваме дека нивоата VI, VII и VII од МРК одговараат на нивоата 6,7 и 8 од ЕРК.

Во Табела 42 е претставена споредбата помеѓу описите на нивоа на НР ВОК и Даблинските дескриптори на нивоа. Петте домени на описите на нивоа за високото образование (знаење и разбирање, примена на знаење и разбирање, способност за проценка, комуникациски и вештини за учење) беа преструктурирани во три домени на НРК за доживотно учење (знаење и разбирање, вештини и компетенции):

- Доменот ***знаење и разбирање*** од НР ВОК целосно одговара со доменот ***знаење и разбирање*** од НРК за доживотно учење.
- ***Примена на знаење и разбирање*** од НР ВОК е вграден во доменот на ***вештини*** од НРК за доживотно учење.

- Доменот ***способност за проценка*** од НР ВОК е вметнат во сите три домени на НРК за доживотно учење.
- Доменот ***комуникација*** од НР ВОК е вметнат во ***вештините*** и доменот на ***компетенции*** на НРК за доживотно учење.
- ***Вештини за учење*** од НР ВОК е вметнат во домените ***вештини и компетенции*** од НРК за доживотно учење.

**Критериум 3 (ЕРК)**
**Националната рамка на квалификации или системот и нејзините квалификации се засновани на принципите и целите на резултатите на учење и се поврзани со процедури за валидација на неформалното и информалното учењеи, каде постои со системот на кредит.**

Согласно законодавството во насока на НРК (Закон за НРК, Закон за високо образование, Уредба за Националната рамка за високообразовни квалификации), резултатите од учење се клучен концепт за МРК и нејзините квалификации. Во 2014, беше спроведена анализа на релевантното законодавство. Според согледувањата, постои потреба за ажурирање на законите за основно и средно образование, стручното образование и обука и образованието на возрасни за воведување на резултати од учењето. Информација за моменталната состојба со препораки беше презентирана на Владата, која донесе заклучок дека работата во оваа област треба да продолжи. Интервенциите во законодавството исто така ќе опфатат и прилагодување на оценувањето на постигнатоста резултатите од учење. Моменталното процесот за обезбедување на квалитет ќе биде надополнет со фокус на резултати од учењето. Ќе следат активности за зајакнување на телата за обезбедување на квалитет и процесите кои се фокусираат на резултати од учењето.

Анализата[27] за моменталната состојба на имплементација на резултати од учењето во основното, средното (општо и стручно), високото и образованието на возрасни (спроведена во 2014) покажува дека постојат разлики во под-системите.

Во основното образование резултатите од учење се имплементираат постепено. Од 2008 година, деветгодишното основно образование е организирано во три периоди (I-III одделение), (IV-VI одделение) и (VII-IX одделение). Наставните програми се направени по период и одделение согласно образовните цели и очекуваните резултати од учење за секој предмет. Предметните програми се изготвуваат согласно специфични цели. Пример на предметна програма (на англиски) се наоѓа на веб страницатата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Programa_za_III_odd..pdf

Кај општото средно образование наставните програми се направени согласно образовните цели и очекуваните резултати од учење за секој предмет.

Во средното стручно образование, наставните програми се направени согласно образовните цели и очекуваните резултати од учење за секој предмет. Во делот од програмите за средно стручно образование и обука кои беа реформирани во 2012 (12 програми од тригодишното средно стручно образование), пристапот на резултати од учењето беше воведен на кохерентен начин: програмите и стандардите на квалификации се опишани преку резултати од учењето и поврзани со стандардите за занимања. Примери на стандардите за занимања и реформираните наставни програми се наоѓаат на веб страницата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Standardi-na-zanimanja-2012.pdf.

Во високото образование, пристапот на резултати од учење е генерализиран на ниво на дизајнирање на програмите и акредитација. Сите акредитирани студиски програми се врз основа на резултати од учењето во согласност со Уредбата за Националната рамка за високообразовни квалификации. Сепак, целосната имплементација на резултатите од учење ќе бара понатамошни напори, бидејќи резултатите од учењето се нова парадигма. Сите високообразовни институции се прилагодуваат на пристапот на резултатите од учење и во овој процес сè уште има простор за подобрување во однос на вклученоста на другите засегнати страни. Примери на студиски програми се дадени на веб-страницата на Универзитетот на Југоисточна Европа во Тетово: http://www.seeu.edu.mk/en/future-students/academics.

Во образованието на возрасни стандардите за занимања се основа за стручните квалификации добиени од верифицирани посебни програми за образование на возрасни. Бројни различни посебни

[27] Листа и анализа на постоечките квалификации, Студија која го поддржува процесот на поврзување со ЕРК во Република Македонија, Европска тренинг фондација, мај 2014

програми за образование на возрасни се однесуваат на одреден Стандард на занимање. Програмите се направени врз основа на резултати од учење.

Кредит системот, за мерење на обемот на постигнатите резултати од учење, е делумно имплементиран во системот на квалификации. Во високото образование ЕКТС се користи за сите циклуси од 2005 година  Еден ЕКТС кредит е еднаков на 30 работни часа во времетраење од 60 минути. Подготовките за воведување на кредит систем во стручното образование се во тек. Во Законот за НРК еден кредит во стручното образование е дефиниран како работа од 25 работни часа во времетраење од 45 минути. Развојот и имплеметација на МКСОО ќе следува. Еден МКСОО е еднаков на 25 работни часа во времетраење од 45 минути.

Согласно Член 8 од Законот за Националната рамка на квалификации, за секоја образовна програма, модул, предмет или друг вид на дел од програма, се добиваат одреден број на кредити.

Признавањето на неформалното и информалното учење е поддржано со МРК и опишано во документот Македонска рамка на квалификации - појдовни основи.

Моментално, сфаќањето на признавањето на неформалното и информалното учење е различно во различни институции. Пример на добра пракса е Методологијата на процесот за признавање на претходно стекнати знаења и вештини развиена во рамки на Хоризонт 2020, регионалниот проект, „Надоградување вештини БЕЕТ – обука на градежни работници за енергетска ефикасност“ (Хрватска, Грција и Република Македонија). Системот за валидација на неформалното и информалното учење, вклучувајќи и сертификација на квалификации, ќе биде развиен во следната фаза согласно развојниот план за валидација на неформално и информално учење. Овој и други примери на добра пракса ќе бидат значајни за процесот на дизајнирање на системот. Работниот пакет 4 од Патоказот за понатамошен развој и имплементација на МРК се фокусира на развојот и имплементација на валидацијата на неформалното и информално учење.

Со поддршка на Европската тренинг фондација беше развиена Концепцијата за неформално образование на возрасни и истата беше усвоена од страна на министерот за образование и наука во 2015 година. Концепцијата за основно образование за возрасни беше развиена со помош на релевантните страни и усвоена во 2015. Постои потреба од подигање на свеста, комуникација и регулирање на системот на валидација на неформалното и информалното учење. Повеќе информации за напорите на Република Македонија да развие систем на неформално и информално учење се дадени во Поглавје 7.

Во моментот, Критериумот 3 не е исполнет за целиот систем на квалификации во државата, но интензивни активности се во тек во областите на резултати од учењето, кредит системите и валидизација на неформалното и информалното учење. Следните чекори во однос на резултатите од учење се фокусирани на: ажурирање и зајакнување на законодавството за целосна имплементација на резултатите од учење. Нереформираните наставни програми ќе бидат ревидирани и модернизирани и ќе бидат изготвени нови наставни програми преку пристапот на резултати од учењето со ефективна вклученост на релевантните страни во нивното дизајнирање и имплементација. Оценувањето кое резултира со сертифицирање на квалификации ќе биде поповрзано со резултатите од учење. Резултатите од учење ќе станат дел од процесот на обезбедување на квалитет. Тековните реформи на стручното образование и обука ќе го опфатат и системот на кредити за истото. Република Македонија ќе ја продолжи работата за развој и имплементација на системот за валидизација на неформалното и информалното учење согласно Патоказот подготвен во согласност со Препораката на ЕУ (2012) и новиот Водич за валидација на неформално и информално учење (2015).

**Критериум 4 (ЕРК)**
**Процедурите за вклучување на квалификациите во Националната рамка на квалификации или за опишување на местото на квалификациите во националниот систем на квалификации се транспарентни.**

Националното законодавство предвидува воспоставување транспарентни процедури за вклучување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации. Стандардите за квалификации, како фундаментални елементи во Македонската рамка на квалификации се опишани во Член 6 од Законот за НРК и вклучуваат: назив, код, тип, ниво или под-ниво, кредитна вредност, опис и содржина на квалификацијата, што вклучува резултати од учење и критериуми за оценување. Според Методологијата за вклучување на квалификациите во Македонската рамка на квалификации, соодветните Секторски комисии за квалификации ја анализираат содржината на предложените

стандарди на квалификации, вклучувајќи го и распоредувањето на соодветно ниво, согласно описите на нивоата. Националниот одбор за МРК ги усвојува стандардите за квалификации. Специфични елементи од Методологијата беа тестирани. За целосна имплементација на Методологијата, потребно е усвојување од страна на Националниот одбор за МРК како и јакнење на капацитетите на релевантните страни.

Стандардите за квалификации и други релевантни документи се користат и понатаму за развој, акредитирање на програми и распоредување на квалификациите во МРК. Телата кои ги акредитираат програмите се дадени во Поглавје 5. Развојот на квалификации е опишан во документот Процедури за развој на квалификации.

Вклучувањето на квалификациите во МРК делумно е опишано во Поглавјето 4 од Македонската рамка на квалификации - појдовни основи. Секторските комисии за квалификации: ја анализираат ситуацијата и потребите на пазарот на труд и ги идентификуваат потребите од сите видови на квалификации согласно барањата на пазарот на труд и општеството во целина, и изготвуваат основни профили на квалификации. Националниот одбор за МРК донесува решенија за вклучување на квалификациите во МРК.

Моменталната имплементација на резултатите од учење во програмите беше детално анализирана и публикувана во 2015 во рамки на проектот поддржан од ЕТФ[28], а со активно учество на националните релевантни страни, Министерство за образование и наука, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни, Биро за развој на образованието, училишта, универзитети и професионални здруженија.

Резултатите од анализата се засновани на техничка анализа на документација според утврдени критериуми. Документот беше финализиран по сеопфатна консултација со сите релевантни страни. Други аспекти, покрај усогласеноста со Член 6 од Законот за НРК, анализата на содржина (резултати од учење) и на квалитетот, во процесите на одредување на нивото и вклучување на квалификациите во МРК, може да се земат во предвид: обемот, улогата и местото во структурите на образованието и обуката, традицијата и перцепцијата на работодавачите за вредноста на одредени квалификации.

Анализата ги опфаќаше главните карактеристики поврзани со:

1. *содржината на квалификациите* и
2. *квалитетот на квалификациите*.

- Анализата на *содржината на квалификациите* се состоеше од споредба на описот на резултатите од учење на селектираните квалификации и описите на нивоа во МРК за соодветното ниво. Процесот ги следеше чекорите:
  а) Идентификација на релевантни документи во кои може да се најде опис на резултати од учењето;
  б) Проценка дали идентификуваните документи обезбедуваат опис на резултати од учењето и дали резултатите од учење имаат директна или индиректна врска со описите на нивоа во МРК и
  в) Споредба на резултатите од учење со описите на нивоата во МРК.

- Анализата на квалитетот на квалификациите вклучува: релевантност на квалификацијата за пазарот на труд; стандарди врз кои се заснова квалификацијата; структура на квалификацијата; вклученост на чинителите на пазарот на труд во различните фази од процесот на квалификацијата (развој, образовен процес, оценување); институционална поставеност на квалификацијата. Аспектите поврзани со институционалното обезбедување квалитет (акредитација и одобрување на квалификацијата) се регулирани со закон. Чекори на анализата:

а) Идентификација на релевантната документација;
б) Анализа на собраната документација;
в) Анализа на податоците од Агенцијата за вработување за бројот на невработени лица и слободните работни места за анализираната квалификација.
г) Посети на фирми кои вработуваат лица со одредената квалификација и интервјуа со одговорните луѓе.

---

[28] Листа и анализа на постоечки квалификации и синтетизиран извештај, Европска тренинг фондација, мај 2014

*Резултати од анализата*:

Основно образование, општо средно образование и ликовна уметност
Документацијата за овие квалификации е заснована на образовни цели кои делумно ги покриваат описите на нивоа во МРК во сите домени – знаење и разбирање, вештини и компетенции. Согласно Законот за НРК, основното, општото средно образование и ликовна уметност во МРК се распоредени на ниво I и ниво IV соодветно.

Стручно образование за занимања (тригодишно) и стручно оспособување (двегодишно)
Анализата беше спроведена на реформираните квалификации во тригодишното стручно образование и обука (и една квалификација во двегодишното стручно образование и обука)[29]. Се покажа дека овие квалификации се јасни и целосни: тие се засновани на стандарди на занимања, на стандарди за квалификации, имаат целосни информации за образованта програма (преглед на наставниот план на наставните часови по години на образование, предметната наставна програма, испитната програма за завршниот испит). *Овие квалификации се приближно усогласени со описите на ниво III (и на ниво II соодветно) во МРК и се во согласност со соодветните стандарди на занимања.*
Процесот на реформа на преостанатиот дел од тригодишното и двегодишното стручно образование и обука ќе следува.

Техничко стручно образование (четиригодишно стручно образование и обука)
Квалификациите во четиригодишно стручно образование и обука се засновани на резултати од учење. Тие се базираат на образовни стандарди, стандарди на профили на занимања согласно номенклатурата на занимања, на стандарди на струка и на стандарди на образовни профили. *Првичната анализа на образовните цели во рамки на овие квалификации покажува дека некои од описите може да бидат категоризирани како знаење и разбирање, вештини и компетенции.*
Една од компонентите на проектот: ,,Развој на вештини и поддршка на иновации,, се однесува на модернизација на четиригодишното стручно образование, вклучувајќи и имплементација на резултати од учење.

Квалификации на образованието на возрасни
Програмите за образование на возрасни се засновани на стандарди на занимање, и квалификацијата се опишува преку резултати од учење. Стандардите на занимање користени за развој на овие квалификации се истите кои се користени за развој на квалификациите во тригодишното и двегодишното стручно образование. Лицата кои работат на развој на програмите применуваат различен пристап при користењето на стандардите на занимање и различната опфатност на стандардите на занимање. *Резултатите од учење опишани во стандардите на занимање се прилично директни и блиски со соодветните описи на нивоа во МРК.*

Квалификација Мајстор со положен мајсторски испит
Квалификацијата се заснова на образовни цели кои делумно одговараат на описите на нивоата во МРК. Согласно Законот за НРК, *квалификациите Мајстор со положен мајсторски испит се распоредени на ниво VБ од МРК.*

Високообразовни квалификации
*Од 2010 година и согласно Уредбата за Националната рамка за високообразовни квалификации, студиските програми се развиваат врз основа на резултати од учење.* Распоредувањето на високообразовните квалификации во МРК е опишана во Поглавје 2.2.5 и Поглавје 4.

Каталогот и анализата на постоечките квалификации, заедно со Синтетичкиот Извештај се наоѓа на веб-страницата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/12/Inventory_Analysis_NQF_MKD.pdf.

Идни чекори поврзани со одредување на нивото на квалификации во МРК
По воспоставување на целокупната раководна структура на МРК ќе продолжи транспарентното распоредување на квалификации во МРК во зависност од релевантноста на квалификациите и социо-економскиот развој на општеството. Дополнително ќе се засили соработка со релевантните европски институции/организации и тела (Европска Комисија, ЕТФ, Британски совет, итн.).

Табела 40 покажува кои квалификации во моментот се подготвени да бидат вклучени во МРК, кои се условно вклучени и кои сеуште не се подготвени да бидат вклучени. Дополнително, табелата дава

---

[29] Развиена во рамки на Твининг проектот МК 07 IB SO 03

информации за Критериум 3, 4 и 5, ниво по ниво – и ова ги поврзува со одлуките за вклучување во МРК.

**Критериум 5 (ЕРК)**
**Националниот систем(и) за обезбедување на квалитет во образованието и обуката се однесува на Националната рамка на квалификации или системот и е доследен на соодветните Европски принципи и насоки (како што е наведено во Анекс 3 од препораката) .**

Сите нивоа од МРК се поткрепени со системи за обезбедување на квалитет: систем за обезбедување на квалитет во основното и средното образование (општо/стручно ликовна уметност) и обезбедување на квалитет во високото образование. Системот за обезбедување на квалитет е регулиран со соодветна легислатива.

*Обезбедување квалитет во основното и средно образивание*

Во основното и средното образование (општо, стручно, ликовна уметност) системот за обезбедување квалитет опфаќа: верификација на наставната програма, акредитација на училишта, управување со основни и средни училишта, наставен процес и процес на учење и оценување на достигнувањата на учениците. Директорите на училиштата се лиценцирани и се одвива континуиран професионален развој на наставниците.

Училиштата вршат само-оценување организирано од страна на раководството на училиштата, како основа за подобрување и интегрална (надворешна) евалуација. И двата вида на евалуација се спроведуваат на редовна основа.

Интегралната (надворешна) евалуација се спроведува од страна на Државниот просветен инспекторат на три години. Државниот просветен инспекторат е независен од Министерството за образование и наука. Инспекцискиот совет на Република Македонија ја ревидира работата на Државниот просветен инспекторат.

Периодично, Бирото за развој на образованието и Центарот за стручно образование и обука вршат надзорни и советодавни посети на основните и средните училишта фокусирајќи се на наставниот процес и процесот на учење.

Како што е опишано погоре, обезбдувањето на квалитет во основното и средното образование опфаќа тековни, влезни и излезни процеси, вклучувајќи ги и резултатите од учење. Постигнатите резултати од учење се оценуваат преку интерно и екстерно оценување. Завршниот испит за општото и уметничкото средно образование е *државна матура или училишна матура*. Во четиригодишното средно стручно образование учениците полагаат *државна матура или завршен испит*. Во тригодишното средно стручно образование учениците полагаат *завршен испит*. Во двегодишното стручно образование полагаат *испит за стручно оспособување*. Државниот испитен центар го организира и координира екстерниот дел од државната матура кој се заснова на резултати од учењето.

Училишната самоевалуација се изведува согласно Правилник со индикатори за квалитетот на работата на училиштата. Државниот просветен инспекторат ја врши надворешната евалуација на училиштата согласно Правилникот. Законските документи релевантни за обезбедување квалитет во основното образование се наведени во потпоглавјето 2.2.2. Законските документи за обезбедување на квалитет во средното образование се наведени во потпоглавјето 2.2.3.

Ресурсите потребни за функционирање на системот за обезбедување на квалитет (Државен испитен центар, Државен образовен инспекторат, Биро за развој на образованието и Центар за стручно образование и наука) се обезбедуваат од Националниот Буџет.

Различни релевантни страни се вклучени во системот за обезбедување квалитет. Учениците и родителите се вклучени во самоевалуацијата и во интегралната евалуација на училиштата. Работодавачите се вклучени во развојот на стандардите на занимања, стандардите на квалификации, развојот и имплементацијата на наставната програма и во оценувањето на учениците.

Училиштата имаат можност да дадат свои коментари на извештаите од надворешната евалуација која ја спроведува Државниот просветен инспекторат. Резултатите од евалуацијата содржат препораки за подобрување и напредок. Државниот просветен инспекторат врши контролни посети за

проверка на имплементацијата на дадените препораки. На годишна основа, конечните извештаи за матурските испити се објавуваат на веб страницата на Државниот испитен центар.

*Систем за обезбедување на квалитет во високото образование*

Како членка на Болоњскиот процес, Република Македонија работи на имплементација на Европските стандарди и насоки за обезбедување квалитет во Европскиот простор на високо образование (ESG EHEA) што е во согласност со заедничките начела за обезбедување квалитет на ЕРК.

Системот за обезбедување квалитет во високото образование се состои од акредитација, самоевалуација, и надворешна евалуација. Оддели/комисии за обезбедување квалитет се дел од раководниот систем на универзитетите. Поголемите универзитети имаат оддели на ниво на факултет кои се координирани од централниот оддел за обезбедување  квалитет на универзитетот. Интерниот систем за обезбедување на квалитет опфаќа: развој и одобрување на предлозите за студиски програми, мониторинг и ревизија на постоечките студиски програми, кавлитет на предавања и оценување, упис на студенти, напредок, признавање и сертифицирање, квалитет на наставниот кадар, расположливи ресурси за учење (библиотеки, ИТ), поддршка на животот на студентите (студентски стандард); квалитетот на инфомации релевантни за студентите и информации за јавноста, периодично самооценување како и подготовка за надворешна евалуација. Самоевалуацијата треба да се спроведува на секои три години. Различни релевантни страни се вклучени  во овие процеси: академски кадар, административен кадар, студенти и работодавачи. Извештаите од самоевалуацијата се објавуваат на веб страниците на универзитетите.

Примери: Извештај за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за периодот 2010/2011-2012/2013 и Извештај за самоевалуација на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ за периодот 2006/2007-2009/2010 се дадени на следниот линк: http://www.ukim.edu.mk/en_content.php?meni=157&glavno=10.
Годишните извештаи за самоевалуација на Универзитетот на Југоисточна Европа за периодот 2011-2015 се дадени на линкот: http://www.seeu.edu.mk/en/about/important-documents.

Резултатите од евалуациите претставуваат водич за последователните активности и придонесуваат за јакнење на институционалната култура на квалитет.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е главното тело за надворешно обезбедување на квалитет. Одборот е одговорен за развој на стратегиски документи, законодавството поврзано со квалитетот, ја дефнинира методологијата за работа, обезбедува средства од Националниот Буџет и од сопствени активности, организира селекција и обука на експерти за оценување кои вршат надворешни евалуации и изготвуваат извештаи. Претставници на релевантни чинители се членови на Одборот: академски кадар, Македонската академија на науки и уметности, студенти и работодавачи.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е независен во донесувањето одлуки и процесот се  врши  според Правилникот усвоен од Одборот. Министерството за образование и наука обезбедува човечки ресурси за административна и техничка поддршка. Тие не се вклучени во процесот на донесување одлуки. Во тек е подготовка на нов закон за обезбедување на квалитет во високото образование. Тоа ќе биде засновано на ESG EHEA 2015.

Од 2010 развојот и одобрувањето на студиските програми во високото образование се заснова на резултати од учењето. Во 2011 година, Прирачникот за пишување на резултати од учењето стана достапен за лицата кои ги пишуваат студиските програми. Прирачникот е објавен на следната веб страницата:http://mon.gov.mk/images/documents/nacionalna_ramka/Practical%20advices%20for%20writing%20Learning%20outcomes%20-%20Manual.pdf.
За да се обезбеди и имплеметација на резултати од учењето, Одборот формира  ревизорски комисии за акредитација/реакредитација на студиските програми.

Правните документи релевантни за обезбедување на квалитет во високото образование се дадени во потпоглавјето 2.2.5.

Во 2012 година Одборот за акредитација и евалуација во високото образование стана придружна членка на Европската мрежа за обезбедување на квалитет (ENQA). Одборот работи независно. Во 2015 Министерството за образование и наука стана член на Генералното собрание на Европскиот регистар за обезбедување на квалитет во високото образование . Беше изготвен Патоказ за целосно членство на Одборот во Европската мрежа за обезбедување на квалитет и Европскиот регистар за обезбедување на квалитет во високото образование.

Сумарен преглед на моменталната состојба на усогласување на МРК и исполнување на критериумите 3, 4, и 5 е даден во Табела 40.

**Табела 40: Сумарен преглед на поврзувањето со ЕРК за критериумите 3, 4 и 5**

| МРК нивоа и под-нивоа | ЕРК ниво | Видови на квалификации, циклуси и сертификат | Критериум 3<br>Принцип на резултати од учење (РУ); поврзани со ВНФИУ; системи на кредити | Критериум 4<br>Процедурите за вклучување на квалификации во НРК или за опис на местото на квалификациите во НРК се транспарентни | Критериум 5<br>Националните системи за обезбедување квалитет во образованието и обуката се поврзани со НРК и се доследни на релевантните Европски принципи и насоки (Анекс III) | Вклучување во МРК<br>(НРК за доживотно учење) |
|---|---|---|---|---|---|---|
| VIII | 8 | **Трет циклус**<br>Тип: образовна<br><br>Диплома и додаток на диплома | ≥ 180 ЕКТС<br><br>100 % од програмите се засновани на РУ.<br><br>*Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | Вклучување во Регистарот на високообразовни квалификации: по законска процедура за акредитација на студиската програма за докторски студии (и титули)<br>108 програми на трет циклус на студии во Регистарот | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: вклучени во МРК на VIII ниво |
| VIIА | 7 | **Втор циклус**<br>Тип: образовна<br>Диплома и Додаток на диплома за образовни квалификации.<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат за стручни квалификации. | ЕКТС: 60-120<br><br>100% од студиските програми на втор циклус на студии се засновани на РУ.<br><br>(РЕ) акредитација за усвојување на РУ.<br><br>*Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | Вклучување во Регистарот на високообразовни квалификации: по законска процедура за акредитација на студиската програма на втор циклус на студии (и титули) | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: вклучени во МРК на VII А ниво |
| VIIБ | | **Втор циклус**<br>Тип: образовна<br>Диплома и Додаток на диплома за образовни квалификации.<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат за | ЕКТС: 60<br><br>100% од студиските програми на втор циклус на студии се засновани на РУ.<br><br>(РЕ) акредитација за усвојување на РУ. | Вклучување во Регистарот на високообразовни квалификации: по законска процедура за акредитација на студиската програма на втор циклус на студии (и титули) | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: вклучени во МРК на VII Б ниво. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | стручни квалификации. | *Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | | | |
| **VIA** | 6 | **Прв циклус:**<br>Тип: образовна<br>Диплома и Додаток на диплома за образовни квалификации.<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат за стручни квалификации . | ЕКТС: 240<br>Исклучок за регулираните професии: Медицина - 360 ЕКТС;<br>Ветеринарна медицина - 330 ЕКТС;<br>Стоматологија, Фармација и Архитектура -300 ЕКТС.<br><br>100% од програмите се засновани на РУ.<br><br>(РЕ) акредитација за усвојување на РУ.<br><br>*Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | Вклучување во Регистарот на акредитирани високообразовни квалификации<br><br>Квалификации (титули) по законска процедура за акредитација | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: вклучени во МРК на VI А ниво. |
| **VIБ** | | **Прв циклус:**<br>Тип: образовна<br>Диплома и Додаток на диплома за образовни квалификации.<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат за стручни квалификации . | ECTS: 180<br><br>100% од програмите се засновани на РУ.<br><br>(РЕ) акредитација за усвојување на РУ.<br><br>*Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | Вклучување во Регистарот на акредитирани високообразовни квалификации<br><br>Квалификации (титули) по законска процедура за акредитација | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: вклучени во МРК на VI Б ниво. |
| **VA** | 5 | Краток циклус:<br>Тип: образовна<br>Диплома и Додаток на диплома за образовни квалификации.<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат за стручни | ECTS: 60-120<br><br>Моментално, во развојна фаза.<br><br>*Квалификацијата не е достапна преку ВНФИУ* | Развојот на програми за краткиот циклус се во тек | ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Акредитирани квалификации: по завршување на акредитацијата ќе бидат вклучени во МРК на VA ниво |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | квалификации | | | | |
| **VB** | | Пост-средно:<br>Тип: образовна и стручна<br>а) специјалистичко образование;<br><br>Тип: стручна<br>б) Мајсторство<br><br>Диплома и Сертификат | а) Опишани преку образовни цели (не РУ)<br><br>б) Опишани преку образовни цели (не РУ) | б) Во каталогот | а) ОК: види поглавје 2 и 4.8<br><br>б) ОК: види поглавје 2 и 4.8 | Согласно Член 24 од Законот за НРК, стручните квалификации за мајсторство со положен завршен испит се запишани на ниво VB од НРК.<br>Ќе следува реформа на пост-средното образование. |
| **IV** | **4** | Тип: образовна<br>а) Општо средно гимназиско (4 години)<br><br>б) Средно уметничко (4 години)<br><br>в) Техничко (4 години)<br>*а), б), в): ученици со посебни образовни потреби - 5 години.*<br>Диплома<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат | а), б) и в) засновани на образовни цели (не РУ)<br><br>г) Засновани на РУ (стандарди на занимање)<br><br>*Не се применува кредитен систем (но се планира)* | а), б) и в) - Во каталогот<br><br>г) - Во каталогот | а), б) и в) ОК – види поглавје 2 и 4<br><br>г) Верифицирани програми, авторизиран понудувач на образовна услуга – види поглавје 2 и 4.8 | а) и б): Според Законот за НРК, општо средно и средно уметничко образование се распоредени на ниво IV во МРК<br><br>в) Условна вклученост: ревизија на квалификации те во техничкото образование и нивен опис преку РУ.<br>Во тек е процесот на ревизија: првиот примерок на 3 -квалификации во четиригодишното стручно образование е завршен во декември 2015. Поставени на ниво 4 –тип :образовна квалификација |
| **III** | **3** | Тип: образовна<br>- тригодишно стручно образование и обука<br>Диплома | а) 12 квалификации од вкупно 48 се засноваат на РУ (25% од активните квалификации во тригодишното стручно образование) | а) - Во каталогот | а) ОК – види поглавје 2 и 4.8 | а) 1) 12 нови (од 2012-2013) квалификации засновани на РУ можат да бидат вклучени.<br>2) Согласно Законот за НРК, -квалификациите во тригодишното стручно образование |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Тип: стручна<br>Сертификат | 75% се засноваат на образовни цели (36 од вкупно 48 активни квалификации во тригодишното стручно образование)<br><br>б) Засновани на РУ (стандарди на занимање)<br><br>*Не се применува кредитен систем (но се планира)* | б) – Во каталогот | б) Верифицирани програми, авторизиран понудувач на образовна услуга – види поглавје 2 и 4.8 | (нереформирани) се распоредени на ниво III од МРК.<br><br>*b) Може да се вклучат по формална процедура на одредување на нивото (Тип: стручни)* |
| **II** | **2** | Тип: образовна - двегодишно стручно образование и обука<br><br>Сертификат за обука<br><br>Тип: стручна<br>Сертификат | а) Засновани на РУ<br><br>б) Засновани на РУ (стандарди на занимање) | а) - Во каталогот<br><br>б) - Во каталогот | а) ОК – види поглавје 2 и 4.8<br><br>б) Верифицирани програми, авторизиран понудувач на образовна услуга – види поглавје 2 и 4.8 | Една нова (од 2013) квалификација заснована на РУ може да биде вклучена.<br><br>Согласно Член 24 од Законот за НРК, овие квалификации се распоредени на ниво II во МРК. |
| **I** | **1** | Вид: образовна<br>Сертификат (Свидетелство)<br><br>Вид: стручно (функционална писменост и нумеричност)<br>Сертификат | а) Образовни цели – правна основа<br><br>б) Образовни цели – правна основа | | а) ОК – види поглавје 2 и 4.8<br><br>б) Верифицирани програми, авторизиран понудувач на образовна услуга – види поглавје 2 и 4.8 | Согласно Член 24 од Законот за НРК, квалификациите од основно образование се распоредени на ниво I во МРК. |

(„РУ“ стои за „Резултати од учење“; „ОК“ стои за „Обезбедување на квалитет“)

**Критериум 6 (ЕРК)**
**Процесот на поврзување ја влучува дадената согласност на релевантните тела за обезбедување на квалитет.**

Претставници на телата за надворешно обезбедување на квалитет од: Државниот испитен центар, Државниот просветен инспекторат и Одборот за акредитација и евалуација на високото образование беа активно вклучени во процесот на поврзување на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации за доживотно учење.

Во јуни-јули 2015 беа одржани специјални состаноци со раководните лица од Одборот за акредитација и евалуација на високото образование, Државниот просветен инспекторат и Државниот испитен центар. Нивните коментари и предлози беа вметнати во Извештајот за поврзување.

Писмените согласности за Извештајот на овие тела се дадени во Анекс 4.

**Критериум 7 (ЕРК)**
**Процесот на поврзување вклучува меѓународни експерти**

Државата се одлучи за мешана експертиза, раководена од следните начела: познавање на системот за квалификации од страна на експертите, потекло од земја со сличен/различен систем на квалификации, експертиза во полето на високо образование/стручно образование и обука, работа во меѓународни организации како и членство во Советодавната група на Европската рамка на квалификации (на тој начин се запознати со современите трендови во областа на квалификациите).

Групата на меѓународни експерти се состои од:

- Едуарда Кастел – Бранко – Европска тренинг фондација, специјалист за стратегии и системи за стручно образование и обука – одговорна за Мароко, член на Советодавната група на ЕРК.
- Проф. Д-р Миле Џелалија – Униврзитет во Сплит, Факултет за науки, Хрватска и член на Советодавната група на ЕРК.
- Џон Оконер – раководител на стратегиите за квалификации и вештини во канцеларијата за Квалитет и квалификации на Ирска и член на Советодавната група на ЕРК. Одговорен за раководење на стратегиите за развој и ревизија на НРК на Ирска. Координира активности откако Ирска воспостави национална контакт точка за ЕРК со одговорност за национален развој и имплементација на ЕРК.

Важно е да се напомене дека г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко и проф. Миле Џелалија се вклучени во процесот на поврзување на ЕРК од самиот почеток, затоа нивните коментари содржат изјави кои се однесуваат на придонесот, процесот и резултатите од процесот на поврзување со ЕРК. Мислењето на г-дин. О Конер ќе биде насочено кон резултатите од процесот на поврзување со ЕРК.

Улогата на меѓународните експерти е да придонесат кон транспарентноста и разбирливоста на Извештајот за другите читатели. Г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко и проф. Џелалија беа ангажирани во подготовката на Извештајот (размена на знаење, работилници за јакнење на капацитетите и состаноци со претставници од земјата и меѓународни експерти, го насочуваа развојот на нацрт Извештајот. Давајќи коментари и препораки преку учество на состаноци на Советодавната група на ЕРК и меѓународни конференции тие придонесоа кон подигање на свеста и транспарентноста на процесот).

Г-дин О Конер беше поканет да го прочита нацрт Извештајот за поврзување и да даде свои коментари и препораки.

Кратките биографии и мислењата на меѓународните експерти Г-ѓа Едуарда Кастел – Бранко, проф. Миле Џелалија и г-дин Џон Оконер се дадени во Анекс 6 од овој Извештај.

По иницијатива на проектниот лидер на земјата членка на ИПА твининг проектот Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации (МК 13 IB SO 02) г-ѓа Агњешка Клон – Доминчак (Agnieszka Chłoń-Domińczak) од Образовно-истражувачкиот институт на Полска, нацрт верзијата на Извештајот за поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдувањето со РК – ЕПВО беше даден на мислење на проектниот тим. Членовите од тимот на проектот Ајлин Потон (Aileen Ponton) – член на Советодавната група на ЕРК од Шкотска, г-ѓа

Брижит Букет (Brigitte Bouquet) член на Советодавната група на ЕРК од Франција и г-ѓа Агњешка Клон – Доминчак член на Советодавната група на ЕРК од Полска го прочитаа Извештајот и дадоа заеднички забелешки кои се дадени во Анекс 6 од овој документ. Забелешките се исто така потпишани и од страна на Ержбет Сламка (Erzsebet Szlamka) член на Советодавната група на ЕРК од Унгарија. Националниот тим за поврзување ја искажува својата благодарност за иницијативата и мислењето на членовите на Советодавната група на ЕРК дадени во забелешката.

Националниот тим ја користи оваа можност да се заблагодари на г-ѓа Зора Богичевиќ од Министерството за образование на Црна Гора и член на Советодавната група на ЕРК, за споделеното искуство на Црна Гора, за советите дадени за време на процесот на поврзување, за читање на нацрт Извештајот и дадените коментари и препораки за негово подобрување.

**Критериум 8 (ЕРК)**
**Надлежно национално тело или тела ќе го потврди поврзувањето на Националната рамка на квалификации или системот со Европската рамка на квалификации. Еден сеопфатен Извештај, во кој се наведени поврзувањето и придружните докази, се објавуваат од надлежни национални тела, вклучувајќи ја и Националната контакт точка и се однесуваат пооделно на секој од критериумите.**

Поврзувањето на Македонската рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации беше презентирано и одобрено од Националниот одбор на Македонската рамка на квалификации. Извештајот за поврзување е одобрен и од страна на Владата на Република Македонија.

Извештајот е објавен на официјалната веб страница на Македонската рамка на квалификации http://www.mrk.mk.

**Критериум 9 (ЕРК)**
**Официјалната ЕРК платформа води јавна листа на земјите членки кои потврдиле дека го завршиле процесот на поврзување, вклучувајќи и линкови до завршените Извештаи за поврзување.**

По одобрување на Извештајот за поврзување од страна на Советодавната група на ЕРК, Министерството за образование и наука ќе побара од Европската Комисија истиот да го вклучи на официјалната платформа на ЕРК.

**Критериум 10 (ЕРК)**
**По завршување на процесот за поврзување, и согласно временската рамка дадена во Препораката, сите нови сертификати за квалификации, дипломи и Еуропас документи издадени од надлежните тела имаат јасна поврзаност, преку националните системи на квалификации, со соодветното ниво во Еропската рамка на квалификации.**

По завршување на процесот на поврзување, сите нови сертификати за квалификации, дипломи и Еуропас документи издадени од надлежни тела ќе имаат јасна референтност на нивото од НРК со соодветното ниво од ЕРК. Со цел да се имплементираат условите од Критериум 10 за сите нивоа на образование, ќе следуваат измени на законодавството и правилниците и формата на соодветните документи. За високото образование овој услов е опфатен со форматот на Додатокот на диплома.

Пример на Додаток на диплома кој се издава од страна на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип може да се најде на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Diploma_supplement_UGD.pdf.

# 6. ОДГОВОР НА КРИТЕРИУМИТЕ И ПРОЦЕДУРИТЕ ЗА САМО-ПОТВРДУВАЊЕ НА РК-ЕПВО

Во 2008 година, Министерството за образование и наука потпиша два меѓународни проекти во полето на рамка на квалификации:

- TEMPUS Структурна мерка за НРК- Дизајнирање и имплементација на НРК[30];
- EU CARDS Проект- Техничка поддршка на Министерството за Образование и наука за доживотно учење.

Работната група на Темпус структурната мерка за НРК- дизајнирање и имплементација на НРК (TEMPUS ETF-SM-00050-2008 проект, 2009-2012 http://www.dinaquf.uklo.edu.mk/), беше составена од претставници на:

- Министерство за образование и наука
- Министерство за труд и социјална политика
- Универзитет „ Св. Климент Охридски“, Битола
- Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
- Универзитет на Југоисточна Европа во Тетово
- Универзитет „Гоце Делчев“, Штип
- Линкопинг Универзитет, Шведска (Г-дин Јанерик Лунквист, Janerik Lunquist)
- Гент Универзитет, Белгија (Г-дин Лук Франсис, Luc Francois)
- Универзитет за применети науки, Оснабрук (Г-дин Вокер Гемлич, Volker Gehmlich).

Главни одговорности на работната група беа:

- Развој на модел на Национална рамка на квалификации и хармонизирање на високото образование во Република Македонија со рамката на квалификации на Европскиот простор за високото образованите;
- Дизајнирање и развој на модел на Национална рамка на квалификации за високото образование, верифицирана со законска регулатива на министерско ниво и
- Практична имплементација на НРК преку прифатен сет на нивоа, во кои сите постигнувања од учењето може да се измерат и поврзат меѓу себе на кохерентен начин и кои ја дефинираат врската меѓу сите образовни и сертификати добиени од обука во високото образование во Република Македонија.

Во текот на подготвителната фаза и подоцна во фазата на имплементација, работната група имаше опширни консултации и соработка со претставници од:

- Високообразовни установи
- Студентски организации
- Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
- Претставници од локалната самоуправа
- Работодавачи
- Комори
- Синдикат
- Агенција за вработување

Како резултат на јавните дебати, коментарите добиени од релевантните страни, коментарите од учесниците поканети на работилниците и од прашалниците, беа изготвени, Прирачник- практични совети за пишување на резултати од учењето и Водич за национална рамка на високообразовни квалификации во Република Македонија. Во мај 2010 и двата документи беа усвоени од страна на Министерството за образование и наука. НР ВОК беше исто така презентирана и пред Социо-економскиот совет, највисокото консултативно тело за стратегии на Владата, во кој членуваат

---

[30] www.dinaquf.uklo.edu.mk

највисоки претставници на Владата, работодавачи и претставници на Синдикатот, за ревизија и коментари.
Во ноември 2010, од страна на Владата беше усвоена Уредбата за Националната рамка на високообразовни квалификации и објавена во („Службен весник“ бр. 154, 30/11/2010).

По стапување на сила на Уредбата, беа направени соодветни измени и дополнувања на Законот за високо образование и сите студиски програми беа преструктурирани и реакредитирани како студиски програми засновани на резултати од учење.

**Критериум 1 (РК-ЕПВО)**
**Националната рамка на високо образовните квалификации и телото или телата одговорни за нејзиниот развој ги назначува националното министерство одговорно за високото образование.**

Исполнувањето на овој критериум е разгледано во објаснувањето на ЕРК Критериум 1.

**Критериум 2 (РК-ЕПВО)**
**Постои и јасна и видлива врска помеѓу квалификациите во националната рамка и описите на циклусите на квалификации во Европската рамка.**

Покрај објснувањето дадено за Критериум 2 (ЕРК) одлучивме да ги презентираме специфичностите на описите на нивоа на квалификациите од НР ВОК и Даблинските дискриптори во рамки на ова Поглавје. Развојот на оваа рамка започна во 2008, а стапи на сила во 2010. Со документот Македонска рамка на квалификации - појдовни основи и Законот за НРК описите за соодветните нивоа беа прилагодени без промена на текстот преку нивно реструктуирање од пет на три домени на Македонската рамка на квалификации. Со тоа тие се целосно идентични.

Соодветноста на НР ВОК и Даблинските дескриптори беше разгледана и потврдена од национални и меѓународни експерти од Шведска, Германија и Белгија вклучени како партнери во рамки на Темпус проектот[31]. Во Извештајот за имплементација Болоњскиот процес „Европскиот простор на високо образование во 2015[32]“, под идикатор 3 „Имплементација на Национална рамка на квалификации, 2013/14“ Република Македонија е рангирана на чекорите 7-9 (дефинирани како: квалификациите се вклучени во НРК, студиските програми се редизајнирани врз основа на резултати од учење и имплементацијата на НРК е започната со усогласеност на улогите и надлежностите на високо образовните установи, телата за обезбедување на квалитет и други тела).

Споредба на нивоата на НР ВОК и РК-ЕПВО е дадена во Табела 41.

**Табела 41: Споредба на нивоата во НР ВОК и РК-ЕПВО**

| НР ВОК | V | VI | | VII | | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | VA | VIB | VIA | VIIB | VIIA | |
| РК-ЕПВО циклуси | Краток циклус | Прв циклус | | Втор циклус | | Трет циклус |

Доследноста помеѓу описите во НР ВОК и Даблинските описи се прикажани во Табела 42:

[31] TEMPUS ETF-SM-00050-2008, (2009-2012)

[32] Европска Комисија/EACEA/Евридика, 2015. Европскиот високообразовен простор во 2015: Извештај за имплементацијата на Болоњскиот процес, стр. 67.

**Табела 42: Шематска споредба на описите на НР ВОК и Даблинските дескриптори**

| Описите на НР ВОК | | Даблински дескриптори | |
|---|---|---|---|
| 5 | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование поткрепено со стручна литература;<br><br>Поседува специјалистичко теоретско и професионално знаење и разбирање на одредени основни теории од тесната научна и професионална област.<br><br>Поседува ограничено знаење за тековниот развој во полето на работа или изучување кое овозможува поддршка во полето на работа или професија, можност за професионален развој и основа за понатамошно учење за завршување на прв циклус на студии од високото образование.<br><br>Применува вештини кои се засновани на разбирање на теоретски принципи и нивна примена за решавање на проблеми и при извршување на комплексни и специфични задачи во полето на работа и изучување, преку селекција и употреба на релевантни податоци, методи, процедури, техники, инструменти, направи, алатки и материјали.<br><br>Поседува вештини за учење со цел за понатамошно образование со одреден степен на независност.<br><br>Поседува способност за комуникација и дискусија со целни групи од тесната професија или област на изучување, со колеги, претпоставени и клиенти.<br><br>Има повисоко ниво на лична и професионална одговорност, и способност за оценување на сопствената работа и работата на групата заснована на критериуми во полето на работа.<br><br>Способност за пренесување на знаењето на други, за организирање, комуникација и контрола на сопствената работа и работата на други.<br><br>Презема одговорност за сопствените резултати, но исто така ја дели одговорноста за активностите, резултатите и работата на другите во групата. | Краток циклус (во рамки на првиот циклус) | Покажува знаење и разбирање во полето на студирање кое се надградува врз општото средно образование и е обично на ниво потпомогнато од современи учебници; таквото знаење дава поддршка на полето на работа или на професија, личен развој и основа за понатамошни студии за да се заврши првиот циклус;<br>Може да го примени своето **знаење и разбирање во професионални контексти;**<br>Има способност да идентификува и користи податоци за да формулира одговори на јасно дефинирани конкретни и апстрактни проблеми;<br>Способност да го размени личното разбирање, вештини и активности со рамни на себе, со претпоставени и клиенти.;<br>**- Има вештини за учење за да преземе понатамошни проучувања со одредена независност.** |
| 6 | Покажува знаење и разбирање во научното поле на студирање кое се надградува врз претходното образование и обука, вклучувајќи и познавање во доменот на теоретски, практични, концептуални, компаративни и критички перспективи во научното поле според соодветна методологија.<br><br>Разбирање на одредена област и познавање на тековните прашања во врска со научните истражувања и новите извори на знаење.<br><br>Покажува знаење и разбирање за разни теории, методологии неопходни за поширока | Прв циклус | Покажува знаење и разбирање за научното поле што се темели на претходното образование од средно училиште и е на ниво кое, помогнато од современа литература, вклучува одредени аспекти од знаењето кои се последни достигнувања на нивното поле на проучување;<br>Способност за примена на знаењето и разбирањето на начин којшто покажува професионален пристап кон работата или професијата и има компетенции коишто обично се покажуваат |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | област на истражување.<br><br>Може да го примени знаењето и разбирањето на начин што покажува професионален пристап во работата или професијата.<br><br>Покажува компетенции за идентификација, анализа и решавање проблеми.<br><br>Способност за пронаоѓање и поткрепување аргументи во рамките на полето на студирање.<br><br>Способност да прибира, анализира, оценува и презентира информации, идеи, концепти од релевантни податоци.<br><br>Способност да оценува теоретски и практични прашања, да дава објаснување за причините и да избере соодветно решение.<br><br>Презема иницијатива да ги идентификува потребите за стекнување понатамошно знаење и учење со висок степен на независност.<br><br>Способност **да** општи и расправа, и со стручната, и со нестручната јавност, за информации, идеи, проблеми и решенија кога критериумите за одлучување и опсегот на задачата се јасно дефинирани.<br><br>Презема поделена одговорност за колективни резултати.<br><br>Способност за независно учество, со професионален пристап, во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии.;<br><br>Донесување соодветна проценка земајќи ги предвид личните, општествените, научните и етичките аспекти. | | преку изнаоѓање и користење аргументи, како и решавање проблеми во научното поле на студирање;<br>- Способност за прибирање и толкување на соодветни информации (најчесто во научното поле на студирање) и донесување одлуки земајќи го во предвид влијанието на општествениот, научниот и етичкиот контекст;<br>- Способност да пренесува информации, идеи, проблеми и решенија на стручни и нестручни лица.;<br>- Развиени вештини на учење неопходни за продолжување на понатамошното студирање со висок степен на независност. |
| 7 | Покажува знаење и разбирање за научното поле на проучување (или студирање), кое се надградува врз првиот циклус, применувајќи методологии соодветни за решавање сложени проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што обезбедува основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на истражувањето ;<br><br>Покажува високо ниво на професионална компетентност во едно или повеќе специфични научни полиња;<br><br>Поседува знаење од една или повеќе предметни области кои, во дадените научни полиња, се базираат на најреномирани меѓународни истражувања во тоа научно поле, како и способност за поврзување на пошироко и потемелно знаење во сродните професии или научни полиња.<br><br>Способност за критичко, независно и креативно решавање проблеми со одредена оригиналност во нови или непознати средини и во мултидисциплинарен контекст, | Second cycle | - Покажува знаење и разбирање коешто се темели и ги проширува и/или зголемува знаењата стекнати од првиот циклус, што претставува основа или можност за оригиналност во развивање и применување на идеи, во контекст на научното истражување.;<br><br>-Способност за примена на знаењето и разбирањето, како и способност за решавање проблеми во нови, непознати услови во поширок (мултидисциплинарен) контекст поврзан со научното поле на студирање<br><br>- Способност да интегрира знаења и да се справи со сложени ситуации, како и да формулира мислења без целосни или пак со ограничени податоци, но кои вклучуваат размислување за општествената и етичка одговорност поврзано со примената на стекнатото знаење и разбирање;<br><br>- Способност да пренесе свои заклучоци и знаење **со** рационално |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | поврзани со полето на студирање.<br><br>Способност **за** синтетизирање и интегрирање на знаењето и решавање на сложени проблеми, на систематски и креативен начин.;<br><br>Способност за оценување и селекција на научни теории, методологии, алатки и општи вештини од предметните области, и **поставување на нови анализи и решенија на научна основа.**<br><br>**Способност за препознавање на личната потреба за понатамошно знаење и способност за независно и самостојно** делување при стекнувањето нови **знаења и вештини во општествени рамки.;**<br><br>Способност за размена на заклучоци и предлози со аргументирање и со **рационално поткрепување на истите, како со стручни, така и со нестручни лица, јасно и недвосмислено.**<br><br>Преземање значителна одговорност за заедничките резултати; водење и иницирање активности.;<br><br>Способност за солидна проценка, дури и во ситуација на некомплетни или ограничени информации, кои вклучуваат лична, социјална и етичка одговорност при примената на стекнатото знаење;<br><br>Способност за преземање одговорност за понатамошен професионален развој и усовршување сопствен и на групата со која соработува. | | **поткрепување на истите, како на стручни и на нестручни лица, јасно и недвосмислено;**<br><br>- Има вештини за учење коишто му овозможуваат **продолжување на образованието на начин кој е во голема мерка самостоен и независен..** |
| 8 | Покажува **систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на методи и вештини** за истражување во рамките на тоа поле согласно **највисоките меѓународни стандард;**<br><br>Поседува знаење стекнато со **сопствено истражување** или работа,со што значително придонесува кон професионалното и научно поле на истражување, но исто и во сродните полиња.<br><br>Покажува способност да **толкува, дизајнира, применува и прилагодува суштински предмет на истражување со научен интегритет;**<br><br>Го користи знаењето како основа за **оригинални идеи** и истражувања кои ги преминуваат моменталните граници на знаење, развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на национални и меѓународни врснички публикации;<br><br>Способност за **критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи неопходни за решавање на сложени проблеми** во полето на истражување.; | Third cycle | - Покажува **систематско разбирање на полето на истражување и совршено познавање на вештини и методи** на истражувања поврзани со тоа поле.;<br>- Покажува способност да **смисли, дизајнира, имплементира и прилагодува суштински процеси на истражување со научен интегритет.**<br>Придонес преку **оригинални истражувања** кои ги **надминуваат постојните граници на знаење,** развивајќи нови знаења, вреднувани на ниво на **национални и меѓународни публикации.;**<br>- Способност за **критичка анализа, оценување и синтеза на нови и сложени идеи.;**<br>- Може **да комуницира со своите колеги, поголемата научна заедница и со општеството во целина** за неговата област на експертиза;<br>- Се очекува да биде **способен да се промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење;** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Способност за независно иницирање и учество во национални и меѓународни истражувачки мрежи и настани со научен интегритет.;<br><br>Способност за независно иницирање на истражувачки и развојни проекти, преку кои ќе генерира ново знаење и вештини за развој на истражувачкото поле.;<br><br>Се очекува да биде способен да се **промовира во академски и професионални рамки и во технолошкиот, општествениот или културниот развој во општество засновано на знаење.;**<br><br>Може да **комуницира со своите колеги, пошироката академска заедница и со општеството во целина во рамките на својата област** на експертиза. | | |

Заклучно, за Критериум 2 може да се каже дека постои јасна и потврдена усогласеност помеѓу описите на НР ВОК и РК-ЕПВО.

**Критериум 3 (РК-ЕПВО)**
**Националната рамка и нејзините квалификации се јасно засновани на резултати од учење, и квалификациите се поврзани со ЕКТС или ЕКТС слични системи на кредити.**

Исполнувањето на овој Критериум е исто така објаснет под Критериум 3 (ЕРК). Се разбира, во една академска година студентите можат да добијат 60 ЕКТС кредити. Бројот на ЕКТС кредити распоредени за различни циклуси е даден во следната табела:

**Табела 43: Распореденост на ЕКТС кредити за различни циклуси**

| НР ВОК | V | VI | | VII | | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | VA | VIБ | VIA | VIIБ | VIIA | |
| РК-ЕПВО циклуси | Краток циклус | Прв циклус | | Втор циклус | | Трет циклус |
| ЕКТС кредити | 60-120 | 180 | 240 | 60 | 120 | ≥180 |

За фазата на имплементација на ЕКТС системот 2013/14 (врз основа на индикатор број 4) од Извештајот за имплементација на Болонскиот процес „Европскиот простор на високо образование во 2015“, Република Македонија е под светлозелено (ЕКТС кредитите се алоцирани на повеќе од 75% од студиските програми во високото образование; со што се овозможува трансфер и акумулација на кредити и ЕКТС кредитите се јасно поврзани со резултати од учењето, стр. 69)[33].

По усвојувањето на Уредбата за Национална рамка на квалификации во високото образование, како дел од имплементацијата на Националната рамка за високообразовни квалификации, сите студиски програми, засновани на резултати од учење, беа реакредитирани од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во текот на 2011 година. За таа цел Одборот донесе нови правилници и обрасци.

**Критериум 4 (РК-ЕПВО)**
**Процедурите за вклучување на квалификации во Националната рамка на квалификации се транпарентни.**

Исполнувањето на овој Критериум е исто така објаснет под Критериум 4 (ЕРК). На страна 67 од Извештајот за имплементација на Болоњскиот процес „Европскиот простор на високо образование во 2015“ под индикатор број 3, Република Македонија е рангирана на чекорите 7-9 каде 9 е дефиниран како „квалификациите се вклучени во НРК“[34]. Под индикатор 3 од истиот Извештај, „имплементација на Национална рамка на квалификации, 2013/14“, Република Македонија е рангирана на чекорите 7-9 (дефинирани како: квалификациите се вклучени во НРК, студиските програми се редизајнирани врз основа на резултати од учењето и имплементацијата на НРК е започната со усогласување на улогите и надлежностите на високоокбразовните утанови, телата за обезбедување на квалитет и други тела).

Согласно член 13 од Уредбата за Национална рамка на квалификации во високото образование, квалификациите доделени пред имплементација на начелата од Болоњскиот процес се признати согласно табелата дадена подолу:

**Табела 44: Споредба помеѓу степени на високо образование пред и по НР ВОК**

| Ниво во Националната рамка за високообразовни квалификации во РМ | V | VI | | VII | | VIII |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | VA | VIA | VIБ | VIIA | VIIБ | |
| Поранешни степени | VI | VII/1 | | VII/2 | | VIII |

---

[33] Ibid.

[34] Ibid.

**Критериум 5 (РК-ЕПВО)**
**Националниот систем за обезбедување на квалитет во високото образование се однесува на националната рамка на квалификации и е доследна на берлинското Комунике сите други последователни комуникеа договорени помеѓу министрите во Болоњскиот процес.**

Исполнувањето на овој Критериум е опишано под Критериум 5 (ЕРК). Во Извештајот за имплементација на Болоњскиот процес „Европскиот простор на високо образование во 2015[35]" релевантни се бројни индикатори за степенот на развој на системите за обезбедување на квалитет 2013/14. Под индикатор број 7 од овој Извештај, Република Македонија е рангирана меѓу земјите чии системи за обезбедување на квалитет работат на национално ниво. Системот за обезбедување на квалитет не е евалуиран со Европските стандарди и насоки на Европскиот простор на високо образование. Системот за обезбедување на квалитет се применува за сите установи и/или програми и опфаќа предавања, учење, служби за поддршка на студентите и интерно обезбедување на квалитет[36]. Индикаторот број 8 кој се однесува на нивото на учество на студентите во системот за надворешно обезбедување на квалитет, ја рангираше Македонија во највисоката категорија (студентите учествуваа во сите нивоа на надзор на обезбедувањето на квалитет)[37].

**Критериум 6 (РК-ЕПВО)**
**Националната рамка, и секоја поврзаност со Европската рамка, е прикажана во сите додатоци на дипломата.**

Во високото образование, високообразовните институции се обврзани да издаваат Додаток на диплома заедно со секоја диплома. Додатокот целосно е усогласен со релевантниот формат на Советот на Европа и УНЕСКО. Во индикаторот број 5 од Извештајот за имплементација на Болоњскиот процес „Европски простор на високо образование во 2015" земјата е рангирана помеѓу земјите кои издаваат Додаток на диплома на некои студенти или на некои програми без дополнителни трошоци.

**Критериум 7 (РК-ЕПВО)**
**Надлежностите на домашните учесници за Националната рамка се јасно одредени и објавени.**

Исполнувањето на овој Критериум е објаснето во Критериум 1 (ЕРК). Телото надлежно за НР ВОК работи во рамки на Министерството за образование и наука.

**Процедура 1 (РК-ЕПВО)**
**Надлежно национално тело/тела ке ја само-потврдат усогласеноста на Националната рамка со Европската рамка.**

Процедурата 1 е објаснета во Критериум 8 (ЕРК). Дополнително, копии од писмата за поддршка на Темпус проектот[38] издадени од страна на Министерството за образование и наука и потпишани од министерот се дадени во Анекс 5 од овој Извештај.

**Процедура 2 (РК-ЕПВО)**
**Процесот на само-потврдување ја вклучува дадената согласност на телата за обезбедување на квалитет на земјата, како што е признаено со Болоњскиот процес.**

Процедура 2 е објаснета под Критериум 6 (ЕРК).

**Процедура 3 (РК-ЕПВО)**
**Процесот на само-потврдување вклучува меѓународни експерти.**

---

35

36 Страна 98

37 Страна 101

38 TEMPUS ETF-SM-00050-2008, (2009-2012)

Вклученоста на меѓународните експерти е дадена во Критериум 7 (ЕРК).

**Процедура 4 (РК-ЕПВО)**
**Само-потврдувањето и доказите кои го поткрепуваат ќе ќе бидат објавени и ќе се однесуваат одделно на секој од критериумите.**

Оваа Процедура е опишана во Критериум 9 (ЕРК). Дополнително, Извештајот за само-потврдување ќе биде објавен на веб страницата Европскиот простор за високо образование.

**Процедура 5 (РК-ЕПВО)**
**Мрежата ЕРИК и НАРИК ENIC and NARIC ќе водат јавна листа на држави кои имаат потврдено дека го завршиле процесот на само-потврдување.**

Оваа Процедура е опишана во Критериум 9 (ЕРК). Дополнително Извештајот за само-потврдување ќе биде објавен на веб страницата на ЕНИК/НАРИК.

**Процедура 6 (РК-ЕПВО)**
**Завршувањето на процесот на само-потврдување е наведен во Додатокот на диплома која ќе се издава последователно покажувајќи ја ја врската помеѓу Националната и Европската рамка.**

Соодветноста со процедурата е опишана во Критериум 10 (ЕРК).
Пример на Додаток на диплома може да се најде на веб страницата http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/07/Diploma-Supplement-IBU-SK.pdf.

# 7. СИСТЕМ НА ВАЛИДАЦИЈА НА НЕФОРМАЛНОТО И ИНФОРМАЛНОТО УЧЕЊЕ (ВНФИУ)

- **Општи карактеристики**

Во 2012, Центарот за образование на возрасни отпочна процес на акредитација на програми за неформално образование на возрасни. Тоа е регулирано со Законот за образование на возрасни и подзаконските акти кои произлегуваат од него. Целта на акредитацијата е воспоставување на систем за неформално образование на возрасни кој ќе овозможи подобрување на квалитетот на неформалното образование и ќе придонесе за задоволување на потребите на пазарот на труд преку обезбедување на бараните компетенции во краток временски период.

Досега Центарот за образование на возрасни има верифицирано 159 неформални програми за обука, од кои 144 обезбедуваат квалификација, а 15 се фокусирани на развој на вештини.

Во Концепцијата за неформално образование и информално учење за возрасни голем приоритет се дава на воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење, со што возрасните добиваат доказ за своите постигнувања и истиот можат да го приложат на работодавачот, можност да прават трансфер, и да напредуваат во образованието и обуката. Со приоритетната цел 3 од Концепцијата се предвидува развој и имплементација на систем за валидација на неформално и информално учење до 2018[39]. Информативната кампања за време на процесот ќе биде клучна за успешен развој и имплементација на системот за валидација на неформалното и информалното учење.

Центарот за образование на возрасни ја продолжува соработката со Европската тренинг фондација во 2015-2016, фокусирајќи се на оваа приоритетна област. На 5 и 6 ноември 2015 се одржа работилница во Скопје со претставници од релевантни институции и ЕТФ. Теми кои беа дискутирани: прашања и проблеми кои постојат или се појавуваат, оправданост на воспоставувањето механизам за признавање на формалното и информалното учење, дефинирање можни целни групи за формално и информално учење, улогите на различните релевантни страни вклучени во процесот, пристапи и надлежност поврзани со обезбедувањето на квалитет на процесот. Исто така, фокус на работилницата беше да ги забележи постоечките и потребните ресурси, човечките, техничките, методолошките и финансиските капацитети на државата и очекуваните социјални, економски и индивидуални придобивки и резултати. Следеше посета на меѓународен ЕТФ експерт со цел да се согледа моменталната состојба во државата. Беа одржани посебни состаноци со претставници од министерствата и владините установи одговорни за образование, обука и вработување, универзитетите, работодавачите и невладините организации.

Различни релеватни чинители пријавуваат зголемен број на барања за проценка на стручно - технички вештини: работници, мигранти повратници, и други граѓани кои бараат можност за реинтегрирање на пазарот на труд и за збогатување на нивните биографии за вработување. Поголеми се барањата за проценка на вештините во градежниот сектор, услужниот сектор (хотели и ресторани), домашни услуги како и во земјоделството.

- **Правна рамка**

Моменталната стратегија и правна рамка поврзана со неформалното образование и стручното образование вклучуваат одредби за развој на систем за признавање на неформалното и информалното образование. Тие се формулирани во различни закони, стратегии и во Концепцијата за неформално образование на возрасни и информално учење во Република

---

[39] Рокот даден во Препораката на Советот од 2012 за воспоставување на систем за признавање на неформалното образование и информалното учење за сите вклучени држави.

Македонија. Главните правни[40] и стратегиски документи кои содржат одредби за признавање на формалното и информалното образование се дадени во Табела 45.

**Табела 45: Преглед на правни и стратегиски документи кои содржат одредби за ПФИО**

| Документ | Година на одобрување/усвојување | Опис |
|---|---|---|
| **Закон за образование на возрасни** | 2008 | Законот ги уредува организацијата, структурата, финансирањето и раководењето на системот за образование за возрасни како дел од образовниот систем во Република Македонија.<br>Член 23 од Законот укажува дека возрасните лица можат да ги демонстрираат стекнатите знаења, вештини и способности, без разлика на начинот како дошле до нив, преку испити.<br>Испитите се организираат и спроведуваат од страна на давателите на услуги за образование на возрасни кои ја спроведуваат програмата за стекнување на знаења, вештини и способности, освен испитот за државна матура, училишна матура и завршниот испит во средното образование. |
| **Закон за НРК** | 2013 | Членот 3 од Законот за НРК укажува дека едно од начелата на НРК е воспоставување на систем за признавање на неформално и информално учење. Меѓу целите на НРК, законотстои: „Да укажува на проодноста и напредувањето (хоризонтално и вертикално) низ и во рамките на сите видови на образование и обука (формално, неформално и информално),, |
| **Стратегија за образование на возрасни** | 2010 | Една од активностите која треба да се реализира од стратешките цели во Стратегијата е развој на систем за признавање на знаења, вештини и компетенции. |
| **Стратегија за развој на стручно образование и обука во контекст на доживотно учење 2013-2020** | 2013 | Стратегијата за стручно образование и обука е структурирана во четири клучни приоритети, во кои развојот на систем за валидација на формално и информално учење има видливо место.<br>1. Во првиот приоритет (Стручното образование и обука во функција на зајакнување на социјалната кохезија и инклузија): целта А7 се фокусира на „воспоставување на систем за валидација на формално и информално учење." Главни одредби до 2015 (оправданост и можни опции за систем на валидација на формално и информално учење); до 2018 (клучни механизми и процедури воспоставени) и до 2020 година (имплементацијата).<br>2. Под вториот приоритет (Атрактивно стручно образование и обука), стратегијата ја потенцира важноста на системот за валидација на формално и информално учење, особено во целта Б2- „градење на различни и флексибилни патишта на учење и стручно насочување". |
| **Национална програма за развој на образованието во Република Македонија**<br>**2005 – 2015** | 2005 | Посебно поглавје од оваа програма е насловено „Стратегија за образование на возрасни во Република Македонија во контекст на доживотно учење" со 6 препораки. Една од препораките е развој на систем за признавање на претходно учење. |
| **Концепција за основно образование на** | 2015 | Во Водичот за имплементација Концепција, една од предложените активности е развој на систем на механизми и алатки за верификација (оценување) на претходно стекнато |

[40] Податоци за бројките и датумите на издавање на Службените весници на Република Македонија со законите и друга релевантна документација за образование на возрасни се дадени во под-поглавјето 2.3 Образование за возрасни.

| | | |
|---|---|---|
| **возрасни** | | знаење. |
| **Концепција за неформално и информално образование на возрасни** | 2015 | Верификацијата на неформалното и информалното учење се споменува низ целиот текст на Концепцијата. Шемата која ја поддржува имплементацијата на Концепцијата вклучува активност чија цел е развој и имплементација на систем за балидација на формално и информално учење до крајот на 2018, под приоритетната цел: „обезбедување на отворен и еднаков пристап на неформално образование на возрасни за сите“.<br><br>Признавајќи ја важноста на оваа цел, и потребата да се преземат ефективни мерки согласно Препораката за валидација на формално и информално образование (2012), Центарот за образование на возрасни ја продолжува соработката со ЕТФ за развој на Патоказот за имплементација на системот за валидација на формалното и информалното учење и за процедуралните и методолошки аспекти на ВНФИУ. |

Понатамошниот развој и измени на законодавството и подзаконските акти ќе следува со цел да се поддржи генерализацијата на практиките за валидација на формалното и информалното учење.

- ### Управување

Моменталната раководна структура на образованието за возрасни (детално објаснета во потпоглавјето 2.3 образование на возрасни) ќе ја продолжи работата за воспоставување на систем за валидација на неформалното и информалното учење. Постои добра законска основа која го насочува патот на дефинирање на процедуралните и методолошки аспекти, како и надлежностите и улогите на различните релевантни страни.

Концепцијата за неформално образование и информално учење за возрасни предлага визија која ја потенцира потребата од пристап со фокус на ученикот, овозможувајќи им на поединците да ги реализираат нивните аспирации и амбиции. Реализацијата на оваа визија наметнува партнерски пристап помеѓу Министерството за образование и наука, Центарот за образование на возрасни и Агенцијата за вработување на РМ и други државни институции и клучни релевантни страни вклучувајќи ги и социјалните партнери. Треба да се направат напори за поттикнување на инвестирање во учењето и развојот, придружени со низа на мерки за поддршка на понудувачите на образовани услуги да им се помогне да одговорат на предизвиците и да го подобрат квалитетот на образованието на возрасни.

- ### Обезбедување квалитет

Од 2012 година Центарот за образование на возрасни го спроведува процесот на верификација на програми за неформално образование на возрасни. Процесот е регулиран со Законот за образование на возрасни и подзаконските акти кои произлегуваат од истиот. Квалитетот е обезбеден преку примена на кохерентен модел и критериуми. Целта на верификацијата е воспоставување систем за неформално образование на возрасни кој ќе овозможи зголемување на квалитетот на неформалното образование и ќе придонесе за задоволување на потребите на пазарот на труд преку развој на вештини и компетенции кои се барани на еден брз и ефикасен начин. Ова вклучува надградување на постоечки вештини (од искуство/живот) и понуда на флексибилни програми за обука кои се во согласност со потребите и профилите.

Во Концепцијата за неформално образование и информално учење за возрасни висок приоритет се дава на воведување систем за валидација на неформалното и информалното учење, овозможувајќи им на возрасните лица начини за докажување на нивните постигнувања на потенцијаните работодавачи, како и можност за трансфер и проодност во рамки на образовниот процес и обука. Важен дел од системот за валидација на неформалното образование и информалното учење треба да биде системот за информации и насочување. Задолжително е високо ниво на квалитет за функционален и сигурен систем на валидација на неформалното образование и информалното учење.

**Поттикнувачи и случаи на добра пракса**

Верифицираните програми за неформално образование можат да се сметаат како поттикнувачи на практичната имплементација на системот за валидација на неформалното образование и инфромалното учење во државата:

- Сите тие се опишани преку резултати од учењето, што ги прави корисни при оценувањето на знаењето и разбирањето, вештините и компетенциите стекнати во различни контексти на учење;
- Сите тие се поврзани со релевантните стандарди на занимања од кои голем број беа развиени во соработка со индустријата/секторите што обезбедува одреден степен на релевантност за пазарот на труд
- Добиената квалификација е официјално признаена и има пазарна вредност.

Работилницата и посетите на релевантните страни (двете активности беа реализирани во ноември 2015) помогнаа да се идентификуваат примери на добра пракса кои можат да се искористат во процесот на развој на национален систем за валидација на неформалното образование и информалното учење. Два примери на добра пракса се дадени подолу:

- **Проект: Надоградување на вештини (Build-up skills) -** Република Македонија има успешно учество во овој голем ЕУ проект, чија цел е подобрување на енергетската ефикасност во градежништвото. Главен приоритет е развој на релевантни вештини за обопштување на практиките за енергетска ефикасност во секторот, што се реализира преку комбинација на признавање/валидација и дополнителна обука за специфични елементи. Проектот е финансиран од Хоризонт 2020, и земјата е претставена преку Факултетот за елекротехнички науки од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

- **Курсеви за обука во фармерството -** голем број на инвестициски проекти во фармерството бараат стручен сертификат, и многу апликанти бараат можности да поминат процес на валидизација, со кој би го скратиле периодот на обука и би се фокусирале само на индивидуалните недостатоци. По заклучок на Владата, беа направени измени на Законот за земјоделство, според кој оваа обука е организирана во рамки на соодветни програми мониторирани од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука и Центарот за образование на возрасни. Давателите на услуги (пример школи за стручно образование и обука) применуваат практични и писмени тестови и издаваат сертификат. Со сертификатот се признаваат вештините, кои пред полагање на тестот не биле признати.

# 8. ПРЕДИЗВИЦИ И СЛЕДНИ ЧЕКОРИ

Откако беа усвоени документот Македонската рамка на квалификации - појдовни основи и Законот за НРК (2013) Република Македонија се насочи кон идентификување на предизвиците за понатамошен развој и имплеметација на Националнта рамка. За време на периодот кој следуваше, интензивните национални напори беа поддржани со меѓународна соработка и експертиза во рамки на проекти финансирани од различни донатори и заеми. Ова доведе до изготвување на Патоказ за понатамошен развој и имплементација на Македонската рамка на квалификации. Таа содржи специјално направени работни пакети за решавање на клучните проблеми:

**РП - 1: Концептуална рамка**

- Група на активности 1.1: Ревизија и ажурирање на концепти
- Група на активности 1.2: Објавување речник на термини и акроними
- Група на активности 1.3: Дисеминација

**РП - 2: Надлежност над МРК и вклученост на релевантните страни**

- Група на активности 2.1: Анализа на вклученоста на релевантните страни
- Група на активности 2.2: Разгледување на препораки
- Група на активности 2.3: Институционална воспоставување на МРК
- Група на активности 2.4: Развој на публикација за МРК и дисеминација
- Група на активности 2.5: Јакнење на капацитетите на различни актери согласно нивната улога во системот на квалификации
- Група на активности 2.6: Согласност за користење Протокол со кој се одредуваат улогите и надлежностите на различни актери и како истите дејствуваат

**РП-3: Имплементација на резултати од учењето**

- Група на активности 3.1: Анализа на имплеметацијата на резултати од учењето
- Група на активности 3.2: Развој на Водич за резултати од учење и дисеминација
- Група на активности 3.3: Јакнење на капацитетите на различни актери согласно нивната улога
- Група на активности 3.4: Имплеметација на резултати од учењето (стандарди на занимање, стандарди на квалификации, наставна програма, итн.), вклучувајќи и системи на кредити

**РП-4: Развој и имплеметација на верификација на неформалното образование и информалното учење**

- Група на активности 4.1: Дизајнирање систем и процедури за верификација на неформално образование и информално учење
- Група на активности 4.2: Развој на Водич за верификација на неформално образование и информално учење
- Група на активности 4.3: Јакнење на капацитетите на различни актери согласно нивната улога
- Група на активности 4.4: Имплементација на системот за верификација на неформалното образование и информалното учење

**РП-5: Вклучување на квалификации во МРК**

- Група на активности 5.1: Опис на системот за вклучување квалификации во МРК
- Група на активности 5.2: Развој на Регистар на МРК (стандарди, ИТ инфраструктура)
- Група на активности 5.3: Равој на Водич за вклучување квалификации и дисеминација
- Група на активности 5.4: Јакнење на капацитетите на различни актери согласно нивната улога
- Група на активности 5.5: Развој на нови квалификации
- Група на активности 5.6: Ревизија на постоечките квалификации
- Група на активности 5.7: Вклучување квалификации во МРК врз основа на стандарди

**РП 6: Обезбедување на квалитет**

- Група на активности 6.1: Анализа на системот(ите) за обезбедување квалитет во РМ и планови за подобрување

- Група на активности 6.2: Усогласување на системот за обезбедување на квалитет со европскиот систем за обезбедување на квалитет во стручното образование и обука и со Европските стандарди и насоки
- Група на активности 6.3: Развој на Водич за обезбедување квалитет и дисеминација
- Група на активности 6.4: Јакнење на капацитетите на различни актери согласно нивната улога
- Група на активности 6.5: Имплеметација на системот(ите) за обезбедување квалитет, вклучувајќи и валидизација на квалификации

**РП 7: Правна рамка**

- Група на активности 7.1: Анализа на моменталната легислатива, потреба за подобрување и планови за хармонизација
- Група на активности 7.2: Разгледување на препораки
- Група на активности 7.3: Ажурирање на легислативата
- Група на активности 7.4: Подготовка на публикација и дисеминација

**РП 8: Обезбедување на квалитет на имплеметацијата на Патоказот**

- Група на активности 8.1: Координација на имплеметацијата на МРК
- Група на активности 8.2: Комуникација со релевантни актери, дисеминација и промоција на МРК
- Група на активности 8.3: Мониторинг на имплеметацијата на Патоказот
- Група на активности 8.4: Анализа на имплеметацијата на Патоказот и ажурирање доколку има потреба
- Група на активности 8.5: Трансфер на сите релевантни резултати во легислативата (РП-6)

Патоказот за имплементација на Македонската рамка на квалификации е даден на веб страницата: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2015/05/MQF_Roadmap.pdf

# 9. РЕЧНИК НА ТЕРМИНИ

**Акумулација** - процес на собирање на кредити доделени за постигнување на резултати од учењето на образовни компоненти или други активности на учење.

**Алокација (распоредување) на кредит** - процес на доделување на одреден број на кредити на една квалификација/програма или на други образовни компоненти.

**Вештини** - способност за примена на знаење, извршување задачи и решавање проблеми. Вештините се опишани како когнитивни (кои вклучуваат користење на логичко, креативно и интуитивно размислување) и практични (рачна работа и користење на методи, инструменти, алатки и материјали).

**Даблински дескриптори/описи** - општи изјави на типичните очекувања од постигнувањата и способностите поврзани со доделениот степен на крајот на еден Болоњски циклус.

**Доживотно учење** - вклучува активности на формално, неформално и информално учење во текот на целиот живот, насочени кон збогатување на знаењето, вештините и компетенциите за лични, професионални и социјални потреби.

**Европска рамка на квалификации** - заедничка референтна рамка која ги поврзува системите на квалификации во различни земји и претставува инструмент за признавање и разбирање на квалификациите.

**Знаење и разбирање** - збир на добиени и систематизирани информации, кои претставуваат збир на теоретски и фактички информации.

**Институција** - установа, организација или друго тело кое е акредитирано да врши образовен процес, да ги обучува и оценува учесниците кои се стекнуваат со одредена квалификација. Институциите нудат формални и неформални програми кои водат до квалификации и издаваат јавен документ за истите.
.

**Информално учење** - учење кое се стекнува од активностите во секојдневниот живот поврзани со работата, семејството. Тоа не е структурирано преку цели на учењето, време и поддршка на учењето.

**Квалификација** - формален резултат од процесот на евалуација и потврдување што се стекнува кога одговорна институција потврдува дека поединецот ги постигнал резултатите од учењето кои се во согласност со воспоставените стандарди.

**Клучни компетенции** - збир на компетенции на одредено ниво, потребни да ги задоволат личните, социјалните и професионални потреби на лицето во процесот на доживотно учење. Постојат осум клучни компетенции: комуникација на мајчнин јазик, комуникација на странски јазик, математички, технички и научни компетенции, граѓанска свесност, информатичка технологија, претприемништво, учење како се учи и културно однесување.

**Кредит** - квантитативна мерка за изразување на обемот на учење, заснована врз обемот на работа што се бара од учесниците, со што тие може да ги постнигнат очекуваните резултати од процесот на учење на одредено ниво.

**Кредит систем** - систем на акумулација и трансфер на кредити заснован врз транспарентноста на резултатите од учење и процесот на учење.

**Кредит трансфер** - процес преку кој вредноста на резултатите од учење постигнати во еден систем или институција можат да се одредат во друг систем или институција. Во Европа постојат два главни системи на кредити кои се користат: европски кредит трансфер систем (ЕКТС) и европски кредит трансфер систем за стучно образование и обука (ЕКТССОО).

**Критериуми за оценување** - опис на она што еден студент треба да го прави, со цел да докаже дека се постигнати резултатите од учење.

**Компетенција** - збир на стекнато знаење и вештини, кој, обезбедува способност за користење на знаењето и вештините при работа и учење. Компетенцијата опфаќа одговорност и автономност.

**Македонска рамка на квалификации** - задолжителен национален стандард кој го регулира стекнувањето и користењето на квлификации во Република Македонија и инструмент за воспоставување систем на квалификации добиени во државата со што се обезбедува основа за транспарентност, пристап, трансфер, стекнување и квалитет на квалификациите.

**Модул** - независен дел од учењето кој е  целосен или дел од образовна програма.

**Национална рамка на квалификации (НРК)** - инструмент за воспоставување на систем на квалификации добиени во една земја, што обезбедува основа за стекнување квалификации, трансфер и квалитет на квалификации.

**Неформално учење** - организирани активности на учење за подобрување на знаењето, вештините и компетенциите за лична, социјална и професионална потреба.

**Нивоа во рамката** - претставуваат низа на последователни чекори на учење, изразени преку низа на општи резултати, структурирани согласно збир на описи.

**Обезбедување на квалитет** - процес или збир од процеси усвоени на национално и/или институционално ниво со цел да се обезбеди квалитет на образовниот процес, образовните програми и кавлификации.

**Образовна квалификација** - квалификација постигната со завршување на јавно усвоена образовна програма во рамки на системот на формално образование, со одреден квалификациски обем и документирана со диплома/сертификат. Таа овозможува продолжување на образовниот процес, вработување и личен развој.

**Описи на квалификации** - мерливи индикатори на резултатите од учење поврзани со стекнатото знаење и разбирање, вештини и компетенции.

**Оценување –** процес на евалуација на знаењето, вештините и компетенциите согласно дефинирани критериуми и резултати од учење, што вклучува писмени, усни и практични тестови, испити, проекти и портфолио.

**Оценување** – вкупен опфат на методи (писмени, усни и практични тестови/испити, проекти и портфолија) кои се користат за евалуација на  постигнувањата на очекуваните резултати од учење.

**Програма** - поширок концепт од термините национална програма, предметна програма и студиска програма. Овој концепт вклучува: образовни резултати/резултати од учење како резултат на имплементацијата на предметната програма (или групи) на сродни модули/предмети/еден предмет, како и опис на методи со кои се потврдува дека студентот ќе се стекне со предвидената компетенција.

**Програми -** јавни документи кои дефинираат образовни цели (знаење, вештини и компетенции) за одреден предмет или област кои студентите ги добиваат и развиваат во образовниот процес оценувани преку испити. Образовните цели (знаење, вештини и компетенции) на програмите се засноваат на целите на предметната наставна програма за соодветните предмети или области.

**Резултати од учење-** изјави за тоа што учесникот знае, разбира и е способен да работи, како резултат на процесот на формално, неформално или информално учење. Резултатите од учењето се дефинираат по однос на знаење и разбирање, вештини и компетенции (одговорност и самостојност).

**Репер (бенчмарк)** – стандард кој се користи за споредба.

**Стручна квалификација** - квалификација стекната со завршување на дел од јавно усвоена образовна програма (модули, курсеви итн.) специјална програма за образование на возрасни или преку признавање на неформално учење. Таа се документира со сертификат и овозможува вработување и личен развој.

**Тип на квалификација -** главно групирање на квалификациите согласно целта, видот на издадениот документ, видот на програма и обем. Во МРК постојат два вида на квалификации: образовни и стручни квалификации.

**Формално учење-** активност која се спроведува од страна на образовна установа или давател на обуки, која се спроведува согласно одредени одобрени програми, за да се подобри знаењето, вештините и компетенциите, при што се добива јавен документ.

# 10. АКРОНИМИ

| | |
|---|---|
| **БРО (BDE)** | Биро за развој на образованието |
| **ЦОВ (CAE)** | Центар за образование на возрасни |
| **ЕКТС (ECTS)** | Европски кредит трансфер систем |
| **ЕКВЕТ (ECVET)** | Европски кредит систем за стручно образование и обука |
| **ЕКАР (EQAR)** | Европски регистар за обезбедување на квалитет во високото образование |
| **ОКАВЕТ (EQAVET)** | Обезбедување на квалитет во стручното образование и обука во Европа |
| **ЕРК (EQF)** | Европска рамка на квалификации за доживотно учење |
| **ЕНИК (ENIC)** | Европска мрежа на информациски центри |
| **АВР (ESA)** | Агенција за вработување |
| **ЕТФ (ETF)** | Европска тренинг фондација |
| **ЕУ (EU)** | Европска Унија |
| **ОЕАВО (HEAEB)** | Одбор за акредитација и евалуација на високото образование |
| **ИПА (IPA)** | Инструмент за претпристапна помош |
| **ИСЦЕД (ISCED)** | Меѓународна класификација на стандарди на образование |
| **ИСКО (ISCO)** | Меѓународна класификација на стандарди на занимање |
| **ИТ (IT)** | Информатички технологии |
| **РУ (LO)** | Резултати од учење |
| **МКСОО (MCSGE)** | Македонски кредит систем за општо образование |
| **МОН (MoES)** | Министерство за образование и наука |
| **МТСП (MLSP)** | Министерство за труд и социјална политика |
| **МРК (MQF)** | Македонска рамка на квалификации |
| **НАРИК (NARIC)** | Информативен центар за национално академско признавање |
| **НКТ ЕРК (NCP EQF)** | Национална координативна точка за ЕРК за доживотно учење |
| **ДПИ (NEC)** | Државен испитен центар |
| **НВО (NGO)** | Невладини организации |
| **НРК (NQF)** | Национална рамка на квалификации |
| **НР ВОК (NQF HE)** | Национална рамка за високообразовни квалификации |
| **ОЕЦД (OECD)** | Организација за економска соработка и развој |
| **ПИРЛС (PIRLS)** | Прогрес во меѓународната програма за писменост при читање |
| **ПИСА (PISA)** | Програма за меѓународна проценка на ученици |

| | |
|---|---|
| **ОК (QA)** | Обезбедување квалитет |
| **ДПИ (SEI)** | Државен просветен инспекторат |
| **ДЗС (SSO)** | Државен завод за статистика |
| **ТИМС (TIMSS)** | Трендови во меѓународните студии по математика и природни науки |
| **(TU)** | Синдикат |
| **СОО (VET)** | Стручно образование и обука |
| **ЦСОО (VET Centre)** | Центар за стручно образование и обука |
| **ВНФИУ (VNFI)** | Верификација на неформално образование и информално учење |

# 11. БИБЛИОГРАФИЈА


Болоњски процес (Берген, 2005). *Европскиот простор на високо образование - постигнување на целите*. Комунике од Конференцијата на Европски министри одговорни за високото образование, Берген, 19-20 мај 2005. Текстот е достапен на http://www.ehea.info/Uploads/Declarations/Bergen_Communique1.pdf

Болоњски процес. *Даблински дескриптори.* Текстот е достапен на http://www.tcd.ie/teaching-learning/academic-development/assets/pdf/dublin_descriptors.pdf

Биро за развој на образованието (Скопје, 2007). *Концепција за деветгодишно основно образование*. Текст достапен на http://bro.gov.mk/docs/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_doplnuvanja.pdf

Биро за развој на образованието (Скопје). *Стандарди за оценување*. Текст достапен на http://bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie-standardi

Биро за развој на образованието (Скопје). *Критериуми за оценување на постигнувањата на учениците.* Текст достапен на http://bro.gov.mk/docs/kriteriumi/Kriteriumi_za_ocenuvanje.pdf

Цедефоп (2015). *Европски начела за валидација на неформално и информално учење*. Луксембург: Канцеларија за издавање. ЦЕДЕФОП серијал; бр. 104.http://dx.doi.org/10.2801/669676

Центар за образование на возрасни (Скопје, 2015). *Концепција за основно образование на возрасни во Република Македонија*

Совет (2012). *Препорака на Советот од 20 декември 2012 за валидација на неформално и информално учење* (2012/C 398/01). Текст достапен на http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2012:398:0001:0005:EN:PDF

Совет за образование на возрасни (Скопје, 2010). *Стратегија за образование на возрасни 2010-2015, со акционен план*.

Министерска конференција за Европскиот простор на високо образование (Букурешт, 2012). *Максимално искористување на нашиот потенцијал - консолидирање на Европскиот простор на високо образование*. Комунике од Букурешт .Текст достапен на http://www.ehea.info/Uploads/%281%29/Bucharest%20Communique%202012%281%29.pdf

Министерска конференција за Европскиот простор на високо образование (Јереван, 14-15 мај 2015). *Јереван Комунике.* Текст достапен на http://www.ehea.info/Uploads/SubmitedFiles/5_2015/112705.pdf

Министерска конференција за Европскиот простор на високо образование (Јереван, 14-15 мај 2015). *Стандарди и начела за обезбедување на квалитет во Европскиот простор на високо образование - ревидираните стандарди и начела одобрени од страна на министерската конференција во Јереван, на 14-15 мај 2015.* Одобрени од министерската конференција во мај 2015, од Европската асоцијација за обезбедување на квалитет во високото образование, Европската студентска унија, Европската универзитетска асоцијација, Европската асоцијација на високообразовни институции, меѓународно образование бизнис Европа, Европскиот регистар за обезбедување на квалитет во високото образование. Текст достапен на https://revisionesg.files.wordpress.com/2015/05/revised_esg_2015_adopted.pdf

Европска Комисија; ЦЕДЕФОП ИЦФ интернационал (2014). Европска листа за валидација на неформално и информално учење 2014. Финален синтетизиран извештај. Текст достапен на http://libserver.cedefop.europa.eu/vetelib/2014/87244.pdf

Европска Комисија; Советодавна група за ЕРК; ЦЕДЕФОП (2009). *Критериуми и процедури за референцирање на националните нивоа на квалификации со ЕРК.* Ареs (2009)89092. Усогласени од страна на советодавната група за ЕРК (18/07/2010). Текст достапен на https://ec.europa.eu/ploteus/sites/eac-eqf/files/criteria_en.pdf

Европска Комисија; Советодавна група на ЕРК; Цедефоп (2015) *Иднината на референцирањето.*

Европска Комисија/Извршна агенција за образование, аудиовизуелност и култура/Јуридиче(2015). *Европски простор на високо образование во 2015:Извештај за имплементацијата на Болоњскиот процес. Луксембург:канцеларија за издавање на ЕУ*. Текст достапен на http://bologna-yerevan2015.ehea.info/files/2015%20Implementation%20report_20.05.2015.pdf

Европска Комисија (2008). *Објаснување на Европската рамка за квалификации за доживотно учење.*

Европски Парламент и Совет (2008). *Препорака на Европскиот Парламент и Совет од 23 април 2008 за воспоставување на Европски квалификации за доживотно учење.* Текст достапен на https://ec.europa.eu/ploteus/sites/eac-eqf/files/broch_en.pdf

Европска тренинг фондација (мај 2014). *Каталог и анализа на постоечките квалификации, студија за поддршка на процесот на поврзување со ЕРК во Република Македонија.*

ЕРК проект „Процес на поврзување со ЕРК- примери и предлози (ЕРК-РЕФ)" (мај 2011). *Процес на поврзување со ЕРК и Извештај.*

ЕРК Серии: https://ec.europa.eu/ploteus/documentation#documentation_76

- ЕРК Забелешка 1 Објаснување на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (брошура) – (2010)
- ЕРК Забелешка 2: Важноста на НРК при имплементација на ЕРК (2010)
- ЕРК Забелешка 3: Поврзување на националните нивоа на квалификации со ЕРК (2011)
- ЕРК Забелешка 4: Користење на резултати од учење (2011)
- ЕРК Забелешка 5:Поврзување на националните нивоа на квалификации со ЕРК- ажурирање 2013 (2013)

Извештаи за поврзување со ЕРК. Официјалните верзии на националните извештаи за поврзување на земјите по нивно усвојување од страна на советодавната група на ЕРК.Текстови достапни на https://ec.europa.eu/ploteus/documentation#documentation_76

ICF GHK (2013). *Евалуација на имплементацијата на препораките од ЕРК- финален извештај, Текст достапен на* http://www.nki-latvija.lv/content/files/DG%20EAC%20-%20Evaluation%20EQF%20-%20Final%20Report%20-%20Final%20Version.pdf

Министри за стручно образование и обука, Рига 2015, донесување на нов сет на среднорочни резултати во полето на стручното образование и обука за периодот 2015-2020, како резултат на ревидираните краткорочни резултати дефинирани во 2010 во Комуникето од Бруж. Текст достапен на http://ec.europa.eu/education/policy/vocational-policy/doc/2015-riga-conclusions_en.pdf

Министерство за образование и наука (2004). *Документација изготвена во рамки на ЕУ финансиран проект „Стручно образование и обука програмска фаза 2"*. Контакт број 02-0003, КАРДС. Проектот беше менаџиран од страна на Европската агенција за реконструкција. Период на имплементација 2002-2004.

Министерство за образование и наука (2009). *Документација изготвена во рамки на ЕУ финансиран проект "Техничка поддршка на министерството за образование и наука за доживотно учење*". (Контакт број 06MAC01/11/102,КАРДС) Период на имплементација 2007-2009.

Министерство за образование и наука (2005). *Национална Програма за развој на образованието 2005-2015, со придружни програмски документи.* Текст достапен на http://e-demokratija.mk/documents/10157/29517/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%

D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0+%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0+%D0%B7%D0%B0+%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D0%B8+%D0%BD%D0%B0+%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE+%D0%B2%D0%BE+%D0%A0.%D0%9C.+2005-2015.pdf

Министерство за образование и наука (2013). *Национална рамка на квалификаци- појдовни основи.* Текст достапен на http://mon.gov.mk/images/documents/nacionalna_ramka/Dokument_Makedonska_ramka_za_kvalifikacii_-_pojdovni_osnovi-eng.pdf

Министерство за образование и наука (2013). *Стратегија за стручно образование и обука во контекст на доживотното учење 2013-2020, Со акционен план "Подобри вештини за подобро утре".* Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images//vet%20strategy_mac%20-%20final.pdf

Министерство за образование и наука (Скопје, 2015). *Концепција за матура и завршен испит во четиригодишното средно образование во Република Македонија*. Текст достапен на http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/2035_%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A6%D0%95%D0%9F%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90.pdf

Министерство за образование и наука и Центар за образование на возрасни (2015). *Концепција за неформално образование и информално учење на возрасни во Република Македонија.*

Министерство за труд и социјална политика (Скопје, 2009). *Стандарди за предучилишно образование и ран развој*. Текст достапен на www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ran_detski_razvoj.doc

Државен завод за статистика на Република Македонија (Скопје, 2014). *Образовниот систем во Република Македонија поврзан со меѓународна класификација на стандарди во образованието ИСЦЕД 2011.*Текст достапен на http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

Државен завод за статистика на Република Македонија (Скопје, 2008). *Национална класификација на занимања (НКЗ 2011*). Текст достапен на http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NacionalnaKlasifikacijaNaZanimanjata.pdf

Дополнителен текст 2013 на Лисабонската конвенција за признавање - ДОПОЛНИТЕЛЕН ТЕКСТ НА КОНВЕНЦИЈАТА: ПРЕПОРАКА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА РАМКИ НА КВАЛИФИКАЦИИ ПРИ ПРИЗНАВАЊЕ НА КВАЛИФИКАЦИИ СТЕКНАТИ ВО СТРАНСТВО http://www.skvc.lt/uploads/lawacts/docs/128_323d3fabbfb54af185073abb20f68457.pdf

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2010). *Концепција за стручно образование за занимања.* Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20na%20strucno%20obrazovanie%20na%20zanimanja.pdf

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2010). *Концепција за двегодишно стручно образование.* Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20na%20strucnoto%20osposobuvanje.pdf

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2010). *Концепција за пост-средно образование*. Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20za%20postsredno%20obrazovanie.pdf

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2012). *Стандарди за реализација на практична обука на студенти кај работодавачите* . Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=37&Itemid=138

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2014). *Стандард за професионален и друг кадар за изведување на практична обука кај работодавачи*. Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=37&Itemid=138

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2014). *Стандарди за занимање.* Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=65&Itemid=190

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 2009) Методологија за изготвување на стандарди за занимање. Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images/stories/metodologija%20za%20izrabotka%20na%20standardi%20na%20zanimanja.pdf

Центар за стручно образование и обука (Скопје, 1999). *Општа национална наставна програма за реформираното средно стручно образование и обука.*. Текст достапен на http://www.csoo.edu.mk/images/DOCs/opstdrzv-kurikulum.pdf

**Во оригинал:**

Bologna Process (Bergen, 2005). *The European Higher Education Area – Achieving the Goals.* Communiqué of the Conference of European Ministers Responsible for Higher Education, Bergen, 19-20 May 2005. Text available at http://www.ehea.info/Uploads/Declarations/Bergen_Communique1.pdf

Bologna Process. *Dublin Descriptors.* Text available at http://www.tcd.ie/teaching-learning/academic-development/assets/pdf/dublin_descriptors.pdf

Bureau for Development of Education (Skopje, 2007). *Concept for Nine-Year Primary Education*. Text available at http://bro.gov.mk/docs/Koncepcija_po_javna_rasprava_so_izmeni_i_doplnuvanja.pdf

Bureau for Development of Education (Skopje). *Assessment Standards*. Text available at http://bro.gov.mk/?q=osnovno-obrazovanie-standardi

Bureau for Development of Education (Skopje). *Criteria for Assessment of Student Achievements*. Text available at http://bro.gov.mk/docs/kriteriumi/Kriteriumi_za_ocenuvanje.pdf

Cedefop (2015). *European guidelines for validating non-formal and informal learning*. Luxembourg: Publications Office. Cedefop reference series; No 104.http://dx.doi.org/10.2801/669676

Centre for Adult Education (Skopje, 2015). *Concept for Primary Education for Adults in the Republic of Macedonia*

Council (2012). *COUNCIL RECOMMENDATION of 20 December 2012 on the validation of non-formal and informal learning* (2012/C 398/01). Text available at http://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=OJ:C:2012:398:0001:0005:EN:PDF

Council for Adult Education (Skopje, 2010). *Strategy on Adult Education 2010-2015, with Action plan*.

EHEA Ministerial Conference (Bucharest, 2012). *Making the Most of Our Potential – Consolidating the European Higher Education Area*. Bucharest Communiqué. Text available at http://www.ehea.info/Uploads/%281%29/Bucharest%20Communique%202012%281%29.pdf

EHEA Ministerial Conference (Yerevan, 14-15 May 2015). *Yerevan Communiqué.* Text available at http://www.ehea.info/Uploads/SubmitedFiles/5_2015/112705.pdf

EHEA Ministerial Conference (Yerevan, 14-15 May 2015). *Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (ESG) - Revised ESG approved by the Ministerial Conference in Yerevan, on 14-15 May 2015.* Approved by the Ministerial Conference in May 2015, by European Association for Quality Assurance in Higher Education European Students' Union European University Association European Association of Institutions in Higher Education Education International BUSINESS EUROPE European Quality Assurance Register for Higher Education. Text available at https://revisionesg.files.wordpress.com/2015/05/revised_esg_2015_adopted.pdf

European Commission; Cedefop; ICF International (2014). European Inventory on validation of non-formal and informal learning 2014. Final synthesis report. Text available at http://libserver.cedefop.europa.eu/vetelib/2014/87244.pdf

European Commission; EQF Advisory Group; Cedefop (2009). *Criteria and procedures for referencing national qualifications levels to the EQF.* Ares(2009)89092. Agreed by the EQF AG (18/07/2010). Text available at https://ec.europa.eu/ploteus/sites/eac-eqf/files/criteria_en.pdf

European Commission; EQF Advisory Group; Cedefop (2015) *The future of referencing*

European Commission/EACEA/Eurydice (2015). *The European Higher Education Area in 2015: Bologna Process Implementation Report.* Luxembourg: Publications Office of the European Union. Text available at http://bologna-yerevan2015.ehea.info/files/2015%20Implementation%20report_20.05.2015.pdf

European Commission (2008). *Explaining the European Qualifications Framework for Lifelong Learning.*

European Parliament and Council (2008). *Recommendation of the European Parliament and of the Council of 23 April 2008 on the establishment of the European Qualifications for Lifelong Learning.* Text available at https://ec.europa.eu/ploteus/sites/eac-eqf/files/broch_en.pdf

European Training Foundation (May 2014). *Inventory and Analysis of Existing Qualifications, Study Supporting the EQF Referencing Process in the Republic of Macedonia.*

EQF project 'EQF Referencing Process – Examples and Proposals (EQF-Ref)' (May 2011).*EQF Referencing Process and Report.*

EQF Series: https://ec.europa.eu/ploteus/documentation#documentation_76

- EQF Note 1 Explaining the European Qualifications Framework for Lifelong Learning (brochure) – (2010)
- EQF Note 2 Added value of National Qualifications Frameworks in implementing the EQF (2010)
- EQF Note 3 Referencing National Qualifications Levels to the EQF (2011)
- EQF Note 4 Using Learning Outcomes (2011)
- EQF Note 5 Referencing National Qualifications Levels to the EQF - Update 2013 (2013)

EQF Referencing Reports *The official versions of the national referencing reports of the countries following their adoption by the EQF AG* Texts available at https://ec.europa.eu/ploteus/documentation#documentation_76

ICF GHK (2013). *Evaluation of the Implementation of the European Qualifications Framework Recommendation- Final report,* Text available at http://www.nki-latvija.lv/content/files/DG%20EAC%20-%20Evaluation%20EQF%20-%20Final%20Report%20-%20Final%20Version.pdf

Ministers of vocational education and training (VET), Riga 2015 Conclusions on a new set of medium – term deliverables in the field of VET for the period 2015-2020, as a result of the review of short – term deliverables defined in the 2010 Bruges Communique. Text aviable at http://ec.europa.eu/education/policy/vocational-policy/doc/2015-riga-conclusions_en.pdf

Ministry of Education and Science (2004). *Documentation produced in the framework of the EU funded project "Vocational Education and Training Programme Phase 2".* Contract number 02-0003, CARDS. Project managed by the European Agency for Reconstruction. Period of implementation 2002-2004.

Ministry of Education and Science (2009). *Documentation produced in the framework of the EU funded project* "*Technical assistance to the Ministry of Education and Science on Life Long Learning*". (Contract number 06MAC01/11/102, CARDS) Period of implementation 2007-2009.

Ministry of Education and Science (2005). *National Programme for Development of Education 2005-2015, with accompanying programme documents.* Text available at http://e-demokratija.mk/documents/10157/29517/%D0%9D%D0%B0%D1%86%D0%B8%D0%BE%D0%BD%D0%B0%D0%BB%D0%BD%D0%B0+%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0+%D0%B7%D0%B0+%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%B2%D0%BE%D0%B8+%D0%BD%D0%B0+%D0%BE%D0%B1%D1%80%D0%B0%D0%B7%D0%BE%D0%B2%D0%B0%D0%BD%D0%B8%D0%B5%D1%82%D0%BE+%D0%B2%D0%BE+%D0%A0.%D0%9C.+2005-2015.pdf

Ministry of Education and Science (2013). *National Qualifications Framework – Baselines.* Text available at

http://mon.gov.mk/images/documents/nacionalna_ramka/Dokument_Makedonska_ramka_za_kvalifikacii_-_pojdovni_osnovi-eng.pdf

Ministry of Education and Science (2013). *Strategy for Vocational Education and Training in the Context of Lifelong Learning 2013-2020, With Action Plan "Better Skills for a Better Tomorrow".* Text available at http://www.csoo.edu.mk/images//vet%20strategy_mac%20-%20final.pdf

Ministry of Education and Science (Skopje, 2015). *Concept for graduation and final exam in secondary education lasting four years in the Republic of Macedonia*. Text available at http://www.matura.gov.mk/data_files/state_graduate/mk/2035_%D0%9A%D0%9E%D0%9D%D0%A6%D0%95%D0%9F%D0%A6%D0%98%D0%88%D0%90.pdf

Ministry of Education and Science and Centre for Adult Education (2015). *Concept Paper for Non-formal Adult Education and Informal Learning in the Republic of Macedonia.*

Ministry of Labour and Social Policy (Skopje, 2009). *Early Learning and Development Standards*. Text available at www.mtsp.gov.mk/WBStorage/Files/ran_detski_razvoj.doc

State Statistical office of the Republic of Macedonia (Skopje, 2014). *The System of Education in the Republic of Macedonia in Relation to the International Standard Classification of Education ISCED 2011.*Text available at http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/2.8.14.01.pdf

State Statistical office of the Republic of Macedonia (Skopje, 2008). *National Classification of Occupations (NCP 2011*). Text available at http://www.stat.gov.mk/KlasifikaciiNomenklaturi/NacionalnaKlasifikacijaNaZanimanjata.pdf

Subsidiary text 2013 to the Lisbon Recognition Convention - SUBSIDIARY TEXT TO THE CONVENTION: "RECOMMENDATION ON THE USE OF QUALIFICATIONS FRAMEWORKS IN THE RECOGNITION OF FOREIGN QUALIFICATIONS: http://www.skvc.lt/uploads/lawacts/docs/128_323d3fabbfb54af185073abb20f68457.pdf

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2010). *Concept for Vocational Education for Occupations.* Text available at http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20na%20strucno%20obrazovanie%20na%20zanimanja.pdf

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2010). *Concept for Vocational Training with Duration Up to Two Years.* Tekst available at http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20na%20strucnoto%20osposobuvanje.pdf

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2010). *Concept for Post-Secondary Education*. Text available at http://www.csoo.edu.mk/images/stories/koncepcija%20za%20postsredno%20obrazovanie.pdf

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2012). *Standards for Delivery of Practical Training of Student at Employers*. Text available at http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=37&Itemid=138

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2014). *Standard for Professional and Other Staff for Practical Training Delivery at Employers*. Text available at http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=37&Itemid=138

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2014). *Standards of Occupations* Text available at http://www.csoo.edu.mk/index.php?option=com_content&task=blogcategory&id=65&Itemid=190

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 2009). *Methodology for Preparation of Standards for Occupations.* Text available at http://www.csoo.edu.mk/images/stories/metodologija%20za%20izrabotka%20na%20standardi%20na%20zanimanja.pdf

Vocational Education and Training Centre (Skopje, 1999). *General National Curriculum for Secondary Reformed Vocational Education and Training.* Text available at http://www.csoo.edu.mk/images/DOCs/opstdrzv-kurikulum.pdf

# 12. АНЕКСИ

## Анекс 1: Национален наставен план за 9-годишно основно образование

| Наставни предмети | I | II | III | IV | V | VI | VII | VIII | IX |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Задолжителни предмети | | | | | | | | | |
| Македонски јазик (албански, турски, српски) | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Македонски јазик за учениците од заедници | | | | • | • | • | • | • | • |
| Математика | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Англиски јазик | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Втор странски јазик | | | | | | • | • | • | • |
| Ликовно образование | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Музичко образование | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Запознавање со околината | • | • | • | | | | | | |
| Техничко образование | | | | • | • | • | | | |
| Информатика | | | | | | • | • | | |
| Општество | | | | • | • | | | | |
| Географија | | | | | | | • | • | • |
| Историја | | | | | | • | • | • | • |
| Етика | | | | | | | • | | |
| Граѓанско образование | | | | | | | | • | • |
| Природа | | | | • | | | | | |
| Приордни науки | | | | | • | | | | |
| Природни науки и техника | | | | | | • | | | |
| Биологија | | | | | | | • | • | • |
| Физика | | | | | | | | • | • |
| Хемија | | | | | | | | • | • |
| Физичко и образование за здравјето | • | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Изборни предмети | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Јазик и култура на Власи | | | • | • | • | • | • | • | • |
| Јазик и култура на Роми | | | • | • | • | • | • | • | • |
| Јазик и култура на Бошњаци | | | • | • | • | • | • | • | • |
| Творештво | | | | • | • | | | | |
| Работа со компјутери | | | | • | • | | | | |
| Етика на религии, запознавање со религ<br>Класична култура во европската цивили | | | | | | • | | | |
| Друг изборен предмет | | | | | | | • | • | • |
| Албански јазик | | | | | | • | • | • | • |
| Дополнителни часови[41] | | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Класен час | | • | • | • | • | • | • | • | • |
| Училишен хор<br><br>Училишен оркестар | | | | | | | | | |

[41] Некои предмети за ученици со потешкотии во учењето и за ученици кои покажуваат извонреден интерес.

# Анекс 2: Примери на студиски програми за високо образование засновани на резултати од учење

## Резултати од учење за академската студиска програма по електроенергетски системи
## (Прв и втор циклус)

### Универзитет “Св. Климент Охридски” – Битола

**Програмски резултати од учење за академски студии по електроенергетски системи**

| | Прв циклус | Втор циклус |
|---|---|---|
| **Вид на диплома** | Дипломиран универзитетски инженер по електротехника | Магистер на науки по електроенергетски системи |
| **Времетраење на студии (години)** | 4 | 1 |
| **Број на кредити** | 240 | 60 |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификаціја | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | Прв циклус | Препознава и помни добро воспоставени начела во рамките на фундаменталните области од физика, математика и инженерски науки поврзани со електроинженерството.<br>Опишува и расправа за клучни аспекти и концепти особено во основните области од Електроенергетските системи: производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија.<br>Следи тековни истражувања и развој, како и поширокиот мултидисциплинарен контекст во полето на електроинженерството. |
| | Втор циклус | Идентификува соодветни методологии за стекнување знаење и разбирање во една од областите на електроенерегетските системи или системите за мерење и управување во којашто студентот избрал да развива експертиза: електрични машини, системи за пренесување и дистрбуирање на електричната енергија, примената на компјутер во електроенергетските системи, обновливите извори на електрична енергија, енергетската електроника, обработката на сигнали, микропроцесорите и микроконтролерите, електромагнетната компатибилност.<br>Систематски и креативно објаснува и расправа за тековните и најновите истражувања, концепти, начела и теории кои се однесуваат на избраната област на специјализација на електротехниката.<br>Оди во чекор со најновите достигнувања во областа на електроенергетските системи или системите за мерење и управување со што обезбедува основа за оргиналност при развивањето и примената на автономни идеи во истражувачки контекст. |

<table>
<tr><th>Вид на дескриптор</th><th>Циклус на квалификација</th><th>Опис на квалификација</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Примена на знаењето и разбирањето</td><td>Прв циклус</td><td>Одредува и анализира процеси, методи и резултати во областа на производство, пренос и дистрибуција на електрична енергија.<br><br>Лоцира, формулира и решава основни проблеми во реален енергетски систем поврзани со дизајнирање, експлоатација, одржување и техничка контрола, користејќи веќе воспоставени методи.<br><br>Избира и користи соодветна опрема, алатки и аналитички методи, битни за анализа на Електроенергетските системи.<br><br>Применува прописи и техники за заштита на животната средина</td></tr>
<tr><td>Втор циклус</td><td>Испитува, анализира, развива, оптимизира и управува со електроенергетските системи и системите за мерење и управување.<br>Независно и креативно предлага решенија за проблеми што се појавуваат во процесот на дизајнирање и изградба на електронергетските системи и системите за мерење и управување техничка контрола и експертиза.<br><br>Применува иновативни методи при решавање на мултидисциплинарни непознати и нецелосно дефинирани проблеми користејќи напредно математичко, научно, информатичко и инженерско знаење.<br><br>Применува прописи и техники за заштита на животната средина.</td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>Вид на дескриптор</th><th>Циклус на квалификација</th><th>Опис на квалификација</th></tr>
<tr><td rowspan="2">Способност за проценка</td><td>Прв циклус</td><td>Прибира, анализира и презентира информации од соодветни податоци достапни во областа на електроенергетските системи, поврзни со производството, преносот и дистрибуцијата на електричната енергија.<br><br>Прави соодветна проценка при применување и оценување на знаење од клучно значење за редовното работење на електроенергетските системи, земајќи ги во предвид личните, општествените, научните или етичките аспекти.<br><br>Спојува теорија и пракса да реши проблеми во електроенергетските системи, да ги објасни причините за настанувањето и да избере соодветно решение.</td></tr>
<tr><td>Втор циклус</td><td>Синтетизира и интегрира знаење во неколку области од полето на електронергетските системи и системите за мерење и управување поврзано со областа која студентот ја избрал да развие експертиза.<br><br>Критички оценува и изведува заклучоци дури и врз основа на нецелосни или ограничени информации користејќи актуелна информатичка и комуникациска технологија неопходна за редовно работење на електронергетските системи и системите за мерење и управување во пракса.<br><br>Истражува примена на нови и развојни технологии, иновации и позитивна пракса во секојдневната реална работа на електронергетските системи и системите за мерење и управување истражува и го анализира развојот на национално ниво.</td></tr>
</table>

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
| --- | --- | --- |
| Комуникациски вештини | Прв циклус | Комуницира ефективно преку пишани извештаи и усни презентации, користејќи соодветна терминологија и технички јазик, соодветен за Електроенергетските системи.<br><br>Споделува и расправа за концепти и идеи во областа на Електроенергетските системи, како со инженерската заедница така и со целата општествена јавност.<br><br>Способен е за тимска работа и активна соработка во рамките на група, преку споделување на одговорности и задачи. |
| | Втор циклус | Јасно и недвосмислено презентира заклучоци и резултати од истражувања пред публика, со можност да го прилагоди стилот и формата на изразување пред нестручната публика.<br><br>Ефективно учествува во мултидисциплинарни составени тимови, каде што се потребни компетенции и познавање на електронергетските системи и системите за мерење и управување или како водач на тим или во улога на експерт.<br><br>Презема значајна одговорност и дава отчет за квалитетот на поединечните и колективните резултат, предводи и иницира активност во областите јна специјализација на електронергетските системи и системите за мерење и управување во рамките на електроинженерството. |


| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
| --- | --- | --- |
| Комуникациски вештини | Прв циклус | Комуницира ефективно преку пишани извештаи и усни презентации, користејќи соодветна терминологија и технички јазик, соодветен за Електроенергетските системи.<br><br>Споделува и расправа за концепти и идеи во областа на Електроенергетските системи, како со инженерската заедница така и со целата општествена јавност.<br><br>Способен е за тимска работа и активна соработка во рамките на група, преку споделување на одговорности и задачи. |
| | Втор циклус | Јасно и недвосмислено презентира заклучоци и резултати од истражувања пред публика, со можност да го прилагоди стилот и формата на изразување пред нестручната публика.<br><br>Ефективно учествува во мултидисциплинарни составени тимови, каде што се потребни компетенции и познавање на електронергетските системи и системите за мерење и управување или како водач на тим или во улога на експерт.<br><br>Презема значајна одговорност и дава отчет за квалитетот на поединечните и колективните резултат, предводи и иницира активност во областите јна специјализација на електронергетските системи и системите за мерење и управување во рамките на електроинженерството. |

# Резултати од учење на професионални студии за медицински сестри /техничари

## Универзитет "Св. Кирил и Методиј" - Скопје

### ПРОГРАМСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНИ СТУДИИ ЗА МЕДИЦИНСКА СЕСТРА/ТЕХНИЧАР

| | **Прв циклус** |
|---|---|
| **Вид на диплома** | Дипломирана медицинска сестра/техничар |
| **Времетраење(години)** | 3 |
| **Број на кредити** | 180 |

| **Вид на дескриптор** | **Циклус на квалификациј а** | **Опис на квалификација** |
|---|---|---|
| Знаење и разбирање | Прв циклус | Покажува знаење на медицинска терминологија, физиолошки и патолошки механизми, поврзани со човековото тело и заболувања, разбирање на човековото однесување и системи на вредности, неопходно знаење за лекување на пациенти.<br>Покажува знаење за основните лекови и нивната терапевтска употреба, организација на различни дијагностички оддели во болницата, како да прочита информација за дијагностички нарачки и каква е нивната улога во реализирањето на тие нарачки.<br>Покажува знаење за решавање на проблеми и работа со тим на професионалци со високо образование и знаење како да раководи со тимот за медицинска грижа. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Примена на разбирањето и знаењето | Прв циклус | Применува теоретски принципи и практични вештини во сите видови на општа грижа за пациентите, прави неопходни превентивни мерки за промоција на здравјето и спречување на болестите.<br><br>Чита информации за различни лабораториски дијагностички нарачки, ги бележи анализите и ги прима резултатите назад.<br><br>Применува професионална експертиза во решавањето на проблемите и работи со доктори при процесот на дијагноза и лекување на пациенти, раководи со тим на медицински сестри, ја одредува и организира секојдневната работа и распореди за работа и успешно ја води целата документација. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Способност за проценка | Прв циклус | Покажува способност за донесување на заклучок или мислење по процес на опсервација, анализа на достапни информации или податоци.<br><br>Покажува способност да ги идентификува, поврзе и интерпретира знаците или симптомите за одредена состојба, да одлучи кои анализи треба да се направат, ги чита резултатите, поставува медицинска дијагноза и одредува соодветни активности за негување.<br><br>Покажува разбирање за механизмите и значењето на случајот, неговите елементи и ефекти со цел да дојде до соодветни решенија. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Прв циклус | Покажува способност за ефективна комуникација со колеги, посетители, пациенти, сестри, доктори и персонал од други оддели. Работи успешно како дел од тим, доверлива е, поседува соодветно однесување, критичко размислување, ги познава и почитува културните различности.<br><br>Покажува способност за прилагодување кон лица со различни позадини и стилови на комуникација и има почит кон другите.<br><br>Покажува разбирање за човековото однесување, вредносни системи, елементите и компонентите на процесот на комуникација, внимателно слуша, поседува одлични техники за разговор преку телефон, знае да започне комуникација и знае да раководи со времето и стресот. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Прв циклус | Покажува способност за ефективна комуникација со колеги, посетители, пациенти, сестри, доктори и персонал од други оддели. Работи успешно како дел од тим, доверлива е, поседува соодветно однесување, критичко размислување, ги познава и почитува културните различности.<br><br>Покажува способност за прилагодување кон лица со различни позадини и стилови на комуникација и има почит кон другите.<br><br>Покажува разбирање за човековото однесување, вредносни системи, елементите и компонентите на процесот на комуникација, внимателно слуша, поседува одлични техники за разговор преку телефон, знае да започне комуникација и знае да раководи со времето и стресот. |

# Резултати од учење за академски интегрирани студии по фармација (Прв и втор циклус)

**Универзитет “Св. Кирил и Методиј” - Скопје**

## ПРОГРАМСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ ЗА ФАРМАЦИЈА

| | Прв и втор циклус интегрирани | Трет циклус |
|---|---|---|
| **Наслов на диплома** | Магистер по фармација | Доктор по фармација |
| **Времетраење на студии (години)** | 5 | 3 |
| **Број на кредити** | 300 | 180 |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| **Знаење и разбирање** | **Прв и втор циклус интегрирани** | Покажува знаење и разбирање во полето на фармацијата кое се надоградува врз општото средно образование и квалификациите за влез во повисоко образование, во главните подрачја на фармацевтската пракса и наука, применувајќи методологии соодветни за решавање проблеми, како на систематски, така и на креативен начин, што дава основа или можност за оригиналност во развивањето и/или примената на автономни идеи во контекст на праксата и истражувањето.<br><br>Покажува знаење да практикува фармација во рамките на легислативата и согласно со професионалните стандарди и етичките начела, да дизајнира, формулира, произведува и испитува лекови, лековити производи и медицински помагала, и да обезбедува соодветен исход од фармако- терапијата на сите нивоа на здравствена заштита.<br><br>Покажува критичко разбирање за клучните теории, начела и методи во фармацевтската наука и пракса и способност да го консолидира своето знаење вертикално, хоризонтално и латерално. |
| | **Трет циклус** | Покажува високо ниво на професионална компететност во едно или повеќе специфични научни полиња, системско разбирање на полето на истражување на фармацевтските науки и распознавање на методи и вештини за истражување во рамките на фармацевтските науки согласно највисоките меѓународни стандарди. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | Прв и втор циклус интегрирани | Применува знаење и разбирање базирано на доказ во полето на фармацевтската наука и управувањето со фармацевтската пракса, формулирањето, производството и обезбедувањето на квалитет на лековите, лековитите производи и медицинските помагала, и во планирањето, управувањето, советувањето и прегледувањето на општите програми за фармацевтска грижа на пациентите.<br>Има способност за пронаоѓање и поткрепување на аргументи, за индивидуален и мултидисциплинарен креативен и оригинален пристап во нови или непознати средини, поврзани со полето на студирање. |
| | Трет циклус | Умее да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување во полето на фармацијата, биомедицинските и други науки за здравјето и релевантни под-дисциплини.<br>Покажува способност за независен придонес кон истражувањето со кои се преминуваат границите на знаење и е предмет на национална и меѓународна ревизија од експерти и специјалисти во полето |


| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Примена на знаењето и разбирањето | Прв и втор циклус интегрирани | Применува знаење и разбирање базирано на доказ во полето на фармацевтската наука и управувањето со фармацевтската пракса, формулирањето, производството и обезбедувањето на квалитет на лековите, лековитите производи и медицинските помагала, и во планирањето, управувањето, советувањето и прегледувањето на општите програми за фармацевтска грижа на пациентите.<br>Има способност за пронаоѓање и поткрепување на аргументи, за индивидуален и мултидисциплинарен креативен и оригинален пристап во нови или непознати средини, поврзани со полето на студирање. |
| | Трет циклус | Умее да толкува, дизајнира, применува и адаптира суштински предмет на истражување во полето на фармацијата, биомедицинските и други науки за здравјето и релевантни под-дисциплини.<br>Покажува способност за независен придонес кон истражувањето со кои се преминуваат границите на знаење и е предмет на национална и меѓународна ревизија од експерти и специјалисти во полето |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Комуникациски вештини | Прв и втор циклус интегрирани | Користи соодветна професионална комуникација за воспоставување на соработка со индивидуални пациенти, специфични групи на пациенти, колеги, здравствени работници и менаџментот на организацијата.<br><br>Покажува способност за комуникација каде контекстот на дискусијата и критериумите за одлука и обемот на задачи се или јасно дефинирани или базирани на мислење.<br><br>Покажува способност за независно учество во специфични, научни и интердисциплинарни дискусии, со професионален пристап. Прифаќа и консултации за специјалистички совет и одговорност во тимот. Води и поттикнува активности. |
| | Трет циклус | Покажува способност за презентирање и дискутирање на резултати и откритија од нивните истражувања со врсниците и колегите и можат да разговараат за истите со претставници на академската или неакадемска средина;<br>Може да воспостават мрежи за соработка со колеги, домашна и меѓународна академска заедница и општество во рамки на нивното поле на експертиза;<br><br>Можат да предводат истражувачки тим. |

| Вид на дескриптор | Циклус на квалификација | Опис на квалификација |
|---|---|---|
| Вештини за учење | Прв и втор циклус интегрирани | Покажува способност за независно идентификување на своите лични потреби и интерес за континуирана едукација и професионален развој, дизајнира стратегија и планови за промоција на личниот интелектуален развој, организира напредни активности за учење и критички ја оценува соодветноста на методите за учење, нивното влијание врз знаењето, вештините, компетентноста и праксата.<br><br>Покажува способност за документирање на активностите за учење преку создавање на индивидуално портфолио. |
| | Трет циклус | Покажува способност за самопромовирање во академски и професионален контекст, и за технолошки, социјален и културен развој во општество базирано на знаења. |

## Анекс 3. Преглед на поддршката од ЕТФ на процесот на поврзување

| | Цел | Вклучени релевантни страни | Метод на имплементација | Период | Активности |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Краток осврт на статусот на развој на МРК. Информирање за планираните активности за финализирање на МРК | Работна група за развој на МРК<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Работна сесија и консултации за нацрт текстот на Македонската рамка на квалификации – појдовни основи | Јануари 2013 | Детално беа разгледани коментарите и препораките дадени од ЕТФ експертот г-дин Арјен Деј |
| 2 | Планирање на идните активности поврзани со МРК | Работна група за развој на МРК<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Работни состаноци и консултации | 02.12.2013 | |
| 3 | Почеток на разговорите за процесот на поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за развој на МРК<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Работни состаноци и консултации | 28.01.2014 | Беше изготвен прв општ акционен план за поврзување |
| 4 | Соработка со релевантните страни вклучени во процесот на МРК, договор за идните чекори за понатамошен развој и имплементација на МРК и за изготвување на Извештај за поврзување со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за развој на МРК<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко<br>Британски совет- Даниела Бавчанџи | Заеднички состанок на МОН-ЕТФ-Британски совет | 30.01.2014 | Беше договорен акциски план за понатамошен развој и имплементација на МРК.<br>Беше договорено ЕТФ да го поддржи процесот на поврзување. Британскиот совет ќе ја поддржи имплементацијата на МРК со фокус на јакнење на капацитетите и зголемена вклученост на работодавачите. |
| 5 | Подоготовки за развој на извештајот за поврзување со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за развој на МРК<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Работна сесија | 02.04.2014 | Информации за критериумите за поврзување со ЕРК и за критериумите и процедурите за само-потврдување со РК-ЕПВО |
| 6 | Почеток на процесот на подготовка на Извештајот за поврзување со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за подготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК, советници од Центарот за стручно образование и обука и Центарот за образование на возрасни, претставници од работодавачите, коморите, училиштата и високообразовните установи.<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко<br>ЕТФ експерт проф.д-р | Состаноци со раководни лица и експерти од МОН, Центар за стручно образование и обука, Центар за образование на возрасни и Агенцијата за вработување<br>Работилница предводена од Едуарда Кастел Бранко и проф. Миле Џелалија | 22-23.05.2014 | Збогатено знаењето и разбирањето на членовите на работната група за подготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Миле Џелалија | | | |
| 7 | Процес на поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за подготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК, советници од Центарот за стручно образование и обука и ЦОВ, претставници на работодавачите, коморите, училиштата и високообразовните институции<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко и Мирјам де Јонг<br>ЕТФ експерти-проф. Миле Џелалија и Јове Јанкуловски | Работилница предводена од експертите Едуарда Кастел Бранко, проф.Миле Џелалија, Мирјам де Јонг и Јове Јанкуловски | 23-27.06.2014 | Договор за формата и содржината на Извештајот за поврзување<br>Договор за подгрупите одговорни за пишување на различни потпоглавја од Извештајот<br>Информација за подготовките за отпочнување на ЕТФ проектот за подготовка на Каталог на постоечки квалификации и нивна анализа поради процесот на поврзување |
| 8 | Продолжување на процесот за поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО | Работна група за подготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК, советници од Центарот за стручно образование и обука и ЦОВ, претставници на работодавачите, коморите, училиштата и високообразовните институции<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко и Мирјам де Јонг<br>ЕТФ експерти-проф. Миле Џелалија и Јове Јанкуловски<br>Гости: членови на советодавната група за ЕРК од Австрија и Унгарија<br>Претставник од Министерството за образование на Црна Гора | Работилница со придонес на г-ѓа Едурда Кастел Бранко, главната работна група за поврзување, експертите за рамка на квалификации од Австрија, Хрватска, Унгарија и Црна Гора и од г-дин Јове Јанкуловски | 13-17.10.2014 | Продлабочено знаење и разбирање на членовите на работната група и другите учесници на работилницата за процесот на поврзување со ЕРК<br>Анализа на усогласеноста на МРК со ЕРК Критериум 2<br>Презентација листата и анализата на постоечките квалификации во РМ, која беше разгледана од страна на учесниците и беа дадени препораки |
| 9 | Подготовка на Извештајот за поврзување | Советници од Центарот за стручно образование и обука<br>Главната група<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко | Работна сесија со фокус на детална презентација и дискусија за Каталогот и анализата на постоечките квалификации, студија која го поддржува процесот на поврзување со ЕРК во РМ<br>(ЕТФ проект) | 23.02.2015 | Беше договорено секој советник од Центарот за стручно образование и обука внимателно да го прочита делот од студијата кој се однесува на квалификациите кои се во негова надлежност и доколку е потребно, да направи измени на текстот |
| 10 | | Работна група за | Конференција: *Македонска* | 18 март 2015 | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | Соработка, заедничко учење на релевантните страни и размена на искуства на други држави | понатамошен развој на МРК, претставници на асоцијации, комори, работодавачи, Обединето Кралство и други држави<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко<br>Организатори: Британски совет и ЕТФ | *рамка на квалификации-рана фаза на имплементација*<br>*Пристапи за одредување на нивото на квалификации. Улога на поврзувањето со ЕРК во поддршката за имплементација на ЕРК*<br>Заедничка организација Британски совет-ЕТФ | | Презентации |
| 11 | Подготовка на Извештајот за поврзување | Главна група за подготовка на Извештајот (Аспасија Хаџишче, Наташа Јаневска, Нада Стоименова, Борчо Алексов)<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Работна сесија-дискусија со членовите на главната група за специфични теми кои треба да бидат опфатени во Извештајот | 19.03.2015 | Продолжување на работата за подготовка на Извештајот<br>Беше договорена координација со Центарот за стручно образование и обука за процесот на ажурирање на Каталогот и анализата на постоечките квалификации |
| 12 | Јакнење на капацитетите на релевантните страни со фокус на пристапот за резултати од учење, обезбедување на квалитет и МРК.<br>Подготовка на Извештајот за поврзување | Работна група за подоготовка на Националниот извештај за поврзување на НРК со ЕРК, советници од Центарот за стучно образование и обука и ЦОВ, претставници на работодавачите, коморите, училиштата и високообразовните институции, ЕУ делегација<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко и Мирјам де Јонг<br>ЕТФ експерт-проф. Миле Џелалија | Работилница | 18-22.05.2015 | Подготовка на Извештајот за поврзување со фокус на Поглавје 5 за усогласеноста на МРК со критериумите за поврзување на ЕРК |
| 13 | Експериментирање (фаза 1): адаптирање на постоечките квалификации за четиригодишното стручно образование преку нивно опишување со резултати од учењето<br>Одредување на нивотово МРК<br>Пример на три квалификации: текстилен техничар, техничар за туризам и хотелиерство и економски техничар | Работна група за развој на МРК,<br>Сите советници од Центарот за стручно образование и обука, претставници од стручни училишта/наставници и фирми од три сектори (текстил, банкарство и осигурување, хотелиерство и туризам).<br>Претставник од АВРМ<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко<br>Експерт Војчиех Стечли, Полска | Работен состанок со советници од Центарот за стручно образование и обука<br>Работилница водена и модерирана од ЕТФ експерт<br>• Употреба на резултати од учење- примери на добра пракса<br>• Клучни резултати од учење кај четиригодишните стручни квалификации | 1-4.09.2015 | Документи за пишување на клучни резултати од учење<br>Првична документација за клучните резултати од учење на трите селектирани квалификации од четиригодишното стручно образование |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 14 | Редефинирање на моменталните квалификации во четиригодишното стручно образование преку примена на пристапот за дефинирање на клучни резултати од учење | Главна група за подготовка на Извештајот (Аспасија Хаџишче, Наташа Јаневска, Нада Стоименова, Борчо Алексов)<br>ЕТФ- Едуарда Кастел Бранко | Skype конференција | 16.10.2015 | Дискусија и договор за подготовка на работилницата за редефинирање на четиригодишните стручни квалификации: активности на ЕТФ, надлежностите Центарот за стручно образование и обука, задачи за МОН |
| 15 | Подготовка на Извештајот за поврзување | Главна група за подготовка на Извештајот (Аспасија Хаџишче, Наташа Јаневска, Нада Стоименова, Борчо Алексов)<br>Проф. Миле Џелалија,ЕТФ експерт и член на советодавната група за ЕРК<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко | Работна сесија со дискусии и материјали | 22-27.11.2015 | Ревидирање на поглавјата за усогласеноста на МРК со критериумите на ЕРК и усогласеноста на критериумите и процедурите на НР ВОК со РК-ЕПВО, описи на МРК |
| 16 | Експериментирање (фаза 2-завршување): ревизија на постоечките квалификации за четиригодишното стручно образование преку нивно опишување со клучни резултати од учење<br>Општи информации и јакнење на капацитети за процесот и резултатите од експериментирањето - за поширока група | Главна група за подготовка на Извештајот (Аспасија Хаџишче, Наташа Јаневска, Нада Стоименова, Борчо Алексов)<br>Сите советници од Центарот за стручно образование и обука, претставници од стручни училишта/наставници и фирми од три сектори (текстил, банкарство и осигурување, хотелиерство и туризам).<br>Претставници од АВМР<br>Околу 50 претставници од економскиот сектор, наставници, работодавачи од сите региони<br>ЕТФ-Едуарда Кастел Бранко<br>Експерт-Војче Стечли, Полска | Работилница и сесија за обука | 17-18.12.2015 | Ревизија и финализирање на клучните резултати од учење на примерокот квалификации.<br>Одредување на нивото во МРК<br>Општ договор за заедничкиот пристап за идна генерализација. |

## Анекс 4. Копии од изјавите на националните тела за обезбедување на квалитет (ЕРК Критериум 6)

1. **Писмена изјава на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование**

REPUBLIC OF MACEDONIA
**HIGHER EDUCATION ACCREDITATION AND EVALUATION BOARD**

№ 10-214/1
24-12-2015

City Trade Center
[illegible]
[illegible]
[illegible] Skopje
Phone [illegible]
Fax [illegible]

**To:**
**The European Qualification Framework Advisory Group**

**Subject:** Referencing Report of the National Qualifications Framework to the European Qualifications Framework stated agreement

Higher Education Accreditation and Evaluation Board is an independent national body in charge of quality assurance in Higher Education. The Board consists of 23 members nominated by the inter-university conference, Government, Macedonian Academy of Sciences and Arts, Student's organisations and Employer's associations. The activities of the Board are performed in accordance with The European Standards and Guidelines for Quality Assurance in the European Higher Education Area (ESG). The Quality Assurance System applies to all Higher Education Institutions and study programs, and covers teaching, learning, research, student support service and internal quality assurance/management

The Board was included from the very beginning of the implementation of the National Qualification Framework in the Republic of Macedonia and in the process of referencing the National Qualifications Framework to the European Qualifications Framework for Lifelong Learning as well as into Self-certification process of NQF-HE to QF-EHEA. The Board is represented in the National Board for the Macedonian Qualification Framework as well.

In June-July 2015 special sessions were held with officials of the Board for Accreditation and Evaluation of Higher Education. Comments and suggestions of the Board are incorporated in the Referencing Report.

The Referencing Report of the National Qualifications Framework to the European Qualifications Framework for Lifelong Learning as well as Self-certification of NQF-HE to QF-EHEA has been agreed by the Higher Education Accreditation and Evaluation Board.

**President of the Higher Education**
**Accreditation and Evaluation Board**

Gorazd Rosoklija

**Gorazd Rosoklija M.D, Ph.D**
**Associate Professor-Psychiatry (MIND)**
**Columbia University-College of Physicians and Surgeons**
**New York, NY**

ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА
И ЕВАЛУАЦИЈА НА
ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА ЕВАЛУАЦИЈА И АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**До: Советодавната група на ЕРК**

**Предмет:** Дадена согласност за Извештајот за поврзување на Националната рамка на квалификации со европската рамка на квалификации

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование е независно национално тело одговорно за обезбедување на квалитет во високото образование. Одборот се состои од 23 членови номинирани од страна на Интер-универзитетската конференција, Владата, Македонската академија на науки и уметности, студентските организации и асоцијациите на работодавачите. Активностите на одборот се изведуваат согласно европските стандарди и начела за обезбедување на квалитет во европскиот високообразовен простор. Системот за обезбедување на квалитет се применува на сите високообразовни установи и студиски програми, и ги покрива наставниот процес, учењето, истражување, служби за поддршка на студентите и интерното раководство за обебзбедување на квалитет.
Од самиот почеток Одборот беше вклучен во имплементацијата на Националната рамка на квалификации во Република Македонија и во процесот на поврзувањето на Националната рамка на квалификации со Европската рамка на квалификации за доживотно учење како и во процесот на само-потврдување на НР ВОК со РК-ЕПВО.
Во јуни-јули 2015 беа одржани специјални состаноци со раководните претставници на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Коментарите и предлозите на Одборот се вклучени во Извештајот за поврзување.
Одборот за акредитација и евалуација на високото образование даде согласност за Извештајот за поврзување на НРК со ЕРК за доживотно учење како и на процесот за само-потврдување на НР ВОК со РК-ЕПВО.

Претседател на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование

Д-р Горазд Росоклија
Вонреден професор- Психијатар
Универзитет Колумбија- Колеџ за терапевти и хирурзи
Њујорк

## 2. Писмена изјава на Државниот испитен центар

Република Македонија
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

ул. „Васил Ѓоргов“, 66, 1000 Скопје; тел.: 02/3216-299, факс: 02/3228-686
ЕДБ: 4080009507394; Трезорска сметка: 160028150680319 НБРМ

ul. „Vasil Gjorgov“, bb, 1000 Skopje; tel.: 02/3216-299, fax: 02/3228-686
UTR: 4080009507394; Account Number: 160028150680319 NBRM

Republic of Macedonia
NATIONAL EXAMINATIONS CENTRE

www.dic.edu.mk e-mail: dic@dic.edu.mk

To: Ministry of Education and Science
Skopje

**Subject:** Opinion on the Referencing of the National Qualifications Framework to the European Qualifications Framework for Lifelong Learning and Self-Certification to the QF-EHEA

As national institution with important role in quality assurance of primary and secondary education the National Examination Centre has been involved in the whole referencing process with a member of the Working Group for Referencing the National Qualifications Framework to the European Qualifications Framework.

Additionally, a special session to discuss the draft Referencing Report with involvement of respective number of staff of the National Examination Centre took place in July 2015.

Having been acquainted with the content of the Referencing Report, the National Examination Centre is using the opportunity to thank the authors for having included the comments and recommendations of the Centre in the Referencing Report. The National Examinational Centre has paid special attention to the quality aspects in the respective chapters, especially the Citerion 5 (EQF) and accepts the content of the Report.

Director
of the National Examination Centre

Mirushe Ameti

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

**До: Министерство за образование и наука**

**Скопје**

**Предмет:** Мислење за поврзувањето на националната рамка на квалификации со европската рамка на квалификации за доживотно учење и процесот на само-потврдување на НР ВОК со РК-ЕПВО.

Како национална установа со важна улога во процесот на обезбедување на квалитет во основното и средното образование, Државниот испитен центар беше вклучен во целиот процес на поврзување со член во работната група за поврзување на Националната рамка на квалификации со европската рамка на квалификации.

Дополнително, во јули 2015 беше одржан тематски состанок за разгледување на нацрт Извештајот за поврзување на МРК со ЕРК со вработените на Државниот испитен центар.

Знаејќи ја содржина на Извештајот за поврзување, Државниот испитен центар ја користи можноста да се заблагодари на авторите за вклучувањето на коментарите и препораките на Центарот во Извештајот. Државниот испитен центар обрна посебно внимание на аспектите поврзани со квалитетот во релевантните поглавја, особено Критериум 5 (ЕРК) и ја прифаќа содржината на Извештајот.

Директор
Мируше Фетаи

## 3. Мислење на Државниот просветен испекторат

Adobe Acrobat Document

Кликнете на иконата со цел да ја прочитате изјавата на Државниот просветен инспекторат за Извештајот на поврзување на Македонската рамка за квалификации со Европската рамка на квалификации и само-потврдување на НР ВОК со РК-ЕПВО.

## Анекс 5. Копии од писмата за поддршка на проектот ТЕМПУС ETF-SM- 0050-2008, (2009-2012) потпишани од страна министрите за образование и наука во 2008 и 2009 (РК-ЕПВО, Процедура 1)

Adobe Acrobat Document

**Клкикнете на иконата со цел да го прочитате писмото за поддршка на Темпус проектот чија главна цел е развој на НР ВОК. Писмото е издадено во 2008.**

Adobe Acrobat Document

**Клкикнете на иконата со цел да го прочитате писмото за поддршка на Темпус проектот чија главна цел е развој на НР ВОК. Писмото е издадено во 2009.**

## Анекс 6. Мислење на меѓународни експерти за Извештајот на процесот на поврзување на Македонската рамка на квалификации со ЕРК и само-потврдувањета со РК-ЕПВО (ЕРК Критериум 7)

**1. Г-ѓа Едуарда Кастел Бранко -** вработена во ЕТФ (ЕУ агенција) од 2003 година. Едуарда Кастел Бранко  е вклучена во специфични проекти и тематски активности (вработување и квалификации). Таа ги раководи активностите на ЕТФ на  земјите како што се Мароко и Грузија, и земјите со кандидадтски статус (Република Македонија). Во овој контекст таа има изготвено бројни аналитички извештаи и забелешки за стратегии/реформи во областа на образованието и обуката и вработувањето (Грузија, Мароко и Република Македонија).

Таа ги координира активностите на мрежата на експерти за поврзување на вештините од Источното партнерство, што е дел од работната програма на Платформа 2 од Источното партнерство.

Таа работеше како службеник за политики во Генералниот директорат за образование, аудиовизуелност и култура (Европска Комисија). Од 2013 таа е претставник на ЕТФ во Советодавната група на ЕРК. Таа беше член на работната група за образование на возрасни ЕТ2020 (20014-2015).

Во периодот 2014-2015 нејзините активности вклучуваа поддршка на институционалната поставеност на НРК на Мароко и помош за поврзување со НРК со ЕРК во Република Македонија. Таа придонесе да се направи Попис/Каталог на квалификации во земјата, и синтетизираниот збирен извештај, и учествуваше во работилници и технички состаноци со релевантните страни и експертите.

### Мислење за Извештајот за поврзување со ЕРК претставен од страна на Република Македонија (верзија од 08/01/2016)

**Вовед**

Образованието и обуката, релевантните квалификации и иновациите се дефинирани, во различни национални стратегии, како двигатели на порас, подобри можности за вработување и социјална инклузија. Високата стапка на невработеност (особено невработеноста на младите) и несовпаѓањата (помеѓу слободните квалификации и барањата на пазарот на труд) се меѓу главните предизвици на кои земјата треба и понатаму да работи. Синергијата помеѓу релевантните установи и стратегии ќе остане фундаментален фактор за успех. Националната рамка за квалификации е еден таков катализатор за поартикулиран дијалог во рамки на системот на квалификации.

**Интеракцијата помеѓу имплементацијата на НРК и поврзувањето со ЕРК**

Различни кориснички групи ја гледаат НРК како платформа и мотиватор кој поддржува нов пристап кон реформите во системот на квалификации. НРК овозможува: 1) надлежност заснована на систематска соработка меѓу образованието и работодавачите; 2) хармонизиран пристап низ под-секторите на образование и обука за развој, опис и управување со квалификациите; 3) доволен простор за различни форми на учење-вклучувајќи неформално и информално- во системот и во животите на луѓето; 4) призната централна улога на пристапот на резултати од учење.

НРК за доживотно учење е во рана фаза, но постепено и сигурно се развива. Развојот на НРК беше долг и интермедијарните резултати беа понекогаш летаргични - се до крајот на 2012. Со обновувањето на консултациите и дијалогот со релевантните страни во 2013 и последователното усвојување на законската основа за НРК за доживотно учење (есента 2013) беше свртена нова страница. Но најзначајните чекори за поставување на НРК на вистинско ниво може да се поврзат со почетокот и забрзувањето на процесот за поврзување со ЕРК- во периодот 2014-2015.

Поврзувањето со ЕРК значи:

- Консензуално признавање на процесот како нов и важен двигател за работа согласно одредбите на законската легислатива за НРК;
- Нов механизам за консултации со релевантните страни, за нови теми инспирирани од клучните критериуми на поврзувањето со ЕРК (2,3,4,и 5);
- Систематизација на постоечките квалификации и програми преку Каталогот на сите квалификации (сите подсектори/формално и неформално образование) во 2014;
- Почеток на ревизијата на постоечките квалификации за четиригодишното стручно образование преку воспоставување на резултати од учење дефинирани на транспарентен и заеднички пристап вклучувајќи претставници од стручното образование и пазарот на труд (завршена пилот фаза),
- Почеток на примена на концепти и усогласен метод за одредување на нивото на квалификации (стручни) фокусирајќи се на резултати од учење;
- Синергија со други тековни проекти за поддршка на НРК, посебно оние кои се насочени кон развој на методолошка основа за опис на квалификации и вклучување во НРК;
- Креирање на веб страница за НРК, првично користена како база на документации и информации релевантни за Извештајот за поврзување со ЕРК
- Ажурирање на делови од Каталогот на квалификации во 2015 и нејзино објавување на веб страницата за ЕРК како прв модел за унифицирана база на податоци за квалификации- информациски систем отворен за јавноста.

Дискусиите и консултациите, во помали и поголеми групи, организирани за процесот на поврзување со ЕРК придонесоа за подобро разбирање на содржината и начелата на законската основа за НРК, улогата и значењето на описите на нивоа, новото значење дадено на зборот „квалификација“, надополнувањата помеѓу квалификациите и формалното и неформално учење во контекст на доживотното учење.

Беа дадени коментари за критичните аспекти на моменталната дефиниција на описите на нивоа, и одговорното министерство е свесно за тие прашања. Едно од таквите прашања се однесува на одредувањето на под-нивоа: официјалниот став е дека под-нивоата се неизбежни во моментов, со цел да се потврди прифаќањето на НРК од релавантните страни. Под-нивоата може да се сфатат како решение за еден период на транзиција. Ова исто така значи дека треба да се предвиди, во шемата за понатамошна имплементација на НРК, одразот на пост-транзиционата структура на НРК и ревидираните описи на нивоа.

Бројните дискусии за резлутатите од Каталогот на квалификации и анализата на земениот примерок на квалификации даде јасна престава за „тајните“ на описите на нивоа, правејќи споредба со резултатите од учење на вистинските квалификации и дискутирајќи ги новините на концептот на одредување на нивото на квалификацијата.

Оваа систематизација и анализа на квалификации (Каталог) ја дава целосната слика- со детали, празнини и проблеми - и овие практични информации беа искористени при објаснувањето на критериумите 3 и 4 од процесот на поврзување со ЕРК. Подоцна, во 2016-2017, голема е веројатноста Каталогот да претставува инспирација за креаторите на стратегии и практичарите, подетално да ги разгледаат материјалите и заклучоците за критичните точки на квалификациите - кога трите големи проекти насочени кон реформи на образованието и обуката (2ЕУ и 1Светска банка) ќе започнат ефективно со своите активности.

Додека првата целосна верзија на Извештајот за поврзување со ЕРК е резултат на интензивен 20 месечен процес реализиран со заложби на пвеќе установи, тој исто така претставува почеток и, од многу гледни страни, добра пракса.

**Клучни карактеристики на организацијата на процесот на поврзување**

Европската тренинг фондација (ЕТФ) помогна во давањето совети, правењето на анализи, јакнење на капацитетот и поддршка во вмрежувањето и работилниците во текот на целиот процес. Тимот на ЕТФ ги ревидираше различните нацрти на документот, давајќи коментари и предлози.

Патоказот за поврзување со ЕРК беше дефинирана и договорена со релевантните страни на првата работилница (мај 2014). Во меѓувреме мултисекторската работна група беше воспоставена од страна на министерството за образование и наука, со што на брз начин беше

постигната синхронизација помеѓу националното раководство и учество од една страна и експертизата на ЕТФ од друга.

Министерството за образование и наука го водеше целиот процес и состави главна група од четворица искусни претставници (г-ѓа Наташа Јаневска, г-ѓа Аспасија Хаџишче,  г-ѓа Нада Стоименова и г-дин Борчо Алексов) да го изготват Извештајот. Главната група соработуваше со тимот на ЕТФ во текот на двегодишниот процес и активно учествуваше во многуте технички состаноци  и состаноци поврзани со јакнење на капацитетите кои беа директно поврзани со Извештајот, како и во други дебати и работилници поврзани со Каталогот на квалификации и примената на резултатите од учење - исто така поврзани со процесот на поврзување.

Од почетокот на процесот, Каталогот на квалификации беше дел од пристапот предложен од страна на ЕТФ. Резултатите од Каталогот се собрани во едноставна база на податоци, која содржи собрани информации од голем опсег на документи, од сите моментални програми/квалификации во формалниот образовен систем и во акредитираните програми за образование на возрасни. Иако на почетокот беше примена со одредена доза на скептицизам од страна на државните установи, подоцна се покажа како многу значајна за сите релевантни страни. Првичната доза на несигурност беше постепено надмината, преку дискусии и технички работилници, заеднички ревизии на заклучоците, а особено преку изнаоѓање на соодветни решенија на идентификуваните проблеми -малата пилот иницијатива за опишување на квалификациите на четиригодишното стручно образование преку резултати од учење.

Извештајот ги комбинира процесот на поврзување со ЕРК и самоспотврдувањето (поглавја 5 и 6). Овој унифициран пристап доби поддршка од сите релевантни страни уште од самиот почеток.

Состаноците помеѓу претставници од високото образование и од средното образование (општо и стручно) беа многу корисни особено за размената на знаење и искуства за примената на резултатите од учење. За разлика од другите земји, високообразовниот сектор има поголемо искуство во поглед на дизајнирање на програми/квалификации преку користење на резултати од учење, и постои легислатива стапена сила по однос на ова прашање. Во 2013 средното стручно образование започна со реализација на некои нови програми и квалификации засновани на резултати од учењето, но засега тие претставуваат само мал дел од вкупниот број на доделени квалификации во средното стручно образование и обука.

Едно од главните прашања за кое се дискутираше од самиот почеток се однесуваше на потребата од зголемување на присутноста на учество на државата на состаноците на Советодавната група на ЕРК. Оваа цел беше постигната кон крајот на 2014. Меѓународната работилница во Скопје (октомри 2014) со учество на членови на Советодавната група на ЕРК од Австрија, Унгарија и Црна Гора допринесе за таа позитивна промена.

Процесот на поврзување со ЕРК се соочуваше со проблеми поточно: 1) организациски и проблеми со капацитетите и 2) ефективна вклученост на одредени важни релевантни страни. Членовите од главната група немаа доволно време да се посветат на новите задачи и теми: групата ги координираше посебните делови на поглавјата од релевантните агенции и национални експерти, организираше состаноци за ревидирање и во последните неколку недели од 2015 целосно се посвети на финализирањето и средувањето на Извештајот. Од друга страна, ефективното учество на одредени членови од официјалната номинирана работна група беше незначително - особено Министерството за труд и социјална политика, кое многу малку зема учество во многубројните работилници и технички состаноци.

**Квалификации во НРК**

Контекстот за НРК е целосен - се однесува на квалификациите добиени преку основно до високо образование, академски и професионални, и  преку неформален и информален начин на учење.

Контекстот за НРК опфаќа два типа на квалификации: 1) образовни; 2) стручни (кои исто така може да се преведат како „занимања“, за да се избегне недоразбирање со квалификациите на средното стручно образование). Дискусиите одржани во текот на процесот на поврзување со главната група имаа за цел подобро да се разбере местото на секој тип и да се идентификуваат вистински примери на „стручни“ квалификации, при што се покажа дека се потребни повеќе

дискусии со релевантните страни од различните под-системи на образование и обука, посебно со секторот за образование на возрасни и неформалното учење.

Кога се пишуваше за вклучување на квалификациите во НРК се следеа различни патишта/логика за распоредување во нивоата. Збирно:

1. Со одредба од Законот за НРК: сите квалификации од формалното основно образование, средното уметничко и општо образование се автоматски распоредени на одредени нивоа (нивоа 1, 2, 4).
2. Со одредба од Законот за високо образование и Законот за РК ВОК: (ре) – акредитираните програми/квалификации на трите циклуси се распоредени во под-нивоа/нивоа како што е дефинирано со законот. Забелешка*: акредитацијата налага опис на студиските програми/квалификациите преку резултати од учење*.
3. Индивидуално распоредување: за квалификациите од средното стручно образование (три нивоа). Распоредувањето е условно за квалификациите на четиригодишното стручно образование, кое очекува ревизија и дефинирање преку резултати од учењето (на ниво 4). Новите квалификации на тригодишното стручно образование се опишани преку резултати од учењето и можат да бидат вклучени (ниво 3).

Вклучувањето на новиот под-сектор (верифицирани неформални програми за стручни квалификации - на ниво 2 и 4) бара повеќе време за донесување на одлука. Процедурата за верификација бара програмите да бидат засновани на стандардите за занимања, да следат заедничка структура и да бидат опишани преку резултати од учењето. Според нивните карактеристики овие програми можат да се сметаат како „стручни“ ( или „занимања“). Овој под-сектор бележи значителен развој од 2012: многу нови програми се развиени од страна на коморите и приватните понудувачи на услуги - како одговор на побарувачката на пазарот на труд. Агенцијата за вработување на Република Македонија е еден од главните корисници на овие програми - за обука и доквалификација на невработените лица/оние кои бараат работа, финансирани преку Оперативната програма на активни политики за пазарот на труд.

Табела 39 се прави напор да го сумира и поврзе усогласувањето со трите Критериуми- 3,4 и 5. Структурата на табелата - по ниво и под-ниво - се обидува да покаже како ова заедничко усогласување влијае врз одлуките за вклучување на квалификации во НРК. Овој пристап отвара бројни прашања за понатамошна анализа и работа (во последната колона „вклучување во МРК“, посебно кај ниво 4).

*Клучни проблеми*:

- Одредување на нивото:
    - Методолошка рамка за одредување на нивото: веќепостоечките Прирачници треба да се користат во пракса. Ова може да наложи паралелна работа на ревизија на постоечките квалификации за да ги направи транспарентни и споредливи за одредување на нивото. Постоечкото искуство и Прирачникот за развој на квалификации ќе се користат како инструмент, но ќе биде потребна поголема експертиза и капацитети.
    - Ризиците од пристрасност при носење на одлуките за одредување на нивото треба да се разгледаат порано за да се избегнат премногу лични одлуки на Секторски комисии за квалификации и тенденцијата да се бара распоредување на повисоко ниво.

- Вклученост на релевантните страни:
    - Систематската вклученост на релевантните институции од секторот за вработување и пазарот на труд во моментот е слаба. Во иднина потребно е одржливо решение имајќи ја во предвид нивната улога околу надлежностите предвидени во текстот на Законот за НРК.
    - Синдикати - во сегашниот формат - не се застапени во работната група, и не беа поканети на клучните состаноци и дебати. Најверојатно никој од синдикатите не е информиран за процесот на поврзување со ЕРК.

- Транспарентност - се однесува на Одборот за екредитација и евалуација на високото образование

- Во времето на пишување, и покрај неколкуте барања, не беше можно да се добие пристап до информативната платформа/веб страница на Одборот, кој е најглавната институција за обезбедување на квалитет во високото образование и за кохерентна усогласенот со Критериумите 4 и 5. Во Извештајот се спомнува статусот на автономија на работата на Одборот и усвоениот Патоказ за пристап за целосна членка на Европската мрежа за обезбедување на квалитет (моментално Одборот е придружна членка). Не беше можно да се посети/прочита информација за одлуките за акредитација на Одборот.

**Извештај за поврзување со ЕРК**

За педагошки цели, првичниот нацрт на Извештајот содржеше начела од анализата на Цедефоп за предизвици и проблеми при процесот на поврзување, претставени преку критериум за поврзување со ЕРК. Овој фокус на анализата на Цедефоп од самиот почеток беше потенциран преку примери и дискусии на многуте работилници организирани за време на процесот. По однос на ова особено внимание беше посветено на идентификуваните слабости при усогласувањето со критериумите 2,3,4 и 5. Главната група ги искористи резултатите и примерите од неколку ЕРК забелешки во процесот на поврзување.

Клучните силни страни на овој Извештај може да се сумираат како:

- Акцент на јасност и тарнспарентност: преку користење на примери и осврти на законски текстови, користење на образовни податоци, формати на дипломи и сертификати, примери на резултати од учењето, примери од извештаи за самоевалуација (училишта и високообразовни установи).
- Јасен и целосен опис на системот за образование и обука (Поглавје 2).
- Детален опис на процесот за развој на НРК, со посебен акцент на вклученоста на релевантните страни во различните работни групи.
- Усогласеност со критериумот за поврзување (Критериум 5): Извештајот ја опишува постоечката реална ситуација, но во некои случаи содржи делови поврзани со идни активности (планирани реформи, нов институционален развој и меѓународни проекти).
- Фокус на признавањето на неформалното и информално учење - специјално посветено поглавје.

Описот на системот за образование и обука (Поглавје 2) структуриран преку пот - сектори е од големо значење за специфичната цел на поврзувањето со ЕРК, како и за други цели, како основа за планираната работа за развој на нова стратегија за доживотно учење. Информациите се организирани во конзистентен формат кој се користи во секој од под-секторите, со што поглавјето е лесно за користење. Читањето на ова поглавје е важно за да се разберат поглавјата 5 и 6, процесот на поврзување со ЕРК и само-потврдувањето.

Околу клучното прашање дали Извештајот за поврзување дава реална и видлива слика за моменталната состојба или претставува патоказ за идни активности и насоки - често дискутирано прашање на сесиите за поврзување со ЕРК - нашето мислење може да го сумираме:

- Извештајот се заснова на постоечко и важечко законодавство, како и на селектирана моментална пракса што се докажува преку примерите - дадени и наведени во различните поглавја, особено Поглавје 2. Анализата во поглавјата 5 и 6 (поврзување и само-потврдување) се однесува на релевантните наслови од Поглавје 2.

- Аргументацијата во Поглавје 5 - критериумите за поврзување со ЕРК - е заснована на комбинации од повикување на текстови од закони, до резултати и информации од (независниот) Каталог  и анализа на квалификации, до пракса и резултати од консултативните состаноци со релевантните страни организирани за време на процесот на поврзување.
    - Во Критериум 3 Извештајот чесно ги посочува слабостите во однос на примената на резултати од учењето во дел од системот на квалификации.
    - Одредени несоодветности во однос на Критериум 4 се резултат на тековните дебати за пристапот кој треба да се користи кога станува збор за оние квалификации кои не се опишани преку резултати од учењето (дебатите главно се однесуваат на четиригодишното стручно образование и обука).

Новината на концептот за „одредување на нивото“ низ новата парадигма на резултати од учењето е во согласност со текстот на Законот за НРК, но потребно е време за да се усоврши од страна на релевантните страни.

- Критериум 5 е објаснет многу детално, континуирано повикувајќи се на внатрешни процеси и надворешни компоненти на рамките за обезбедување на квалитет (основно и средно образование, високо образование и образование на возрасни).
- Извештајот зборува и за „Регистарот“ на квалификации - прикачен на веб страницата на НРК. Иако овој регистар е детална и вистинска база на податоци за квалификации - заснован на Каталогот споменат погоре - и заради тоа може да се смета како соодветен извор на информации, сепак е дискутабилно дали истиот може да смета како „Регистар“ со нормативна улога. Каква што е, оваа база на податоци беше првично направена за ситематизација, анализа и истражување. Ќе биде потребен дополнителен развој на информациите кои ги содржи оваа база на податоци за истата да се претвори во регистар. Понатаму, земјата може да искористи релевантни грантови (Еразмус плус) за дизајнирање на база на податоци за квалификации.

- Неодамнешното воспоставување на Одборот за НРК и изборот на негов претседател дава нова можност за генерализирање на кохерентни процедури заодредување на нивото. Ова е новата врата за имплементацијата на НРК.

Извештајот содржи многу мал осврт на врските со пазарот на труд и стратегиите за вработување, со што се потценува важноста на овие домени за системот и рамката на квалификации. Оваа слабост ја потврдува претходно споменатата ограничена вклученост во процесот на поврзување со ЕРК на институциите одговорни за вработување и стратегии за пазарот на труд.

Следните чекори од имплементацијата на НРК треба да ги земат во предвид информациите од пазарот на труд, предвидените студии за побарувачката на вештини и резултатите од успешните приказни на дипломираните студенти. Ваквиот вид на информации се организира преку новата Опсерваторија за вештини, која работи под Министерството за образование и наука, но не е спомната во Извештајот за поврзување.

Едуарда Кастел-Бранко
08/01/2015

**2. Проф.д-р. Миле Џелалија-** лидер или учествувал како експерт во многу меѓународни истражувачки и образовни проекти поврзани со обезбедување на квалитет во образованието, развој и имплементација на национални рамки за квалификации, признавање на неформално и информално учење, признавање на квалификации стекнати во странство, заеднички студиски програми, итн. Професор Џелалија бил одговорен за јакнење на капацитетите на национални експерти во различни држави, развој на методолошки алатки, теоретски основи за имплементација на НРК за различни цели, поврзување и само-потврдување за сеопфатност, и истражувачки анализи за влијанијата врз економијата и општеството и други релевантни теми. Тој е член и лидер на различни национални и меѓународни тела, Советодавна група за ЕРК, ЕСЦО/секторска референтна група, раководни и советодавни одбори во Хрватска и други држави.

## Мислење за Извештајот за поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО

Целта на Извештајот за поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО е да ја потврди компатибилноста на МРК со ЕРК и со РК-ЕПВО. Извештајот детално го претставува постоечкиот систем за образование и обука во земјата и вклученоста на релевантните страни за време на развојот на МРК. Дополнително, Извештајот дава податоци за исполнувањето и поврзувањето со критериумите на ЕРК (и со критериумите и процедурите на РК-ЕПВО) покажувајќи дека МРК е усогласена со ЕРК и со РК-ЕПВО, со одредена потреба од дополнителен развој. Исто така во него се дадени предизвиците и следните чекори за понатамошно подобрување на квалитетот и релевантноста на системот за квалификации во

државата, и поголема вклученост на работодавачите и другите релевантни страни поврзани со пазарот на труд.

Извештајот е сеопфатен документ со многу детали за постоечкиот образовен систем, неговите механизми за обезбедување на квалитет, улоги и надлежности на главните актери. Различните примери и дополнителните релевантни документи во анексите на Извештајот или на веб страниците му даваат дополнителна вредност и подобра слика на системот за квалификации и механизмите за обезбедување на квалитет.

Извештајот јасно презентира три развојни фази на МРК:

1. Подготвителна фаза, која вклучува подигање на свеста и јакнење на капацитетите за важноста и релевантноста од развојот и имплементацијата на НРК.
2. Развојна фаза, која се фокусира на развојот на сите концепти, алатки, водичи и закони за МРК и
3. Фаза на имплементација

Различни релевантни страни се вклучени на различен начин во процесите на поврзување и само-потврдување, високообразовни институции, тела за обезбедување на квалитет, работодавачи, студенти, министерства, комори, образовни и центри за обука итн. Некои од нив беа повеќе некои помалку вклучени. Работодавачите и другите релевантни страни поврзани со пазарот на труд треба повеќе да бидат вклучени во следните фази од развојот и имплементацијата на МРК.

Табелите, сликите и примерите обезбедуваат поголема разбирливост, а со тоа придонесуваат и кон вредноста на Извештајот.

Поимникот на главните концепти, обезбедува поголема транспарентност и разбирање на системот за квалификации во државата. Методологијата и процедурите за нивоата на квалификации се добро објаснети.

Осумте нивоа и дополнителните три под-нивоа од МРК го покриваат системот на квалификации во земјата, од основно до високо образование. Секое ниво е дефинирано преку описи на нивоа на резултати од учење, кои се поделени во три домени: знаење и разбирање, вештини, и компетенции. Под-нивоата, во рамки на едно ниво, ги имаат истите описи за сите домени, но имаат различни услови за вредноста на кредитите, претставувајќи го обемот на квалификациите. Значи, под-нивоата се поврзани со големината на квалификациите (број на кредити). Под-нивоата не се поврзани со комплексноста на резултатите од учење, кои обично во НРК се претставени преку описи на нивоа.

Процесот на поврзување на МРК со ЕРК беше раководен од главната група во рамки на Министерството за образование и наука, со цел да се потврди исполнувањето на критериумите и процедурите за поврзување и само-потврдување.

.
Моментално, МРК претставува реформска и комуникативна рамка, обезбедува платформа за подобро разбирање на интересите на различните страни и олеснување на имплементацијата на резултатите од учење, модернизацијата на обезбедувањето на квалитет, валидација на неформално и информално учење, и други слични концепти.

Извештајот ја презентира целта на МРК, која вклучува чекор по чекор процес за креирање на кохерентен и сеопфатен систем на класификација на сите квалификации, независно од начинот на стекнување (формално, неформално и информално).

Министерството за образование и наука е одговорно за развој и имплементација на МРК и за поврзување и само-потврдување со ЕРК и РК-ЕПВО.

Извештајот вклучува седум главни поглавја (опис на националниот систем на квалификации; процесите на поврзување и само-потврдување; национална рамка на квалификации; усогласување со критериумите за поврзување со ЕРК и критериумите и процедурите за само-потврдување со РК-ЕПВО; краток опис на валидација на неформално и информално учење; предизвици и следни чекори. Дополнително тука се и поимникот на термини; акроними, библиографија и анекси).

Системот на квалификации е опишан детално. Поглавјето е добро организирано и структурирано. Тоа вклучува опис на:

- Системот на формално образование и обука: предучилишно образование, основно образование, средно образование (гимназиско, стручно, уметничко, средно образование за деца со посебни образовни потреби, итн.); пост-средно образование; високо образование;
- Образование на возрасни и
- Признавање на квалификации стекнати во странство

Сите делови од системот на квалификации се објаснети преку користење на иста структура на текстот, давајќи информации за:

- Детален општ опис
- Правна рамка
- Стратегии и други документи
- Надлежност
- Имплементација на резултати од учење
- Механизми за обезбедување на квалитет и
- Сумарна табела за секој дел од системот на квалификации (услови за запишување, образование и обука, финансирање, квалификации на наставен кадар, очекувани резултати од учење, оценување и сертифицирање, пат на прогресија, пазар на труд и механизми за обезбедување на квалитет).

Како што е објаснето во Извештајот формалното образование се состои од предучилишно образование (возраст од 0-6), основно образование (три периоди од по тригодишно времетраење), средно образование (различни програми, гимназиско, стручно, уметничко и образование за ученици со специјални образовни потреби), пост-средно (специјализирано образование и мајсторски испит) и високо образование (со два профили, и краток циклус и три циклуси).

Извештајот дава многу детали и карактеристики за образовниот систем - општи и специфични елементи на под-системите, вклучувајќи опис на обезбедувањето на квалитет, имплементацијата на резултати од учењето, квалификации на наставниот кадар, итн.

Високото образование е опишано како систем кој го обезбедуваат единствено автономни установи согласно закон, и ги дава следните два профили: академски и професионални студии. Докторските студии (квалификации на осмо ниво) се организирани само како академски студии.

Обезбедувањето на квалитет во високото образование се спроведува преку Одборот за акредитација и евалуација на високото образование. Телото за обезбедување на квалитет во високото образование е придружна членка на Европската мрежа за обезбедување на квалитет, и веќе е подготвен Патоказ за целосно членство во Европската мрежа и регистар за обезбедување на квалитет. За да се стане член на Европскиот регистар за обезбедување на квалитет, што е од голема важност за имплементација на Болоњскиот процес, постои потреба од дополнителна подготовка на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование согласно одредбите на Европските стандарди и начела, вклучувајќи ја и неговата целосно независна работа.

Дополнително, Извештајот детално ги опишува фазите на дизајнирање и имплементација на МРК. Консултациите кои биле спроведени во рамки на процесот се опширни вклучувајќи ги сите клучни релевантни страни и воспоставување на надлежност над рамката за да се обезбеди нејзина подобра имплементација подоцна. Работата беше многу широка и детална, од одлука, дефинирање на целите и резултатите, организација на работата, консултација со релевантните страни се до процесот на поврзување и само-потврдување и имплементација. Во следните фази треба да се стави акцент за поголема вклученост на работодавачите.

Во последните неколку години, работата на развојот и имплементацијата на МРК е презентирана во земјата и на меѓународно ниво, правејќи го процесот транспарентен за сите релевантни страни и партнери.

Исполнувањето на сите ЕРК и РК-ЕПВО критериуми и процедури е дадено детално:

- *Критериум 1*, главни актери се: Министерството за образование и наука со работната група која се состои од претставници на: Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Центарот за образование на возрасни, Центарот за стручно образование и обука, Бирото за развој на образование, Агенцијата за вработување, Државниот завод за статистика, Министерството за информатичко општество и јавна администрација, Стопанската комора, Организацијата на работодавачи и Комората на занаетчии. Законот за НРК се применува од 30 септември 2015, и согласно законот Владата го основа Националниот одбор за МРК.

- *Критериум 2,* врската помеѓу нивоата на квалификации (и под-нивоата) на МРК и описите на нивоа на ЕРК и нивната споредба, од 1 до 8, е транспарентно претставена. Под-нивоата не се дефинирани преку описи на нивоа, туку само преку број на кредити. Ова значи дека под-нивоата се повеќе поврзани со видот на квалификации, а помалку со комплексноста на нивните резултати од учење.

- *Критериум 3*, јасно е дека МРК се заснова на резултати од учењето, што претставува значителна промена во моменталната образовна пракса во земјата (како што е во многу земји во ЕУ). Тоа значи дека улогата на МРК вклучува реформа на системот за квалификации, со фокус на имплементацијата на резултати од учењето и механизми за обезбедување на квалитет, засновани на општи принципи. МРК, исто така има за цел да ја развие валидацијата на неформалното и информалното учење. ЕКТС кредит системот се користи во системот на високо образование, и се планира негово користење во средното стручно образование и обука. Исто така, е предвиден и национален кредит систем за општото образование. Некои од квалификациите и секторите имаат потреба од дополнителни чекори за имплементација на резултати од учењето, што се предвидува со следната фаза на имплементација на МРК.

- *Критериум 4,* вклучувањето на квалификациите во МРК е опширно отпочнато и детално објаснето во Извештајот. Подготвени се следните чекори, вклучително и развој на општ Регистар на квалификации.

- *Критериум 5*, во националниот систем на квалификации постојат системи за обезбедување на квалитет за: основно и средно образование (општо/средно/уметничко) и за високо образование. Тие се регулирани со националното законодавство. Сите под-системи имаат интерен и екстерен дел од процесот за обезбедување на квалитет. Постојат тела за надворешно обезбедување на квалитет: Државен образовен инспекторат, Биро за развој на образование, Центар за стручно образование и обука и Одбор за акредитација и евалуација на високото образование. Во следните фази на имплементација на МРК, работата на телата за обезбедување на квалитет треба да биде организирана согласно заедничките принципи на обезбедувањето на квалитет, што всушност е и предвидена.

- *Критериум 6,* телата за обезбедување на квалитет беа вклучени во процесот и дадоа согласност за процесот на поврзување и Извештајот. Нивните согласности се дадени.

- *Критериум 7*, меѓународни експерти од различни сектори и држави беа вклучени- високо образование и стручно образование и обука, од развиени и земји во развој, членови на Советодавната група кои се повеќе или помалку запознаени со системот на квалификации.

- *Критериум 8,* Извештајот е потврден од релевантни национални тела (Министерството за образование и наука). Изјавено е дека извештајот ќе биде објавен на официјалната веб страница: www.mrk.mk.

- *Критериум 9*, Извештајот е поднесен до Советодавната група, и како што е планирано, ќе биде презентиран во февруари 2015.

- *Критериум 10*, се наведува дека класификацијата на новите квалификации ќе има јасна поврзаност со соодветното ниво од МРК и ЕРК.

Исполнувањата на РК-ЕПВО критериумите и процедурите е дадено во одделно поглавје.

Презентирани се неколку предизвици, како што се понатамошна хармонизација на постоечката легислатива со Законот за НРК, понатамошно јакнење на капацитетите, воспоставување на кредит систем во стручното образование и обука, јакнење на системот за обезбедување на квалитет, развој на Регистарот на квалификации и валидацијата на неформалното и информалното учење. Сите овие аспекти се добро презентирани и планирани како следни чекори од развојот и имплементацијата на МРК.

Како заклучок Извештајот за поврзување и само-потврдување на МРК е сеопфатен. Извештајот го претставува постоечкиот образовен систем во државата, вклучувајќи и активности за имплементација на квалитет и резултати од учењето. Дополнително, Извештајот дава детална и јасна позадина за исполнувањето и поврзувањето со критериумите и процедурите на ЕРК и РК-ЕПВО, со што се покажува дека МРК е компатибилна со ЕРК и РК-ЕПВО. Како и во некои други земји во ЕУ, се планира дополнително подобрување на системот за обезбедување на квалитет согласно општи начела што е исто така транспарентно дадено во Извештајот.

Проф.д-р Миле Џелалија
31/12/2015

**3. Г-дин Џон О Конор - 2012-2016** Раководител на Канцеларијата за квалификации и стратегии за вештини во Ирска. Одговорен за развој на стратегии и ревизија на ирската НРК. Ги координира активностите како назначена национална контакт точка за ЕРК на Ирска со одговорност за национален развој и имплементација на Европската рамка на квалификации.

**2008-2012 -** Раководител за развој на стратегии во рамки на националното тело за квалификации на Ирска Главната функција на ова тело беше да развие рамка на квалификации за признавање и доделување на квалификации во државата, засновани на стандарди на знаење, вештини или компетенции кои треба да бидат постигнати од учениците. Поврзано со ова, националното тело за квалификации имаше функција за воспоставување на стратегии и критериуми врз кои се засноваат рамките на квалификации.

**2005-2008** - Академски регистар одговорен за институционално обезбедување на квалитет на Колеџот Портобело во Даблин.

**1994-2005 -** Предавач на Колеџ за менаџмент на човечки ресурси, европски индустриски врски и корпоративна општествена одговорност

**Релевантни меѓународни мрежи за рамка на квалификации**
- Член на Советодавната група за Европска рамка на квалификации
- Ирски претставник во работната група на земјите членки за Европски квалификации на вештини, компетенции и занимања (ЕСЦО)
- Член на Комитетот за одржување на ЕСЦО (2010-2014)

**Мислењето на г-дин ОКонер за нацрт Извештајот за поврзување на МРК со ЕРК и само-потврдувањето со РК-ЕПВО ќе го најдете на следниов линк: http://mrk.mk/wp-content/uploads/2016/01/Opinion-on-the-Final-Draft-Report-on-the-Referencing-of-the-MQF-to-EQF-and-Self-Certification-to-QF-EHEA-John-OConnor-1.pdf**

**Забелешка за**
**нацрт Извештајот за поврзување на Националната рамка на квалификации на Република Македонија со ЕРК и само-потврдувањето со РК-ЕПВО**

Adobe Acrobat Document

Кликнете на иконата со цел да ја прочитате забелешката за нацрт Извештајот за поврзување на Националната рамка на квалификации на Република Македонија со ЕРК и само-потврдување со РК-ЕПВО (Ален Понтон, Брижит Букет и Агниешка Клон Домошжак)